
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1034
Скопје, 2 јули 2012 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1034 од 2 јули 2012 година

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Јазикот и стилот во романите на Петро Марко,** изработена од **м-р Грета Јани,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.....1-7
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(Андријана Павлова, Елвира Јакимовска, Даим Мифтари, Искра Димитријевска)**.....8

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден асистент од областа на систематика и филогенија на вишите растенија и фитогеографија со фитоценологија при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Рената Ќуштеревска)**.....9-13

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по група наставни предмети од областите теорија на музиката и солфеж на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Снежана Димчевска)**.....14-25
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметите виолина, оркестарски делници за виолина, камерна музика за гудачки инструменти и методика на наставата по гудачки инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Љубиша Кировски, м-р Наташа Диденко)**.....26-37

ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во звање-вонреден професор по предметите одгледување на шумите, подигање и нега на зелени површини, шумарска педологија со петрографија, мелиорација на деградирани шуми и шикари и исхрана на растенијата на Шумарскиот факултет во Скопје **(д-р Николчо Велковски)**.....38-50

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Промоција на производите на пазарот на алкохолни пијалаци во Република Македонија, компарирано со земјите-членки на Европската унија,** изработена од **м-р Николина Јаќовска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....51-58
2. Рецензија на докторската дисертација **Фактори и промотивни стратегии кои влијаат врз креирањето на вредност на брендот,** изработена од **м-р Ана Ќовкарова**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....59-66

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Евица Трајкова, Маја Алулоска, Светлана Завојческа, Славчо Миленковски, Марина Шаф, Марјан Андоновски, Весна Јефтимова, Филип Филиповски, Тања Поповска, Игор Лазевски, Александра Башоска, Бранко Гогов, Загорка Митровска, Оливер Копачев)**.....67

ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(Тања Ананиева)**.....68

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Дина Велкова, Владица Цекова, Јасна Трајаноска, Иван Станојевиќ, Билјана Сарагинова, Александра Нешовска, Јасна Стојановска, Јован Башески, Милчо Јованоски, Маријан Вучковиќ, Фросина Дониновска, Благој Димовски, Мирослава Костадинова, Кире Билбилоски, Роза Крстевска, Митко Дескоски, Љупка Ѓорѓиева, Искра Костиќ, Александар Михајлов, Ахмед Идризи, Симона Марковска, Мики Златески, Никола Петров, Сандра Јосифовска, Дарко Аргакијев, Андријана Миленкоска, Бојан Костовски, Сања Доревска)**.....69-72

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Радмила Ребиќ, м-р Наталија Ангелова, м-р Славица Јосифовска, м-р Александар Павлов, м-р Марија Менкиноска, м-р Олгица Мицевска, м-р Предраг Новески, м-р Ивана Малева, м-р Емри Мурати, м-р Катерина Поповска-Јанковиќ, м-р Лилјана Ковачовска, м-р Јасмина Најдовска, м-р Катерина Дрогрешка, м-р Ева Блажевска)**.....73-75
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Светлана Божиновска, Климент Младенов, Анита Тодорова, Даут Нагихан, Зејнедије Адеми, Билјана Глигорова, Нада Сирмевска, Ставрос Пападимитриу, Весна Поп-Димитријоска, Митка Манева, Катерина Станкоска)**.....76-77

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски теми на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Ева Камчевска)**.....78

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација **Влијание на мобилната работна сила на менацирањето на трошоците на работење на јавниот сектор** и оспособеноста на кандидатот **м-р Орце Ѓоргиевски** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.....79-85

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебното помагало **Феминистичка епистемологија,** од авторот **м-р Боби Бадаревски,** пријавено на Филозофскиот факултет во Скопје.....86-90

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Оксигенација на мозокот во тек на лапароскопска холецистектомија,** изработена од **м-р д-р Билјана Кузмановска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....91-97

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на еден асистент по предметите од наставно-научната област електрични мерења и материјали на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(м-р Маре Србиновска)**.....98-101

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Тони Ѓуроски, м-р Лидија Зорба, м-р Струмка Јакимовска, м-р Дора Јурукова, м-р Елена Ташкова)**.....102

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Сеад Абази, Ангелина Симоновска, Бојан Сусинов, Даниел Анѓеловски, Ивана Димитрова-Журовска, Иванчо Божиновски, Кире Секуловски, Магда Величковска, Марјан Илиевски)**.....103-104

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Рецензија на докторската дисертација **Лобирање на граѓанските организации во функција на креирање на јавните политики,** изработена од **м-р Марјанчо Танушевски,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.....105-108
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Бејадин Амети)**.....109
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Јасминка Росиќ, Сања Пеичиновска, Александар Вучевски, Никола Стојанов, Агрон Садику, Тодор Бадаровски, Валбона Морина-Максут, Александра Стојменовиќ, Елена Накева, Ивона Андреевска, Лазар Кучера)**.....110-111

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор на вонреден професор по предметот компаративни поетики на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Владимир Мартиновски)**.....112-121

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(м-р Лилјана Макрадули, м-р Никола Гешковски, м-р Костадинка Гавазова Козарева, м-р Филип Петрески, м-р Зорица Наумовска, м-р Надица Матевска, м-р Александра Капедановска Несторовска, м-р Арлинда Хациу, м-р Бојана Даниловска Брашнарска, м-р Маја Чемерикиќ)**.....122-123
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Иса Бљерина)**.....124
3. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Амелија Јанковска, Даниела Брашнарска, Емилија Хиљадникова Георгиевска, Маја Лазарова, Ана Зисовска Белева, Ангелина Зимбакова, Соња Ичева Донева)**.....125

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Влатко Коцевски)**.....126

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на редовен професор по предметот гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Марјан Стојовски)**.....127-132

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите звања во научните области (дисциплини): хумана генетика, физиологија, медицински основи на инвалидноста и аутистичен спектар на нарушувањата на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Владимир Трајковски)**...133-149

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на тројца кандидати во звањето насловен доцент по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Бранимир Павловски, д-р Андон Чибишев, д-р Лидија Петковска)**.....150-186
2. Рецензија на учебното помагало **Практикум по физиологија 2,** од авторите: **проф. д-р Весела Малеска-Ивановска, проф. д-р Васка Антевска, проф. д-р Бети Дејанова, проф. д-р Сунчица Петровска, проф. д-р Лидија Тодоровска, науч. сор. д-р С. Николиќ, науч. сор. д-р Љ. Ефремовска, ас. д-р С. Манчевска, ас. д-р Ј. Плунцевиќ-Глигороска, ас. д-р Е. Сивевска-Смилевска, ас. д-р Е. Ханциска, д-р И. Караѓозова,** пријавено на Медицинскиот факултет во Скопје.....187-191

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор во звањето виш лектор по англиски јазик при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Сања Гавриловска)**.....192-198

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Влијание на начинот на производство на тутунски расад врз приносот и квалитетот на тутунот** од **м-р Ромина Кабранова**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.....199-204

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент по предметите деловно комуницирање и менаџмент-информациони системи на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Никола Левков)**.....205-209

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Рецензија на ракопис **Практикум по механизација** од авторот **проф. д-р Драги Таневски**, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.....210-215
2. Рецензија на ракопис **Механизација (учебник)** од авторот **проф. д-р Драги Таневски**, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.....216-223

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(Елена Стаменковска, Наташа Ристеска, Цветанка Маневска, Надица Василева, Маја Васовиќ)**.....224

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор во наставно - научно звање-доцент по предметите од наставно - научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Игор Мишковски, д-р Данко Илиќ)**.....225-244
2. Реферат за избор во наставно - научно звање-доцент по предметите од наставно - научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Ѓорѓи Мацаров, д-р Данко Илиќ)**.....245-262

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторска дисртација **Влијание на полиморфизмите на гените за матрикс-металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции,** изработена од **м-р д-р Билјана Евросимовска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....263-270
2. Рецензија на докторска дисртација **Евалуација на имунолошките, микробиолошките и вирусолошките аспекти на денталните импланти,** изработена од **д-р Даниела Велеска-Стевковска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....271-281

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијание на субанестетички дози на кетамин на постоперативната аналгезија и плазматското ниво на проинфламаторните цитокини (TNFα, IL-1β, IL-6) кај пациенти со хроничен калкулозен холециститис,** изработена од **сци д-р Андријан Карталов,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....282-287

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на balanced scorecard-системот за управување на организациските перформанси во високото образование во Република Македонија,** изработена од **м-р Љупчо Ефтимов**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....288-296
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Марија Лозевска, Игор Стојаноски, Валентина Ѓорѓиевска, Владимир Миновски, Зоран Јанковиќ, Маја Ристова, Оливера Николова, Тања Демјанска, Бобан Илиевски, Весна Павловска, Дејан Тодоровски, Јасна Тодоровска, Анета Насковска, Дејан Јовановски, Биљана Шехтанска, Биљана Новачевска, Ирена Анѓелковска, Љубица Ташовска, Љубица Шопова, Златко Несторовски, Даниела Баулоска, Оливера Ѓуровска, Андријана Жаков, Велимир Тримчевски, Едвин Муше, Раде Ристовски, Елена Петровска, Марко Илиевски, Соња Стојковска-Никчевска, Павлина Мишева, Даниела Аврамовска, Јасмина Поповска, Љупчо Мицковски Кец)**.....297-299

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор во соработничко звање-помлад асистент по предметите: технолошки операции 1, технолошки операции 2, хемиска инженерска термодинамика, дизајнирање на хемиска процесна опрема, инженерска термодинамика и технологија на биогорива на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(м-р Кармина Митева)**.....300-303

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Проучување на киселинско-базни рамнотежи на некои синтетизирани арилхидразони на супституирани бензхидразиди,** од **м-р Мирјана С. Јанкуловска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....304-308

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Гоце Ристовски, Глориа Фоссен)**..... 309

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Јасмина Ристовска, Ирена Варга, Марјан Кимовски, Драган Јанкуловски, Елизабета Анѓелова, Стефан Стефанов)**.....310

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Реферат за избор на наставник во сите звања по наставните предмети пијано и камерна музика за клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**Симон Трпчески)**.....311-325
2. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставните предмети хармоника и камерна музика без засновање работен однос на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Зорица Каракутовска)**.....326-339
3. Реферат за избор на двајца наставници во сите звања по наставниот предмет соло-пеење на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Славица Галиќ Петровска, м-р Весна Ѓиновска Илкова)**.....340-359
4. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по маставните предмети пијано и камерна музика за клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Рита Трпчева-Поповиќ)**.....360-369

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ **„ЈАЗИКОТ И СТИЛОТ ВО РОМАНИТЕ НА ПЕТРО МАРКО"**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГРЕТА ЈАНИ ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата дваесет и осма редовна седница одржана на 30.5.2012 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ***Јазикот и стилот во романите на Петро Марко,*** поднесена од м-р Грета Јани. По разгледувањето на трудот, Комисијата има чест и задоволство да го поднесе до Наставно-научниот совет следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација ***Јазикот и стилот во романите на Петро Марко,*** изработена од Грета Јани, содржи 168 страници. Презентацијата на материјалот во трудот е со забележителна систематичност, така што обработените делови мошне успешно се вклопуваат во целината која е поделена на десет глави: **I.** ***Писателот и јазикот на уметничката литература*** (10-29); **II. Лексичко-семантички особености:** *лексичка содржина, семантички особености, значенското движење на метафората во романот* ***"Ноќта на Устика"***(33-50); **III. Лексичкиот слој според значењето:** *полисемија,, синонимија, антонимија* (51-57)*;* **IV. Лексички слоеви со ограничена употреба:** *дијалектизми, подрачните простори во прозата на П. Марко, архаизми, историцизми и неологизми* (58-74)*;* **V. Лексички слоеви според изворот:** *заемки, ориентализми, грцизми, словенизми, неолатинизми и професионализми* (75-79)*;* **VI. Зборообразување:** *префикси, суфикси, префикси и суфикси, сложени зборови* (80-90)*;* **VII. Фразеолошки изрази** (91-93); **VIII. Фигуративност:** *фигури, метафора, споредување, епитет, персонификација, хипербола, оксиморон* (94-98)*;* **IX. Предлози***: класификација, потекло и емоционално изразните вредности на предлозите*(99-158) и **X.** ***Заклучок*** *со користена литература (*159-167).

Покрај воведниот дел, кандидатката м-р Грета Јани во докторската дисертација ги има опфатено целта, предметот на истражувањето и методологијата.

Содржина и опис на дисертацијата

Во *воведот,* кандидатката м-р Грета Јани ги изнесува и ги дефинира главните цели и задачи на трудот, посочувајќи ги мотивите на своето истражување. Исто така, во воведниот дел кандидатката ги применува и ги сублимира веќе дефинираните теоретски начела и анализи изнесени и направени од познатите лингвисти, стилисти и теоретичари на книжевната критика во врска со романите на Петро Марко. М-р Грета Јани за предмет ги зема романите *Ноќта на Устика*, *Последниот град* и *Хаста ла виста* истражувајќи ги од лингвостилистички аспект (семантичко, лексичко, зборообразувачко,

фразеолошко и фигуративно рамниште). Докторската дисертација на м-р Грета Јани се одликува со мултидисциплинарен приод.

Во *првата глава* под наслов *Писателот и јазикот на уметничката книжевност* (10-32), кандидатката м-р Г. Јани го истакнува големиот влог и придонес на писателот П. Марко во областа на збогатувањето и стандардизацијата на албанскиот литературен јазик во сите рамништа: морфолшко, синтаксичко, лексичко, зборообразувачко, семантичко, стилистичко и сл. Кандидатката Г. Јани укажува на фактот дека во науката за јазикот недостасуваат проучувањата на книжевните дела од лингвостилистички аспект. Според досегашните книжевни критики и оценски направени за романите на П. Марко (Р. Ќосја, А. Алиу), слободно може да се каже дека станува збор за едно *модерно дело со примеси на реалистични романи,* со изразити јазично-стилски особености. Како што е познато за литературната дејност на П. Марко, како раскажувач, поет и романсиер е пишувано многу. Меѓу нив се изделува литературниот критичар и естетичар, академик А. Алиу. Споменатите романи, според кандидатката Г. Јани, досега не биле предмет на поопстојна јазична и стилистичка анализа, со исклучок на трудот на Вилма Бело, *Некои лексички катрактеристики со ограничена употреба во делото на П. Марко*, Валона, 2009, с. 165. Како што забележува кандидатката м-р Г. Јани, јазикот во делата на П. Марко е чист, богат, слоевит и не многу со позајмени зборови.

Во продолжение кандидатката ги изнесува мислењата на истакнатите лингвисти и стилисти, како А. Цувани, А. Косталари, Е. Лафе, Ц. Лоши, Ѓ. Шкуртај, Ј. Томај и др., кои посебно внимание обрнуваат на стилот и јазикот на уметничката литература, најопширната и најразновидната варијанта на литературниот јазик на нашиот народ. Така, според Цувани, *секаде во секоја книжевност и во секое време, писателите биле тие што со своите дела го збогатувале и усовршувале литературниот јазик*, или како што се истакнува Ѓ. Шкуртај, *уметничката литература претставува еден вид на лабораторија низ која минува литературниот израз и јазичните сретства за создавање на ликовите и за прикажување на животот во уметничките дела* (с. 10). Тргувајќи од овие начела и приоди на книжевната и јазичната стилистика, м-р Г. Јани успеала да ги анализира и дефинира јазичните и стилските особености во романите на Петро Марко: *Хаста ла виста, Последниот град и Ноќта на Устика.* Романите на П. Марко, што се предмет на јазична и стилска анализа, се одликуваат со разновидна и богата дијалектна лексика, зборообразувачки разновидности, ономастика, топонимија, антропонимија, фразеолошки изрази и сл.(с.23). За писателот П. Марко, кандидатката Г. Јани, меѓу другото, забележува дека *ликот и делото на овој интелектуален патриот и писател може да се анализира од повеќе аспекти, а јас би го окарактеризирал како* ***икона на албанското граѓанство*** (стр. 12).

Во *втората* глава *Лексичко-семантички особености: лексика: лексичка содржина, семантички особенсоти, густината на карактеризациите, значенско проширување, значенското движење на метафората во романот "Ноќта на Устика"*(33-51), м-р Г. Јани ги анализира лексичко-семантичките карактеристики на зборовите во романите на П. Марко. За теоретските прашања во врска со темата, кандидатката ги применува студиите и проучувањата на Ј. Томај, Ѓ. Шкуртај, Ц. Лоши и др. Особено внимание авторката посветува на организираноста на структурата на јазичниот израз и лексичкиот корпус во споменатиот роман на П. Марко. Како што забележува кандидатката, П. Марко

користи и прави успешни комбинации на лексеми, фрази и изрази од италијанскиот и шпанскиот јазик, сп.: *Porco diavolo!(Qenke i fortë), minestra, adio, bela* и др. Покрај овие заемки, писателот П. Марко употребува и зборови позајмени од турскиот јазик, како *dallkauke, buhari, katua, zallamahi, dragoman, çaturë* (38). Според кандидатката м-р Г. Јани, авторот во неговите романи употребува архаизми, историцизми и неологизми, со определена стилистичка цел за да се покаже силното влијание и реалноста во албанското општество во тој период (37). Во тој контекст, посебно место во нејзиниот труд заземаат и дијалектните зборови, т. е. дијалектната лексика, која е многу разнвидна и богата. Ово дел, според кандидатката, го нагласува големиот придонес на писателот П. Марко, кој е вистински виртуоз за пронаоѓање на лексеми и зборови кои му даваат посебен белег на неговите ликови, така што тој е многу оригинален, сп.: *mjegulla gërnjare, gjuhë të akullt, horizonti i kuqëruar, kokëderri, zemërnxira* (44) и др.

Во третата глава, *Лексички зборови според значењето: полисемија, синонимија, и антонимија.* (52-56), кандидатката своето внимание го насочува кон семантиката како важна лингвистичка дисциплина. Полисемијата во романите на П. Марко е мошне богата и разновидна. Така, од јазичниот материјал што го ексцерпирала м-р Грета Јани, ги издвоила следниве: *sy, zemër, krahë, grykë, natë, dorë, bie, sjell, hënë, buzë, kurriz, tru, këmbë.* Со користење на полисемантичките зборови, синонимијата и сл., писателот се стреми да го зголеми квантитетот на информацијата, да прикаже потребни асоцијации, силно влијание врз чувствителноста на имагинацијата и сл. Во таа смисла, м-р Г. Јани ги анализира и синонимните зборови, кои ги разгледува не само од лексички, туку и од стилски аспект. И во оваа област, потенцира кандидатката, авторот многу солидно ја владее страуктурата и лексичкиот состав на албанскиот јазик. Така, синонимскиот опсег кај П. Марко, според кандидатката се користи на два начина. Прво, преку црпење и користење на дијалектната лексика, и второ преку неологизмите за да се постигне стилска диференцијација на синонимските низи, сп:. *duke dremitur//duke vërejtur// duke u përpëlitur, shikoj, shoh, vërej, kundroj; tregoj//rrëfej, mollois; largoj//sikteris (53).* Во лексичкиот систем на јазикот на П. Марко, антонимијата зафаќа видно место. Тој често користи лексички антоними за стилистички цели (синтаксички, антитези, спротивставеност). И во ова поле, авторот П. Марко, како добар познавач на албанскиот јазик, покажува вистинско мајсторство и вистинска инвентивност во користењето на антонимите, нудејќи големо јазично богатство, сп:. *hynin e dilnin, natë e ditë, të gjallët - të vdekurit, derëzi – dorëbardhë, shpirtkatran-shpirtmirë* (56-57)

Во *четвртата глава,* насловена *Лексички слоеви со ограничена употреба: дијалектната лексика, архаизмите, историцизмите, неологизмите (59-71),* кандидатката се обидува да ги издели најкарактеристичните слоеви на лексиката, со посебен акцент врз дијалектната лексика. Се разбира, јазикот и стилот на авторот П. Марко, кандидатката м-р Грета Јани го разгледува во поширок општествен, социјален и културолошки контекст. Во овој контекст, лингвистот Ѓ. Шкуртај за јазикот на Марко ќе истакне дека *овој автор ни се претставува како писател и заштитник на современиот албански јазик, особено на јазикот на неговото родно место Дермија. Во светлото на нашиот литературен стандарден јазик би рекле дека јазикот на неговото дело во исто време е и локален и стандарден. Дијалектите секогаш служеле и важат како столбови за збогатувањето на јазикот.* (стр. 23) Во овој дел, м-р Г. Јани ги посочува најфреквентните лексеми што ги употребува авторот во неговите романи,

изделувајки ги најкарактеристичните фонетско-фонолошките, морфосинтаксичките, лексичките и зборообразувачките разновидности, сп:. *rrodhi, shkalloi* во споредба со *(u çmend), i pataksur* во споредба *(i trembur), i veremosur* во споредба *(i hidhëruar)), i veremosur / i hidhëruar, honeps* во споредба *(duroj,pëlqej) çilimi* во споредба *fëmijë.* Дијалектната лексика е многу застапена во романите на Марко, *velencë, bukëfiqe, mëngjër, pirusti, kamare.* Од овој слој на лексиката се изделуваат дијалектната синонимија, архизмите, историцизмите и неологизмите. Во таа смисла, според кандидатката, тие претставуваат еден од многубројните извори за збогатувањето на лексиката на албанскиот јазик, укажувајќи на изразно-емоционалните и стилистичките карактеристики, како на пример *i mëngjër, pirustia, vatra, qereste, qilar, krzeplak,, xhandar, niyam, bej, paçavure,qelepir, balsam temjan(*67-70).

Во *петтата глава* насловена *Лексички слоеви според изворот.* (75-80), кандидатката м-р Г. Јани ја истакнува мотивацијата на писателот П. Марко во неговите романи да употребува и еден број на заемки од другите балкански јазици (грцизми, латинизми, словенизми, ориентализми, професионализми, неолатинизми и сл.). Но, очигледно е дека албанскиот јазик, како јазик со подолга традиција, има изградено повеќе модели за обновување на својот лексички фонд. Низ вековите албанскиот јазик имал интензивни контакти со балканските јазици, така што застапеноста на заемките е неминовен. Имајќи предвид дека настаните и ликовите во романите на П. Марко се одвиваат во Италија и Шпанија, авторот користи и еден значителен фонд на позајмени зборови од споменатите јазиси, сп.: *serbes, takat, peshqesh, gjurulldi, oftikë,, reyil, hallall, prokopi, sinor, kolloface, gollomesh, vërsnik, vadis, grabis, strehë, suora, sinjor, karabinier, intendancë, kameron, ultimatum, spion, front.* Притоа се забележува дека одредени зборови и лексеми кои во минатото биле продуктивни мораат да отстапат место на други зборови и изрази кои ги одразуваат новите потреби на современото општество. На тој начин, познавањето на значењето на зборовите денес не значи да се знае само нивната форма, туку и да се познаваат појмовните категории на кои припаѓаат зборовите како делови на системот на еден јазик. Токму таа димензија и припадност на зборовите и изразите во романите на П. Маркое се забележува преку застапеноста на странски зборови и изрази од италијанскиот и шпанскиот јазик, сп.: *Compagno Antonio! Compagno albanese! – Tu, signor albanese, perche non saluti romanamente?* или шпанските зборови и изрази, *camarades, hombre, carla, morena, buenas noches, mliciano aragones (*78-79).

Во шестата глава, под наслов *Зборообразувањето: типови, видови и модели,* м-р Г. Јани посебно внимание посветува на префиксите, суфиксите и на сложените зборови (с. 80-91). Кандидатката укажува на фактот дека јазикот како жив организам игра важна улога во наратолошкиот израз на секој автор. Богатиот јазичен материјал што ги нудат романите на П. Марко ја потврдува горенаведената констатација. Писателот П. Марко грижливо, трудољубиво и со самопрегор работи за збогатувањето на албанскиот литературен јазик, преку употреба на зборови и изрази од дијалектната лексика, кои се карактеристични за обновувањето и збогатувањето на јазичниот систем и функционалноста на албанскиот литературен јазик. Неговиот јазик е многу живописен. Потоа ги разгледува лексичко-граматичките категории на именките, придавките, глаголите и од службените зборови, прилозите. Кандидатката м-р Г. Јани посебно внимание посветува на префиксите и суфиксите. Во овој дел, таа мошне успешно

ги анализира и ги класифицира зборообразувачките разновидности на зборовите создадени по пат на: деривација, конверзија, аглутинација афиксација (префикси и суфикси), сложени зборови, субстантивирани придавки и сл. Посебно се задржува на именките, на придавките и на глаголите. Според анализата на кандидатката, за јазикот и стилот во романите на П. Марко особено се карактеристични зборообразувачките разновидности со префиксација и суфиксација: *bashkë-, kundër, mos-, pa-, para-, -as, -ak, -tar, -tor, -icë, as, -ëz, eshë, -çkë, -acak, -arak, -os, -xhi, -isht, -thi* ио др.(84). Откако ги класифицира и изделува лексичките и дериваџиските афикси, м-р Ј. Грета преку многубројните примери ексцерпирани од романите на П. Марко, укажува на јазичните и стилските вредности. Во овој дел кандидатката посебно внимание посветува на сложените зборови од типот *frymëmarrje, hakmarrje, buyëqeshje, pendëkuq, flokëverdhë, gojëargjend* и др.

Во *седмата глава* под наслов *Фразеолошки изрази* (91-94), кандидатката м-р Г. Јани укажува на фактот дека тие се многу често користени во романите на Петро Марко. Во продолжение на докторската дисертација, кандидатката м-р Г. Јани се задржува на големата застапеност и богатството на фразеолошките изрази во албанскиот јазик, кои најчесто се забележуваат преку говорот на ликовите. Како затврдени изрази, со зацврстена структура и градба, фразеолошките изрази се мошне продуктивни. Во дисертацијата на кандидатката, проучувањето и анализирањето на фраземите во романите на П. Марко заземаат посебно место. Тие се одликуваат со посебна јазичностилска функционалност, обоеност и сликовитост. Се карактеризираат со богати и значенски емоционални и стилистички вредности, сп.: *'hedh festen mbi sy', 'bëj kurrizin më të butë se barkun', s'e çan kokën', 'ma bëri mendjen çorbë' (91).* Преку наведените примери авторката го истакнува големиот придонес на писателот П. Марко за неограничените можности на јазикот, во овој случај на фразеолошките изрази, за збогатувањето на речникот и лексиката на албанкиот јазик. Така, писателот користи низа фраземи, поговорки и пословици, народни мудрости, гноми и сл. Тие се уметнички и естетски добро елаборирани и обработени и живеат сосема едноставно и природно во неговата проза. Во овој контекст, кандидатката преку илустрираниот јазичен материјал ги изделува следните фразеолошки единици, кои се реализирани во вид на метафора, сп.: *'Ai i mori pa na thënë as gjysëm fjale. Na shikoi me sy hetuesi (Nata e Ustikës), f. 8. ose 'M'u duk se në pëllëmbën time pulsonte një zemër'.*

Во *осмата глава* под наслов *Фигуративност: фигури, метафора, споредување, епитет, персонификација, хипербола, оксиморон* (94-98), посебно место заземаат и јазичните фигури, кои се присутни во романите на Петро Марко, како што се стилските фигури *(метафората, споредувањето, епитетот, персонификација, хипербола и оксиморон.* Посебно место во овој дел заземаат зборовите со стилистичка вредност, како што се: фигуративното значење на зборовите (деминутивите, пејоративите и хиперкористиците), претставувајќи ги целосно емоционалната и фигуративната обоеност на зборовите, зборови со преносно, деминутивно и аугментативно значење,

Според кандидатката м-р Г. Јани, во романите на П. Марко покрај споменатите стилски фигури ги среќаваме и антитезата, асинденција, инверзијата, метонимијата, елипсата, асиденцијата, полисиденцијата, епифората, анафората и сл. Метафората е една од најомилените фигури на писателот П. Марко, сп.: *'Qeshte me zemër', 'shpresat tona po fishken', 'mendja m'u er'* (95). Овој дел се одликува и по

тоа што кандидатката навлегува длабоко во лексичко-семантичката анализа во романите на П. Марко. Таа овде не ја запоставува етнолингвистичката и етнокултуролошката димензија на делото на авторот. Добар дел од лексичкиот фонд на авторот не е регистриран во Толковниот речник на албанскиот јазик. Откако ќе ги посочи главните елементи на фигуративноста, м-р Г. Јани ќе ги елаборира и аплицира сите лингвостилистички фигури, не само од 'формално' и 'структурно', туку и од функционално рамниште. Со тоа, се исполнува задачата на кандидатката за првично, најелементарно "семиотичко" и "семантичко" читање на романите на П. Марко.

Во *деветтата глава* се опфатени *предлозите,* давајќи општ преглед на лексичко-семантичко карактеристики на предлозите, класификација и изразните можности. (с. 99-158). Проучувањето на оваа граматичка категорија е обусловено од дестинацијата на текстот. Според кандидатката м-р Г. Јани, сите проучувања што се направени во врска со оваа лексичко-граматичка категорија носат едно општо ограничување. Во врска со предлозите, особено внимание им посветува на предлозите според структурата, потеклото и емоционално-изразните вредности. Во делот на предлозите се разгледани примерите што се застапени во литературниот албански јазик, но и оние што се дијалектно ограничени (пр.:). Синонимските предлози *në mes, midis, ndërmjet* (*меѓу, среде, помеѓу)* изразуваат просторни и двострани односи (102). Од службените зборови се обработени предлозите, кај кои се забележува поголема разновидност и застапеност на низа дијалектни форми, пред се, карактеристични за јужните тоскиски говори (Дермија, Валона). Врз основа на морфолошката анализа, авторката констатира дека во романите на Петро Марко најголемите значења на предлозите се тие што означуваат простор и време. Потоа следат предлошките изрази (локуции) формирани од еден предлог и една именка, сп.: *nga ana e tyre, me anën e shokëve, mes për mes Myzeqesë.* Според потеклото, предлозите ги дели на предни и задни. Така, предлогот служи за како посредувачки степен на преминување на други менливи делови на реченицата во предлози. Именката се претвора во предлог или во прилог, сп.: bisedonin *rreth* kësaj ngjarjeje, u grumbulluam *rreth* nënës.. e varosëm *rrëzë* kambanerisë së madhe, arritëm *buzë* një gremine, dolëm *majë* Pirenejve (105)

Во *заклучокот,* м-р Грета Јани ги сумира резултатите од истражувањето. Таа го нагласува огромниот и богатиот јазичен материјал кој е застапен во романите на Петро Марко. Исто така, кандидатката успеала да ги селектира и анализира најфреквентните и најкарактеристичните зборови и лексеми со посебна јазична и стилска обоеност на овој наш голем писател, П. Марко. Се забележува дека авторката доследно и мошне принципиелно ги применувала и цитирала во својата докторска дисертација научната и стручната литература од соодветната област. Доследно се придржувала на теоретските и аналитичките согледувања на познати теоретичари од науката за јазикот и теоријата на книжевноста. Преку примената на современата техника и методологија за јазична и стилска анализа во проучувањето на делото на П. Марко, кандидатката м-р Грета Јани успешно и аргументирано го експерпирала богатиот јазичен материјал. Така, во текот на самата анализа ги користи референциите и другите извори, збогатувајќи го речникот со термини и поими од областа на современата лингвистика, теоријата на книжевноста, лингвостилистиката, наратологијата и сл. Анализата е јасна,

добро структурирана и солидно парафразирана и интерпретирана. Теоретскиот дел кандидатката го збогатила со бројни лингвокултуролошки и книжевно-естетски примери.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација *Јазикот и стилот во романите на Петро Марко,* изработена од м-р Грета Јани, е солидно изработен, самостоен и оригинален научен труд во кој мошне стручно и доследно ги применила техниките и методологијата за изработка на докторската дисертација. Дисертацијата претставува значаен придонес за науката за јазикот, особено за лингвостилистиката, лексикологијата и зборообразувањето на албанскиот стандарден јазик, како и за теоријата на литературата и книжевната теорија воопшто.

Врз основа на гореизнесените аргументи и оцени, високо ја вреднуваме оваа докторска дисертација и му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да го прифати нашиот извештај и да ја повика кандидатката м-р Грета Јани на јавна одбрана.

Скопје, 11.06.2012 год.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Нехас Сопај, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.

Проф. д-р Мируше Хоџа, вонреден професор, с.р.

Д-р Ваљбона Тоска, доцент, с.р.

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"-Скопје

Име и презиме на кандидатот	*Наслов на тема за магистерски труд*	*Ментор*
Андријана Павлова	"Отстапки во јазикот на изучувачите на македонскиот јазик како странски во однос на употребата на минатото определено и на минатото неопределено време"	проф. д-р Елена Петроска
Елвира Јакимовска	"Наставни форми по предметот македонски јазик и литература во современата наспроти традиционалната настава"	проф. д-р Стојка Бојковска
Даим Мифтари	"Поетската индивидуалност на Џевахир Спахиу"	проф. д-р Нехас Сопај
Искра Димитријевска	"Конференциско консекутивно толкување од македонски кон англиски јазик: Стратегии за медијација"	доц. д-р Емилија Саржоска-Георгиевска

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА СИСТЕМАТИКА И ФИЛОГЕНИЈА НА ВИШИТЕ РАСТЕНИЈА И ФИТОГЕОГРАФИЈА СО ФИТОЦЕНОЛОГИЈА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 29.3.2012 година, а по предлог на Институтот за биологија, донесе одлука под бр. 07-485/3 од 4.4.2012 година, со која сме одредени за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на систематика и филогенија на вишите растенија и фитогеографија со фитоценологија при Институтот за биологија, Природно-математички факултет - Скопје.

На распишаниот конкурс објавен во весникот "Дневник" од 10.3.2012 година и "Коха" на 12.3.2012 и исправката на 13.3.2012 година, се пријави само кандидатката м-р Рената Ќуштеревска од Скопје.

Рецензентската комисија во состав: академик Владо Матевски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Митко Костадиновски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Живко Сековски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, врз основа на приложените податоци (биографија, список на објавени трудови и по еден примерок од објавените трудови) и личното познавање на кандидатката, на наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Рената Ќуштеревска е родена на 19.11.1978 година во Куманово. Основното и средното медицинско образование ги завршила со одличен успех во Скопје. Во академската 1997/98 година се запишала на студиите по биологија -наставна насока на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2002 година, со просечен успех 8,88, со одбрана на дипломската работа од областа на систематиката и филогенијата на вишите растенија, под наслов "Рудералната и адвентивната флора во централното градско подрачје на Скопје"

Во учебната 2002/2003 се запишала на постдипломски студии на еколошко-таксономската насока, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 2008 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Фитоценолошки истражувања на вегетацијата на брските пасишта во околината на Кратово" и се стекнала со степен на образование - магистер на биолошки науки.

Од октомври 2009 година е вработена како асистент на Заводот за ботаника при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во ноември 2011 година, Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје и' одобри изработка на докторска дисертација под наслов "Фитоценолошки истражувања на вегетацијата на брдските и планинските пасишта на планината Галичица", врз која кандидатката интензивно работи.

II. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Веднаш по дипломирањето, кандидатката Рената Ќуштеревска беше ангажирана како демонстратор на Одделението за систематика и филогенија на вишите растенија и фитогеографија со фитоценологија, а потоа после изборот за асистент таа во изминатиот период комплетно го презеде изведувањето на практичната настава по повеќе ботанички дисциплини - систематика и филогенија на вишите растенија (наставна насока), систематика и филогенија на вишите растенија 1=кормофита 1 (наставна насока), систематика и филогенија на вишите растенија 2=кормофита 2 (наставна насока), систематика на растенија 2 (биохемиско-физиолошка насока), Систематика на вишите растенија (еколошка насока), Фитоценологија со вегетација на Македонија (еколошка насока), систематика на растенија (биологија хемија). Повремено беше вклучена во реализација на практичната настава по предметите ботаника (за студентите од Шумарскиот факултет), Основи на биодиверзитетот (за студентите од интердисциплнинарните студии по инженерство на животната средина), како и по цитологија, анатомија и морфологија на растенијата. Таа е активно вклучена во реализацијата на теренската настава, која е дел од наставната програма по повеќе од погоренаведените предмети која се изведува во различни делови од територијата на Република Македонија - од низинскиот па се до високопланинскиот појас. Во исполнувањето на наставните задолженија таа се однесуваше многу одговорно и професионално и е многу почитувана од страна на студентите.

III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

Матевски, В., Ќуштеревска, Р. 2010. *Rochelia* Reichenb. (*Boraginaceae*) (eds) Флора на Република Македонија, 2(1)140-141, МАНУ, Скопје.

Ćušterevska, R., Matevski. V., Kostadinovski. M., Čarni. A., 2012: Dry grassland communities of *Erysimo-Trifolietum* in the north- eastern part of the Republic of Macedonia, Hacquetia 11(1).

НАУЧНИ ТРУДОВИ ВО ПЕЧАТ:

Матевски, В., **Ќуштеревска, Р**. *Galeopsis* L. (*Lamiaceae*) (eds) Флора на Република Македонија, 2(2), МАНУ (во подготовка за печат)

Ćušterevska, R., Matevski. V., Kostadinovski. M., Čarni. A., 2012: Dry grassland communities of *Erysimo-Trifolietum* in the north- eastern part of the Republic of Macedonia, Hacquetia 11(1). (предадено за печат)

ТРУДОВИ ПРЕЗЕНТИРАНИ НА НАУЧНИ СОБИРИ:

Ćušterevska. R., Matevski. V., Kostadinovski. M., Čarni. A., 2009, New data about syntaxonomy and chorology of ass. *Erysimo-Trifolietum* Micevski 1977 in Republic of Macedonia. 5 th Balkan botanical congress, Belgrade.

Ćušterevska. R., Matevski. V., Kostadinovski. M., Čarni. A., 2010, Main characteristics and spreading of the plant community ass. *Erysimo-Trifolietum* Micevski 1977 in the Republic of Macedonia, 7 th European Dry Grassland Meeting in Smolenice, Slovakia.

Matevski. V., Čarni. A., **Ćušterevska. R.**, Kostadinovski. M., Mucina. L., 2012, Dry grasslands on calcareous bedrocks of the central and southern Balkans: chorological and climatic analysis, 21 st Workshop of European Vegetation Survey, Viena.

УЧЕСТВО ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ:

Во изминатиот период била активно вклучена во изработка на следните научноистражувачки проекти:

- (2003-2006) Vegetation of the highland pastures of the Pletvar, Kozjak and Sivec and their genetic found (национален проект финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија).

- (2004-2005), Vegetation of dry grasslands in the southern part of Macedonia. (билатерален проект кофинансиран помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за наука и технологија на Република Словенија).

- (2009-2011), Флора на Република Македонија, МАНУ, Скопје

- (2010-2011), Floristical, ecological and structural changes of shrub vegetation inthe transition area between Mediterranean and Eurosibirian-Nordamerican regions, (билатерален проект кофинансиран помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за наука и технологија на Република Словенија).

Научноистражувачката дејност на м-р Рената Ќуштеревска се одвива во областа на фитоценологијата, иако напоредно со тоа таа е вклучена и во активности кои се поврзани со проблеми од областа на флористиката и таксономијата на вишите растенија. При изработката на нејзината одбранета магистерска работа, која беше од областа на вегетацијата на брдските пасишта, таа имаше можност да ја совлада методологијата на фитоценолошките истражувања, но истовремено да се запознае и со основната и специјалната литература од таа област.

Во изминатиот период м-р Рената Ќуштеревска има реализирано неколку студиски престои во Биолошкиот институт "Јован Хаџи" при ЗРЦ, САЗУ-Љубљана (1.10.2005-3.11.2005, 11.11.2009-19.11.2009 и 28.8.2011-3.9.2011), каде што имаше можност да ги

надополни своите севкупни познавања за примената на новите компјутерски програми во фитоценолошките истражувања.

Таа е коавтор (со В. Матевски) на текстот за родот *Rochelia* Reichenb. (Boraginaceae), кој во меѓувреме беше отпечатен во едицијата „Флора на Република Македонија", 2(1), во издание на МАНУ, а кој беше најавен како труд во печат во извештајот за нејзин избор во звањето асистент.

Во трудот под наслов Dry grassland communities of *Erysimo-Trifolietum* in the north-eastern part of the Republic of Macedonia **(Ćušterevska, R.**, Matevski. V., Kostadinovski. M., Čarni. A., 2012), објавен во престижното списание „Hacquetia", презентирани се резултати од нејзиниот магистерски труд, во кој е обработена вегетацијата од појасот на брдските пасишта во поширокатa околина на Кратово. Во трудот се објавени и новоопишаните субасоцијации - subass. *scleranthetosum* subass. nova и subass. *brachypodietosum* subass. nova. од асоцијацијата *Erysimo-Trifolietum* Micevski 1977 од сојузот *Trifolion cherleri* Micevski 1970, редот *Astragalo-Potentilletalia* Micevski 1970 и класата *Festuco-Brometaea* Br. Bl. Et Tx 1943.

Кандидатката Рената Ќуштеревска е вклучена во проектот „Флора на Република Македонија" и во коавторство со В. Матевски е ангажирана на обработка на родот *Galeopsis* од фамилијата Lamiaceae, кој е во завршна фаза на обработка.

Таа е дел од еден поширок коавторски тим (Matevski. V., Čarni. A., **Ćušterevska. R.,** Kostadinovski. M. Mucina. L., 2012). кој подготви еден синтетски труд (Dry grasslands on calcareous bedrocks of the central and southern Balkans: chorological and climatic analysis). Трудот се однесува на синтаксономија на вегетацијата која се развива во појасот на брдските пасишта на варовничка геолошка подлога во централните и јужните делови на Балканскиот Полуостров, кој во меѓувреме е финализиран и предаден за печатење во престижното списание со IF - Plant Biosistem.

Ас. м-р Рената Ќуштереска резултатите од своите истражувања ги има презентирано на повеќе собири (Белград, Смоленице, Виена).

Таа била и понатаму е вклучена во реализацијата на неколку национални и билатерални проекти (со Словенија и Хрватска) од областа на флората и вегетацијата, кои беа реализирани или се во тек на реализација на Одделението за систематика и филогенија на вишите растенија и фитогеографија со фитоценологија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од погоре изнесено може да се заклучи дека м-р Рената Ќуштеревска по нејзиниот избор за асистент, со целокупната нејзина досегашна ангажираност во наставата и научната дејност, покажува континуиран напредок. Таа е многу трудољубива, совесна, професионална и одговорна кон работата, со коректен однос кон студентите и вработените.

Областа врз која таа работи - истражувања на вегетацијата на брдските и планинските пасишта на територијата на Република Македонија, од која што веќе ги презентира првите резултати од нејзините истражувања, се надеваме дека ќе и овозможи да се развие во еден солиден ботаничар - флорист и фитоценолог.

Ценејќи ја целокупната досегашна активност на кандидатката, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, м-р Рената Ќуштеревска да биде реизбрана во звањето асистент од областа на систематика и филогенија на вишите растенија и фитогеографија со фитоценологија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Академик Владо Матевски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Митко Костадиновски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Живко Сековски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА И СОЛФЕЖ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на својата седница одржана на 20. 4. 2012 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. Живоин Глишиќ, проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја и проф. д-р Бојан Ортаков. На конкурсот, објавен во весниците „Дневник" и "Koha" на 4. 4. 2012 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група наставни предмети од областите: теорија на музиката и солфеж на Факултетот за музичка уметност – Скопје се пријави кандидатката вонр. проф. м-р Снежана Димчевска.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Снежана Димчевска е родена 1956 година во Скопје, кадешто го завршила основното образование и средното музичко образование на инструментот виолончело. Нејзин професор бил светски реномираниот виолончелист и педагог Андре Навара, кој во тоа време е визитинг-професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Снежана Димчевска била ученичка во првата година во Средното музичко училиште, и како особен талент, била избрана за најмлад студент во неговата класа.

Паралелно со наставата по виолончело, таа истовремено покажува силен интерес и знаења од областа на солфежот, теоријата на музиката и останатите стручно-теориски предмети.

Додипломските студии ги завршила на Факултетот за музичка уметност во Скопје на наставно-теориското одделение, каде што уште повеќе доаѓаат до израз нејзиниот интерес и способност за стручно-теориските предмети. Студиите ги завршила на истиот Факултет, со веќе изграден однос кон определбата за понатамошно дејствување во сферата на образованието и тоа особено во областа на педагогијата.

Во 2010 година го одбранила магистерскиот труд „Наставната програма по солфеж за основно музичко училиште со насока за популарни жанрови и пијаното во нејзината реализација" на Факултетот за музичка уметност во Скопје, под менторство на проф. м-р Тодор Светиев.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од ваквиот изграден став кон музичката педагогија, произлегува и првото вработување на Снежана Димчевска, во 1981 година во МБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје, кадешто работи како професор по предметите солфеж и теорија на музиката во основниот и средниот оддел. За самото вработување добива препорака од универзитетскиот професор Надежда Мишченко-Водеб, која се осврнува на нејзините стручни квалитети: „... Димчевска Снежана поседува особен афинитет и интерес за предметот солфеж. Димчевска Снежана,

продолжи да контактира со оваа дисциплина преку подготвување на ученици и идни студенти, а за постигнатите резултати можев да се уверам на приемните испити по предметот солфеж ... Димчевска поседува изострен слух, што е битна компонента за секој наставник кој се бави со солфеж ..."

Уште на самиот почеток во изведувањето на наставата по овие предмети, таа внесува многу новини и сопствени креации во текот на наставата, притоа водејќи сметка за природниот потенцијал на учениците. Резултатите од нејзината педагошка работа се евидентни преку генерациите ученици кои се примени на ФМУ, а кои со успех го положиле приемниот испит. Ваквата добра подготвеност им овозможила на некои од нив да бидат издвоени како најдобри студенти на годината. М-р Снежана Димчевска, исто така, подготвувала ученици кои успешно се претставиле на приемните испити на музичките факултети надвор од нашата држава.

Воопшто, вонр. проф. м-р Снежана Димчевска секогаш значајно помага со своите стручни совети, како и со демонстрирање на настава. Од нејзиното прво вработување, па сè до денес на ФМУ-Скопје, колегите од основните и средните музички училишта, наставниците и професорите по музика во основните и средните училишта, како и колегите од факултети за музичка уметност во државата и пошироко, постојано го бараат нејзиното стручно мислење за напредокот на идните млади музичари, без разлика дали се работи за определба на професија или за напредување во неа. Несомнено, ова остава впечаток на човек со високо изграден став, но и професионалец кој има визија и може да го предвиди напредокот на преслушаните кандидати.

Покрај ова, во текот на педагошката дејност, м-р Снежана Димчевска учествувала на повеќе семинари од областа на солфежот во Скопје, Шибеник, Херцег Нови, Белград, кај еминентни професори, меѓу кои: проф. д-р Зорислава Васиљевиќ (која ја издвои Снежана Димчевска како учесник со најголеми потенцијали, а нејзината работа позитивно ја оцени преку подготвеноста на учениците), проф. Надежда Мишченко (во текот на кој била и демонстратор), проф. Благој Цанев, професори од ЦМШ од Москва, како и кај многу други. М-р Снежана Димчевска во 2010 година била учесник на семинарот за РЕА-методот на Оливер Оливер, одржан на УКИМ, ФМУ-Скопје.

Од 1997 година, Снежана Димчевска работи на Факултетот за музичка уметност во Скопје (во постојан работен однос), како соработник во звање асистент по група предмети од областа на теоријата на музиката, односно по предметите музички форми и хармонија. Од 2002 година таа изведува вежби по предметот солфеж, во кој е најмногу докажана, а со оглед на нејзиното над 30-годишно искуство, бележи бројни резултати во наставата со студентите. Во 2002/2003 година, ас. Снежана Димчевска изведува вежби по предметот солфеж кај доц. м-р Викторија Коларовска-Гмирја, во 2003/2004 година, Снежана Димчевска преминува во звањето доцент, а во 2007/08 година преминува во звањето вонреден професор и го предава предметот солфеж.

М-р Снежана Димчевска изведувала настава по предметот солфеж 1 и 2 како задолжителен предмет на вокално-инструменталниот оддел, одделот за музичка теорија и педагогија и одделот за музикологија на прв циклус студии.

Исто така, таа изведувала настава по предметот солфеж 3 и 4 како задолжителен предмет на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање и за студентите по соло-пеење; и како изборен предмет за останатите студенти од инструменталниот оддел.

Во академските 2007/08, 2008/09, 2009/10 и 2010/11 година, м-р Снежана Димчевска изведувала настава со по 16 часа неделно, а во академската 2011/12 година со по 14 часа неделно.

Во моментов таа е ментор на студент на втор циклус студии на студиската програма за музички науки во 2011/12 година (2 семестра x 30 часа).

Во академските 2007/08 и 2008/09 година, м-р Димчевска одржува предавања за запознавање на матурантите од средните музички училишта во Тетово, Битола, Штип и Скопје со студиските програми на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Таа била член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа на 2 кандидата: (2007) Дојрана Прокопиева – музикологија и (2008) Дамјан Темков – композиција; како член на Комисија за одбрана на магистерски труд на 6 кандидати: (2007) Александра Јанковска – пијано, (2012) Горан Диниќ, (2012) Розета Ѓеоргиевска, (2011) Оливер Оливер (2011) и Ферат Исеини - методика на музичка настава, и (2011) Лејла Алими – музикологија.

М-р Димчевска ја изготвува наставната програма по солфеж 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање (3 и 4 за студентите по соло-пеење), како и наставната програма по солфеж 1 и 2 на вокално-инструментален оддел. Бидејќи е во директна врска со програмите и литературата која се користи на ФМУ, вонр. проф. м-р Снежана Димчевска постојано ги согледува проблемите со кои се судруваат студентите по овој предмет. Користејќи го своето долгогодишно искуство, таа, во изминатиов период, создава пакет материјали за наставата по предметот солфеж 1, 2, 3 и 4, преку кои се отвора можност да се расчистат проблемите на студентите поврзани со одредена проблематика, а воедно да се зголеми спектарот на нивните познавања од оваа област. Овој пакет материјали претставува рекапитулација на претходното знаење, но и отворање нови хоризонти во размислувањето околу оваа дисциплина. Пакетот материјали содржи познати примери од литературата, како и сопствени творечки креации, од областа на ритмиката, мелодиката и диктати.

Во текот на својата наставно-образовна дејност во периодот 2007-2012 година, м-р Снежана Димчевска одржува консултации со над 100 студенти во семестарот, со цел подобрување на нивните постигнувања по предметот солфеж.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачкита дејност на м-р Снежана Димчевска во изминатиов период е поврзана со воведувањето на популарните жанрови во музичкото образование во Република Македонија. Така, таа во својот магистерски труд се занимава со поставување основи на наставата по солфеж во популарните жанрови во основно музичко училиште, што претставува прв труд од оваа област во нашата средина. Во него се разгледани творечките форми на работа, писмените форми на работа, усните форми на работа, свирењето на пијано, вокално-интонационите вежби, вежбите по слух, музичкиот диктат, планирањето на часот, домашните задачи и проверката на домашните задачи и контролни часови. Трудот дава многу информации и насоки за организирање на настава за изучување на популарните жанрови во нашите музички училишта и како таков претставува патоказ за педагозите кои ќе ја водат наставата со ваков профил. Во 2012 година го објавува трудот *Солфеж во популарните жанрови во основно музичко училиште.*

Во 2009 година, м-р Димчевска работи и на класификацијата на документацијата на детскиот хор „Пиколо" заедно со м-р Мирјана Павловска-Шулајковска и Весна Димчевска. Нивната работа е презентирана во трудот „Хорот *Пиколо*-транспозиција на професионалниот вокален солистички репертоар" на Мирјана Павловска-Шулајковска, кој е претставен на ИРАМ-овата конференција *Истражувања во музикологијата и етномузикологија* во 2010 година и е објавен на http://mmc.edu.mk/IRAMbooks/papers/Pavlovska2010.pdf. Анализата на овој материјал е направена врз партитури, фотографии, концертни програми, искажувања на учесници, аудио и видеоматеријали.

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Со оглед на тоа дека дека врз музичките способности во најголема мера може да се влијае на детска возраст, а посебно преку основното и средното музичко образование, м-р Димчевска изминатиов период создава 11 збирки со оригинални творечки креации, насловени „Солфеж и диктати", секоја за соодветно ниво на основно, односно средно образование, согласно со актуелните планови и програми за настава по солфеж. Во овие збирки е вткаено долгогодишното искуство и знаење на педагогот м-р Снежана Димчевска.

Во својата досегашна работа на ФМУ-Скопје, м-р Димчевска повеќепати е активна во работата со хорот на ФМУ, како и со пејачките делници во операта „Деспина и Мистер Докс", од Димитрије Бужаровски, поставена со студентите во 2001 година. Оваа нејзина активност продолжува и во следниот период.

Така, во август 2009 година, м-р Димчевска подготвува камерен хор составен од студентите по соло-пеење и од останатите оддели на ФМУ-Скопје, и како негов диригент остварува 4 настапи на различни локации во Крушево по повод постхумното доделување на дипломата за посебни заслуги за вокална интерпретација на Тоше Проески од Факултетот за музичка уметност во Скопје.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

М-р Снежана Димчевска е долгогодишен соработник на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на Република Македонија. Во 2008 година таа се јавува како член на комисијата за изработка на наставна програма по изборниот предмет творештво за IV и V одделение на деветгодишното основно образование.

Покрај ова, во 2011 година, таа е и претседател на Рецензентската комисија на учебникот по музичко образование за VI одделение деветгодишно основно образование.

М-р Снежана Димчевска во текот на досегашниот работен стаж на ФМУ-Скопје е постојано активна во организацијата на проектите на Факултетот за музичка уметност во Скопје. На 1.10.2005 година, со изборот на проф. м-р Евушка Трпкова-Елезовиќ за декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје, Снежана Димчевска е избрана за продекан за настава во период од 4 години. Во рамките на оваа нејзина активност, во периодот 2007-2009 година таа се јавува како организатор на концертите на ансамблите на ФМУ-Скопје, меѓу кои спаѓаат концертите на Симфонискиот оркестар, хорот „Драган Шуплевски", Оркестарот на народни инструменти, Биг-бендот и Камерниот

оркестар „Солисти на ФМУ"; потоа, на многу бројните камерни концерти во Концертната сала на ФМУ, како и на низа други активности кои се одржуваат во текот на целата академска година.

Од посебно значење е и нејзиниот удел во спроведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, потпишан со Болоњската декларација, не само во својот предмет, туку и во другите предметни програми.

Исто така, забележано е и нејзиното учество во промотивните активности на ФМУ-Скопје на Деновите на образование и наука во 2007, 2008 и 2009 година, кадешто се јавува како главен организатор на презентацијата и концертите на ансамблите на ФМУ – Скопје.

Покрај тоа, во 2007, 2008 и 2009 била претседател на конкурсна комисија и член на Комисија за приемни испити на ФМУ-Скопје, а во 2007 и 2008 година била член на Комисија за нострификација на дипломи, член на факултетска Комисија за самоевалуација и член на факултетска Комисија за набавки на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Во 2008 м-р Димчевска се јавува како главен организатор на соработката помеѓу Факултетот за музичка уметност во Скопје и Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, Србија, преку која е остварен концерт на класите по соло-пеење при ФМУ-Скопје во Концертната сала на Факултетот за уметности во Ниш.

Посебно се истакнува и активноста на м-р Димчевска како главен организатор на проектот: Постхумно доделување на дипломата за посебни заслуги за вокална интерпретација од Факултет за музичка уметност во Скопје на Тоше Проески, кој се остварува во 2009 година.

Од останатите дејности од поширок интерес, се и здвојува и н ејзината работа како член на Комисија за дисциплина солфеж V, VI категорија на 47. (2009) и IVа, IVб и IVц категорија на 49. (2011) Државен натпревар за ученици и студенти по музика на Република Македонија во организација на Здружението на музичките и балетски педагози на Република Македонија, со кое м-р Димчевска има долгогодишна соработка.

Исто така, во 2010 година била член на организационен одбор на двата семинара за РЕА-методот на Оливер Оливер, одржани на УКИМ, ФМУ-Скопје и МБУЦ „Илија Николовски-Луј" – Скопје.

Со оглед на нејзиното искуство по предметот солфеж и максималното вложување при работата со студентите, м-р Димчевска има постигнато многубројни резултати како професор. Најдобар доказ за ова се наградите на нејзините студенти на државните натпревари за ученици и студенти по музика на Република Македонија во организација на Здружението на музичките и балетски педагози на Република Македонија. Така, на 47. Државен натпревар одржан во 2009 година, нејзините студенти ги освојуваат следниве награди:

1. Вангел Мажевски (специјална награда)
2. Душко Ичев (прва награда)
3. Дијана Илкоска (прва награда)
4. Дино Имери (прва награда)
5. Петре Штерјов (прва награда)
6. Анастасија Волчевска (прва награда)
7. Димитар Поп-Алексов (прва награда)
8. Зоран Станишиќ (втора награда)
9. Борче Ѓорѓиев (втора награда)
10. Маја Михајловска (втора награда)
11. Лејла Бекири (втора награда)

12. Милан Јанкуловски (втора награда)
13. Ирена Јовановска (втора награда)

А, на 49. Државен натпревар, одржан во 2011 година, распоредот на наградите е следниот:
1. Бојан Матоски (специјална награда)
2. Симон Поповски (специјална награда)
3. Ристе Довлев (прва награда)
4. Наташа Михајлова (прва награда)
5. Никола Стојмановиќ (прва награда)
6. Бојан Илкоски (прва награда)
7. Томе Спасовски (прва награда)
8. Пеце Нешковски (прва награда)
9. Емил Чичоновски (прва награда)
10. Петар Тасевски (втора награда)
11. Александра Ивановска (втора награда)

ЗАКЛУЧОК

Од прегледот на биографските податоци, наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката, стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес на кандидатката м-р Снежана Димчевска, можеме да констатираме дека таа во целост ги исполнува условите на распишаниот конкурс за наставник во сите звања по група предмети од областите: теорија на музиката и солфеж на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Имајќи ги предвид:

- нејзиното континуирано образовно усовршување кое резултираше со стекнувањето на степен-магистер на музички науки на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2010 година;
- исклучително богатото педагошко искуство во реализирањето на наставата по предметот солфеж во сите образовни нивоа и постигнатите одлични резултати со студентите од додипломските студии, односно студиите од првиот циклус;
- менторската работа со студентот на магистерски студии од областа на музичките науки;
- посветеноста, трудољубивоста, одговорноста во извршувањето на наставата и консултациите;
- стручноста во подготовката и реализација на часовите;
- придонесот во изготвувањето на наставната програма по солфеж во популарните жанрови за основно музичко образование – прва од ваков вид во Македонија;
- придонесот за изготвување на наставниот материјал по солфеж за сите образовни нивоа (од основното музичко образование до универзитетските студии), кој претставува значаен влог во квалитетното остварување на наставниот процес по овој предмет;
- придонесот во изготвувањето наставни програми по предмети од областа на музичката култура и музичкото образование во основните и средните училишта, и студиските и предметни програми на Факултетот за музичка уметност во Скопје;

- нејзиниот удел во раководните функции на Факултетот за музичка уметност во Скопје; и

- залагањата и дејноста насочена на афирмацијата на Факултетот за музичка уметност во Скопје преку организирањето на стручно-педагошките, концертните и други афирмативни активности.

Согласно со горенаведеното, како членови на Рецензентската комисија, предлагаме таа да биде избрана во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. Живоин Глишиќ, претседател с.р.

2. Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, член с.р.

3. Проф. д-р Бојан Ортаков, член с.р.

АНЕКС 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат:
вонр. проф. м-р Снежана Димчевска

Институција:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност - Скопје

Научна област:
група наставни предмети од областа на теоријата на музиката и солфежот

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Настава по предметот солфеж 1, 2, 3 и 4 на 1. циклус студии на вокално-инструментален оддел и на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање во 2007/08 година (2 семестра x 16 часа неделно)	19,2
2	Настава по предметот солфеж 1, 2, 3 и 4 на 1. циклус студии на вокално-инструментален оддел и на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање во 2008/09 година (2 семестра x 16 часа неделно)	19,2
3	Настава по предметот солфеж 1, 2, 3 и 4 на 1. циклус студии на вокално-инструментален оддел и на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање во 2009/10 година (2 семестра x 16 часа неделно)	19,2
4	Настава по предметот солфеж 1, 2, 3 и 4 на 1. циклус студии на вокално-инструментален оддел и на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање во 2010/11 година (2 семестра x 16 часа неделно)	19,2
5	Настава по предметот солфеж 1, 2, 3 и 4 на 1. циклус студии на вокално-инструментален оддел и на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање во 2011/12 година (2 семестра x 14 часа неделно)	16,8
6	Настава во рамките на студиската програма за музички науки на 2. циклус студии во 2011/12 година (2 семестра x 30 часа)	3

7	2007/08 и 2008/09. Предавања за студиските програми на Факултетот за музичка уметност во Скопје за матурантите од средните музички училишта во Тетово, Битола, Штип и Скопје	3
8	Член на Комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (2 кандидати)	0,2
9	Член на Комисија за одбрана на магистерски труд (6 кандидати)	1,8
10	Наставна програма по солфеж 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на одделот музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање (3 и 4 за студентите по соло-пеење)	1
11	Наставна програма по солфеж 1 и 2 на вокално-инструментален оддел	1
12	Консултации со студенти во академските 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 (100 студенти во семестар)	0,2
13	Пакет материјали за наставата по предметот солфеж 1, 2, 3 и 4	4
14	2010. Учесник на семинарот за PEA-методот на Оливер Оливер, одржан на УКИМ, ФМУ-Скопје	1
	Вкупно	108,8

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	2012. *Солфеж во популарните жанрови во основно музичко училиште.* Скопје: авторот	8
2	2009. Класификација на документацијата на детскиот хор „Пиколо“ (заедно со Весна Димчевска и м-р Мирјана Павловска-Шулајковска)	2
	Вкупно	10

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	август 2009 година, диригент на камерен хор составен од студентите по соло-пеење и од останатите оддели на ФМУ-Скопје - 4 настапи во Крушево по повод постхумно доделување на дипломата за посебни заслуги за вокална интерпретација од Факултетот за музичка уметност во Скопје на Тоше Проески.	4
2	2012. Солфеж за V до VIII одделение во деветгодишното основно образование	4
3	2011. Солфеж и диктати за I одделение основно музичко образование	4

4	2011. Солфеж и диктати за II одделение основно музичко образование	4
5	2011. Солфеж и диктати за III одделение основно музичко образование	4
6	2011. Солфеж и диктати за IV одделение основно музичко образование	4
7	2011. Солфеж и диктати за V одделение основно музичко образование	4
8	2011. Солфеж и диктати за VI одделение основно музичко образование	4
9	2008. Солфеж и диктати за прва година средно музичко образование	4
10	2008. Солфеж и диктати за втора година средно музичко образование	4
11	2008. Солфеж и диктати за трета година средно музичко образование	4
12	2008. Солфеж и диктати за четврта година средно музичко образование	4
13	2007. „Музичка табла“ – песна за основно музичко образование	1
	Вкупно	49

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	2011, претседател на Рецензентската комисија на учебникот по музичко образование за VI одделение деветгодишно основно образование	0,5
2	2008, член на Комисијата на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на РМ, за изработка на наставна програма по изборниот предмет творештво за IV одделение деветгодишно основно образование	1
3	2008, член на Комисијата на Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука на РМ, за изработка на наставна програма по изборниот предмет творештво за V одделение деветгодишно основно образование	1
5	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот 2007, 2008 и 2009. Денови на образование и наука, главен организатор на презентацијата и концертите на ансамблите на ФМУ – Скопје	1,5
Дејности од поширок интерес		
1	Продекан за настава и ЕКТС (2007-2009)	4
2	2007 и 2008, член на факултетска Комисија за самоевалуација на Факултетот за музичка уметност во Скопје	1

3	2007 и 2008, член на факултетска Комисија за набавки на Факултетот за музичка уметност во Скопје	1
4	2007 и 2008, член на Комисија за нострификација на дипломи	2
5	2007, 2008 и 2009, претседател на Конкурсна комисија на ФМУ-Скопје	1,5
6	2007, 2008 и 2009, член на Комисија по солфеж за приемен испит во 3 испитни рока за кандидатите за вокално-инструменталниот оддел и за одделот за музичка теорија и педагогија на ФМУ-Скопје	9
7	2009, 13 награди за постигнувања од струкова организација како член на тим	13
8	2009, член на Комисија за дисциплина солфеж V, VI категорија на 47. Државен натпревар за ученици и студенти по музика на Република Македонија, во организација на Здружението на музичките и балетски педагози на Република Македонија	1
9	2011, 13 награди за постигнувања од струкова организација како член на тим	11
10	2011, член на Комисија за дисциплина солфеж IVа, IVб категорија на 49. Државен натпревар за ученици и студенти по музика на Република Македонија, во организација на Здружението на музичките и балетски педагози на Република Македонија	1
11	2007/08 и 2008/09, организатор на концертите на ансамблите и студентите на ФМУ-Скопје	6
12	2009, главен организатор на проектот: Постхумно доделување на дипломата за посебни заслуги за вокална интерпретација од Факултетот за музичка уметност во Скопје на Тоше Проески.	1
13	2008, главен организатор на соработката меѓу Факултетот за музичка уметност во Скопје и Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, Србија: концерт на класите по соло-пеење при ФМУ-Скопје	2
14	2010, член на организационен одбор на двата семинара за PEA-методот на Оливер Оливер, одржани на УКИМ, ФМУ-Скопје и МБУЦ "Илија Николовски-Луј" - Скопје	2
	Вкупно	59,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	108,8
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	10
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	49
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	59,5
Вкупно	227,3

Членови на Комисијата

1. Проф. Живоин Глишиќ, претседател с.р.

2. Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, член с.р.

3. Проф. д-р Бојан Ортаков, член с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ВИОЛИНА, ОРКЕСТАРСКИ ДЕЛНИЦИ ЗА ВИОЛИНА, КАМЕРНА МУЗИКА ЗА ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

Наставно - научниот и уметнички совет на ФМУ – Скопје, на својата седница одржана на 20.4.2012 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Михаило Куфојанакис, проф. Зоран Димитровски и проф. Велко Тодевски. На конкурсот за избор на еден наставник по наставните предмети виолина, оркестарски делници за виолина, камерна музика за гудачки инструменти и методика на наставата по гудачки инструменти на ФМУ- Скопје, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ на 14.3.2012 година, се пријавија вонр. проф. м-р Љубиша Кировски и м-р Наташа Диденко.

Врз основа на доставените материјали, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Љубиша Кировски е роден 1971 година во Тетово. Дипломирал и магистрирал на ФМУ- Скопје, во класата на професор Зоран Димитровски, со посебна пофалба CUM LAUDE. Специјализирал виолина и камерна музика на *Европската Моцарт академија* во Варшава кај професорите Г. Жислин, И. Роман и Г. Такач.

Настапува како солист со Македонската филхармонија, изведувајќи ги концертите во D-dur и h- mol l од Н. Паганини, Концертот во fis-mo l l од Х. Виењавски, Концертот од А. Хачатуријан (во Скопје, Софија и Сараево), Концертот бр.1 од Д. Шостакович, Камерниот оркестар „Скопски солисти“ (Вивалди, Моцарт), со оркестарот на Санктпетерсбуршката капела, изведувајќи го концертот од В. А. Моцарт во А-дур. Во 2006 има концертна турнеја како солист со камерниот оркестар на Македонската филхармонија во шест градови во Шведска, кадешто го изведува концертот во d-mo l l од Ф. Менделсон.

Забележителна е изведбата на шесте сонати од Е. Изаи во една вечер.

Како камерен музичар реализира бројни настапи со квартетот *Гајдов* низ Македонија, Германија, Турција, Романија и со триото *МАК* во Лондон.

Како камерно дуо концертира 19 години со пијанистката Маја Шутевска-Кировска. Има реализирано концерти на реномирани фестивали во Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Полска, Италија, Швајцарија,

Бугарија, Северен Кипар, Англија, САД, како и редовни настапи во Скопје. Имаат изведено преку 40 сонати за виолина и пијано, а во 2011 година реализираа проект со дела од македонски композитори компонирани за камерното дуо.

М-р Кировски се усовршува на Летната академија во Лозана, за изведба на сонати кај професорите П.Амојал и П.Гилилов.

Како член на камерното дуо, во 1998 год. е добитник на *Специјалната награда на Ц.Е.И.* на натпреварот за камерна музика *Trio di Trieste* во Трст, Италија.

Во 1999 година го снимил првиот компакт-диск во живо од фестивалот *Охридско лето,* а во 2005 вториот компакт-диск во живо од концерт во Скопје

Во 2003 година со дуото е добитник на наградата *ЗЛАТНА ЛИРА* која ја доделува *Сојузот на музичките уметници на Македонија* за најуспешно концертно остварување во изминатата година.

Кировски бил концерт-мајстор на *Македонската опера* од 1999 до 2004, како и гостин концерт-мајстор на Македонската филхармонија и камерниот оркестар на Македонската филхармонија.

Сега е вонреден професор на *ФМУ-Скопје* и водач на гудачкиот квартет *Гајдов.*

Наставно - образовна дејност

Педагошката активност на м-р Љубиша Кировски се бележи преку редовните настапи на неговите студенти, меѓу кои се издвојуваат:

- Концерт на класата на проф. Љубиша Кировски мај, 2007;
- Александра Мирсинова, концерт на Катедрата за гудачки инструменти, 27.5.2008;
- Фросина Богданоска, настап со *Македонската филхармонија* - С. Прокофјев, концерт бр.1, втор став;
- Рецитали на студентката Милена Гиевска во Куманово, 2009 и 2010 година;
- Фросина Богданоска, *Концерт на европска музика,* Ј.Брамс - Унгарски танц- 14.12.2009;
- Фросина Богданоска, настап на ДММ, Љ. Бранѓолица, април 2009;
- Игор Милевски, прво место на Државниот натпревар по виолина за 8.4.2010;
- Игор Милевски, Рецитал во Скопје на 27.5.2010 и во Битола на 7.6.2010;
- Игор Милевски, концерт на Симфоноскиот оркестар на *ФМУ- Скопје,* К. Сен- Санс, Интродукција и Рондо капричиозо, 29.4 2010;
- Милена Гиевска, Даниел Апостолов и Фросина Богданоска, концерт на магистрантите, февруари 2010;
- Фросина Богданоска, концерт - септември 2010;
- Фросина Богданоска, завршен концерт на студентите од семинарот под раководство на проф. др. Ино Мирковиќ, Е. Изаи, Елегиска поема, 22.1.2010;

- учество на магистрантот Даниел Апостолов во светскиот оркестар Young Euro Classic јули 2010;
- Емил Чичоновски, рецитал во Битола- 13.6.2011;
- Адем Хасани- пијано и Фестим Фенај-виолина, рецитал на камерно дуо, јуни 2011;
- Адем Хасани- пијано и Фестим Фенај- виолина, рецитал на камерно дуо март 2012.

Научно - истажувачка дејност

Во периодот од 2007 до 2011 година бил ментор на магистерски трудови на 8 студенти.

Стручно- уметничка дејност

Богатата концертна активност на кандидатот говори за високите достигнувања на полето на музичката исполнителска репродуктива. Освен многубројните настапи во земјата, настапувајќи како солист со Македонската филхармонија изведувајќи го Концертот бр. 1 од Д. Шостакович, со Скопските солисти - Концертот бр. 5 од В. А. Моцарт и *Зима* од А. Вивалди, м-р Љубиша Кировски ја претставува и ја афирмира државата во странство, изведувајќи и дела од македонски современи композитори во Ниш, Софија, Лондон и Њујорк.

Неговите квалитети се афирмирани и преку следниве извадоци од критики во јавните гласила:

Заемното музицирање на дуото го карактеризира комплементарност, карактерност и вообличен музички израз. Додека во првиот дел доминираше лириката, кантилената и сето тоа мајсторски обоено од виолата и нејзиниот скриен внатрешен глас, поддржан од топлиот звук на пијаното, во вториот дел динамиката, драматизмот, виртуозитетот и енергијата дуото ги постигна преку виолината и пијаното. Промената на карактерите што секое од делата ги изискуваше ги потврди Љубиша Кировски и М Шутевска - Кировска како ангажирани и емотивни уметници.
5.6.2007. *Вести*, Роза Нолчева

Отворањето на фестивалот *Златна лира* му припадна на гудачкиот квартет *Гајдов*. Квартетот го презентира заедничкото музицирање, со балансиран тон, интензитет, музичка мисла. Мора да се издвојат солистичките партии на првата виолина Љубиша Кировски кој ги доведе тензичноста и лириката на сцената.
Финалето на манифестацијата беше оставено за камерното дуо Кировски кои го збогатија концертниот репертоар на нашата сцена. На настапот се издвоија Гершвиновите дела, кои му дадоа нов пулс на дуото, во

што Кировски зрачеше со цезерското на фразите, а Шутевска-Кировска се одвои како перфектен креатор на музичката фраза

16.12.2007. *Вест*, Елени Новаковска

Во настапот на ова камерно дуо присуствувавме на едно раскажување, согледување, моменти на чисти бравурозни интерпретации кои претставуваа средство за искажување на самите уметнички вистини. Ова чисто мисловно и професионално музицирање го слушнавме преку интелектуално- сентименталните делови во Шубертовата соната, додека изведбата на Гершвиновите дела изобилуваше со многу жар, импулс и постигна широка палета разни ритми, звучни бои и динамика. Љубиша Кировски е уметник со достигната уметничка зрелост. Со нивното камерно музицирање на овој концерт создадоа зрело уметничко остварување.

18.12.2007. *Вечер,* Мирјана Павловска- Шулајковска

Во првиот дел настапи виолинистот Љубиша Кировски со „Зима" од Вивалди. Со одлична техничка и енергична интерпретативна изведба на Кировски, уште еднаш ја почувствувавме бесконечната инвентивност на Вивалдиевата музика , која публиката ја сака.

11.1.2008. *Дневник,* Јулијана Жабева

Особено воодушеви мајсторската интерпретација на нашиот извонредно надарен виолинист Љубиша Кировски, кој со леснотија и развиен сенс за барокна моторика навистина ја воодушеви публиката. Едноставно Кировски свиреше многу сигурно, со богата звучна колоритност, со интензитет и сугестија кои со право му го даваат епитетот - мајстор на звукот.

12.1.2008. *Утрински весник,* Јордан Јовев

Не се памети кога некој наш изведувач го исполнил својот концерт со премиерни изведби како што беше концертот на дуото Кировски. Кировски го слушнавме како одличен, одлучен супериорен мајстор на виолата, кој сосема сигурно го држи престолот на виолате, нешто како македонски Јури Башмет. Беше прецизен и виртуозен, и на својот матичен инструмент виолината. Дуото звучеше сигурно, цврсто, интонативно прецизно, експресивно, зрело за да можат делата да добијат вистинска светлина и да го предизвикаат потребното задоволство кај публиката.

29.11.2008. Музичка клучалка , Марко Коловски

Дуото ги истакна своите квалитети на извонредно избалансиран ансамбл со прекрасен мек и прозрачен звук, штрихово разнообразие, артистична јаркост, фантазија и техничка перфекција. Кировски покажа перфектно владеење на двата инструмента со кристално чиста интонација, прекрасен звук и боја, надополнувајки се со певливата еластично пластична сјајно изведена клавирска партија. Концертот ќе се памети по јаркото присаство на двајца македонски артисти кои се на патот на една голема професионална светска кариера.

2.12.2008. *Музикални хоризонти* (Софија) Жени Захариева

Посебно се издвојува третиот став *Анданте* од концертот на Шостакович , во кој Кировски докажа зошто со право е еден од најдобрите, ако не и најдобриот наш виолинист денес. Понесен од сега веќе убавата и распеана мелодика на Шостакович, тој се внесе во изведбата доловувајќи ги убавините на овие своевидни лирски пасажи. Го правеше тоа со топла сонорност со интонативна сигурност со решителен и цврст тон ги достигна своите исполнителски врвови. Беше вообичаено сигурен и цврст и во брзите ставови, а особено во технички полниот со барања четврти дел во таа своевидна бурлеска на места со вратоломни пасажи и беше испратен со бурни аплаузи.

6.3.2009. *Музичка кључалка,* Марко Коловски за Македонско Радио

Љубиша Кировски маестрално ја изведе Сонатата *Мане* од Д. Бужаровски, буквално влезе во нејзината душа, давајќи и сосема нова димензија, надвор од партитурата, надвор од строгите граници на петолинието. Кировски со својата исклучителна интерпретација потврди дека музиката не е само нотен запис и строго читање партитура.

6.12.2009. *Нова Македонија* Ангелина Димоска

Веќе докажаните уметници ни приредија ретко задоволство кое уште долго ќе го паметиме. Имаше низ нивните творечки пораки суштинска музичка идеја базирана на народен мелос, паганиниевски виртуозитет, драматургија на нашите супериорни танци и игри кои низ нивната синхронизираност и музичко-техничка перфекција се доживуваа како звучни проблесоци.

25.10.2011. Музичка Витрина Васка Наумовска-Томоска

Стручно – апликативна дејност

М-р Љубиша Кировски активно учествува во жири-комисии на следните натпревари: Државен натпревар за гудачи во Скопје, 2007; Државен натпревар за гудачи во Скопје, 2010; Меѓународен натпревар во Ниш, 2009; член на Управниот одбор на Сојузот на музичките уметници на Македонија, 2007 – 2011; и претседател на Сојузот на музичките уметници на Македонија од април 2011.

Биографски податоци

Наташа Диденко е родена 1988 год. во Скопје каде што го завршила нижото и средното музичко образование. Дипломирала и магистрирала во класата на вонр. проф. д-р Ганка Цветанова на ФМУ во Скопје. Од септември 2010 година е хонорарен наставник по предметот виолина во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј".

Педагошко искуство

Под покровителство на ЦМК Training Centre for Management of Conflicts", здружение на граѓани Центар за менаџмент и конфликти - Скопје, одржува работилници/семинари и летни кампови за запознавање, учење и совладување на музичкиот инструмент виолина:
-јуни 2010, Струга;
-15/19.6.2010, Тетово;
-12/17.7.2010, Митровица, Косово;
-8/11.9.2010, Тетово;
-10/14.10.2010, Митровица, Косово;
-21/23.12.2010, Тетово;
-12/16.2.2011, Тетово;
-3/6.3.2011, Тетово;
-јули 2011, Струга;
-август 2011, Охрид;
-27/30.9.2011, Берлин, Германија.

Стручно- уметничка дејност

1. Полурецитал, Берлин (Германија), 1.10.2010
2. Полурецитал, Бремен (Германија), 3.10.2010
3. Настап во Париз (Франција), 5.10.2010
4. Полурецитал, Тетово, 7.10.2010
5. Настап во Стразбур, 11.3.2011
6. Друг настап, Сцардина фест, Тетово, 29.9.2011
7. Настап со камерен оркестар, Тетово, 19.3.2011
8. Настап со камерен оркестар, Бремен (Германија), 4.10.2011
9. Настап со камерен оркестар, Марсеј (Франција), 2011

ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија, разгледувајќи ги доставените метеријали на пријавените кандидати на распишаниот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања по наставните предмети виолина, оркестарски делници за виолина, камерна музика за гудачки инструменти и методика на наставата по гудачки инструменти, го издвои кандидатот м-р Љубиша Кировски. Неговата богата биографија, особено концертната и педагошката активност во периодот од 2007 до 2011 година, несомнено носат голем сценски и педагошки багаж кој квалитативно и квантитативно е неспоредлив со напорите на младата и амбициозна кандидатка м-р Наташа Диденко. Врз основа на достигнувањата на искусниот и вешт виртуоз на виолина и виола, претставени на домашен и странски концертен подиум, голем број на позитивни критики, според своето длабоко професионално убедување, Рецензентската комисија слободно може да го нарече м-р Љубиша Кировски достоен амбасадор на македонската музичка репродуктива. Четирите снимени носачи на звук со разнообразна програма, претставуваат гордост за изведувачите, за композиторите кои специјално за дуото Кировски создаваат музика, а особено за ФМУ - Скопје кој располага со овој сестран наставен кадар. Неуморната и самопрегорна работа на м-р Љубиша Кировски на полето на виолинизмот и нејзината примена во воспитно - образовниот процес, ни даваат за право со особена чест и задоволство да го предложиме кандидатот м-р Љубиша Кировски за избор во звањето редовен професор по наставните предмети виолина, оркестарски делници за виолина, камерна музика за гудачки инструменти и методика на наставата по гудачки инструмент.

Рецензентска комисија

Проф. м-р Михаило Куфојанакис с.р.

Проф. Зоран Димитровски с.р.

Проф. Велко Тодевски с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Наташа Диденко
Институција:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје
Научна област: виолина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.		
	Вкупно	

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
	Вкупно	

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Полурецитал, Берлин (Германија), 1.10.2010	4
2.	Полурецитал, Бремен (Германија), 3.10.2010	4
3.	Настап во Париз (Франција), 5.10.2010	2
4.	Полурецитал, Тетово, 7.10.2010	4
5.	Настап во Стразбур, 11.3.2011	8
6.	Друг настап, Scardina Fest, Тетово, 29.9.2011	1,6
7.	Настап со камерен оркестар, Тетово, 19.3.2011	8
8.	Настап со камерен оркестар, Бремен (Германија), 4.10.2011	1,6
9.	Настап со камерен оркестар, Марсеј (Франција), 2011	1,6
	Вкупно	**34,8**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Концерт во Скопје дуо со промоција на ЦД, 29.5.2007	8
2.	Концерт во Скопје на отворање на фестивалот „Златна лира“ со гудачки квартет Гајдов, 5.12.2007	2
3.	Концерт во Скопје на затворање на фестивалот „Златна лира“, дуо, 11.12.2007	8
4.	Солист со оркестарот „Скопски солисти“ – Божиќен концерт, 8.1.2008 (Вивалди-„Зима“)	8
5.	Концерт во Гевгелија – дуо, 19.11 2008.	8
6.	Концерт во Софија- Бугарија – дуо, 24.11.2008	8
7.	Концерт во Скопје на затворање на фестивалот „Есенски музички свеченост“, 27.11.2008	8
8.	Солист со Македонската филхармонија-Шостакович-концерт, 5.3.2009	8
9.	Концерт со дела на Димитрије Бужаровски на отворање на фестивалот „Златна лира“, 1.12.2009	4
10.	Концерт со дела од Димитрије Бужаровски во Ниш-Србија, 11.12.2009	0,8
11.	Концерт во Куманово – дуо, 3.8.2010	8
12.	Концерт на фестивалот „Охридско лето“ – дуо, 11.8.2010	1,6
13.	Концерт по повод 60 години од раѓањето на Томе Манчев – дуо, 2.11.2010	2
14.	Концерт во Тетово - дуо	1,6
15.	Солист со оркестарот „Скопски солисти“, 15.4.2011 – Моцарт, Концерт во А- дур	8
16.	Концерт во Скопје со дела посветени на дуо Кировски и промоција на тројно ЦД, 22.10.2011	8
17.	Концерт во катедралата Сент Ципријан во Лондон – Англија – дуо, 29.10.2011	1,6
18.	Концерт во Њујорк - САД – дуо, 3.11.2011	1,6
19.	2007, издадено ЦД снимено 2005 – дуо	
20.	2011, издадено ЦД како солист со оркестарот „Скопски солисти“	4
21.	2011, издадено тројно ЦД со три компакт-диска со музика од различни стилски епохи и едно со македонска музика	24
	Вкупно	**123,2**

СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста	Поени
1.	Член на жири на Државен натпревар за гудачи во Скопје, 2007	1
2.	Член на жири на Државен натпревар за гудачи во Скопје, 2010	1
3.	Член на жири на Меѓународен натпревар во Ниш, 2009 година	2
4.	Член на Управниот одбор на Сојузот на музичките уметници на Македонија, 2007-2011	0,5

5.	Претседател на Сојузот на музичките уметници на Македонија од април 2011	1
	Вкупно	**8**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
Наставно-образовна дејност	6,89
Научноистажувачка дејност	8,00
Стручно -уметничка дејност	123,20
Стручно-апликативна дејност	8,00
Вкупно	**146,09**

Рецензентска комисија

Проф. м-р Михаило Куфојанакис с.р.

Проф. Зоран Димитровски с.р.

Проф. Велко Тодевски с.р.

СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.		
	Вкупно	

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
Стручно-уметничка дејност	34,8
Вкупно	**34,8**

Рецензентска комисија

Проф. м-р Михаило Куфојанакис с.р.

Проф. Зоран Димитровски с.р.

Проф. Велко Тодевски с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:Вонр.проф. м-р Љубиша Кировски
Институција: Факултет за музичка уметност- Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје
Научна област: виолина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Настава на прв циклус студии по предметот виолина - 8 студенти, 2007	0,32
2.	Настава на прв циклус студии по предметот виолина - 8 студенти, 2008	0,32
3.	Настава на прв циклус по предметот виолина - 8 студенти, 2009	0,32
4.	Настава на прв циклус по предметот виолина - 7 студенти, 2010	0,28
5.	Настава на прв циклус по предметот виолина - 7 студенти, 2011	0,28
6	Член на комисија за одбрана на 10 магистерски работи	3
7	Член на комисија за одбрана на дипломска работа на 20 студенти	2
8	Настава на втор циклус студии – 2007, 1 студент	0,05
9	Настава на втор циклус студии – 2008, 1 студент	0,05
10	Настава на втор циклус студии – 2009, 3 студенти	0,15
11	Настава на втотр циклус студии – 2010, 2 студента	0,10
12	Настава на втор циклус на студии - 2011, 1 студент	0,05
	Вкупно	**6,89**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Ментор на магистерска работа, 2007 - 1 студент	1
2.	Ментор на магисте рска работа, 2008 - 1 студент	1
3.	Ментор на магистерска работа, 2009 - 3 студенти	3
4.	Ментор на магистерска работа, 2010 - 2 студенти	2
5	Ментор на магистерска работа, 2011 - 1 студент	1
	Вкупно	**8**

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ-ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ, ПОДИГАЊЕ И НЕГА НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, ШУМАРСКА ПЕДОЛОГИЈА СО ПЕТРОГРАФИЈА, МЕЛИОРАЦИЈА НА ДЕГРАДИРАНИ ШУМИ И ШИКАРИ И ИСХРАНА НА РАСТЕНИЈАТА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на II седница одржана на 2.4.2012 година, донесе одлука бр. 0201-127/II-2 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во звањето вонреден професор по предметите: одгледување на шумите, подигање и нега на зелени површини, шумарска педологија со петрографија, мелиорација на деградирани шуми и шикари и исхрана на растенијата, во состав: д-р Димитар Баткоски, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет-Скопје, во пензија, д-р Коле Василевски, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет-Скопје и д-р Јане Ацевски, редовен професор на УКИМ, Шумарски факултет-Скопје.

Согласно со конкурсот објавен од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет во Скопје, во „Вечер" и „Лајм" на 10.3.2012 година, се пријави единствено кандидатот д-р Николчо Велковски, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, за избор на наставник во звањето вонреден професор по предметите: одгледување на шумите, подигање и нега на зелени површини, шумарска педологија со петрографија, мелиорација на деградирани шуми и шикари и исхрана на растенијата.

По разгледувањето на поднесената пријава и доставените документи од кандидатот д-р Николчо Велковски, Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Кандидатот доц. д-р Николчо Велковски е роден на 12.02.1971 година во Делчево.

Основно образование завршил во Пехчево, а средно во Скопје.

На Шумарски факултет-Скопје на насоката општо шумарство се запишал во 1991/92, а истиот го завршил на 12.02.1996 година со среден

успех 8,90. Дипломска работа изработил по предметот одгледување на шумите, со наслов „Оптимални методи за стопанисување со шумскостопанската единица Буковик-Бајаз Тепе".

Во учебната 1996/97 се запишал на постдипломски студии на Катедрата за уредување на шумите. Постдипломските студии ги завршил на 22.12.1999 година со просечен успех 9,66.

Магистрирал на тема: „Структура и производност на чистите букови насади на Малешевските Планини".

Во 1997 година Николчо Велковски се вработил во ПШС "Равна Река"-Пехчево, каде што работи до 10.2.2006 година.

Од 10.2.2006 година е вработен на Шумарскиот факултет во Скопје, како асистент по група предмети од областа одгледување на шумите.

Докторирал на 8.6.2007 година со одбрана на докторската дисертација под наслов „Биоеколошка карактеристика и природно обновување на буковите шуми на Малешевските Планини".

Со одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје бр.0201-96/VII-3 од 16.10.2007 и согласно со рефератот објавен во Билтен бр. 927 од 1.10.2007 година, Николчо Велковски е избран во звањето доцент и наставник на наставната програма одгледување на шумите.

Во периодот по изборот доц. д-р Николчо Велковски држи настава и вежби на УКИМ, Шумарски факултет-Скопје, по предметите одгледување на шумите и подигнување и нега на зелени површини на прв циклус студии, како и по предметите одгледување на шумите-2, методи на научно-истражувачка работа и подигање и нега на зелени површини на втор циклис студии.

Во текот на работењето има објавено поголем број научни трудови (чиј список е даден во прилог), како и учество на повеќе научни конференции, работилници, стручно-апликативни дела, проекти и учество во поголем број факултетски комисии.

Од 1.10.2008 година Николчо Велковски е избран за продекан на Шумарски факултет во Скопје, каде што и денес работи.

2. Наставно-образовна дејност

Кандидатот доц. д-р Николчо Велковски досега успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии (студии од I циклус) на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми шумарство и озеленување и унапредување на животната средина, по предметите: одгледување на шумите и подигнување и нега на зелени површини. Покрај теоретската настава изведува и теренска настава и вежби по наведените предметни програми.

Д-р Николчо Велковски учествува и во наставата од постдипломски студии (студии од II циклус) од областа на одгледувањето на шумите, по следните предметни програми: одгледување на шумите-II, одгледување на шуми со посебна намена и методи на научноистражувачка работа.

Досега кандидатот бил ментор и член на повеќе одбрани на дипломски работи, ментор на една магистратура и член на 2 комисии за одбрана на магистратура. Бил рецензент на два учебника за средно образование, како и коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник кој е во постапка на печатење.

Во текот на своето работење, кандидатот совесно и квалитетно ја извршувал својата наставно-образовна дејност

3. Научноистражувачка дејност

До изборот во звањето доцент, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има изработено 8 научни труда.

Од изборот во звањето доцент до сега, д-р Николчо Велковски самостојно или во соработка со други автори има изработено 12 научни труда.

4. Стручно-апликативна дејност

До изборот во звањето доцент, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има изработено 5 стручни труда.

Од изборот во звањето доцент до сега д-р Николчо Велковски самостојно или во соработка со други автори има изработено 9 стручни труда.

5. Дејности од поширок интерес

Од изборот во звањето доцент до сега, д-р Николчо Велковски учествувал во 30 факултетски комисии. Покрај тоа ја извршува функцијата продекан, како и Раководител на последипломските студии (од II циклус) на научната област одгледување на шумите. Член е на Управниот комитет при МЗШВ за зајакнување на националната подготвенст за справување со шумски пожари.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Според изнесеното во извештајот за досегашната работа и постигнатите резултати на кандидатот д-р Николчо Велковски во однос на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Николчо Велковски ги исполнува сите услови за стекнување на наставно-научно звање вонреден професор по предметите: одгледување на шумите, подигање и нега на зелени површини, шумарска педологија со петрографија, мелиорација на деградирани шуми и шикари и исхрана на растенијата.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје да го избере кандидатот доц. д-р Николчо Велковски во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР.

Рецензентска комисија

1. Д-р Бимитар Баткоски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, во пензија с. р.

2. Д-р Коле Василевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с. р.

3. Д-р Јане Ацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с. р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: _____**д-р_Николчо Стојан Велковски**_____
(име, татково име и презиме)
Институција: _____**УКИМ, Шумарски факултет - Скопје**_____
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: _____**одгледување на шумите**_____

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:** (од изборот во доцент до сега)	**Поени**
1	**Одржување настава: одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. (I циклус) 2007/08, 4x15x0,04=2,4	2,4
	Одржување вежби: одгледување на шумите 4+2 зимски сем. (I циклус) 2007/08, 2x15x0,03=0,9	0,9
2	**Одржување настава: одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. (I циклус) 2008/09, 4x15x0,04=2,4	2,4
	Одржување вежби: одгледување на шумите 4+2 зимски сем. (I циклус) 2008/09, 2x15x0,03=0,9	0,9
3	**Одржување настава: одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. (I циклус) 2009/10, 4x15x0,04=2,4	2,4
	Одржување вежби: одгледување на шумите 4+2 зимски сем. (I циклус) 2009/10, 2x15x0,03=0,9	0,9
4	**Одржување настава: одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. (I циклус) 2010/11, 4x15x0,04=2,4	2,4
	Одржување вежби: одгледување на шумите 4+2 зимски сем. (I циклус) 2010/11, 2x15x0,03=0,9	0,9
5	**Одржување настава: одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. (I циклус) 2011/12, 4x15x0,04=2,4	2,4
	Одржување вежби: одгледување на шумите 4+2 зимски сем. (I циклус) 2011/12, 2x15x0,03=0,9	0,9
6	**Одржување настава: подигање и нега на зелени површини** 3+2, летен сем. (I циклус) 2007/08, 3x15x0,04=1,8	1,8
	Одржување вежби: подигање и нега на зелени површини 3+2, летен сем. (I циклус) 2007/08, 2x15x0,03=0,9	0,9
7	**Одржување настава: подигање и нега на зелени површини** 3+2, летен сем. (I циклус) 2008/09, 3x15x0,04=1,8	1,8

	<u>Одржување вежби:</u> подигање и нега на зелени површини 3+2, летен сем. (I циклус) 2008/09, 2x15x0,03=0,9	0,9
8	**<u>Одржување настава:</u> подигање и нега на зелени површини** 3+2, летен сем. (I циклус) 2009/10, 3x15x0,04=1,8	1,8
	<u>Одржување вежби:</u> подигање и нега на зелени површини 3+2, летен сем. (I циклус) 2009/10, 2x15x0,03=0,9	0,9
9	**<u>Одржување настава:</u> подигање и нега на зелени површини** 3+2, летен сем. (I циклус) 2010/11, 3x15x0,04=1,8	1,8
	<u>Одржување вежби:</u> подигање и нега на зелени површини 3+2, летен сем. (I циклус) 2010/11, 2x15x0,03=0,9	0,9
10	**<u>Одржување настава:</u> подигање и нега на зелени површини** 3+2, летен сем. (I циклус) 2011/12, 3x15x0,04=1,8	1,8
	<u>Одржување вежби:</u> подигање и нега на зелени површини 3+2, летен сем. (I циклус) 2011/12, 2x15x0,03=0,9	0,9
11	**Одгледување на шумите –II,** 3+3 (II циклус) 2007/08, 3x15x0,05=2,25	2,25
12	**Одгледување на шумите –II,** 3+3 (II циклус) 2008/09, 3x15x0,05=2,25	2,25
13	**Одгледување на шумите –II,** 3+3 (II циклус) 2009/10, 3x15x0,05=2,25	2,25
14	**Одгледување на шумите –II,** 3+3 (II циклус) 2010/11, 3x15x0,05=2,25	2,25
15	**Одгледување на шумите –II,** 3+3 (II циклус) 2011/12, 3x15x0,05=2,25	2,25
16	**Методи на научноистражувачка работа,** 3+3 (II циклус) 2007/08, 3x15x0,05=2,25	2,25
17	**Методи на научноистражувачка работа,** 3+3 (II циклус) 2008/09, 3x15x0,05=2,25	2,25
18	**Методи на научноистражувачка работа,** 3+3 (II циклус) 2009/10, 3x15x0,05=2,25	2,25
19	**Методи на научноистражувачка работа,** 3+3 (II циклус) 2010/11, 3x15x0,05=2,25	2,25
20	**Методи на научноистражувачка работа,** 3+3 (II циклус) 2011/12, 3x15x0,05=2,25	2,25
21	**Одгледување на шуми со посебна намена,** 3+3 (II циклус) 2007/2008, 3x15x0,05=2,25	2,25
22	**Одгледување на шуми со посебна намена,** 3+3 (II циклус) 2008/2009, 3x15x0,05=2,25	2,25
23	**Одгледување на шуми со посебна намена,** 3+3 (II	2,25

	циклус), 2009/2010, 3x15x0,05=2,25	
24	**Одгледување на шуми со посебна намена,** 3+3 (II циклус) 2010/2011, 3x15x0,05=2,25	2,25
25	**Одгледување на шуми со посебна намена,** 3+3 (II циклус) 2011/2012, 3x15x0,05=2,25	2,25
26	**Подигање и нега на зелени површини,** 3+3 (II циклус) 2007/08, 3x15x0,05=2,25	2,25
27	**Подигање и нега на зелени површини,** 3+3 (II циклус) 2008/09, 3x15x0,05=2,25	2,25
28	**Подигање и нега на зелени површини,** 3+3 (II циклус) 2009/10, 3x15x0,05=2,25	2,25
29	**Подигање и нега на зелени површини,** 3+3 (II циклус) 2010/11, 3x15x0,05=2,25	2,25
30	**Подигање и нега на зелени површини,** 3+3 (II циклус) 2011/12, 3x15x0,05=2,25	2,25
31	**Работилница** Forest-related EU policies and international agreemnts. Held in Bosnia and Herzegovina, University of Banja Luka, Faculty of Forestry, from April 21-th 2008	1,0
32	**Работилница** Како да обучуваш возрасни и професионалци. Охрид, Шумарски факултет-Скопје, 6-7 ноември 2008 г.	1,0
33	**Теренска настава:** 18 часа, **одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. 2007/2008 18x0,04=0,72	0,72
34	**Теренска настава:**18 часа, **одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. 2008/2009 18x0,04=0,72	0,72
35	**Теренска настава:** 18 часа, **одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. 2009/2010 18x0,04=0,72	0,72
36	**Теренска настава:** 18 часа, **одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. 2010/2011 18x0,04=0,72	0,72
37	**Теренска настава:** 18 часа, **одгледување на шумите** 4+2 зимски сем. 2011/2012 18x0,04=0,72	0,72
38	**Теренска настава:** 5 часа, **подигање и нега на зелени површини** 3+2 летен сем. 2007/2008 5x0,04=0,2	0,20
39	**Теренска настава:** 5 часа, **подигање и нега на зелени површини** 3+2 летен сем. 2008/2009 5x0,04=0,2	0,20
40	**Теренска настава:** 5 часа, **подигање и нега на зелени површини** 3+2 летен сем. 2009/2010 5x0,04=0,2	0,20
41	**Теренска настава:** 5 часа, **подигање и нега на зелени површини** 3+2 летен сем. 2010/2011 5x0,04=0,2	0,20
42	**Теренска настава:** 5 часа, **подигање и нега на зелени површини** 3+2 летен сем. 2011/2012 5x0,04=0,2	0,20

43	**Консултации со студенти,** 2007/2008, зимски семестар 35x0,002=0,07	0,07
44	**Консултации со студенти,** 2007/2008, летен семестар 19x0,002=0,038	0,038
45	**Консултации со студенти,** 2008/2009, зимски семестар 33x0,002=0,066	0,066
46	**Консултации со студенти,** 2008/2009, летен семестар 18x0,002=0,036	0,036
47	**Консултации со студенти,** 2009/2010, зимски семестар 34x0,002=0,068	0,068
48	**Консултации со студенти,** 2009/2010, летен семестар 19x0,002=0,038	0,038
49	**Консултации со студенти,** 2010/2011, зимски семестар 32x0,002=0,064	0,064
50	**Консултации со студенти,** 2010/2011, летен семестар 18x0,002=0,036	0,036
51	**Консултации со студенти,** 2011/2012, зимски семестар 31x0,002=0,062	0,062
52	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 2x0,3=0,6	0,60
53	Член на комисија за утврдување подобност на тема за докторат 2x0,5=0,5	1,0
54	Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа19x0,1=1,9	1,9
55	Ментор на дипломска работа 6x0,2=1,2	1,2
56	Рецензент на учебник за средно образование (Подигање и одржување на зелени површини (редовен и изборен) за III година за четиригодишно стручно образование. 1x0,5	0,5
57	Рецензент на учебник за средно образование (Подигање и одржување на зелени површини (редовен и изборен) за IV година за четиригодишно стручно образование. 1x0,5	0,5
58	Позитивно рецензиран универзитетски учебник-коавтор (Мелиорација на деградирани шуми и шикари) (Одлука бр.0201-21/XIII-3 од 16.11.2011 г.) 1x6=6	6,0
	Вкупно	93,778

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:** (од изборот во доцент до сега)	**Поени**
1	Велковски, Н., Василевски, К., Баткоски, Д., Ефтемов, Р. (2007): Влијание на некои еколошки фактори врз процесот на природно обновување во букови шуми. Меѓународен симпозиум: Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 24-26 октомври, 2007. Зборник на	2,4

	трудови, стр. 319-329. Шумарски факултет-Скопје. 4x0,6=2,4	
2	Нацевски, М., Илиев, Б., Несторовски, Љ., Велковски, Н. (2007): Истражување на јакостите на притисок и свиткување на дрвото од црнборови вештачки подигнати насади. Меѓународен симпозиум: Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, 24-26 октомври, 2007. Зборник на трудови, стр. 466-471. Шумарски факултет-Скопје. 4x0,6=2,4	2,4
3	Василевски, К., Велковски, Н., и др. (2007): Програма на мерки за контрола (ограничување и/или искоренување) на зелената дуглазија (Pseudotsuga mensiesii) во Национален парк Пелистер. Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC/СДЦ) / ЈУНП „Пелистер“, Битола.	3
4	Василевски, К., Велковски, Н., и др. (2007): Национален проект „Изготвување на студија и среднорочна програма на мерки за ревитализација на старите моликови шуми во локалитетот Бегова Чешма во Националниот парк ‘Пелистер’“ . http://www.sf.ukim.edu.mk/proekti/begovacesma УКИМ Шумарски факултет во Скопје http://www.sf.ukim.edu.mk/proekti/begovacesma/4.Proektentim.pdf Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC/СДЦ) / ЈУНП „Пелистер“, Битола http://www.sdc.admin.ch; http://www.nppelister.org.mk	3
5	Велковски, Н., Василевски, К., Баткоски, Д. (2007): Биоеколошки карактеристики на природната обнова од бука Fagus moesiaca (Domin, Maly) Chezott. Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, Струга, 6-9 октомври 2007. Зборник на трудови, стр. 92-101. Македонско еколошко друштво-Скопје, 2008, Скопје. 4x0,8=3,2	3,2
6	Велковски, Н., Василевски, К., Блинков, И., Трендафилов, А. (2007): Природна обнова на некои автохтони шумски видови дрвја на локалитети необраснати со шума. Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, Струга, 6-9 октомври, 2007. Зборник на трудови, стр. 101-109. Македонско еколошко друштво-Скопје, 2008, Скопје. 4x0,6=2,4	2,4
7	Ризовска Атанасовска д-р Ј., Трендафилов д-р А., Велковски д-р Н., Симовски Б. (2009): „Адаптибилност на видовите дрвја и грмушки во комплексот на топилницата за фероникел ‘Фени индустри’ во Кавадарци“ . Шумарски преглед на Шумарскиот факултет во Скопје. Скопје.	2,4

	Год.42, стр.129-139. 4x0,6=2,4	
8	Колевска, Д. Д., Велковски., Н. (2009): „Појава на поник од багрем (Robinia pseudoacacia L.) на опожарени шумски површини. Шумарски преглед на Шумарскиот факултет во Скопје. Скопје. Год.42, стр.163.169 4x0,9=3,6	3,6
9	Trendafilov B., Minčev MSc I., Simovski B., Velkovski PhD N. (2010, November): Suitability for tree species afforestation using GIS aided landscape model in the Republic of Macedonia (scientific paper). International congress First Serbian Forestry Congress - Future with forests. Topic: Ecological engineering in protection of soil and water. Belgrade, Serbia. 11-13 November. Congress abstract p.210. 4x0,6=2,4	2,4
10	Ментор на магистерска работа 3x1	3
11	Andonovski, V., Velkovski, N. (2011): Conservation of Macedonian pine (Pinus peuce Griseb.) genetic resources in Pelister Mational Park. Eco.mont Journal on Protected Nountain Areas Research and Management is published by Austrian Academy of Sciences Press and innsbruck university press-Vol. 3, N.1. pg.41-46. 6x0,9=5,4	5,4
12	Брајаноска, Р., Меловски, Љ., Христовски, С., Матовски, В., Маркоски, Б., Колчаковски, Д., Велковски, Н., и др. (2011): Национален проект. Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја, Проектна активност Ref. RFP 79/2009. Проект 00058373 - PIMS 3728, Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија. МЕД-Скопје.	3
	Вкупно	36,2

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:** (од изборот во доцент до сега)	**Поени**
1	Трендафилов, А., Велковски, Н., Василевски, К., Ризовска, А,. Јасминка., Блинков, И., Јагев, В. (2007): Основен проект за озеленување на урбанизиран дел од Пехчево на локацијата "Градски гробишта". Шумарски факултет-Скопје.	2
2	Ристевски, П., Велковски, Н., и др. (2008): Посебен план за стопанисување со шумите од шумскостопанската единица "Герман-Чупино Брдо". Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Шумарски факултет-Скопје.	2
3	Ристевски, П., Велковски, Н., и др. (2008): Посебен план за	2

	стопанисување со шумите од шумскостопанската единица "Малешевски Планини-I". Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје, Шумарски факултет-Скопје.	
4	Ристевски, П., Велковски, Н., и др. (2008): Посебен план за стопанисување со шумите од шумскостопанската единица "Крива Паланка-Аниште". Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Шумарски факултет-Скопје.	2
5	Ристевски, П., Велковски, Н., и др. (2008): Посебен план за стопанисување со шумите од шумскостопанската единица "Ивање". Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Шумарски факултет-Скопје.	2
6	Ризовска, А. Јасмика., Велковски, Н., Колевска, Д., Трендафилов, Б. (2010): Основен проект за партерно и хортикултурно уредување на Кеј Брегалница во Делчево. УКИМ, Шумарски факултет во Скопје.	2
7	Ристевски, П., Велковски, Н., и др. (2010): Посебен план за стопанисување со шумите од шумскостопанската единица "Висока Чука". Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Шумарски факултет-Скопје.	2
8	Ризовска, А. Јасмика., Велковски, Н., Колевска, Д., Трендафилов, Б. (2010): Основен проект за озеленување на дворно место ОУ „М.М. Брицо" во Делчево. УКИМ, Шумарски факултет во Скопје.	2
9	Ристевски, П., Велковски, Н., Василевски, К. (2010). Посебен план за одржливо управување со шумите од локалитетот Вртушка во Национален парк Пелистер. Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје", Шумарски факултет-Скопје.	2
10	Учество во промотивни активности на Факултетот: Изработка на Информативен пакет водич за студирање со студиски програми за студентите запишани во прва година на додипломски студии од прв циклус во академската 2010/2011 година.	0,5
11	Ристевски, П., Велковски, Н., Василевски, К. (2011). Посебен план за одржливо управување со шумите од локалитетот „Брајчино" во Национален парк Пелистер. Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Шумарски факултет-Скопје.	2
Дејности од поширок интерес		
1	Продекан (од 2008г. и сега)	4
2	Член на комисија за избор во звање 1x0,2	0,2
3	Раководител на постдипломски (II циклус) студии по Одгледување на шумите	2
4	Член на факултетска Комисија за попис на средствата и изворите на средствата на Шумарскиот факултет во Скопје за 2007 година 1x0,5=0,5	0,5

	Член на факултетска Комисија за научноистражувачка работа од 2008-2012г. (Одлука бр. 0201-44/XI-2.3) 1x0,5=0,5	0,5
5	Член на факултетска Комисија за јавни набавки во 2009г. (одлуки бр: 506-336/1 од 01.04.2009; 0506-346/1 од 06.04.2009; 0506-373/1 од 13.04.2009; 0506-412/1 од 28.04.2009; 0506-825/1 од 22.09.2009; 0506-955/1 од 26.10.2009; 0506-916/1 од 16.10.2009; 0506-917/1 од 16.10.2009; 0506-918/1 од 16.10.2009; 0506-919/1 од 16.10.2009; 0506-1110/1 од 16.12.2009; 0506-1109/1 од 16.12.2009; 0506-1108/1 од 16.12.2009;) 13x0,5= 6,5	6,5
6	Член на факултетска Комисија за запишување студенти на втор циклус студии во учебната 2010/11 (Одлука бр. 0201-21/II-4 од 02.02.2010) 1x0,5=0,5	0,5
7	Член на факултетска Комисија за изработка на нормативни акти (Одлука бр. 0203-870/1 од 25.11.2010) 2x0,5=1,0	1,0
8	Член на факултетска Комисија за јавни набавки во 2010г. (одлуки бр: 0506-264/1 од 22.03.2010; 0506-266/1 од 23.03.2010; 0506-270/1 од 24.03.2010; 0506-417/1 од 13.05.2010; 0506-785/1 од 22.10.2010;) 5x0,5= 2,5	2,5
9	Член на факултетска Комисија за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2011/12 (Одлука бр. 0201-21/IX-4.2 од 27.06.2011) 1x0,5=0,5	0,5
10	Член на факултетска Комисија за јавни набавки во 2011 (одлуки бр:0206-174/1 од 10.03.2011; 0206-177/1 од 10,03,2011; 0206-182/1 од 06,04,2011;) 3x0,5= 2,5	1,5
11	Член на факултетска Комисија за запишување студенти на втор циклус студии во учебната 2011/12 (Одлука бр. 0201-21/XI-11 од 12.09.2011) 1x0,5=0,5	0,5
12	Член на факултетска Комисија за попис на средствата и изворите на средствата на Шумарскиот факултет во Скопје за 2011 година (Одлука бр. 0202-76/VI-6) 1x0,5=0,5	0,5
13	Член на уредувачки одбор на научно/стручно соисание (Одлука бр. 0201-21/XIII-6 од 16.11.2011) 1x0,5=0,5	0,5
14	Член на факултетска Комисија за полагање испит по шумарска генетика со облагородување на шумски видови дрвја (Одлука бр.0201-21/XII-7.1) 1x0,5=0,5	0,5
15	Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на управен комитет при МЗШВ за зајакнување на националната подготвеност за справување со шумски пожари	1,0
	Вкупно	43,2

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	93,778
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	36,2
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	0
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	43,2
Вкупно	173,178

Рецензентска комисија

1. Д-р Бимитар Баткоски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, во пензија

2. Д-р Коле Василевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје

3. Д-р Јане Ацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОМОЦИЈА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ПАЗАРОТ НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КОМПАРИРАНО СО ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р НИКОЛИНА ЈАЌОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-1775/2 од 6.6.2012 донесена на седницата одржана на 31.5.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „**Промоција на производите на пазарот на алкохолни пијалАци во Република Македонија, компарирано со земјите - членки на Европската унија** ", поднесена од кандидатката м-р Николина Јаќовска. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов „Промоција на производите на пазарот на алкохолни пијалаци во Република Македонија, компарирано со земјите - членки на Европската унија ", поднесена од кандидатката м-р Николина Јаќовска, е обработена на 207 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: вовед, *апстракт* и *клучни зборови* на македонски и на англиски јазик, заклучок и литература и прилози е систематизиран во 6 (шест) глави, и тоа:

Глава 1. ***Актуелна состојба на пазарот на алкохолни пијалаци***
Глава 2. ***Концепт на промоција во маркетингот***
Глава 3. ***Промоција на алкохолните производи во Република Македонија***
Глава 4. ***Промоција Above the line (АТЛ)***
Глава 5. ***Промоција Below the line (БТЛ)***
Глава 6. ***Анализа на ефектите од промоциите на алкохолни пијалаци на пазарот во Република Македонија***

Во воведниот дел на дисертацијата се образложени актуелноста и значењето на проблематиката којашто е предмет на истражувањата во трудот,

целта, предметот на истражувањата, применетата методологија и очекуваните резултати.

Во првата глава од трудот со наслов ***Актуелна состојба на пазарот на алкохолни пијалаци*** е презентиран осврт на постојната состојба на пазарот на алкохолни пијалаци во Република Македонија.

Целокупниот пазар во Република Македонија е подложен на низа прописи и закони, кои, во согласност со пропозициите кои ги наложува Европската унија, постојано се менуваат, се усовршуваат и се приспособуваат на новите барања. Анализирани се и состојбите во регулативите кои се однесуваат на промотивните активности за алкохолните пијалаци во земјите - членки на ЕУ и трендовите на нивниот иден планиран развој. Пазарот на алкохолни пијалаци во РМ е во голема мера засегнат од промените во тие закони и прописи.

Ова поглавје дава увид во фактичката состојба на овој пазар, презентирани се законите и прописите кои се однесуваат на малопродажбата и угостителството, а дава и генерален преглед на учесниците на овој пазар, увозниците и домашните производители на алкохолни пијалаци, нивната бројност, активности, трендови и ограничувања во настапот. Презентирани се застапниците на повеќе брендови, како и тенденциите на движење на пазарот по тип на алкохолен пијалак. Ова поглавје овозможува да се добие претстава за димензиите на пазарот на алкохолни пијалаци кај нас, можностите и лимитите кои ги даваат новите правни рамки на регулирање на оваа материја и согледување на движењата кои се манифестираат согласно со дадените регулативи.

Во втората глава од овој труд со наслов ***Концепт на промоција во маркетингот,*** претставен е концептот на промоција во целина, и можностите за неговата имплементација кај производите со специфични карактеристики, односно кај алкохолните пијалаци.

Меѓународната модерна трговија воопшто не може без промоција на производите. Ова поглавје поимно ја определува промоцијата со цел да се утврди нејзината неопходност во денешното трговско работење. Оваа маркетиншка активност има за задача да создаде свест за постоење на одреден производ или услуга на пазарот, да предизвика интерес за истите со давање на дополнителни информации за нив, како и да овозможи развивање на склоност кај потрошувачите за нивно купување и да негува позитивна претстава за производот, претпријатието и пошироко, за земјата од каде што потекнуваат производите.

Во овој дел особено се обрнува внимание на концептот на интегрирани маркетинг - комуникации. Концептот на интегрирани маркетинг - комуникации претставува процес на испраќање и на прием на пораки и информации, со цел да се воспостави траен и континуиран однос со сегашните и со потенцијалните потрошувачи. Концептот се заснова врз поврзување на сите видови комуникации со потрошувачите.

Како дел од вкупната успешна комуникација со потрошувачите преку концептот на интегрирани маркетиншки комуникации, во оваа глава се разработува и промоцијата на алкохолните пијалаци, односно причините и

потребата од нејзино спроведување. За компаниите од особено значење претставува примената на комуникацискиот микс, економската пропаганда, продажната промоција, односите со јавноста, личната продажба и публицитетот при планирањето и организирањето на промоцијата на овој вид производи.

Во третата глава од овој труд со наслов ***Промоција на алкохолните производи во Република Македонија,*** опфатени се различните брендови на алкохолни пијалаци во Република Македонија, кои вршат промоција на своите производи.

На пазарот на алкохолни пијалаци во Република Македонија се појавуваат многу учесници, особено со либерализацијата на македонското стопанство, ослободувањето од царинење при увоз од одредени земји, постепеното воведување на правна регулатива која се однесува на овој вид работење, и усогласување на начините на менаџирање на оваа проблематика со оние кои веќе постојат во развиените пазарни стопанства. Тоа ја детерминира и динамиката на тековите во овој сегмент на економско работење во Република Македонија.

Голем дел од жестоките алкохолни пијалаци кои се наоѓаат на пазарот на алкохолни пијалаци во Република Македонија, се светски познати брендови, па и промотивните активности кои тие брендови ги спроведуваат на македонскиот пазар се всушност универзални кампањи за тие брендови. Изворот на кампањите потекнува од матичната компанија која ги поставува основните параметри и пораката која треба да биде пренесена до целната група. Во последните години, новововедените рестриктивни закони на ова поле во целост се комплементарни на конкретните ограничувања во матичните земји - извознички. Невозможноста од користење на визуелен приказ на производите, ограниченоста на употребата на зборови кои ја означуваат вистинската содржина на производите, избегнување на директна асоцијација со намената на производите, сето тоа е реалност во поголемиот број на европски земји.

Во четвртата глава од овој труд со **наслов *Промоција Above the line (АТЛ)*** се опфатени маркетиншките стратегии на промовирање на производите кои се надвор од можностите за контрола на ефектите, кои се познати како ″над линијата″. Тука предвид се земени телевизиското огласување и промоциите преку новински огласи и комерцијални текстови и нивните можности и ограничувања во однос на промовирање на овој вид производи. АТЛ, односно промотивни активности "над линијата", претставува група на промотивни активности која е добиена со практична категоризација на овие активности од аспект на начинот на калкулирање на трошоците за нивно спроведување. Оваа група ги пропагира и главно ги претставува традиционалните маркетинг - канали насочени кон масовен аудиториум со пораки кои го форсираат брендот, пренесуваат генерални информации за производот или инспирираат емотивна реакција. Иако АТЛ - промотивните активности се третираат како "традиционални", во нив, како промотивни активности насочени кон производот можат да се вбројат и релативно новите интернет активности и он - лајн промовирањето.

Ова поглавје ги разгледува можностите и начините на кои би можеле да се применат АТЛ - промотивни активности за промоција на алкохолните пијалаци во европските земји и во Република Македонија. Ставот што го зазема општеството кон алкохолните пијалаци, кој има тенденција да ги посочува негативните аспекти на консумацијата на алкохолните пијалаци и евентуалните несакани последици од нивното неодговорно консумирање, води кон намалување на опсегот на промотивните активности од категоријата на АТЛ за промоција на овој вид производи.

Петтата глава на презентираниот докторски труд е насловен ***Промоција Below the line (БТЛ)*** и претставува логично продолжение на претходно елаборираните промотивни активности над линијата.

Промоцијата "под линијата" ја претставува втората група од претходно споменатата категоризација на промотивните активности. Како надополнување на претходниот вид на промоција, БТЛ ги опфаќа оние промотивни активности во кои претпријатието може да ги контролира ефектите од нив. Воедно, презентирана е еволуцијата на овие активности и самиот концепт преку кој треба тие да се одвиваат. Предвид се земени промоциите во малопродажбата и оние во угостителството, во коишто претпријатието директно учествува во формирањето на ефектите, како што е директната продажба, или организирање на директни промоции во угостителството.

БТЛ - промотивните активности се јавуваат како резултат на зголемениот притисок врз маркетинг - тимот за поефикасно постигнување на комуникациските цели при лимитирани буџети. Тоа, пак, од своја страна, ја зголемува потребата за пронаоѓање на поефективни и исплатливи начини за комуницирање со таргетираните купувачи. Во ова поглавје се разгледуваат токму тие начини на комуницирање кои имаат краткорочна цел и се во најголема мера насочени кон крајните потрошувачи. Тие начини подразбираат и пренасочување на пропагандните активности кои се базираат на регуларните медиуми кон нови, алтернативни начини на промовирање, како и изнаоѓање на соодветни медиуми преку кои тие ќе се спроведат.

Новонастанатите услови во смисла на неможност на слободна употреба на традиционалните АТЛ - активности за одредени групи производи во кои се вбројуваат и алкохолните пијалаци, ја популаризираат примената на БТЛ - промотивните активности, најпрвин само како замена, за потоа да бидат и потврдени како економичен, уникатен и интерперсонален начин за постигнување на пробив низ презаситената адвертајзинг средина.

Последната, шестата глава е со наслов ***Анализа на ефектите од промоциите на алкохолни пијалаци на пазарот во Република Македонија*** и во неа е презентирано конкретно емпириско истражување за промоции на алкохолните пијалаци од асортиманот на Бадел 1862 ад Скопје: Вигор водка, Шток и Пелинковец, во Република Македонија.

Независно за кој вид на промотивни активности станува збор, над линијата или под линијата, дали се насочени кон малопродажбата или

угостителството, дали се применуваат он - лајн техники на информирање или не, промоцијата на алкохолни пијалаци задржува одредена доза на суптилност и дискретност. Компаниите во Република Македонија кои работат со увоз, дистрибуција и продажба на алкохолни пијалаци континуирано спроведуваат и организираат активности со кои ги одржуваат своите брендови и производи актуелни за постојните корисници, но и за новите генерации. Овие активности се втемелени во годишните планови на компанијата, а постојат и како независни маркетиншки планови кои се разработени термински и по видови на активности. Во нив се содржат основните насоки во поглед на анализа на ситуацијата и целите, таргет - групите, средствата, техниките, каналите и медиумите, и се одредуваат соодветните буџети. За оние алкохолни пијалаци кои се увезуваат на нашиот пазар, маркетиншките планови и активности се усогласени со целите, целните групи, средствата, техниките, каналите, медиумите и буџетите на глобалните кампањи за тие брендови кои се разработени во матичните компании.

Оваа глава детално ги презентира поодделните пазарни ситуации и состојби со кои се соочуваат и во кои се наоѓаат поединечните компании кои работат со алкохолни пијалаци на пазарот во Република Македонија. Анализирани се конкретните активности кои ги преземаат овие економски субјекти, а кои спаѓаат во делот на АТЛ или БТЛ - промотивните активности. Анализата го вклучува и одредувањето на степенот на заинтересираност на анализираните компании за добивање на конкретни показатели за успешноста на спроведените АТЛ - активности, односно оние што подразбираат примена на традиционалните средства и медиуми, како што се телевизијата или радиото.

Во оваа глава е прикажан пресек од тековните случувања во сферата на ангажирањата кои ги прават компаниите на македонскиот пазар за промоција на алкохолните пијалаци, актуелните трендови, можности и ограничувања и степенот на усогласеност со тековите кои постојат надвор од Република Македонија, односно во земјите - членки на Европската унија.

Во заклучокот од докторскиот труд се презентирани заклучоците до кои е дојдено преку истражувањата, со осврт на состојбата која постои во делот на промоцијата на алкохолните пијалаци во Република Македонија, гледано во рамките на локалниот пазар и неговите закони и регулативи, и пошироко, во рамките на вкупната состојба во сферата на промоцијата на алкохолните пијалаци на пазарот на Европската унија.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Промоцијата како економски концепт поседува универзална примена во сите сфери на денешното живеење. Во современите услови на работење не постојат претпријатија кои не вршат промоција на своето работење, својот бренд, на своите производи или услуги. Нејзината повеќедимензионалност и овозможува да биде широко прифатена и спроведувана во ситуации кои имаат економска природа и во ситуации кои

во себе не содржат економски мотиви; спроведувана и за производи и за услуги; спроведувана и во купопродажните, но и во интерперсоналните односи. Во денешните услови, промоцијата е оправдана и се применува доколку има барем еден интересент, или барем еден производ или услуга.

Комплементарно на ваквата актуелна состојба, денес не постојат такви производи и услуги на кои не им е потребна промоција. Независно од еластицитетот на побарувачката за конкретниот производ или услуга, пазарната динамика и постојаноста на пазарните промени ја наметнуваат нужноста на одржување и зголемување на свесноста за постоење токму на тие производи или услуги. Во спротивно, новата технологија, ажурната конкуренција и растечката самосвесност на потрошувачите несомнено ќе доведат до смена на приоритетите за користење на одредени производи и услуги.

Предмет на истражување на докторската дисертација со наслов "**Промоција на производите на пазарот на алкохолни пијалаци во Република Македонија, компарирано со земјите - членки на Европската унија** ", поднесена од кандидатката м-р Николина Јаќовска, е преку анализа на тековните состојби во доменот на промоција на специфични производи да доведе до одредени согледувања и сознанија за степенот на важност на промоцијата, модалитетите на промовирањето кои можат да се применат и кои се применуваат кај нив, и да даде компаративен увид во нивното спроведување во различни просторни рамки.

Предмет на спроведеното истражување е, пред сè, маркетиншкиот концепт на промоција на специфични производи со определена територијална рамка на набљудување. Како објект на процесот се земени акцизни производи со подгрупа алкохол, а како матична територија е земено географското подрачје на Република Македонија. Споредбените индикатори се земени од нејзиното поблиско соседство и земјите на Европската унија.

Самата специфичност на разгледуваните производи ја наметнува и комплексноста на предметот на истражувањето на оваа дисертација. Таа комплексност се манифестира со специфики при спроведувањето на промотивните активности врзани за овие производи. Дисертацијата, меѓу другото, бара одговор на повеќе прашања: што е дозволено, а што не е при промоцијата на алкохолните пијалаци? какви ограничувања постојат? колку тие ограничувања се хомогени на поширока регионална рамка, независно од државните граници? колку политиката на регулирање на маркетиншките активности за алкохолните пијалаци во една земја има влијание врз формирањето на таа политика во останатите земји, имајќи предвид дека многу од овие производи се составни делови на асортиманот на некој светски бренд, кој подлежи на регулативите на земјата на матичната компанија?

Интересот насочен кон промоцијата на алкохолните пијалаци се должи и на влијанието што промотивните активности го имаат врз општествената ориентација на ставовите за овие производи. Целта на оваа докторска дисертација е да стави акцент на потребата од познавање на сите причинско - последични фактори на успешното промовирање на

алкохолните пијалаци, ограничувањата и видовите промоции со кои се среќаваат овие производи во поширoки пазарни рамки, и на нашиот пазар, респективно. На тој начин би можеле да се утврдат ефектите од различните промоции и оправданоста на постоење на еден меѓународно стандардизиран настап при промоцијата на определен бренд. Истовремено, тоа подразбира и набљудување на промоциите на светските брендови во специфичните услови на домашниот пазар. Направена е паралела на промотивните активности врзани за алкохолните пијалаци и легислативата која ги третира нив, во нашата земја и во земјите кон кои Македонија тежнее да се приклучи, односно земјите - членки на Европската унија. Се наметнува прашањето колку се овие активности слични? Колку се законите кои ја регулираат оваа тематика унифицирани, компатибилни, и на крајот, применливи?

Во истражувањето и изработката на овој труд, се користени примарни и секундарни извори на податоци. За целите на ова истражување е користена најсовремена домашна и странска литература од сферата на маркетингот, статии и написи на домашни и странски стручни економски списанија кои имаат допирни точки со конкретната проблематика. При елаборирањето на состојбите на пазарот е користен и мониторинг на медиумите за утврдување на активностите кои ги преземаат субјектите кои се земени како пример во трудот во насока на промовирање на нивните производи, сознанијата кои ги нудат расположливите информации на интернет страниците на набљудуваните субјекти, како и различни други информации кои можат да се најдат на интернет - мрежата. За да се добијат соодветните статистички податоци, како и законските регулативи за оваа материја на набљудуваните пазари, се исползувани публикациите и други извори. Освен споменатите статистички показатели, употребени се и постојните показатели добиени врз основа на спроведените истражувања.

Со зголемувањето на конкуренцијата во областа на трговијата, компаниите кои работат со алкохолни пијалаци во Република Македонија се исправени пред предизвик на брзо прифаќање на промените кои ги наметнува европската економска клима, и приспособување на сите свои активности во согласност со очекувањата на современите пазарни текови.

Воспоставувањето висок квалитет во работењето со алкохолните пијалаци и нивна соодветна промоција претставува предуслов кој македонските компании кои работат со регионални и светски брендови на алкохолни пијалаци треба целосно да го задоволат за да го обезбедат своето опстојување во современите конкурентски услови на глобалниот пазар и во поглед на строгите критериуми на Европската унија.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената, на докторската дисертација поднесена од кандидатката Николина Јаќовска под наслов "**Промоција на производите на пазарот на алкохолни пијалаци во Република Македонија, компарирано со земјите - членки на Европската унија**", а поаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторска дисертација;
- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, јуни 2012

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА,

Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.
Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, с.р.
Проф. д-р Димитар Граматиков, с.р.
Проф. д-р Анита Циунова Шулевска, с.р.
Проф. д-р Марика Башевска Ѓорѓиоска,с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ФАКТОРИ И ПРОМОТИВНИ СТРАТЕГИИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ КРЕИРАЊЕТО НА ВРЕДНОСТ НА БРЕНДОТ", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р АНА ЌОВКАРОВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, број 0202-1816/2 донесена на седницата одржана на 31.5.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: "**Фактори и промотивни стратегии кои влијаат врз креирањето на вредност на брендот**", поднесена од кандидатката м-р Ана Ќовкарова. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов "**Фактори и промотивни стратегии кои влијаат врз креирањето на вредност на брендот**", поднесена од кандидатката м-р Ана Ќовкарова, е обработена на 248 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: вовед, *апстракт* и *клучни зборови* на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр.204-207) и литература (стр.208-218) и прилози (стр.219-248), е систематизиран во 7 (седум) глави, и тоа:

Глава 1. Процес на креирање на вредност на брендот (стр.9-53)
Глава 2. Асоцијации за брендот (стр.54-82)
Глава 3. Градење лојалност кон брендот (стр.83-118)
Глава 4. Перцепиран квалитет како фактор за креирање вредност на брендот (стр. 119-139)
Глава 5. Свесност за името на брендот (стр. 140-157)
Глава 6. Промотивни стратегии за создавање позитивни асоцијации за брендот (стр. 158-185)
Глава 7. Промотивни стратегии за создавање лојалност и зголемување на свесноста за брендот (стр. 185-203)

Во **воведниот** дел на дисертацијата се образложени актуелноста и значењето на проблематиката којашто е предмет на истражувањата во трудот, целта, предметот на истражувањата, применетата методологија и очекуваните резултати.

Во првата глава насловена како **„Процес на креирање на вредност на брендот"** се дава јасен приказ за брендот, елементите и вредноста на брендот, се

утврдува процесот на креирање вредност на брендот и различните методи за мерење на вредноста, преку кои се идентификуваат факторите кои директно ја зголемуваат или намалуваат вредноста на брендот. Креирањето бренд е една од круцијалните задачи во врска со производот и пазарите во компанијата. Со брендот се поврзуваат елементите внатре во производната линија и се нагласува уникатноста на производот. За да се креира еден бренд, потребно е добар производ, ефективна комуникација и соодветна услуга, со што се елиминира ризикот од заборавање на брендот. Брендот помага во развојот и прифаќањето на нов производ, го олеснува проширувањето на производната линија или производниот микс, и создава перцепција кај потрошувачите за вредностите и карактерот опишани преку името на брендот. Со ова е претставена најважната функција на брендот, креирање и комуницирање на тридимензионален карактер на производот кој не може лесно да се копира или да биде уништен од страна на конкуренцијата. Вредноста на брендот е позитивниот диференцијален ефект од знаењето на името на брендот врз одговорот на потрошувачите кон производот или услугата. Маркетинг-менаџерите градат вредност на брендот преку креирање вистински структури со кои ќе се врши запознавање на брендот со вистинските потрошувачи. Овој процес зависи од сите односи со брендот, без разлика дали тие контакти се иницирани од маркетарот или не. Брендовите се градат низ текот на времето. Со цел да се креираат силни брендови потребна е стратегиска перспектива, визионерско лидерство и маркетинг-напор.

Втората глава, со наслов **„Асоцијации за брендот“**, ја обработува дуалната структура на асоцијациите на брендот, односно ги детерминира рационалните наспроти емоционалните асоцијации, чија позитивна вредност влијае на зголемувањето на вредноста на брендот. Во оваа глава се дава јасна слика за начинот како се креираат позитивни асоцијации кај потрошувачите. Исто така се детерминираат и техниките за мерење и одржување на силата на асоцијациите на брендот. Популарноста на брендот може да ја зголеми перципираната вредност на производот. Во поголемиот број случаи, основниот извор на додадена вредност на брендот е збирот на асоцијации кои потрошувачите ги чуваат во својата меморија во врска со конкретниот бренд. Голем е бројот на брендови кои истовремено предизвикуваат неколку типови на асоцијации, како што е случајот кога брендот истовремено е поврзан преку производните категории, неговото име и начинот на употреба во меморијата на потрошувачите. Исто така, брендот може да биде поврзан преку специфичните карактеристики на производот, придобивките за потрошувачите и различните оценки. Асоцијациите за брендот претставуваат која било информација (нулта точка) поврзана со брендот во меморијата на потрошувачот и таа го содржи значењето на брендот за потрошувачите. Асоцијациите можат да се користат како општ поим со цел да се покаже врската помеѓу две нулта точки. Овие нулта точки ја сугерираат асоцијација во умот на потрошувачите. Асоцијациите доаѓаат во сите форми и можат да рефлектираат карактеристики на производот или аспекти независни од самиот производ. Знаењето за брендот се разликува од потрошувач до потрошувач и зависи од омилеността, силата и уникатноста на асоцијациите на брендот. Знаењето за брендот, според кандидатката, игра значајна улога при определување на диференцијалниот одговор, составен дел на вредноста на брендот, особено при донесување одлуки кои бараат високо ниво на вклученост на потрошувачот.

Во третата глава, насловена како **„Градење лојалност кон брендот“** јасно, се дефинира лојалноста кон брендот, со хронолошко претставување на развојот на различните дефиниции, како и детална обработка на широко прифатената дефиниција од Jacoby и Kyner. Значајноста на лојалноста кон брендот за самото претпријатие и нејзиното влијание врз вредноста на брендот се презентирани токму во оваа глава, каде што се детерминирани стратегиите и програмите за лојалност. Во оваа глава е претставен начинот на избор и имплементација на програмите за лојалност, кој води кон зголемување на лојалноста, а тоа, пак, води кон зголемување на вредноста на брендот. На крајот од третата глава, се прецизирани методите за мерење и одржување на лојалноста кон брендот.

Во четвртата глава насловена како **„Перцепиран квалитет како фактор за креирање вредност на брендот“**, детално се објаснети дефинирањето на перципираниот квалитет, неговите варијабли, влијанието на перципираниот квалитет врз перформансот на бизнисот, односот перципиран квалитет/ цена и перципираниот ризик, како и чекорите за намалување на перципираниот ризик. Со зголемување на конкуренцијата, значењето на перципираниот квалитет рапидно се зголемува и е стратегиска алатка во маркетинг-менаџментот со која се диференцира брендот. Перципираниот квалитет на брендот го претставува начинот на кој потрошувачите ги перципираат физичките и нематеријалните карактеристики на брендот. Перципираниот квалитет се разликува од фактичкиот. Перципираниот квалитет може значајно да влијае на: големината на маржите, моќта на брендот и пазарниот удел, вредноста на брендот, перципираната вредност, повратот на инвестициите и профитабилноста. Врз перципираниот квалитет на производот најголемо влијание имаат имиџот на брендот и квалитетот на производот. Перципираниот квалитет е специфичен вид на асоцијација на брендот. Ова гледиште поаѓа од фактот дека перципираниот квалитет влијае врз асоцијациите на брендот на многу начини и од емпириските докази за влијанието врз профитабилноста на компанијата. Перципираниот квалитет е ставот на потрошувачот во врска со целокупната совршеност и супериорност на брендот. Перципираниот квалитет се однесува на психолошки процес, бидејќи ја опфаќа перцепцијата на потрошувачите во врска со тоа како брендот ги задоволува нивните потреб[illegible].

Во петтата глава насловена како **„Свесност за името на брендот“** се разграничуваат браповите на истражувањата поврзани со името на брендот според предметот на истражување. Должината на името, можноста за брзо меморирање, читливоста и изговорот, значајноста, флексибилноста и правната заштита се идентификуваат во оваа глава како критериуми кои влијаат врз изборот на името на брендот. Во оваа глава се определуваат приодите во процесот на именување на брендот и тактиките за креирање свесност за името на брендот. Потрошувачите вложуваат голем напор при избор на вистинска алтернатива во услови на остра и силна конкуренција. Ова е последица на големиот број брендови кои се присутни на пазарите и од кои потрошувачите го вршат изборот. Водени од целта да го намалат напорот, времето, перципираниот ризик и комплексноста во донесувањето одлуки за купување се повеќе се фокусираат на клучните делови од информациите. Токму затоа, овие клучни делови од информациите би требало да се содржат во името на брендот. Преку името се пренесуваат имиџот и вредностите на брендот. Ефектното име на брендот ги сугерира придобивките од

производот, придонесува во идентификување на брендот, го олеснува купувањето, соопштува квалитет, предизвикува чувство на доверба, сигурност, сила, трајност, брзина, статус и ексклузивитет. Добро познатото име предизвикува чувство на блискост кај потрошувачите. Ова резултира со поголема веројатност да се купи брендот. Името на брендот има поголемо влијание врз конечната одлука за купување, за разлика од останатите надворешни фактори, како што е цената, во случај кога станува збор за висока свесност за името на брендот. Само со промена на свесноста за името, потрошувачите ги менуваат шемите за избор на купување. Токму поради влијанието на името на брендот врз одлуката за купување, тоа би требало да ги симболизира посакуваниот имиџ и вредностите на брендот. Оттука, изборот на името на брендот е важна задача на маркетинг- менаџерите. Првенствено, името на брендот треба да изврши диференцирање на производите и услугите на претпријатието од конкурентските. Добро избраното име на брендот води кон широка и силна препознатливост на името на брендот. Ова креира висока свесност наречена „на прво место во свеста“ (top of the mind). Со ваква свесност полесно се повикуваат асоциијациите за брендот. И оттука може да се заклучи дека силната препознатливост на името придонесува во зголемување на вредноста на брендот.

Во шестата глава насловена како **„Промотивни стратегии за создавање позитивни асоцијации за брендот“**, направен е осврт врз економската пропаганда, медиумите, рационалните наспроти емоционалните и моралните апели, видовите структури на пораката и тактиките за креирање порака, која ќе убедува и ќе се памети, како и врз продажните промоции ориентирани кон потрошувачот и кон трговијата, како и нивното влијание врз креирањето асоцијации за брендот. Директниот маркетинг, како промотивна стратегија која влијае врз креирањето асоцијации за брендот, заедно со неговите инструменти се дефинираат во оваа глава. Со креирањето на ефикасна порака се предизвикуваат одредени чувства кај гледачите. Чувствата кои ги доживуваат потрошувачите за време на економска пропаганда влијаат на нивниот одговор кон пропагандата. Чувствата влијаат врз ставот што се формира кон пропагандата, а ова влијае врз ставот кон брендот, верувањата за брендот, присетувањето на брендот, промените во ставот за брендот итн. Пропагандата, а следствено на неа и одговорот иницирaн од пропагандата, ја креираат структурата на меморијата која ќе влијае врз идниот одговор (реакција) кон брендот. Одговорите можат да бидат предизвикани од повторното изложување на оригиналната пропаганда, идните пропаганди, излогот на местото на купување, купоните, дизајнот на пакувањето итн. Доколку предвремените одговори вклучуваат чувства кои се складираат во меморијата и можат да бидат повикани, тогаш чувствата предизвикани од пропагандата можат всушност да ги обликуваат асоцијациите кои потрошувачите ги поврзуваат со брендот и треба да бидат инкорпорирани во идната стратегија за комуникација со брендот. Следствено, економската пропаганда влијае на вредноста на брендот на два начина. Прво, економската пропаганда креира асоцијации за брендот и формира нулта- точки во меморијата на потрошувачите кои ќе се поврзуваат со брендот. Второ, економската пропаганда помага формираните асоцијации да се задржат во свеста на потрошувачите. Со стимулирање на позитивните асоцијации се обезбедува појава на вистински чувства, асоцијации и сеќавања кога индивидуите ќе помислат на

брендот. На овој начин се креираат високо достапни асоцијации во свеста на потрошувачот кои можат веднаш да бидат повикани.

Во седмата глава со наслов **„Промотивни стратегии за создавање лојалност и зголемување на свесноста за брендот“** се обработуваат односите со јавноста и спонзорството. Тука се идентификуваат најчесто користените техники на односите со јавноста, кои позитивно влијаат врз креирањето доверба и кредибилитет, кое води кон создавање и зголемување на лојалноста и свесноста за брендот. На крајот од оваа глава се објаснуваат ефектите на спонзорството врз елементите на вредноста на брендот, се детерминираат типовите на спонзорство и процесот на пренесување на имиџот на спонзорираната страна врз брендот-спонзор.

Во **заклучокот,** како последен дел од трудот, најзастапен е методот на синтеза. Разбирливо, бидејќи во овој дел се врши презентирање на сознанијата, препораките и начините за успешно управување со факторите и промотивните стратегии за креирање и одржување долгорочна вредност на брендот, до кои е дојдено во овој труд.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Предмет на истражување на докторската дисертација со наслов “**Фактори и промотивни стратегии кои влијаат врз креирањето на вредност на брендот**”, поднесена од кандидатката м-р Ана Ќовкарова, се факторите кои директно влијаат на зголемување или намалување на вредноста на брендот. Високата вредност на брендот се создава преку креирање долгорочна врска со потрошувачите кај кои се создаваат позитивни ставови во врска со асоцијациите за брендот, лојалноста кон брендот, перципираниот квалитет и свесноста за брендот. Во насока на осознавање на предметот на истражување поставени се следниве цели на истражување:

- ✓ идентификување на процесот на креирање вредност на брендот;
- ✓ детерминирање на асоцијациите за брендот;
- ✓ одредување на лојалноста кон брендот;
- ✓ утврдување на перципираниот квалитет и односот квалитет/цена;
- ✓ осознавање на процесот на креирање препознатливо име на брендот, кој води кон создавање висока свесност за името на брендот;
- ✓ определување на промотивните стратегии (економската пропаганда, продажната промоција, директниот маркетинг, односите со јавноста и спонзорството) и како тие влијаат на факторите на вредноста на брендот (асоцијациите за брендот, лојалноста кон брендот, перципираниот квалитет и свесноста за името на брендот).

Интересот за брендот како средство на едно претпријатие, во последниве години драматично се зголеми. Изобилството од производи и услуги на светскиот пазар ја зголеми улогата на брендот во создавање наклонетост кај потрошувачите и обезбедување долгорочна лојалност кон брендот. Брендот претставува збир од сé што е познато, мислено, чувствувано и перципирано за компанијата, услугата или производот. Во овој труд, кандидатката брендот го разгледува низ призмата на седум пристапи:

1. економскиот пристап - го разгледува брендот како дел од традиционалниот маркетинг микс;
2. пристапот на идентитет - го поврзува брендот со корпоративниот идентитет;
3. пристапот кој се базира на потрошувачите - го разгледува поврзувањето на брендот со потрошувачите преку асоцијациите;
4. пристапот на личност - го разгледува брендот како карактер сличен на човекот;
5. пристапот на односи - го разгледува брендот како остварлив партнер;
6. општествениот пристап - го смета брендот за значајна алка во социјалната интеракција;
7. културниот пристап - го разгледува брендот како дел од поширокаата културна структура.

Целта на секој бренд - менаџер е да ги засили производите или услугите со вредност на брендот. Вредноста на брендот се разгледува од финансиски аспект, како објективен израз или од стратегиски, односно субјективен аспект. Од финансиски аспект, вредноста на брендот е концепт кој го покажува начинот како да се пресмета колку чини брендот. Вредноста на брендот е нематеријалното средство во финансиските извештаи во вид на гудвилот и know-how. Пресметувањето на вредноста на брендот е особено значајно за финансиските извештаи, мерџерите, аквизициите и служи како алатка за понатамошните одлуки на бренд - менаџерите.

Стратегискиот аспект на вредноста на брендот се однесува на перцепцијата на потрошувачите во врска со брендот и е од стратегиско значење за бренд - менаџерите. Потрошувачите се тие кои го искусуваат брендот и ја перцепираат вредноста на брендот како вредност која се додава на функционалниот производ или услуга преку поврзување на вредноста на брендот со името на брендот. Овој аспект ја претставува емоционалната вредност на брендот. Токму емоционалната вредност на брендот се обработува во овој труд. Паралелно со овие прашања кандидатката ги истражува и перцепциите и ставовите на македонските граѓани во врска со македонските брендови (Сириус, Горско и Бимилк) наспроти странските брендови (Милка, Хајнекен и Алпско) во категориите чоколада, пиво и млеко. За таа цел, кандидатката ги поставила следниве хипотези:

- ✓ H_0: Македонските граѓани имаат негативни ставови во врска со македонските брендови.
- ✓ H_1: Македонските граѓани имаат негативни асоцијации за македонските брендови во категориите чоколада, пиво и млеко.
- ✓ H_2: Македонските граѓани имаат низок перципиран квалитет за македонските брендови во категориите чоколада, пиво и млеко.
- ✓ H_3: Свесноста за името на македонските брендови е ниска во категориите чоколада, пиво и млеко.
- ✓ H_4: Македонските граѓани не се лојални на македонските брендови во категориите чоколадо, пиво и млеко.

Спроведеното истражување има три димензии: временска, научна и емпириска.

Прво, проблематиката која се обработува станува актуелна и се конституира како подрачје за научна елаборација во деведесеттите години од 20 век.

Второ, истражувањето на составните содржини на темата се остваруваат претежно со научнометодолошкиот инструментариум на маркетингот и бренд - менаџментот како научни дисциплини, преку компаративниот и методот на анализа.

Трето, покрај наведените методи, значајно место во истражувањето зазема и истражувањето на терен. Притоа, за истражување на ставовите на македонските граѓани во врска со факторите на вредноста на брендот користен е методот на испитување. Испитувањето се спроведе преку три структурирани прашалници за три македонски брендови (Сириус, Горско и Бимилк) и три странски (Милка, Хајнекен и Алпско) во три различни категории производи (чоколада, пиво и млеко). Прашалниците беа дистрибуирани он-лајн до случајно избран примерок во периодот од јуни до ноември 2011. За таа цел користена е веб - страницата www.kwiksurveys.com. Примерокот е избран од мејлинг - листата на авторката на трудот во кои се наоѓаат различни профили на луѓе. Прашалниците се испратени до секој втор контакт од мејлинг - листата. На овој начин вкупно се дистрибуираа 600 прашалници. Со одговорени 450 прашалници, стапка на одговор од 85% и интервал на доверба од 4,6, пресметано со калкулаторот за одредување на големина на примерокот преку http://www.macorr.com/sample-size-calculator.htm, добиените податоци се целосно релевантни за целата територија на Република Македонија. Притоа, 89,66% од испитаниците се на возраст од 20 до 35 години, 39,08% од испитаниците се припадници на машкиот пол и 93,10% од испитаниците се во работен однос.

Истражувањето покажува дека македонските граѓани не се лојални на македонските брендови во категоријата чоколада и пиво. Лојалноста кон македонските брендови може да се креира преку исполнување на задачите за постигнување позитивни асоцијации на брендот, висока свесност за името на брендот и висок перципиран квалитет, од една страна и правилен избор на програмата за лојалност, од друга страна. Оваа програма треба да овозможи лесна партиципација, брзо добивање на награди, специјани понуди, адаптабилни и флексибилни награди.

Оттука, македонските претпријатија би требало да се ангажираат во подобрување на репутацијата и имиџот на македонските брендови преку изменување на негативните асоцијации и перципираниот квалитет, од една страна, и зголемување на моќта на брендовите со креирање лојални потрошувачи, препознатливост и свесност за името на брендот и заштита на брендот, од друга страна. Мора да се напомене дека брендовите со позитивни емоционални асоцијации доживуваат поголем успех.

За таа цел, маркетинг - менаџерите би требало да ги насочат напорите кон доставување супериорен и стандардизиран квалитет на производите и услугите, проширување на асортиманот, подобрување на иновативноста, следење на светските трендови во врска со допаѓливи амбалажа, а секако ова би требало да биде заокружено со поставување лица на менаџерски позиции во претријатијата кои ќе придонесат за зголемување на довербата, чесноста и кредибилитетот на брендот. Но, тука не завршува задачата на маркетинг - менаџерите, таа продолжува во вид на следење и мерење на вредноста на брендот, со цел да се утврдат позициите на македонските брендови секоја последователна година.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената на докторската дисертација со наслов "**Фактори и промотивни стратегии кои влијаат врз креирањето на вредност на брендот**", поднесена од кандидатката м-р Ана Ковкарова а поаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторската дисертација, и
- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, јуни 2012

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска с.р.

Проф. д-р Димитар Граматиков с.р.

Проф. д-р Анита Циунова Шулевска с.р.

Проф. д-р Нада Секуловска с.р.

Проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовска с.р.

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Евица Трајкова	"Улогата на лидерот во ефикасниот менаџмент со организациски промени"	д-р Васил Поповски
2.	Маја Алулоска	"Примена на концептот на делотворност во претприемнички бизнис потфати"	д-р Дејан Пендев
3.	Светлана Завојческа	"Улогата и значење на внатрешната ревизија во банките во Република Македонија"	д-р Биљана Ангелова
4.	Славчо Миленковски	"Улогата на односите со јавноста и општествената одговорност во градењето на корпоративниот имиџ на компаниите во Република Македонија"	д-р Татјана Петковска-Мирчевска
5.	Марина Шаф	"Странските директни инвестиции и нивното влијание врз економијата на Република Македонија"	д-р Биљана Ангелова
6.	Марјан Андоновски	"Влијанието на економските движења по финансиската криза од 2008 година врз девизните курсеви и девизниот пазар со осврт на оправданоста од примената на фиксниот девизен курс во Република Македонија"	д-р Биљана Ангелова
7.	Весна Јефтимова	"Претприемнички стратегии за интернационализација на македонските вина"	д-р Васил Поповски
8.	Филип Филиповски	"Политика за привлекување на странски директни инвестиции во Република Македонија - карактеристики и можности за унапредување"	д-р Силвана Мојсовска
9.	Тања Поповска	"Улогата и значењето на мисијата за стратегискиот менаџмент на комерцијалните банки во Република Македонија"	д-р Дејан Пендев
10.	Игор Лазевски	"Оцена на профитабилноста во осигурителниот бизнис-студија на случај"	д-р Биљана Ангелова
11.	Александра Башоска	"Иновациите во банкарскиот сектор како фактор на нивната ефикасност и конкурентска предност"	д-р Васил Поповски
12.	Бранко Гогов	"Примена на социјалните медиуми за зголемување на профитабилноста и развој на корпоративниот имиџ"	д-р Зоран Јаневски
13.	Загорка Митровска	"Улогата на финансиските деривати во меѓународната трговија"	д-р Биљана Ангелова
14.	Оливер Копачев	"Управување со оперативниот ризик во банкарството согласно базелските стандарди"	д-р Климентина Попоска

ПРЕГЛЕД

на пријавена тема за изработка на магистерски труд,
прифатена од Наставно-научниот совет на Факултетот
за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје,
на седницата одржана на 12.6.2012 година

Кандидат	Тема	Ментор
Тања Ананиева, дипл. инж.	Анализа на состојбите и почитувањето на стандардите за градба на училишта во Струмица и предлог солуции за нивно подобрување	Проф. д-р Владимир Каранаков, вонреден професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 18.06.2012 година

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Дина Велкова	Внатрешни вооружени конфликти	Д-р Љ.Фрчкоски
Владица Цекова	Постапка за признавање и извршување на странски судски одлуки во меѓународното приватно право на Европската унија	Д-р Т.Дескоски
Јасна Трајаноска	Казна затвор	Д-р М.Каневчев
Иван Станојевиќ	Нужна одбрана	Д-р Н.Тупанчески
Билјана Сарагинова	Профил на сторител и профил на жртва кај кривичното дело - силување	Д-р Г.Бужаровска
Александра Нешовска	Извршување на казната доживотен затвор во Република Македонија	Д-р А.Груевска Дракулевски
Јасна Стојановска	Конвенцијата на ООН за правата на жената и семејното насилство во Република Македонија	Д-р Т.Петрушевска
Јован Башески	Уставите на Република Македонија од 1946 до 1991 година	Д-р С.Климовски

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Милчо Јованоски	Улогата на локалните аудио-визуелни медиуми во демократските процеси во Република Македонија	**проф.д-р Томе Груевски**
Маријан Вучковиќ	Невладините организации и нивното влијание врз процесот на менаџирање на мултиетничките општества во регионот со посебен осврт на Република Македонија	**доц.д-р Ненад Марковиќ**
Фросина Дониновска,	Дисолуцијата на Југославија и американската надворешна политика за време на администрацијата на претседателот Џорџ Буш	**доц.д-р Мишо Докмановиќ**

09-15/а
21 06 2017 год.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Благој Димовски	Граѓанскоправна одговорност и осигурување од одговорност на адвокатите во правото на Република Македонија и во компаративното право	проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска .
Мирослава Костадинова	Основни причини за насилство во семејството	проф. д-р Дејан Мицковиќ
Кире Билбилоски	Посебни случаи на старателство	проф. д-р Дејан Мицковиќ
Роза Крстевска	Постапка за засновување на посвојувањето во македонското и споредбеното право	проф. д-р Дејан Мицковиќ
Митко Дескоски	Ствар во физичка смисла и стварта како стока	проф. д-р Родна Живковска
Љупка Ѓорѓиева	Начелото на напосредност во Законот за парничната постапка на Република Македонија	проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска
Искра Костиќ	Уредување на компаниското право во Европската Унија и во Република Македонија – компаративен осврт	доц. д-р Александар Климовски
Александар Михајлов	Одговорност за повреда на обврските од договорот за меѓународна продажба на стоки според Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки,	проф. д-р Тони Дескоски
Ахмед Идризи	Правна Регулација на Дистрибутивниот систем за Електрична Енергија	проф. д-р Димитар Гелев
Симона Марковска	Правна регулација на животното осигурување	проф. д-р Димитар Гелев
Мики Златески	Управување со Банки и Друштва за Осигурување	проф. д-р Димитар Гелев
Никола Петров	Основање на акционерски друштва и банки како специфични акционерски друштва	проф. д-р Димитар Гелев
Сандра Јосифовска	Правна регулација на омнибус сметка	проф. д-р Димитар Гелев

Дарко Аргакијев	Правните аспекти на интернет банкарството – регулирање, финансиска интеграција и електронска трговија	проф. д-р Димитар Гелев
Андријана Миленкоска	Електронска аукција како инструмент за доделување на договори за јавни набавки	проф. д-р Димитар Гелев
Бојан Костовски	Организација и функционирање на третиот пензиски столб	проф. д-р Тодор Каламатиев
Сања Доревска	Институционална рамка на буџетскиот процес со осврт на трезорското работење во Република Македонија	проф. д-р Александра Максимовска Велјановски

ДЕКАН

Проф.д-р Борче Давитковски

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 17.05.2012 год.

Кандидат	Тема	Комисија
Радмила Ребиќ, магистер на биохемиски науки	„КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА РАДИОФАРМАЦЕВТИЦИ БАЗИРАНИ НА МОНОКЛОНАЛНИ АНТИТЕЛА И ПЕПТИДИ НА АНИМАЛЕН МОДЕЛ – БЕЛ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ “	- д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ – Скопје; - д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, вонреден професор на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип; - д-р Митко Младенов, доцент на ПМФ – Скопје; - д-р Јасмина Димитрова-Шумковска, доцент на ПМФ – Скопје и - д-р Владимир Обрадовиќ, редовен професор на Медицинскиот факултет – Белград, Р. Србија.
Наталија Ангелова, магистер на науки по животна средина	„ПРОЦЕНКА НА ЕКОЛОШКИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ЕКОСИСТЕМИТЕ ЗАСЕГНАТИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ ХИДРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ ВО НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „МАВРОВО“	- д-р Славчо Христовски, доцент на ПМФ – Скопје; - акад. Владо Матевски, редовен професор на ПМФ – Скопје и - д-р Сашо Арсов, вонреден професор на Економски факултет – Скопје.
Славица Јосифовска, магистер по молекуларна биологија–генетика	„ПРОФИЛ НА ЕКСПРЕСИЈА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ГЕНИ ВКЛУЧЕНИ ВО ИМПЛАНТАЦИЈА НА ЕМБРИОНОТ ВО ЕНДОМЕТРИУМОТ КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО ИНФЕРТИЛИТЕТ“	- д-р Сашо Панов, вонреден професор на ПМФ – Скопје; - д-р Гордана Димеска, вонреден професор на ПМФ – Скопје и - д-р Глигор Димитров, вонреден професор на Медицинскиот факултет – Скопје.
Александар Павлов, магистер на науки од областа на хидробиологија	„ДИВЕРЗИТЕТ, ТАКСОНОМИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТАКСОНИТЕ ОД РОДОВИТЕ EUNOTIA, LUTICOLA, HIPPODONTA И MASTOGLOIA И ВИДОВИОТ КОМПЛЕКС НА PINNULARIA BOREALIS (BACILLARIOPHYCEAE) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“	- д-р Златко Левков, вонреден професор на ПМФ – Скопје; - д-р Светислав Крстиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје и акад. Владо Матевски, редовен професор на ПМФ – Скопје.

Марија Менкиноска, магистер на биолошки науки	„ВЛИЈАНИЕТО НА ХРАНА ДОБИЕНА СО ПОЧВЕНО – ФОЛИАРНА БИОФОРТИФИКАЦИЈА СО ЦИНК И ЖЕЛЕЗО ВРЗ ХЕМАТОПОЕЗАТА КАЈ БЕЛ ЛАБОРАТОРИСКИ СТАОРЕЦ“	- д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ – Скопје; - д-р Ленка Цветановска, редовен професор на ПМФ – Скопје; - д-р Митко Младенов, доцент на ПМФ – Скопје; - д-р Валентина Павлова, доцент на Технолошко-техничкиот факултет Велес, УКлО – Битола и - д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје.
Олгица Мицевска, магистер по менаџмент на животна средина	„ХИПЕРАКУМУЛАЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ОД ЗАГАДЕНИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА КАЈ НЕКОИ РАСТИТЕЛНИ ВИДОВИ ОД ФАМИЛИЈАТА BRASSICACAE“	- д-р Љупчо Меловски, редовен професор на ПМФ – Скопје; - д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје и - д-р Славчо Христовски, доцент на ПМФ – Скопје.
Предраг Новески, магистер на биолошки науки	„СТРУКТУРНИ И ФУНКЦИОНАЛНИ ПРОМЕНИ НА Y ХРОМОЗОМОТ КАЈ МАЛИГНИ БОЛЕСТИ“	- д-р Дијана Плашеска-Каранфилска, насловен вонреден професор на Фармацевтски факултет – Скопје и научен советник во ИЦГИБ, МАНУ, Скопје; - д-р Сашо Панов, вонреден професор на ПМФ – Скопје и - д-р Гордана Димеска, вонреден професор на ПМФ – Скопје.
Ивана Малева, магистер на биолошки науки	„ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ГЕНЕТСКИ И ЕПИГЕНЕТСКИ ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА „BRCA-сличен“ ПРОФИЛ НА ТУМОРНОТО ТКИВО КАЈ ПАЦИЕНТИ СО КАРЦИНОМ НА ДОЈКА“	- д-р Дијана Плашеска-Каранфилска, насловен вонреден професор на Фармацевтски факултет – Скопје и научен советник во ИЦГИБ, МАНУ, Скопје; - д-р Сашо Панов, вонреден професор на ПМФ – Скопје и - д-р Гордана Димеска, вонреден професор на ПМФ – Скопје.
Емри Мурати, магистер на биолошки науки	„ПРОСТОРЕН ГРАДИЕНТ НА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ ГАБИ И НИВНИТЕ СУПСТРАТИ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА РЕК „ОСЛОМЕЈ“	- д-р Митко Караделев, редовен професор на ПМФ – Скопје; - д-р Љупчо Меловски, редовен професор на ПМФ – Скопје и - д-р Славчо Христовки, доцент на ПМФ – Скопје.

Катерина Поповска - Јанковиќ, магистер на биолошки науки	„МИКРО РИБОНУКЛЕИНСКИ КИСЕЛИНИ КАЈ КАРЦИНОМ НА ДОЈКА“	- д-р Дијана Плашеска-Каранфилска, насловен вонреден професор на Фармацевтски факултет – Скопје и научен советник во ИЦГИБ, МАНУ, Скопје; - д-р Сашо Панов, вонреден професор на ПМФ – Скопје и - д-р Гордана Димеска, вонреден професор на ПМФ – Скопје.
Лилјана Ковачовска, магистер по биотехнички науки од областа на дрвната индустрија – заштита на дрвото	„КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА БИОРАЗГРАДУВАЧИТЕ НА ДРВО ВГРАДЕНО ВО ОБЈЕКТИ ОД КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“	- д-р Митко Караделев, редовен професор на ПМФ – Скопје; - д-р Стерја Начески, редовен професор на Шумарскиот факултет – Скопје и - д-р Џоко Кунгуловски, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Јасмина Најдовска, магистер на технички науки	„ПРИМЕНА НА СЕИЗМОЛОШКИ МЕТОДИ ВО ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА БРЗИНСКИОТ МОДЕЛ НА ЗЕМЈИНАТА КОРА ПОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“	- д-р Лазо Пекевски, научен советник на ПМФ – Скопје; - д-р Драгана Черних - Анастасовска, научен соработник на ПМФ – Скопје и - д-р Ненад Новковски, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Катерина Дрогрешка, магистер на технички науки	„ПРИМЕНА НА ТЕОРИЈАТА НА ДИСЛОКАЦИИ ВО ДЕФИНИРАЊЕТО НА ЕПИЦЕНТРАЛНИТЕ ПОДРАЧЈА И ТЕКТОНСКИТЕ УСЛОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“	- д-р Вера Чејковска, насловен доцент на ПМФ – Скопје; - д-р Драгана Черних - Анастасовска, научен соработник на ПМФ – Скопје и - д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Ева Блажевска, магистер по информатика	„WEB-БАЗИРАНИ ИНТЕЛИГЕНТНИ СИСТЕМИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ“	- д-р Горѓи Јованчевски, редовен професор на Универзитет Американ колеџ - Скопје; - д-р Ванчо Чабуковски, редовен професор на ПМФ – Скопје и - д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ – Скопје.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 17.05.2012 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Светлана Божиновска, дипломиран професор по биологија	„ФИЗИОЛОШКО-ГЕНЕТСКИ ПРОМЕНИ КАЈ ТУТУН (NICOTIANA TABACUM L.) ИНДУЦИРАНИ ОД НЕКОИ АБИОТИЧКИ ФАКТОРИ ВО ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ УСЛОВИ “	- д-р Ленка Цветановска, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Климент Младенов, дипломиран инженер по биологија	„ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ВО НАСТАВАТА ПО БИОЛОГИЈА ОД ОБЛАСТА НА АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА ЖИВОТНИ И ЧОВЕК“	- д-р Митко Караделев, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Анита Тодорова, дипломиран професор по географија	„ИДЕНТИФИКАЦИЈА, ЗАШТИТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ГЕОНАСЛЕДСТВОТО ДОЛЖ КОРИДОРОТ 10 НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“	- д-р Драган Колчаковски, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Даут Нагихан, дипломиран професор по географија	„ГЕОГРАФСКА РАЗМЕСТЕНОСТ НА ВЕРСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ЈУГОЗАПАДНА АЗИЈА, ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ“	- д-р Никола Панов, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Зејнедије Адеми, дипломиран професор по географија	„МОЖНОСТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ШАР ПЛАНИНА И НЕГОВАТА ТУРИСТИЧКА ФУНКЦИЈА“	- д-р Никола Панов, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Билјана Глигорова, дипломиран професор по географија	„ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ДЕМИРКАПИСКИОТ РЕГИОН“	- д-р Никола Панов, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Нада Сирмевска, дипломиран професор по математика	„МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ НА ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ И КОМПЈУТЕРСКА СИМУЛАЦИЈА“	- д-р Никита Шекутковски, редовен професор на ПМФ - Скопје.

Ставрос Пападимитриу, дипломиран професор по математика	„КОХОМОЛОГИЈА НА ГРУПИ“	- акад. Дончо Димовски, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Весна Поп-Димитријоска, дипломиран метеоролог	„ФОРЕНЗИЧКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ГЛАС ПРЕКУ СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ФОРМАНТИ КАЈ САМОГЛАСКИТЕ ОД СПОРНА ГОВОРНА СНИМКА СО ГОВОРНИ ПРИМЕРОЦИ ОД ОСОМНИЧЕНИ ЛИЦА “	- д-р Гордана Апостоловска, вонреден професор на ПМФ - Скопје.
Митка Манева, дипломиран професор по математика-физика во основно образование	„МИСКОНЦЕПЦИИ ВО ОПТИКАТА КАЈ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“	- д-р Оливер Зајков, вонреден професор на ПМФ - Скопје.
Катерина Станкоска, дипломиран инженер по хемија	„ЕЛЕКТРОХЕМИЈА НА САХАРИН НА ТЕЧНА МЕЃУФАЗНА ГРАНИЧНА ПОВРШИНА – МОДЕЛ ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА ПРЕНОСОТ НА САХАРИН НИЗ КЛЕТОЧНИ МЕМБРАНИ“	- д-р Валентин Мирчески, редовен професор на ПМФ - Скопје.

ПРЕГЛЕД

на пријавена и прифатена теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Ева Камчевска	"Мајтапите на Итар Пејо"	Вон.проф.д-р Сашко Насев

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ

М-Р ОРЦЕ ЃОРГИЕВСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука број 02-1294/1 на Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 26.4.2012 година, формирана е Комисија во состав:

1. проф. д-р Ванчо ДОНЕВ, Машински факултет - Скопје

2. проф. д-р Радмил ПО ЛЕНАКОВИЌ, Машински факултет - Скопје

3. проф. д-р Валентина ГЕЧЕВСКА, Машински факултет - Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Орце ЃОРГИЕВСКИ и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација под наслов:

„Влијание на мобилната работна сила на менаџирањето на трошоците на работење во јавниот сектор"

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 49 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Комисијата го понесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Кандидатот Орце Ѓоргиевски е роден на 9 август 1971 година во Крива Паланка, каде што завршил основно образование, додека средното образование го завршил во АСУЦ Боро Петрушевски во Скопје. Во 1990 година се запишал на студии на Техничкиот факултет при Универзитетот „Климент Охридски" во Битола, на отсекот за патен сообраќај и транспорт, кои ги завршил со просечна оценка 7,85. На 10.10.1995 година го одбранил дипломскиот труд со наслов „Берза на транспортни услуги од аспект на сопствениците на транспортни капацитети" под менторство на проф. д-р Ристо Перишиќ, редовен професор на Сообраќајниот факултет во Белград и визитинг - професот на Технички факултет во Битола. Во 2007 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје и на 16.4.2009 година ја одбранил магистерската теза со наслов "Прилог кон истражувањата за дизајнирање на логистичкиот систем во јавните сообраќајни претпријатија", под менторство на проф. д-р Ванчо Донев. Со одбраната на темата во април 2009 година се стекнал со звањето магистер на машински науки, истражувачко подрачје: менаџмент, со просечна оценка 9.71.

По завршувањето на редовните студии, во периодот од 1996 до 1999 година работел како директор на приватна компанија *Transport Logistic System* чија основна дејност била меѓународен транспорт и шпедиција. Во периодот 1999 - 2005 година работел во секторот Инспекторат на град Скопје на работното место, советник – инспектор за патен сообраќај. Во периодот 2005 - 2008 година работел во Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје на функцијата генерален директор. Од 2005 година работи како советник – инспектор за патен сообраќај во Град Скопје.

Преглед на завршени обуки и посетени конференции:

За време на неговото прво вработување имал можност на учесвува на неколку симпозиуми, семинари и саеми, како:

- Прв меѓународен симпозиум, МАКЕДОНСКИ СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ, Битола, декември 1996;
- 1st Conference on Combined Transport and Transit Flows of South East Europe (20-22 March 1996) Thessalonica, Greece;
- The First International Specialized Exhibition and Conference "INTERCARGO 98" The Balkans - a transport crossroads between Europe, Asia and Africa - Sofia, Bulgaria;
- 2nd Conference on Intermodal Transport and Transit Flows of South East Europe 4-6 June 1998, Thessaloniki, and Greece.

Ова искуство му го овозможило второто вработување во Собрание на град Скопје (1999 - 2005). Оваа работна функција му овозможила да присуствува на конференции во организација на Меѓународната асоцијација за транспорт POLIS:

- Public Transport 2010 ""EU-Special" Linz, Austria, March 2001;
- 16th Annual POLIS Conference, Integrated Transport Management-the way Ahead for Europe's Local Authorities, 29-30 November 2001, Rome Italy (Exchange view and discuss current trends and practices in European, national and local transport planning and policy - making);
- 17th Annual POLIS Conference Promoting Excellence in Transport for Sustainable Cities and Regions 21-22 November 2002, Brussels Belgium (Debate the conditions needed to achieve a breakthrough in sustainability, further promote partnership and develop a common vision amongst local stakeholders);
- City Mobil Workshop and discussion on the future of automated transport systems;

Во интерес на подобрување на знаењето од областа на струката, во досегашното негово работно искуство имал можност да присуствува на повеќе настани како:

- 57 UITP World Congress and Exhibition, Helsinki, May 2007;
- International Trade Fair for Transport and Technology, September 2006;
- UITP National Workshop, Skopje, June 2007;
- Regional Public Transport seminar, Contracting, Financing and Corporate Management, Skopje, September 2011;
- Национална работилница во организација на Републички совет за Безбедност на патиштата, со тема:„Одржување на патиштата во функција на безбедност на сообраќајот на патиштата", април 2008;
- 100 th Europian Union Committee Meeting, Krakow Poland July 2008;
- International workshop UITP and ASSTRA, Crime and Vandalism ALL CHANGE, Napoli, December 2007;
- Национален Симпозиум во организација на Републички совет за безбедност на патиштата, на тема:„ Актуелни проблеми во безбедноста на сообраќајот на патиштата";
- Public transport service contracts: Consequences of the new European legal framework October 2007;
- 11 –th Conference of the Central and Southeastern capitals as a partners to the EU, October 2007;
- IT –Trans Conference & Exhibition specialized in IT Solutions for Public Transport February 2008.

Во насока на усовршување на знаењето, исто така имал можности да посети бројни семинари, симпозиуми и саеми во земјава и во странство (Бугарија, Турција, Грција, поранешна Југославија, Германија, Унгарија, Словенија, Шпанија, Белгија, Финска, Полска, Италија, Обединети Арапски Емирати, Чешка итн) и постојано да ги следи современите трендови во областа на транспортниот менаџмент, логистиката од сообраќајната наука и струка.

Преглед на научноистражувачки и стручни трудови:

1. **O.Gjorgievski**, N.Krstanoski, INTRODUCTION OF AUTOMATED VEHICLE LOCATION SYSTEM AND A SYSTEM FOR REAL-TIME PASSENGER INFORMATION IN THE PUBLIC TRANSPORT IN SKOPJE, November 2005.
2. **О. Ѓоргиевски** МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИХОДИ ПОМЕЃУ ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ ВО СКОПЈЕ, септември 2007.
3. **О. Ѓоргиевски,** Н. Крстаноски ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ ВО СКОПЈЕ И ЈСП – Скопје, февруари 2007,
4. **О. Ѓоргиевски**, Компаративна анализа на даночните стапки на ДДВ во јавниот превоз, во земјите - членки на Европската унија, февруари 2007.
5. **О. Ѓоргиевски** АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ЗА ЈАВЕН ГРАДСКИ ПРЕВОЗ ВО ЕВРОПСКИТЕ ГРАДОВИ март 2007.
6. **О. Ѓоргиевски**, Н. Крстаноски ЗОШТО СЕ ПОТРЕБНИ СУБВЕНЦИИ ВО ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПАТНИЧКИ ПРЕВОЗ? ИСКУСТВА ОД ЕВРОПА И ПРЕПОРАКИ ЗА СКОПЈЕ септември 2007.
7. **O. Gjorgievski,** CRIME AND VANDALISM IN THE PUBLIC TRANSPORT IN SKOPJE and MEASURES FOR IMPROUVING THE SECURITY INTO THE BUSSES, April 2008.
8. **О. Ѓоргиевски**, Н. Крстаноски, В. Атанасова СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ ВО СКОПЈЕ 2008 - 2018 февруари 2008.

Активно го говори англискиот јазик, а се служи со албанскиот јазик.

2. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Подигањето на свеста од аспект на изборот на мобилноста и менаџирањето на мобилноста претставува дел од политиката на организацијата на системот на патување. Менаџментот на мобилноста може да се разгледува како независна активност или заедно со инвестиционите политики посебно кога се работи за инфраструктурни инвестиции.

Менаџментот на мобилноста претставува првенствено пристап којшто е ориентиран кон потребите на патниците или транспортот на товар при тоа користејќи различни алатки кои имаат за цел поддршка на пристапот кон изнаоѓање одржливи модели на транспорт. Алатките, во основа, вклучуваат одредени информации и координација во системот на организација на транспортот. Концептот и поставеноста на менаџментот на мобилноста може да се реализира преку различни улоги или функции, како на пример менаџер на мобилност, центар за мобилност, консултант за мобилност, канцеларија за мобилност, координатор на мобилност. Исто така, дел од концептот можат да бидат услугите на менаџирање на мобилноста како што се: информации, совети,

консалтинг, свесност и образование, организација и координација, резервации и продажба на транспортни производи и услуги.

Главната цел на менаџментот на мобилноста е да се постигне што поголемо ниво на одржливост на мобилноста. Истражувањата во делот на менаџментот на мобилноста подразбираат разгледување на подвижноста како од аспект на потребите за патување на луѓето, така и од аспект на транспортот на стоката, а исто така е потребно да се изврши истражување на одржливоста и целовитоста на животната средина, социјалниот аспект како и економската ефикасност.

Истражувачките активности по однос на менаџментот на мобилноста во оваа тема треба да бидат насочени кон сите нивоа на организација.
Политичко ниво: На ова ниво, менаџментот на мобилноста мора да почне и потоа мора да се одржува при што особен акцент треба да се стави на дизајнирањето на соодветен тим. Истражувањето треба да вклучи цели региони или општини во чија надлежност се донесувањето на политичките одлуки, прописи, заклучоци итн. Истражувањето на ова ниво е од посебно значење за секоја компанија.

Менаџерско ниво: На ова ниво, истражувањата треба да одат во правец на организационата поставеност на менаџментот на мобилноста, која има посебна улога за секоја компанија.

Корисничко ниво: Во овој дел истражувањата треба да бидат извршени на менаџментот на мобилноста која е во директна врска со корисникот. Во овој дел треба да се изврши истражување на сите сегменти на мобилноста кои се нудат на крајниот корисник на локално, регионално или на државно ниво.

Истражувачкото подрачје во кое е насочена предложената тема би постигнала сериозни подобрувања во компаниите и заедницата доколку сериозно му се посвети соодветно внимание на менаџментот на мобилноста во смисла на целосно имплементирање на резултатите од истражувачката работа, а кои би имале за цел смалување на неопходните патувања од дома до работа, смалување на потребата за патувања кои не се врзани за процесот на работа, а кои често се комбинираат со работните патувања, обезбедување соодветен масовен транспорт, подигање на атрактивноста на колективниот превоз, промовирање на заедничкото патување со автомобил, подобрување на инфраструктурата за користење на велосипеди или пешачење, обезбедување на алтернативни начини на патувања до работните места, обезбедување соодветен паркинг - простор како и користење возила со алтернативни горива.

3. ЦЕЛИ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Главна цел на оваа докторска дисертација е да се одреди степенот на корелација на поединечните сегменти на мобилноста кои би се користеле да се опишат дадени појави окарактеризирани со множеството од мобилност.

Вредностите добиени за степенот на корелација помеѓу оделните видиови мобилност би се искористиле за креирање на модели чија цел е идно намалување на генерираните досегашни високи издатоци на компаниите и заедницата, а која би обезбедила поголема одржливост на целиот систем на мобилност.

Втората цел на дисертацијата е креирање на симулациски модел за мобилност (систем за масовно опслужување) чии процеси на доаѓање и опслужување се карактеризираат со незанемарлива корелација, Притоа, степенот на корелација ќе биде одреден со користење на соодветна трансформација

4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во текот на изработката на докторската дисертација, планирано е да се користат следниве методи на истражување:

- анализа на постојните решенија на менаџментот на мобилноста;

- прибирање на податоци за анализа. При ова, иницијално се планира да се користат множества од податоци што се јавни и до кои може слободно да се пристапи;

- користење на досегашни анкети кои може да бидат превземени од литературата и практиката во однос на дефинирање на досегашниот менаџмент на мобилност;

- телефонски анкети во однос на истражувањето на задоволството на вработените од степенот на менаџментот на мобилноста;

- разговори со вработените и разгледување на нивните размислувања за подигање на нивото на мобилноста;

- користење на податоци од IT - системот на компаните кои ќе бидат цел на истражувањето;

- примена на алгоритмите за одредување на соодветни трансформации;

- креирање на нов нов модел на менаџмент на мобилноста;

- тестирање на новиот модел на менаџмент на мобилноста во практика.

5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Како резултат од докторската дисертација се очекува да биде презентиран нов модел на менаџмент на мобилноста којќе биде од значење за компаниите при изработката на своите "cost benefit" посебно во фазите на проектирање на одредени производни капацитети, а со тоа и значителни ефекти би се постигнале за заедницата.

Исто така, се очекува резултатите од истражувањето да генерираат соодветен модел на менаџмент на мобилноста и тој да биде комплетно имплементиран и во практика, по што се очекува во период од една година да ги даде првичните резултати, кои континуирано ќе бидат мерени, следени и контролирани со претходно дефинирани методи на следење. По добивањето на првичните резултати се очекува моделот да биде пренесен во целост кај компаниите, а исто така и во единиците на локалната и централната управа.

ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Орце ГЕОРГИЕВСКИ, врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и способност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Влијание на мобилната работна сила на менаџирањето на трошоците на работење во јавниот сектор“ треба да има наслов **„Влијание на мобилноста на работната сила на менаџирањето на трошоците на работење на компаниите“,** е подобна и претставува актуелно и современо истражување и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Ванчо ДОНЕВ од Машинскиот факултет во Скопје.

10.5.2012 година

Комисија

1. Проф. д-р Ванчо ДОНЕВ, Машински факултет – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Радмил ПОЛЕНАКОВИЌ, Машински факултет – Скопје с.р.

3. Проф. д-р Валентина ГЕЧЕВСКА, Машински факултет - Скопје с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО *ФЕМИНИСТИЧКА ЕПИСТЕМОЛОГИЈА* ОД АВТОРОТ М-Р БОБИ БАДАРЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVI редовна седница одржана на 18.4.2012 година, донесе одлука со која ме назначи за рецензент на учебното помагало под наслов *Феминистичка епистемологија* од м-р Боби Бадаревски. Со почит кон укажаната доверба го доставувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Трудот под наслов *Феминистичка епистемологија* на м-р Боби Бадаревски е наменет за студентите од Институтот за родови студии како учебно помагало по предметот методологија на родовите истражувања, задолжителен предмет во IV семестар, со вкупен фонд на часови 4+2 (7 кредити), како и по предметот феминистичка епистемологија, кој е предвиден како задолжителен предмет во новата ревидирана наставна програма.

Содржините во ова учебно помагало главно се темелат врз сознанијата и резултатите од магистерскиот труд на Бадаревски, и покриваат едно подрачје досега неелаборирано на нашите простори од аспект на поврзаноста на феминистичката епистемологија и родовата анализа, но мошне значајно за потребите на нашите студенти. Онака како што е структурирано, во две тематски целини со по три поглавја, ова учебно помагало, од една страна нуди методолошко-методска рамка за детектирање и анализирање на родовите разлики во јавниот живот, а од друга страна нуди и насоки за аплицирање на една феминистичка методолошко-епистемолошка стратегија во развивањето на родовата анализа на социјалните процеси и применетите политики во Р. Македонија. Токму затоа, понудените содржини, освен од теориски аспект, се значајни и од аспект на практичното обучување на студентите за примена на конкретни практики на испитување кои треба да дадат резултати во постигнувањето на родовата еднаквост.

Првиот дел од овој труд е посветен на теоретските разгледувања и анализи на феминистичката епистемологија и родовата анализа, и започнува со осврт кон феминистичката методологија, феминистичката епистемологија и проблемите на феминистичката епистемологија и методологија, кои се, всушност, посебно разработени теми во рамките на првото поглавје. Второто поглавје се однесува на родовата анализа и во него критички се прикажуваат историските и институционалните фактори кои влијаеле врз појавата и развојот на родовата анализа. Првата тематска целина е заокружена со поглавјето „Феминизмот и родовата анализа", каде што акцентот е ставен врз заемниот однос на феминистичката епистемологија и родовата анализа во контекст на развојните теории и практики, а како еден од најголемите предизвици на феминистичките и родовите студии.

Во еден логички и континуиран след, во втората тематска целина се интегрирани насоките за развивање на една критичка родова анализа преку разработени две студии на случај, и во нив, воедно, се тестираат

претпоставките на редизајнираната родова анализа. Првата студија на случај се однесува на родовата еднаквост и локалната самоуправа (општина Битола), додека втората ја опфаќа родовата анализа на националната политика на Р. Македонија за информатичко општество. Исходувајќи од фактот дека Р. Македонија е мултикултурна заедница, последното поглавје од вториот дел ги опфаќа темите посветени на метатеоретска расправа за претпоставките кои треба да бидат земени предвид во теоретскиот контекст на родовите анализи.

Во услови на недостиг на литература на македонски јазик од областа на родовите студии, печатењето на овој пионерски труд несомнено ќе претставува драгоцен прилог во напорите за збогатување на литературата наменета за студентите на Институтот за родови студии, но исто така и за сите други студенти кои имаат интерес да ги прошират своите сознанија од областа на феминистичката епистемологија и методологија. Затоа со посебно задоволство го препорачувам овој труд за печатење.

Рецензент
Проф. д-р Сузана Симоновска, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО *ФЕМИНИСТИЧКА ЕПИСТЕМОЛОГИЈА* ОД АВТОРОТ М-Р БОБИ БАДАРЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVI редовна седница одржана на 18.4.2012 година, донесе одлука со која ме назначи за рецензент на учебното помагало под наслов *Феминистичка епистемологија* од м-р Боби Бадаревски. Со почит кон укажаната доверба го доставувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Феминистичка епистемологија е труд на м-р Боби Бадаревски наменет како учебно помагало за студентите од Институтот за родови студии по предметот методологија на родовите истражувања, задолжителен предмет во IV семестар, со вкупен фонд на часови 4+2 (7 кредити), како и по предметот феминистичка епистемологија, кој е предвиден како задолжителен предмет во новата ревидирана наставна програма.

Самиот труд е конципиран во два дела. Првиот, насловен *Феминистичка методологија*, преку 5 поглавја ги разработува поимите феминистичка методологија и феминистичка епистемологија, проблемите поврзани со феминистичката методологија и епистемологија, родовата анализа и односот на родовата анализа и феминизмот. Вториот дел на овој труд, преку три поглавја, се занимава со конкретните прашања и проблеми поврзани со односот на родовата анализа и Република Македонија, илустрирани преку две студии на случај.

Авторот Бадаревски во овој труд главно се фокусира на врската меѓу феминистичката епистемологија и родовата анализа како практики на испитување и истражување од кои се очекува да дадат резултати при постигнувањето на родовата еднаквост и елиминација на дискриминација на жената. И покрај тоа што феминистичката епистемологија и родовата анализа се релативно нови научни дисциплини (се јавуваат во 80-тите години од XX век), нивното етаблирање во ешалонот на современите науки не е без проблеми. Во тој контекст, авторот ги нагласува можеби преголемите очекувања што биле поставени пред нив од страна на феминистичкото движење, а кои довеле до проблеми во развојот на стратегиите за родова еднаквост, со цел да креира подлога за преиспитување на нивната улога не само во феминистичките движења, туку и во родовите студии како надополнување на истражувачките позиции на феминизмот.

Авторот Бадаревски уште на самиот почеток на трудот јасно става до знаење дека: „стратегиите за постигнување на родовата еднаквост се темелат на одредени аналитички методи во формулацијата, спроведувањето и евалуацијата на специфичните политики од јавната сфера", што наметнува потреба од јасна определба на поимите феминистичка епистемологија и родова анализа. За таа цел, тој, во првиот дел од трудот, прави краток историски преглед, ги наведува општите карактеристики, ситуираноста и карактерот на феминистичката епистемологија и родовата анализа. Во овој

дел се претставени и анализирани главните правци во феминистичката епистемологија – феминистички емпирицизам и феминистички епистемолошки постмодернизам, како и проблемите со кои се соочуваат феминистичката епистемологија и методологија. Тоа е сторено на јасен и прегледен начин, што е од особно значење за оној кој првпат се среќава со оваа проблематика. Родовата анализа, авторот Бадаревски ја претставува преку историските и институционалните фактори кои влијаеле врз нејзината појава и развој. Во ова поглавје, Бадаревски го анализира контекстот на појава на родовата анализа, аналитичко-истражувачките концепции за жените во развој и родот во развој, родовата анализа како дел од креирање на политики. Студентите (читателите) имаат можност во овој дел детално да ги запознаат трите (главни) типа на родова анализа – Харвардската аналитичка рамка, Трите Р и Родовата методологија на евалуација (РМЕ) (GEM), нивното значење и улога, но и ограничувањата со кои се соочуваат овие типови на анализа. Овој дел завршува со поглавје насловено – „Феминизмот и родовата анализа", а во кое поглавје се обработени односот на феминизмот и развојните теории, поконкретно феминистичката епистемологија и родовата анализа, со посебен акцент на родовата анализа како дерадикализирано феминистичко истражување, но и нагласената опасност од сциентификација на родовата анализа.

Во вториот дел од ова учебно помагало се претставени две студии на случај. Првата студија на случај се однесува на локалната самоуправа и родовата еднаквост во општина Битола каде што авторот Бадаревски на конкретен пример се обидува да тестира една претпоставка за една редизајнирана родова анализа. Целта на неговата анализа е да согледа колку родовата анализа во контекст на спроведување на одредени политики може да има и „информативна и критичка перспектива пред да биде извршена „техничка анализа", односно собирање и анализа на податоците", односно да се креира контекст во кој родовата перспектива би се појавила како епистемолошки оправдана. Авторот смета дека преку изнесената студија на случај ќе се добие увид во однос на процесите на децентрализација на власта, надлежностите и средствата на единиците на локалната самоуправа и ќе се преиспита начинот на постојните политики и практики во приодот кон родовата еднаквост, а особено статусот на жените. Втората студија на случај не се занимава директно со родовата еднаквост, туку со анализа на политиката и стратегијата на Република Македонија за информатичкото општество, а со цел да ги открие импликациите врз родовите односи и можните принципи на интеграција на родот во конкретна имплементација на информатичките политики. Анализата во оваа студија има за цел да ги идентификува родовите теми и да покаже колку (дали) во Р. Македонија јакне свеста за родовата димензија на информациско-комуникациските технологии во контекст на развој на информатичкото општество. Тоа е од особено значење за обезбедување знаења кои ќе бидат искористени во продукција и евалуација на ИКТ-политиките и проектните активности во насока на родовата еднаквост.

Врз основа на претходно изнесеното, ценам дека учебното помагало со наслов „Феминистичка епистемологија", претставува значаен извор на знаење и информации што ќе бидат од голема полза за студентите по родови студии. Овој труд на авторот Бадаревски пополнува една голема празнина во

однос на еден значаен и, би рекол, клучен дел на родовите студии – феминистичката епистемологија и методологија. Трудот освен тоа што ги обработува најновите и актуелни теории во споменатите научни дисциплини, посветува и видно внимание на анализа на состојбите во Р. Македонија во рамките на остварување на родовата еднаквост, а истовремено дава и конструктивни предлози за креирање на идните политики на тоа поле.

Со големо задоволство го препорачувам трудот на печатење.

Рецензент
Проф. д-р Владимир Давчев, с.р.

Скопје, 11.6.2012 година

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОКСИГЕНАЦИЈА НА МОЗОКОТ ВО ТЕК НА ЛАПАРОСКОСПСКА ХОЛЕЦИСТЕКТОМИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р Д-Р БИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XIII редовна седница одржана на 7.6.2012, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет одреди Рецензентска комисија за рецензија на докторската дисертација од м-р д-р Билјана Кузмановска, специјалист-анестезиолог, вработена на ЈЗУ Универзитетската клиника за анестезиологија, реанимација и интензивно лекување, Скопје, во состав:

1. проф. д-р Марија Шољакова
2. проф. д-р Зорка Николова Тодорова
3. проф. д-р Никола Јанкуловски.

Рецензентската комисија ја разгледа докторската дисертација под наслов : **Оксигенација на мозокот во тек на лапароскоска холецистектомија.** По направените меѓусебни консултации го донесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Извештај за доставената докторска дисертација

Докторската дисертација е самостоен труд на д-р Билјана Кузмановска од областа на анестезиологијата.Таа е изнесена на 87 страни и е поделена на 10 поглавја: вовед, податоци од литературата, мотив за изработка на трудот, цели на трудот, матер ијали и методи, резултати, дискус ија, заклучоци, апстракт, како и литература во прилог.

2. Извештај за поодделни делови од докторската дисертација:

Во почетниот дел од **воведот,** кандидатката дава куса експликација во која објаснува дека лапараскопската хируршка метода иако е минимално инвазивна, сепак пневмоперитонеумот влијае и ги нарушува физиолошките процеси во разни органски системи. Во делот **Податоци од литературата,** кандидатката ги објаснува предностите на лапароскоската хирургија во однос на класичната лапаротомија поткрепено со податоци од литературата, по однос на инфламаторниот одговор, употребата на антибиотици, скратување на времето на хоспитализацијата, како и редефинирање на контраиндикациите за лапароскоска хирургија, со посебен осврт врз традиционално високо ризичните групи за лапароскопија: пациенти со зголемена тлесна тежина, геријатриски пациенти и деца.

Понатаму, кандидатката се осврнува на ефектите на пневмоперитонеумот врз органските системи на организмот. Во посебен дел е опишана мозочната циркулација, испорачувањето и потрошувачката на кислород во мозокот, како и ефектите на лапароскоската хируршка метода врз мозочната перфузија. Последниот дел е посветен на објаснување на методата на интермитентна секвенционирана компресија на долните екстремитети како суверен метод за спречување на стазата во нив. Компресијата во долните екстремитети придонесува кон подобрување на враќањето на крвта во срцето и зголемување на срцевиот минутен волумен, што води кон подобрување на циркулацијата во мозокот.

Мотивот за подготовка на истражувањето кандидатката го пронаоѓа во потребата за подобрување на безбедноста на пациентите во текот на лапароскопските процедури. Иако методот е со минимална инвазивност, сепак пневмоперитонеумот го нарушува ацидобазниот и гасен статус поради инсуфлацијата на јаглероден двооксид и предизвикува хиперкапнија и хемодинамски промени. Сето тоа го актуализира проблемот на соодветно кислородно снабдување на мозокот со цел за навремено лекување и превенција.
Целите на студијата кои се јасно дефинирани и образложени се:

1. да се определи дали зголемениот интраабдоминален притисок во текот на лапароскопијата (пневмоперитонеум) влијае врз мозочната оксигенација
2. да се утврди дали времетраењето на пневмоперитонеумот во текот на лапароскопските хируршки интервенции влијае врз мозочната оксигенација.
3. да се утврди корелацијата меѓу варијациите во средниот артериски притисок, срцевата фреквенција, оксигенацијата на периферната крв и оксигенацијата на мозокот во текот на лапараскопијата.
4. да се утврди дали интраоперативната примена на интермитентна секвенционирана компресија на долните екстремитети може да ја подобри оксигенацијата на мозокот во текот на лапароскопијата.

Во делот **Материјали и методи** е наведено дека студијата е проспективна, интервенциска, рандомизирана, контролирана, отворена студија со користење на паралелни групи на пациенти. Студијата е изведена на Клиниката за анестезиологија, реанимација и интензивно лекување и на Клиниката за дигестивна хирургија. Во студијата се вклучени 100 пациенти, селектирани според јасно дефинирани критериуми за вклучување во студијата, со дијагноза Cholecystitis calculosa chronica кои биле подложени на хируршко отстранување на жолчното ќесе.

Пациентите биле поделени во две групи од по 50 по случаен избор. Едната група пациенти (гр.I) е контролна група, а втората група пациенти (гр.II) во текот на лапароскопска холецистектомија биле подложени на интермитентна секвенционирана компресија на долните екстремитети (ИСК). Анестезиолошката техника во двете групи пациенти била стандардизирана, како и мониторингот на виталните параметри (континуиран ЕКГ запис, срцева фреквенција (пулс/мин), неинвазивен крвен притисок на секои 10 минути, пулсоксиметрија и капнографија). Содржината на кислородот во венската крв на внатрешната југуларна вена ($SjvO_2$) е специфичен мониторинг за кислородното снабдување на мозокот. За таа цел се земени повеќе примероци од крв, првпат веднаш по воведот во анестезија (базични вредности) и потоа на секои 15 минути по предизвиканиот пневмоперитомнеум, сè до десуфлација на абдоменот. Последниот примерок е земен пред екстубација на пациентите.

Вредностите на сатурацијата со кислород на мешаната венска крв, парцијалниот притисок на кислородот во крвта, вредноста на pH, како и вредностите на срцевата фрекфенција и неинвазивниот крвен притисок и нивната корелација се анализирани со адекватни статистички анализи.

Резултатите се прикажани на 17 табели и 21 графикон, како и со соодветни коментари од страна на авторката. Резултатите се анализирани за секоја фаза на испитувањето за секој параметар ; сатурацијата со кислород на венската крв, парцијалниот притисок на кислородот во венската крв, вредноста на pH на венската крв, вредноста на сатурацијата на периферната крв со кислород, мерена пулсоксиметриски, како и вредностите на срцевата фреквенција и неинвазивниот притисок, и нивната корелација со сатурацјата со кислород на крвта од внатрешната југуларна вена во сите фази на испитувањето.

Од добиените резултати се воочува дека просечните вредности на сатурацијата со кислород на мешаната венска крв од внатрешната југуларна вена во групата без ИСК, веднаш после креирањето на пневмоперитонеумот нагло опаѓаат, а во подоцнежните мерења имаат тенденција кон опоравување. Во групата со ИСК, просечните вредности на сатурацијата на крвта на внатрешната југуларна вена не бележат пад после креирањето на пневмоперитонеумот, а разликите кои се регистрираат во однос на просечните вредности во текот на мерењето меѓу двете групи според Mann-Whitney U тестот се статистички сигнификантни за второто и третото мерење ($p<0,05$). Во останатите мерења, иако постојат разлики на вредностите на $SvjO_2$, тие не се статистички сигнификантни ($p>0,05$).

Просечните вредности на парцијалниот притисок на кислородот во групата без ИСК покажуваат нагол пад во второто мерење, т.е. по креирање на пневмоперитонеумот, со тенденција за понатамошно опоравување, додека во групата со ИСК, просечните вредности на парцијалниот притисок на кислородот во крвта не се намалуваат после креирањето на пневмоперитонеумот. Разликите кои се регистрираат во однос на просечните вредности во текот на мерењето помеѓу двете групи според Mann-Whitney U тест се статистички сигнификантни во првото и второто мерење ($p<0,05$).

Разликите во другите мерења не се статистички сигнификантни ($p>0, 05$).

Разликите кои се регистрираат во однос на просечните вредности на вредноста pH на мешаната венска крв од внатрешната југуларна вена во текот на

мерењата меѓу двете групи (со и без ИСК), според Mann-Whitney U тестот, се статистички сигнификантни меѓу второто, третото и петтото мерење со p<0, 05. Разликите во останатите мерења не се статистички сигнификантни со p>0, 05

Разликите кои се регистрираат во однос на просечните вредности на средниот артериски притисок во текот на мерењата меѓу двете групи пациенти (со и без ИСК), според Mann-Whitney U тестот, статистички не се сигнификантни.

Разликите кои се регистрираат во однос на просечните вредности на пулсот во текот на мерењата меѓу двете групи според Mann-Whitney U тестот се статистички сигнификантни и во петтото мерење p<0,05.

Во останатите мерења разликите се статистички несигнификантни со p>0,05.

Разликите кои се регистрираат во однос на просечните вредности на сатурацијата на периферната крв со кислород, мерена со пулсоксиметрија помеѓу двете групи според Mann-Whitney U тестот, се статистички несигнификантни (p>0,05).

Анализата на поединечните варијабли на корелацијата меѓу варијациите на средниот артериски притисок, срцевата фреквенција, оксигенацијата на периферната крв и оксигенацијата на мозокот во текот на лапароскопијата кај двете групи пациенти покажа дека статистички сигнификантно влијание врз оксигенацијата на мозокот има сатурацијата на крвта со кислород.

Во делот „**Дискусија**" авторката ги коментира своите резултати поединечно и ги споредува со резултатите на другите автори од литературата. Посебен осврт е даден на влијанието на пневмоперитонеумот врз оксигенацијата на мозокот, како и влијанието на позиционирањето на пациентот во тек на лапароскопијата врз оксигенацијата на мозокот. Вредностите добиени во оваа дисертација се компарирани со вредностите на другите автори од литературата. Авторката дава анализа на резултатите на оксигенацијата на мозокот при употреба на ИСК, како и објаснување на дејството на секвенционираната компресија врз хемодинамиката, регионалните циркулации и оксигенацијата на мозокот, поткрепено со цитати од литературата.

Авторката го потенцира значењето на презервацијата на мозочната циркулација во тек на оперативната интервенција, како и значењето на наодите од оваа дисертација во секојдневната клиничка практика.

Заклучоци. Докторската дисертација објавува пет заклучоци, кои произлегуваат од истражувањето и кои одговараат на поставените цели. Имено, пневмоперитонеум кој се создава со инсуфлација на јаглероден двооксид во тек на лапароскопија предизвикува намалување на оксигенацијата на мозокот. Намалуваањето на оксигенацијата на мозокот перзистира за цело време на траење на пневмоперитонеумот, дури и по десуфлацијата. Во услови на анестезија и стабилна хемодинамика, варијациите на средниот крвен притисок и срцевата фреквенција немаат влијание врз оксигенацијата на мозокот, додека варијациите на оксигенацијата на крвта влијаат врз оксигенацијата на мозокот. Примената на секвенционираната интермитентна компресија на долните екстремитети во текот на лапароскопијата ја подобрува оксигенацијата на мозокот.

Литература. Цитирани се 105 релевантни стручни труда и поглавја од специјализирани изданија од еминентни и релевантни научни работници од сферата на истражуваната проблематика. Хронолошки може да се следат историјатот и почетоците на истражувањата, се до најновите достигнувања од оваа проблематика.

3. Оцена на поднесената докторска дисертација

Врз основа на приложената докторска дисертација, Комисијата констатира дека се исполнети сите услови за нејзина одбрана и по меѓусебна консултација го донесува следниов

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација покажа дека пневмоперитонеумот во тек на лапароскопија предизвикува намалување на оксигенацијата на мозокот. Намалувањето на оксигенацијата на мозокот се одржува за цело времетраење на оперативната интервенција. Оксигенацијата на мозокот, во услови на стабилна хемодинамика зависи од оксигенацијата на крвта. Употребата на интермитентната секвенционирана компресија на долните екстремитети во тек на лапароскопија, ја подобрува оксигенацијата на мозокот.

Што се однесува до апликативниот придонес во секојдневната анестезиолошка пракса, методите воведени во оваа дисертација ја подобруваат оксигенацијата на мозокот во текот на лапароскопијата, што ја зголемува интраоперативната безбедност на пациентот, исто така и го подобрува исходот на пациентот.

Рецензентската комисија, во полн состав, едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја процедурира во понатамошна постапка докторската дисертација од д-р Билјана Кузмановска, м-р сци, под наслов „**Оксигенација на мозокот во тек на лапароскоска холецистектомија**" и да овозможи одбрана на дисертацијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марија Шољакова с.р.

2. Проф. д-р Зорка Николова Тодорова с.р.

3. Проф. д-р Никола Јанкуловски с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ МЕРЕЊА И МАТЕРИЈАЛИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, донесена на седницата одржана на 30.5.2012 година, одредени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент по предметите од наставно-научната област електрични мерења и материјали, а во врска со точка 2 од распишаниот конкурс објавен во весникот „Дневник" од 4.5.2012 година.

На објавениот конкурс се пријави еден кандидат, Маре Србиновска, магистер по електротехника.

Врз основа на поднесените документи, биографијата на кандидатката и работата на кандидатката на Институтот во последните 3 години, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

М-р Маре Србиновска е родена на 31.7.1979 година во Скопје. Основно училиште и природно-математичка гимназија со одличен успех завршила во Скопје. Во учебната 1998/1999 се запишала на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката *електроника и телекомуникации*. Дипломира во 2003 година со дипломската работа „Моделирање на сообраќај за IP телефонија", ментор: проф. д-р Тони Јаневски. Во февруари 2004 година се запишала на постдипломски студии на насоката *електрични мерења и материјали* на Електротехничкиот факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Цветан Гавровски. Сите испити предвидени со наставната програма ги има положено со оценка 10. Магистерскиот труд со наслов „Модел за проценка на позицијата на паметни сензори во дистрибуирани мерни системи" успешно го одбрани на 9.1.2009 година.

Во текот на постдипломските студии учествувала во неколку истражувачки проекти, во рамките на кои остварила студиски престои на Техничкиот универзитет во Делфт, АГХ универзитетот во Краков и Универзитетот во Илменау, каде што работела на истражувања во областите на дистрибуирани мерни системи и аквизиција на мерни податоци.

На седниците на Наставно-научниот совет од 26.10.2005 година е избрана, а на 26.9.2007 е реизбрана за соработник-демонстратор. На седницата одржана на 27.5.2009 е избрана за помлад асистент на Институтот за електрични мерења и материјали.

Зборува и пишува англиски и германски јазик.

Професионална активност

По завршувањето на студиите, од март 2004 до ноември 2005, м-р Маре Србиновска работела во НВО- Фондација за развој на информатички технологии - Скопје.

Од ноември 2005 е ангажирана како демонстратор, а од јули 2009 е избрана како помлад асистент на Институтот за електрични мерења и материјали .

Наставно-педагошка дејност

Како помлад асистент, м-р Маре Србиновска е ангажирана во одржување на аудиториски и лабораториски вежби по предметите: основи на мерна техника, мерења во електротехниката, мерења во телекомуникациите, компјутеризирани мерења, микросетила и мерни системи, сетила и обработка на мерни сигнали и материјали во електрониката.

Таа била целосно вклучена во подготовката на аудиториските и лабораториските вежби.

Покрај тоа, кандидатката е и активно вклучена во подготвувањето и спроведувањето на испитите од горенаведените предмети.

Научна и стручна дејност

Кандидатката м-р Маре Србиновска по изборот во звањето помлад асистент има објавено седум труда, од кој еден во меѓународно списание, три труда на меѓународни и три труда на домашни конференции. Исто така, активно учествувала во научноистражувачкиот проект: Tempus JEP_CD 19010-2004, „Воведување на двостепени студии во метрологија", под раководство на вонр. проф. д-р Владимир Димчев.

Публикувани трудови

[1] В.Матески, **М. Србиновска**, В. Димчев, "*Мерење на забрзување во сеизмичко фреквентно подрачје*", ETAI Macedonian national Conference, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во трудот е опишана постапка за калибрација на акцелерометрите во сеизмичко фреквентното подрачје во која е имплементиран мерен систем за аквизиција на податоци. Трудот дава приказ на проблематиката на калибрација на акцелерометрите во нискофреквентното подрачје, постапката за калибрација, опис на користената опрема и имплементираниот компјутерски мерен систем.

[2] **M. Srbinovska**, V.Dimcev, C. Gavrovski "*Algorithm for localization of smart sensors in distributed measurement systems*", In Proceedings of the ETAI Macedonian national Conference, 2009, Ohrid, Macedonia.

Одредувањето на локацијата на јазлите во еден интелигентен мерен систем е еден од основните проблеми во мрежи кои се состојат од неколку стотици до неколку илјади јазли. Во овој труд е направена анализа за одредување на позицијата на сензорите во дистрибуирани мерни системи со мала моќност и ниска цена, потребни за безжична комуникација.

[3] **M. Srbinovska**, C. Gavrovski, V.Dimcev, "*Distance Uncertainties of Nodes in Wireless Sensor Networks using Multilateration Algorithm*", International scientific and applied science conference ICEST, 2010, Ohrid, Macedonia.

Во овој труд е предложен алгоритам на мултилатерација за одредување на неодредеността на позициите на јазлите за случаи кога се познати

координатите на фиксен број јазли и растојанието помеѓу нив. Развиениот алгоритам е имплементиран за сензорска мрежа во реални услови.

[4] **M. Srbinovska**, V.Dimcev, C. Gavrovski, Z. Kokolanski, "*Localization Techniques in Wireless Sensor Networks using Measurement of Received Signal Strength Indicator*," Journal of Electronics, vol. 15, no. 1, pp. 67–71, June 2011.

Во трудот е развиен систем за одредување на локацијата со проценка на растојанието помеѓу сензорските јазли со мерење на јачината на приемниот сигнал од поголем број на безжични сензорски јазли.

[5] **М. Србиновска**, В. Димчев, Ц. Гавровски "*Безжичен мерен систем со примена во земјоделството*", In Proceedings of the ETAI Macedonian national Conference, 2011, Ohrid, Macedonia.

Во овој труд е опишан безжичен мерен систем за мониторирање на релевантни параметри на околината во земјоделството (раноградинарски зеленчук, цвеќиња, итн.) со кој се обезбедуваат информации за параметрите како на пример, температура, влажност, јачина на осветленост. Анализата и приказот на вредностите на параметрите кои се добиваат од сензорските јазли се направени во програмскиот пакет Labview.

[6] Vladimir Dimchev, Zhivko Kokolanski, **Mare Srbinovska**, Dragan Denic, Milan Simic "*Low Cost Virtual Flickermeter*", 2012 IEEE International Instrumentation and Measurement Technology Conference, May 2012, Graz, Austria.

Трудот ја третира проблематиката на варијација на интензитетот на светлината кои ги забележува човечкиот мозок како треперење на светлината. Во овој труд е опишано едно евтино решение за мерење на ефектите на фликер базиран на виртуелна нструментација и со помош на софтверска платформа Labview.

[7] Zivko Kokolanski, Vladimir Dimcev, **Mare Srbinovska**, Dimitar Taskovski "*Wireless Virtual Instrument for PQ Harmonic Analysis*", In Proceedings of the 56th ETRAN International Conference, 2012, Zlatibor, Serbia (прифатен труд).

Во овој труд е предложен еден виртуелен инструмент за анализа на параметрите за квалитет на електрична енергија изработен во софтверскиот пакет Labview. Овој виртуелен инструмент пресметките за одредување на RMS-хармониците ги извршува со користење на дискретна фуриеова и вејвлет-трансформација. Се користат и *XBee RF*-модули за безжично испраќање на мерните резултати на далечина.

Стручно усовршување

М-р Маре Србиновска учествувала на повеќе семинари, обуки и научни собири каде што се третира проблематиката на мерната техника и инструментација. Во текот на додипломските и постдипломските студии учествувала на:

- 19-24 јули 2008 – Првиот интернационален универзитет по електрични мерења (IMU), организиран од IEEE, Здружение за инструментација и мерења, Тренто, Италија;
- јануари 2008 - студиски престој на АГХ универзитетот во Краков, Полска,

Институт за метрологија во рамките на Темпус-проектот JEP_CD_19010-2004, каде што работела во областа на дистрибуирани мерни системи и аквизиција на мерни податоци;

- август - септември 2007 - студиски престој на Техничкиот универзитет во Илменау, Германија, во рамките на ISSNB DAAD-проектот каде што работела во областа на дистрибуирани мерни системи;
- јули 2007 - LabVIEW курс на АГХ универзитетот во Краков, Полска, Институт за метрологија во групата на проф. Јануш Гајда;
- јули 2006- престој на Техничкиот универзитет во Делфт, Лабораторија за електрични мерења во рамките на Темпус-проектот JEP_CD_19010-2004, каде што работела во областа на капацитивни и индуктивни сензори во групата на проф. Херард Мајер.

Заклучок и предлог

Кандидатката м-р Маре Србиновска покажала извонредни резултати, како во текот на додипломските и постдипломските студии, така и во работата како демонстратор и како помлад асистент на Институтот за електрични мерења и материјали. Активно учествувала во осовременувањето на наставниот процес, а исто така постигнала значајни резултати и на научноистражувачко, стручно и апликативно поле, објавувајќи поголем број трудови на меѓународни и домашни конференции.

Врз основа на изнесеното и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја избере м-р Маре Србиновска, дипл. ел. инж., во звањето асистент по предметите од наставно-научната област електрични мерења и материјали.

Скопје, 18.6.2012

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Цветан Гавровски, с.р
2. Проф. д-р Љупчо Арсов, с.р
3. Вонр. проф. д-р Владимир Димчев, с.р

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје

1) М-р Тони Ѓуроски	Улогата и придонесот на цивилните способности на Европската унија во остварувањето на Европската безбедносна стратегија	1. Проф. д-р Лидија Георгиева 2. Проф. д-р Марина Митревска 3. Проф. д-р Тони Милески
2) М-р Лидија Зорба	Форми на психосоцијална интервенција кај луѓе со малигни заболувања	1. Доц. д-р Иван Трајков 2. Проф. д-р Јован Пејковски 3. Доц. д-р Светлана Трбојевиќ
3) М-р Струмка Јакимовска	Менаџментот и воспитната функција во современото основно училиште во Република Македонија	1. Проф. д-р Марија Костова 2. Проф. д-р Анета Баракоска 3. Проф. д-р Сузана Миовска Спасева
4) М-р Дора Јурукова	Бугарската окупаторска власт во Македонија (1915-1918)	1. Проф. д-р Никола Жежов 2. Проф. д-р Методија Манојловски 3. Проф. д-р Маргарита Пешевска
5) М-р Елена Ташкова	Односот на јазичката развиеност и способностите за помнење кај децата со специфично јазичко нарушување на помлада училишна возраст	1. Проф. д-р Миле Вуковиќ 2. Проф. д-р Горан Ајдински 3. Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје
на 390. седница на Наставно – научниот совет одржана на 21.6.2012 година

Р. бр.	Кандидат	Работен наслов на темата	Ментор
1	**Абази Сеад, дипл. геот.инж.**	**Споредбена анализа на однесувањето на темелната подлога од армирана земја**	проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, Градежен факултет во Скопје
2	**Ангелина Симоновска дипл.град.инж.**	**Управување со работниот притисок како мерка за намалување на загубите на вода во водоснабдителните системи**	проф. д-р Петко Пеливаноски, Градежен факултет
3	**Бојан Сусинов, дипл.геот.инж.**	**Стабилизација и модификација на слабоносиви почви со додатоци**	проф. д-р доц. д-р Јосиф Јосифовски, Градежен факултет
4	**Даниел Анѓеловски, дипл.град.инж.**	**Компромис помеѓу енергетските барања и квалитетот на дневната светлина кај енергетски ефикасни системи на прозорци**	доц. д-р Тодорка Самарџиоска, Градежен факултет

5	**Ивана Димитрова - Журовска, дипл.град.инж.**	**Проектирање на тенкосидни челични елементи според ЕВРОКОД 3**	проф. д-р Атанас Филиповски, Градежен факултет
6	**Иванчо Божиновски, дипл.геод.инж.**	**Примена на сателитско позиционирање во геодетската оскултација на инженерските објекти**	проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет
7	**Кире Секуловски, дипл.град.инж.**	**Модалитет за ефикасна изработка на проектна документација за градежни објекти**	проф. д-р Валентина Жилеска Панчовска, Градежен факултет
8	**Магда Величковска, дипл.град.инж.**	**Компаративна анализа на аналитичко и in situ определување на коефициентот на топлинска спроводливост за обвивката на станбен објект**	проф. д-р Тодорка Самарџиоска, Градежен факултет
9	**Марјан Илиевски, дипл.геод.инж.**	**Глобално геодетско позиционирање со системот ASHTECH PROMARK 200**	проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет

ИЗВЕШТАЈ

ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ЛОБИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА КРЕИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р МАРЈАНЧО ТАНУШЕВСКИ , ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје и решението од седницата одржана на 9.3.2012 г., бевме определени за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: **Лобирање на граѓанските организации во функција на креирање на јавните политики** од кандидатот **м-р Марјанчо Танушевски**. По читањето и прегледувањето на приложениот труд и усогласувањето на единечните мислења, на Советот на ИСППИ во Скопје го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов **Лобирање на граѓанските организации во функција на креирање на јавните политики** е презентирана на 263 страници, во пет поглавја: Граѓански организации, Менаџмент, Јавни политики, Лобирање и Емпириско истражување. Составен дел на трудот се Апстракт, Библиографија од која се воочуваат 146 релевантни стручни наслови, ползување на 28 меѓународни документи и нормативни акти, и 3 Прилози, со кои се хомогенизира содржинската целост.

Во воведот, кандидатот нагласува дека основата за дејствување и креирање на јавните политики, граѓанските организации во Европа ја втемелуваат на менаџментот и менаџерските вештини со што поефикасно се остварува нивната мисија. Затоа се одлучува да понуди соодветен модел за менаџерско лобирање на граѓанските организации во Република Македонија, но и да предупреди на аномалиите што треба да се отстранат преку јасно, методично понудени предлози за јакнење на капацитетот на менаџментот кај граѓанските организации.

Трудот е фокусиран на утврдување на примената на лобирачките вештини и активности од страна на граѓанските организации како сами по себе разбирливи стандардни мерки. Всушност, во тоа е содржана генералната хипотеза на оваа

студија, која како појдовна премиса ја има тезата дека способноста за менаџерско лобирање е една од најважните и најпосакуваните карактеристики на успешните граѓански организации.

Теоретската компонента на трудот, содржински и концепциски ги отсликува современите текови врз академска основа со сеопфатно третирање на релевантните аспекти на предметот на истражувањето. Авторот ги посочува корените на здруженото дејствување во РМ кои датираат од 17 век, развојот и улогата на граѓанскиот сектор на ова поднебје, а во нормативниот преглед доминантно место им дава на Белата книга на Европската Комисија, Договорот од Лисабон и новиот Закон за здруженија и фондации на РМ. Во вториот дел , на илустративен начин е прикажан ресурсниот потенцијал на граѓанските организации во РМ, улогата на менаџментот и менаџерските вештини во раководењето и остварувањето на нивната мисија, додека пак третото поглавје е исполнето со компаративна анализа за искуствата во соседните држави Албанија, Бугарија, Грција, Косово и Србија за учеството на граѓанските организации во креирањето на јавни политики.

Во четвртиот дел од трудот , кандидатот ја презентира еволуцијата на научната мисла за лобирање, дефиниции, методи, техники и стратегии за лобирање. Во ова поглавје се обработени регулативите за лобирање во САД, Литванија, Полска, Унгарија, Словенија, Црна Гора и авторски коментар на законот за лобирање во Република Македонија. Во ова поглавје на систематичен и аналитичен начин се анализирани основните параметри на двата субјект а кои се во фокусот на неговиот интерес, односно граѓанските организации од една и јавните власти од друга страна.

Во петтиот дел од трудот се наоѓа емпириското истражување и анализата на резултатите добиени преку стандардизиран анкетен прашалник кој вклучува 120 граѓански организации, како и 25 директни интервјуа со менаџери на граѓански организации, претставници на Владата и Собранието на РМ, истакнати лобисти и еден пратеник од Европскиот парламент. Од податоците авторот изведува систем на завршни констатации и нуди соодветен модел за менаџерско лобирање на граѓанските организации во Република Македонија изразен со широка аргументација за емпириската верификација, илустриран со примери за лобирање во националните и локални институции, со што воедно овозможува запознавање со начинот на нивно функционирање, степенот на отвореност, каналите за лобирање, кооперативност и компетентност на нивните претставници.

Применетата методологија во градењето на структурата и содржините се соодветни на предметот на истражување и целта на трудот. Кандидатот јасно и недвосмислено посочува дека граѓанските организации мора да стават акцент на

менаџментот на човечки ресурси, доколку навистина имаат амбиција да бидат одржливи, препознатливи во јавноста и да влијаат врз јавните политики. Користењето на знаењето како важен ресурс врз академска основа, за менаџментот на граѓанските организации значи поголема компетентност, подобра позиционираност и конкурентност на т.н. **отворен пазар на идеи** , во кој со примена на ефикасен механизам каков што е феноменот лобирање може да се успее. Преку сеопфатниот пристап во темата, авторот потврдува дека тоа е условот за успех и посочува дека стратегиите за лобирање се неопходно потребни во секоја програмска активност на граѓанските организации во РМ, но и пошироко.

Кон трудот се приложуваат и пристигнатите мислења за авторезимето на докторската дисертација од високообразовни институции од Република Македонија и Република Хрватска.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов Лобирање на граѓанските организации во функција на креирање на јавните политики" од авторот м-р Марјанчо Танушевски, претставува успешен и комплетен труд кој нуди интересна симбиоза на од една страна менаџерската димензија при процесот на лобирање , а од друга , на примената на таа вештина во доменот на граѓанскиот активизам. Со оваа паралела , авторот препорачува иновативни можности кои во иднина можат да најдат и своја практична примена, со оглед на тоа што динамиката на секое , па и на македонското општество во иднина се повеке ќе биде збогатувана со феноменот наречен лобирање. Кандидатот успеал да ги оствари амбициозните цели поставени во изработката на дисертацијата и доаѓа до конкретни заклучоци и предлози кои ги почитуваат научно проверените и емпириски потврдените сознанија за прашањата кои се третираат во современата литература. Земајќи ги предвид утврдените критериуми за изработка и оцена на трудот, Комисијата смета дека кандидатот покажал адекватно владеење со истражуваната материј , како и дека во целост ја исполнил поставената задача при подготовката на докторската дисертација. Затоа, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања во Скопје да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: Лобирање на граѓанските организации во функција на креирање на јавните политики" и со задоволство му препорачува на Советот да го прифати овој извештај и да ја закаже јавната одбрана на овој докторски труд.

Комисија:

1.Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, с.р.

2.Проф. д-р Виолета Чачева, с.р.

3.Проф. д-р Мирјана Најчевска, с.р.

4.Вонр.проф.д-р Ѓорги Манев, с.р.

5.Доцент д-р Анета Цекиќ , с.р.

Скопје, _____ год.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

Кандидат	Тема	Комисија
д-р Бејадин Амети	**Симболите на религиските култури на Ориентот и на Оксидентот и религиската толеранција во Република Македонија**	**Проф. д-р Славејко Сасајковски** **Проф. д-р Зоран Матевски** **Проф. д-р Ружица Цацаноска**

ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичкоо-правни истражувања во Скопје

Јасмина Росиќ	Промените на семејството во современото македонско општество	проф. д-р Дејан Мицковиќ
Сања Пеичиновска	Социо- економската положба на семејствата во Кривопаланечко	проф. д-р Јорде Јаќимовски
Александар Вучевски	Интернет социјалните мрежи и граѓанскиот активизам во Република Македонија	проф. д-р Петар Атанасов
Никола Стојанов	Наративно истражување на промената на организациите	проф. д-р Петар Атанасов
Агрон Садику	Интегралната евалуација на училиштето како дел од менаџментот на промени на организацијата	проф. д-р Петар Атанасов
Тодор Бадаровски	Улогата на талент менаџментот за развој на маркетинг тимот	Проф.д-р Васил Поповски

Валбона Морина - Максут	Влијанието на менаџмент практиките врз индивидуалната изведба на вработените	Проф.д-р Васил Поповски
Александра Стојменовиќ	Лидерските способности на менаџерите клучен фактор за потикнување на посветеноста на вработените кон организацијата	Проф.д-р Васил Поповски
Елена Накева	Организациското учење како делод доживотното учење	доц.д-р. Марија Топузовска
Ивона Андреевска	Примена на практиките на менаџмент на човечки ресурси во телевизиите во Република Македонија.	доц.д-р. Марија Топузовска
Лазар Кучера	Структурата и висината на заработувачката од мрежниот маркетинг во брокерските друштва во Република Македонија	Проф.д-р Јорде Јакимовски

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата дваесет и осма редовна седница одржана на 30.05.2012, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Владимир Мартиновски за избор во звањето вонреден професор по предметот *компаративни поетики.* По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 19 и 20.5. 2012 година во весниците *Нова Македонија* и *Лајм* се пријави кандидатот д-р Владимир Мартиновски.

1. Биографски податоци

Владимир Мартиновски е роден на 24.7.1974 година во Скопје. Основното образование го завршил во училиштето „Браќа Рибар“, а матурирал во гимназијата „Јосип Броз – Тито“ во учебната 1992/93. Сите години постигнувал континуиран одличен успех по сите предмети. Третата година од средношколското образование ја завршил во гиманазијата „Бен Гурион“ во Афула, Израел, на хебрејски јазик. На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ се запишал во учебната 1993/94 година, на Катедрата за општа и компаративна книжевност, а студиите ги завршил во рок од четири години со просечна оценка 9,42. Од страна на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Сојузот на студентите на Универзитетот бил награден како најдобар дипломиран студент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во учебната 1996/97 година.

Во учебната 1997/98 се запишал на постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на групата наука за книжевноста. Магистерскиот труд под наслов „Интерференции меѓу македонската современа поезија и ликовните уметности“ го одбранил на 18.4.2001 година. Од ноември 2001 година Владимир Мартиновски бил докторанд на Катедрата за општа и компаративна книжевност на Универзитетот Париз 3 (Paris 3, Sorbonne Nouvelle). Во учебната 2001/2002 успешно го завршил првиот степен од докторските студии (DEA), полагајќи ги предвидените испити и со одбрана на трудот под наслов „Dialogues poétiques avec les Beaux-arts: Charles Baudelaire et Yves Bonnefoy (Поетски дијалози со ликовните уметности: Шарл Бодлер и Ив Бонфоа)“. Докторската дисертација под наслов „Aspects de la poésie ekphrastique: C. Baudelaire, *Les Fleurs du mal,* W. C. Williams, *Tableaux d'après Bruegel,* S. Janevski, *Palette maudite,* V. Urosevic, *Pays invisible,* J. Ashbery, *Autoportrait dans un miroir convexe* et Y. Bonnefoy, *Ce qui fut sans lumière* (Аспекти на екфразиската поезија: Ш. Бодлер, *Цвеќињата на злото,* В. К. Вилијамс, *Слики според Бројгел,* С. Јаневски, *Палета на проклетството,* В. Урошевиќ, *Невиделица,* Џ. Ешбери, *Автопортрет во конвексно огледало* и Ив Бонфоа, *Тоа што беше без светлина*)“, работена под менторство на проф. д-р Жан Бесиер, ја одбранил на 27.1.2007 година, стекнувајќи ја титулата “доктор на Унуверзитетот Нова Сорбона – Париз 3 по дисциплината општа и компаративна книжевност”. На 7.6.2007 година, Министерството за образование и наука на Р. Македонија донело одлука за признавање на високообразовната квалификација стекната во странство, нострифицирајќи ја дипломата за „завршени докторски студии и стекнат степен доктор на филолошки науки“.

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Владимир Мартиновски ги извршувал наставните обврски од 1.10.1998 година. Како помлад асистент при

Катедрата за општа и компаративна книжевност бил ангажиран во изведувањето на вежбите по предметите општа и компаративна книжевност 1 и 2, увод во книжевност 2, а во учебната 1999/2000 година и вежбите по предметот теорија на книжевноста 2. Од учебната 2001/2002 година работи како асистент по предметите општа и компаративна книжевност 1, општа и компаративна книжевност 2, општа и компаративна книжевност 3 (класицизам), увод во книжевност 1 (вовед во книжевност) и увод во книжевност 2 (архаични поетики). Од учебната 2005/2006 година ги изведува и вежбите по предметот компаративни поетики, според новите наставни планови и програми (според ЕКТС): хеленска книжевност во компаративен контекст 1 и 2, поетика на имагинарното и митот 1 и 2, римска книжевност во компаративен контекст, поетика на ренесансата и поетика на класицизмот.

2. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност, од изборот во звањето доцент (во ноември 2007 година), на додипломските студии Владимир Мартиновски изведувал настава по предметите компаративни поетики, кои се задолжителни предмети на Катедрата за општа и компаративна книжевност: хеленска книжевност во компаративен контекст 1 и 2; римска книжевност во компаративен контекст; поетика на ренесансата; поетика на класицизмот; европски антички поетики и книжевноста и ликовните уметности. Во наведениот период, Владимир Мартиновски изведувал настава и по изборните предмети: книжевноста и визуелните уметности; македонската книжевност во компаративен контекст 1; книжевност на патувањето и античката и современата книжевност. Во учебната 2010/11 година, Владимир Мартиновски изведувал настава на постдипломските студии на насоката наука за книжевност (модул: општа и компаративна книжевност), по изборните предмети: гранични жанри и поетики на пејзажот, предмети кои ги предава заедно со проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска. Од учебната 2011/12 Мартиновски е член на Советот за трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Мартиновски бил член на рецензентските комисии за оцена на подобност за научна работа и изработка на докторска дисертација на: м-р Николина Стојановска, м-р Александар Таковски, м-р Славица Јанешлиева и м-р Линдита Кадриу, како и член во Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд под наслов „Богородичниот акатист во контекст на византиската химнографска традиција", изработен од Софија Грандаковска (2009) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и член во Комисијата за оцена и одбрана на магистерскиот труд „Интеркултурната комуникација изразена во масовната култура" од Александра Велева (2010) на Институтот за македонска литература. Ментор е на докторската дисертација под наслов „Интермедијалните транспозиции на книжевните дела во женското ликовно писмо кон крајот на 20-от и во 21-от век" од м-р Славица Јанешлиева – Бачварска," на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

За интеремдијалните односи меѓу современата македонска книжевност, сликарството и музиката, доц. д-р Владимир Мартиновски одржал предавања на Масериковиот универзитет во Брно, Чешка Република (декември 2010 година), како и на Универзитетот во Љубљана, Словенија (декември 2011 година). Во рамките на Летната школа „Interdisciplinary Englishes: A Creative Mixing of Literature, Language and Culture (TEMPUS SEEPALS)" на Универзитетот во Марибор, Словенија, доц. Мартиновски одржал предавање на тема „Поезија, сликарство, музика" во јуни 2011.

Во својата работа д-р Мартиновски пројавува највисок степен на професионалност и компетентност, изведувајќи ја наставата и останатите обврски сврзани со неа во согласност со европските стандарди. Успешноста на д-р Мартиновски во пренесувањето на комплексните содржини по предметите кои ги предава се должи, секако, на применувањето на искуствата на тој план со кои тој се здобил во текот на своите студиски престои во странство и, особено, преку соработката на Катедрата за општа и компаративна книжевност со Универзитетот Париз III (Нова Сорбона). Резултатот на успешниот спој на неговите научни и наставни капацитети со

соодветното образование во земјата и во странство се гледа во темелниот пристап (што се однесува во пренесувањата на содржините од наставните програми) и беспрекорната комуникација со студентите (што се однесува до формата и динамиката на наставата којашто тој ја одржува). Благодарение на неговите залагања и применување на адекватни и актуелни наставни методи кон материјата што ја предава, студентите стекнуваат широки и втемелени знаења од науката на литературата како и од повеќе соседни области.

3. Научноистражувачката дејност

Во рамките на научноистражувачката дејност, од изборот во звањето доцент до денес, Владимир Мартиновски објавил **4 монографски публикации**:

- Martinovski, Vladimir. 2008. *Aspects de la poésie ekphrastique,* Lille: ANRT. (ISBN 978-2-7297-7241-9);
- Martinovski, Vladimir. 2009. *Les musées imaginaires*. Paris: L'Harmattan, 255. (ISBN 978-2-296-08658-6);
- Мартиновски, Владимир. 2009. *Слики за читање – аспекти на екфразиската поезија*. Скопје: Магор. 197. (ISBN 978-9989-183-90-4);
- Мартиновски, Владимир. 2011. *Споредбени диптиси – компаративни студии и есеи*. Скопје: Магор. 239. (ISBN 978-608-223-054-2).

Во истиот период, д-р Владимир Мартиновски има објавено **четириесетина** научни и стручни трудови, а своите научни сознанија ги презентирал преку приложени реферати на **триесетина** научни собири, симпозиуми, конференции, конгреси и тркалезни маси.

Публикуваните научни трудови на д-р Владимир Мартиновски покажуваат дека се работи за исклучителен млад научник со многустрани интереси. Притоа, работата на Владимир Мартиновски во доменот на неговата научноистражувачка дејност, и покрај широкиот интерес за автори и теми, поспецифично е насочена кон две области на компаративното проучување на литературата. Значаен дел од неговите публикувани научни трудови е насочен кон анализа и толкување на проникнувањата на книжевноста и некнижевните, пред сè визуелните, уметности, или, поточно, кон интертекстуалните, интермедијалните и конечно, интеркултурните проникнувања. Втората поширока област, условно решено, е нешто повеќе врамена во подрачјето на компаративните поетики. Текстовите на Мартиновски во овој домен обилуваат со луцидни и компатентни анализи на „ретранскрипциите" на текстови и митови од Далечниот Исток во некои репрезентативни дела од светската книжевност, на книжевни и имагинарни обрасци од грчката и римската антика, како и согледувањата за функционирањето на митолошкиот и историскиот интертекст во современата македонска книжевност.

Во изминатиов период (од 26.XII 2007 година), проф. д-р Владимир Трајковски преку учеството во значајни меѓународни, национални проекти и својата консултантска активност се афирмира како научник познат во пошироките кругови од оваа област. Имено, тој зема учество во два меѓународни проекта: "Common voice network project" и "Enhancing the Scientific Study of Early Autism", како и учествува во изготвувањето и пријавувањето на два меѓународни проекта: „Окуларни промени кај Down-ов синдром" (носител), заедно со Здружението за Down-ов синдром - Загреб и „Развој и тестирање на биоинформатичка алатка за генерирање истражувачки хипотези за етиологија и третман на аутизмот" (носител), заедно со Медицинскиот факултет во Љубљана, кои, за жал, не добија финансиска поддршка од Министерството за образование и наука. Во 2008, од страна на UNDP/UNFPA е избран за национален консултант и ја спроведува студијата наречена: Persons with Disabilities in Macedonia (MCD/2008/HR/047).

Проф. д-р Владимир Трајковски има одржано 1 пленарно и 18 секциски предавања на научно-стручни собири со меѓународно и национално учество, има објавено пет апстракти во зборници на конгреси, како и 1 труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор. Потоа, тој има објавено 11 трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 4 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание и 3 труда со оригинални научни резултати во стручно-научно популарно списание.

Овде ќе бидат проанализирани само најзначајните трудови објавени in extenso.

1. **Trajkovski V,** Petlichkovski A, Efinska-Mladenovska O, Trajkov D, Arsov T, Strezova A, Ajdinski Lj, Spiroski M. Higher Plasma Cocentration of Food-Specific Antibodies in Persons with Autistic Disorder in Comparison to Their Siblings. *Focus on Autism and Other Developmental Disabilities* 2008; 23 (3): 176-185. (ИФ = 0,286). Во овој труд објавен во списание со фактор на влијание, авторите предводени од колегата Трајковски наоѓаат зголемени плазма-концентрации на IgA и IgG-специфичните антитела кон alpha-lactalbumin, beta-lactoglobulin, casein и gliadin, потоа IgE-специфични антитела кон alphalactalbumin, beta-lactoglobulin, casein и gluten, како и вкупни IgE-антитела кај лицата со аутизам споредени со нивните браќа и сестри во Република Македонија, што укажува на имунолошки промени во цревниот тракт. Овој труд е придонес кон хипотезата за поврзаноста на аутизмот и алергиите.
2. Љубиќ А, **Трајковски В**, Кутурец М. Афекција кранијалних нерава и страбизам код деце са церебралном парализом. *Београдска дефектолошка школа*, Београд, 2008, 1: 95-103. Авторите спроведуваат проспективна рандомизирана клиничка студија во која вклучуваат 2 групи испитаници, и тоа: 49 деца со поставена дијагноза на церебрална парализа (испитувана група) и 49 деца кои немале друго невролошко заболување (контролна група). Спроведените офталмолошки испитувања претставуваат синтеза на стандардниот пристап во педијатриската офталмологија и неколку стандардни испитувања на окуларниот мотилитет и бинокуларната функција. Во испитуваната група, страбизмот статистички значајно бил предоминантен. Ризикот децата со церебрална парализа да добијат страбизам бил 5,69 пати поголем отколку во контролната група. Дистрибуциајата на афекција на кранијалните нерви во испитуваната и контролната група не покажала статистички значајна разлика.
3. Каранфилоски А, **Трајковски В**. Сексуална едукација на лицата со ментална ретардација. *Дефектолошка теорија и практика*. Скопје, 2008; 1-2: 55-66. Авторите во овој труд пишуваат за сексуалниот развој на инвалидните лица. Потребата за задоволување на сексуалниот нагон што се јавува кај овие лица, мора да биде соодветно, правилно насочена и предвидена. Тие заклучуваат дека е потребно подигање на свеста за нивното достоинство и потребна е сексуална едукација на лицата со ментална ретардација. Неоходно е препознавање на потенцијално опасни ситуации и заштита од сексуална злоупотреба.

4. **Трајковски В**. Аутизмот и митохондријалната дифункција. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, 2008; 61: 539-550. Во овој труд, д-р Трајковски ја разработува тезата за поврзаноста на аутизмот со митохондријалната дисфункција што највероајтно се случува кај одредена суппопулација. Во многу случаи со аутизам постојат докази за митохондријална дисфункција без класични знаци поврзани со митохондријално заболување. Изложеноста на средински токсини е веројатно етиологијата на митохондријалната дисфункција кај аутизмот. Митохондријалната дисфункција придонесува за говорни дефицити, ненормален енергетски метаболизам, хронични гастроинтестинални проблеми, неправилности во оксидацијата на масните киселини и зголемување на оксидативниот стрес. Нутрициското додавање што го намалува оксидативниот стрес заедно со факторите што го подобруваат редуцираниот глутатион, како и хипербаричната кислородна терапија претставуваат помошни и рационални пристапи во третманот. Авторот заклучува дека постои потреба од веродостојни лабораториски маркери за да се откријат неправилностите во митохондријалната функција, што потоа ќе ги олесни понатамошните клинички иследувања во подгрупата на деца со аутизам.
5. Ljubić A, **Trajkovski V**, Kuturec M, Damjanovska Lj. Korelacija epilepsije i strabizma kod dece sa cerebralnom paralizom. *Svet rada*, Beograd, 2008; 5 (6): 603-616. Авторите на овој труд си поставиле за цел да ја анализираат поврзаноста на епилепсијата кај деца со церебрална парализа со појавата на страбизам. Испитувале деца на возраст од 5 месеци до 18 години. Присуството на страбизам во испитуваната група било статистички значајно. Присуството на епилепсија како здружена состојба исто така било статистички значајно во испитуваната група. Резултатите кои се спроведени на мал примерок сепак не покажале етиопатогенетска поврзаност меѓу епилепсијата и страбизмот кај деца со церебрална парализа.
6. **Trajkovski V**. Savremene tendencije u tretmanu autističnog spektra poremećaja. Zbornik radova „Savremeni tretman dece sa posebnim potrebama". Institut za psihofiziološke poremećaje i govornu patologiju „Prof. Dr Cvetko Brajović", Beograd, 2009: 207-220. Д-р Трајковски овој труд го презентира на меѓународна конференција во Белград каде што објаснува за употребата на биомедицински и небиомедицински третмани на аутизмот и смета дека само со нивна комбинација може да се очекува успех во третманот на симптомите. Биомедицинскиот третман настојува да ја подобри нарушената физиологија и процесот што резултира со аутистична симптоматологија. Семејствата и клиничарите секогаш имаат потреба од добро дизајнирани клинички студии кои би им помогнале во изборот на третманот. Ваквиот пристап во нашата средина не е доволно развиен, а токму авторот се заложува за поинтензивна примена на комплементарните и алтернативните видови третмани кои можат да дејствуваат на причинителите на нарушувањето.
7. Рашиќ О, **Трајковски В**. Полова едукација на лицата со инвалидност. *Дефектолошка теорија и практика*. Скопје, 2009; 10 (1-2): 7-24. Во овој труд авторите тргнуваат од претпоставката дека во недоволна мера и на недоволно соодветен начин се остварува половата едукација меѓу лицата со инвалидност во рамките на воспитно-образовните институции и семејствата во Република Македонија. Од анализата на 314 испитаници, вклучувајќи ги и контролната група, дефектолозите и родителите, тие утврдиле дека испитаниците со инвалидност своите знаења за половиот развој, карактеристики и полови односи ги стекнуваат најмногу преку медиумите и разговор со своите врсници. Добиените резултати посочуваат на фактот дека знаењата кои лицата со инвалидност ги поседуваат во однос на оваа тематика се површни и многу често недообјаснети, поради што доаѓа до недоразбирање меѓу лицата со инвалидност.
8. Spiroski M, **Trajkovski V**, Trajkov D, Petlichkovski A, Efinska-Mladenovska O, Hristomanova S, Djulejic E, Paneva M, Bozhikov J. Family analysis of immunoglobulin classes and subclasses in children with autistic disorder. *Bosnian Journal of Basic Medical Sciences* 2009; 9 (4): 283-289. (ИФ = 0,415). Овој труд се вреднува како труд објавен во списание со фактор на влијание. Уште од докторската дисертација наваму, имунолошките нарушувања кај аутизмот се преокупација на проф. Трајковски. Во литературата постојат силни докази дека имунолошкиот систем игра важна улога во

патогенезата на аутистичното нарушување. Целта била да се анализираат плазма-концентрациите на имуноглобулинските класи и потокласи кај лицата со аутизам и нивните семејства. Мултипните споредувања покажале статистички значајна разлика меѓу трите парови: машки лица со аутизам и татковци (p = 0,001), женски лица со аутизам и мајките (p = 0,008), како и здравите сестри и нивните татковци (p = 0,011). Во заклучокот се истакнува дека компарацијата меѓу здравите деца и децата со аутизам од исто семејство треба да биде тестирана за имуноглобулински класи и потокласи, бидејќи тие деца се од слични генерации.

9. Љубиќ А, **Трајковски В**, Тојтовска Б. Страбизам кај Down синдром. *Vox Medici* 2009; 18 (65): 63-65. Во ова популарно списание авторите прикажуваат една популациски базирана, пресечна студија со 108 испитаници со Down-ов синдром (ДС) од Македонија и 64 испитаници со Down-ов синдром од Хрватска. Кај секој испитаник бил направен комплетен офталмолошки преглед со следните методи и техники: преглед на предниот, средниот и задниот очен сегмент, процена на окуломоторната рамнотежа, како и преглед на рефрактивниот статус во краткотрајна циклоплегија. Разликата во преваленцијата меѓу македонската и хрватската популација со ДС не покажала статистичка значајност. Добиените вредности биле во рамкиите на светските студии од 20% до 40%. Најчестата форма на езотропии била алтернативната, а од егзотропиите, исто така, алтернативната егзотропија.
10. Младеновска Б, **Трајковски В**. Ставовите и мислењата на родителите и студентите за сексуалниот развој, однесување и полов идентитет кај лицата со аутизам во Република Македонија. *Дефектолошка теорија и практика*. Скопје, 2010; 11 (1-2): 7-24. Основната цел на ова истражување е да се претстави сексуалниот развој, сексуалното однесување и половиот идентитет кај лицата со аутизам, односно испитувани се ставовите и мислењата на родителите и студентите-дефектолози, за сексуалниот развој и однесување кај лицата со аутизам. Од анализата и интерпретацијата на резултатите може да се забележи дека во Република Македонија во рамките на семејствата, па и во училиштата постои многу мал степен или воопшто не постои комуникација и разговор помеѓу родителите и стручните кадри со лицата со аутизам на тема сексуален развој, однесување и полов идентитет. Лицата со аутизам немаат никакви познавања за сексуалноста.
11. Љубиќ А, **Трајковски В**, Тојтовска Б. Страбизам и рефрактивен статус кај Down-ов синдром. *Vox Medici* 2010; 19 (66): 82-84. Целта на оваа студија била да се утврди кои рефрактивни аномалии се најчести кај одделни форми на страбизам кај македонската и хрватската популација со Down-ов синдром (ДС). Била анализирана дистрибуцијата на одделни форми на страбизам, во однос на рефрактивниот статус, односно хиперметропијата, миопијата и еметропијата. Езотропиите кај македонската популација со ДС речиси подеднакво се асоцирани со хиперметропија и миопија, додека егзодевијациите, за разлика од општата популација, во поголем процент се асоцирани со хиперметропија. Во хрватската популација со ДС, езотропиите се асоцирани со хиперметропија.
12. Станкова Т, **Трајковски В**. Ставови и размислувања на работодавачите, вработените лица и родителите за вработување на лицата со аутизам во Република Македонија. *Дефектолошка теорија и практика*. Скопје, 2010; 11 (3-4): 16-29. Авторите во овој труд се осврнуваат на вработувањето, односно правото на работа на лицата со инвалидност која е последна фаза од долгиот и сложен процес на нивната рехабилитација и кое влијае и на можноста за нивно интегрирање во локалната заедница. Основната цел на ова истражување е да се испита можноста за вработување на лицата со аутизам, врз основа на ставовите и мислењата на работодавачите, вработените лица и родителите на децата со аутизам. Анализата на резултатите од истражувањето покажала дека во Р. Македонија не постои позитивна клима за вработување на лицата со аутизам, односно дека работодавачите не би вработиле лице со аутизам. Стручните кадри мора поажурно да се ангажираат за оваа проблематика, со цел да се постигне целосна интеграција на лицата со аутизам во општеството.
13. Љубиќ А, **Трајковски В**, Тојтовска Б. Страбизам и ризик-фактори кај Down-ов синдром. *Vox Medici* 2010; 19 (68): 110-112. Овде авторите си поставиле за цел да ја

споредат преваленцијата на ризик-факторите во настанокот на страбизмот меѓу македонската и хрватската популација со Down-ов синдром (ДС). Биле анализирани пренаталните, перинаталните и постнаталните ризик-фактори, прематуритетот и гестациската старост. Пренаталните ризик-фактори во испитуваната страбична група биле присутни кај 15,3%, перинаталните во испитуваната група кај 19,4%, додека во контролната со 12,5% и постнаталните во испитуваната група кај 24%, додека во контролната група со 0%. Прематуритетот во испитуваната страбична група бил застапен со 5,5%, додека во страбичната контролна група со 7,6%. Проф. Трајковски и соработниците заклучуваат дека повисока била преваленцијата на перинаталните фактори, особено раѓањето со царски рез.

14. **Трајковски В**. Генетска основа на Алцхајмеровата болест. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, 2010; 63: 615-629. Во овој труд авторот ја обработува генетската предиспозиција на Алцхајмеровата болест. Алцхајмеровата болест се смета за семејна кога повеќе од едно лице е заболено во семејството, додека спорадичната форма се однесува на случаи каде што нема други лица заболени во потесното семејство. Рано појавната семејна АБ се наследува по автосомно доминантен пат, што значи дека наследувањето на еден мутиран алел на АПП, ПСЕН1 и ПСЕН2 речиси секогаш резултира со развој на болеста. Најчест генетски ризик-фактор за развој на спорадична доцно појавна АБ е наследувањето на ε4 алелот на генот за аполипопротеин Е (АПОЕ). Се потенцира дека повеќе од 300 генетски полиморфизми биле вклучени во појавата на АБ, покажувајќи дека ова е полигенска состојба со комплексна шема на наследување. Направени се напори да се откријат терапии кои ќе можат да ги намалат Аβ производите настанати со процесирање на АПП. Најнадежен пристап во истражувањата на третманот за АБ е откритието на хемиските соединенија што покажуваат надеж во намалувањето на амилоидните формации или редуцирањето на тау фосфорилацијата. Неопходен е развој на прецизни алатки за дијагноза и прогноза, креирање на нови стратегии за подобри третмани базирани на генетскиот профил.
15. Ljubić A, **Trajkovski V**. Efekat veštačkih suza bez konzervansa kod nosilaca kontaktnih sočiva i kod nenosilaca kontaktnih sočiva. *Svet rada*, Beograd, 2010; 7 (6): 539-555. Со овој труд, авторите сакаат да ја оценат ефикасноста на конзерванс без полимер hydroxypropil гиар (HP-гиар) gellable-лубрикант капки за очи (Systane UD конзерванс капки за очи), за намалување на суво око, симптоми кај млади носители на контактни леќи и неносители на контактни леќи кај 43 пациенти (20 носители контактни леќи wearers и 23 неносители на контактни леќи). Вештачките солзи без конзерванс кај младите носители на контактни леќи се асоцирани со слаб степен на суво око, го намалуваат интензитетот на субјективни симптоми на суво око. Младите носители на контактни леќи имале статистички значајно намален интензитет кај 5 од 6 симптоми на окуларен дискомфор, по 7 дена од апликацијата на вештачки солзи без конзерванс Systane UD.
16. Тодоров И, **Трајковски В**. Проценка на комуникациските јазични способности кај лица со Брокина афазија како последица од цереброваскуларен инсулт. *Дефектолошка теорија и практика*. Скопје, 2011; 12 (1-2): 17-31. Ова е труд во кој д-р Трајковски обработува логопедски теми. Авторите истакнуваат дека лицата со Брокина афазија побрзо се социјализираат во општеството, поради раниот рехабилитациски третман со примената на логопедска терапија. Основната цел на ова истражување била да се направи проценка на комуникациските јазични способности кај лицата болни со Брокина афазија, уште во акутната фаза на болеста, да се испитаат и утврдат мислењата на лицата со Брокина афазија, членовите на семејствата и медицинскиот персонал околу примената на раниот рехабилитациски третман со говорна терапија. Во истражувањето биле вклучени две групи на испитаници. Истражувањето било изведено во период од три месеци. Од анализата и интерпретацијата на резултатите може да се забележи дека кај лицата со Брокина афазија, иако речениците им се нецелосни, тие се содржински и информативни за соговорникот, а аудитивното разбирање е помалку оштетено од експресивната функција на говорот. Раниот рехабилитациски третман, преку примената на

говорната терапија, лицата со Брокина афазија побрзо и подобро се оспособуваат за говорно-јазичната комуникациска способност.

17. Ljubic A, **Trajkovski V**. Refractive errors in children and young adults with Down's syndrome. *Acta Ophthalmol* 2011; 89 (4): 324-327. (ИФ = 2.809). Една од најистражуваните теми на колегата Трајковски, покрај аутизмот, е секако Down-синдромот. Со неговата докторантка Љубиќ успеваат да објават серија на трудови кои ги третираат окуларните нарушувања кај Down-овиот синдром. Целта на оваа нивна студија била да се испита на инциденцијата на рефракциските грешки кај децата и младите лица со ДС во Македонија. Биле опфатени 56 деца и млади со ДС, на возраст 2-28 години од Македонија. Вкупната инциденција на рефракциските грешки кај македонските деца и младите со ДС била 96,4%. Од нив, 17,8% имале миопија, 23,2% имале хиперметропија и 55,3% имале астигматизам. Инциденцијата на рефракциските грешки кај децата и младите со ДС била слична со една азиска студија. Во споредба со кавкаските и азиските деца со ДС, македонските деца и младите се изложени на пониска инциденција на хиперметропија и миопија и повисока инциденција на астигматизам.
18. Ljubic A, **Trajkovski V**, Stankovic B. Strabismus, refractive errors and nystagmus in children and young adults with Down syndrome. *Ophthalmic Genetics*, 1–8, Early Online, 2011. DOI: 10.3109/13816810.2011.592175. (ИФ = 1.333). Целта на оваа меѓународна студија биле да се испита фреквенцијата и видот на страбизам, рефракциските грешки и нистагмус кај децата и младите со Down-ов синдром во Македонија и Хрватска.
    Биле вклучени 170 деца и млади на возраст 1-34 со Down-ов синдром. Страбизам бил пронајден кај 45 од 170 деца (26,5%), а езодевијацијата била најчестиот тип. Девет (20%) имале егзодевијација и 4 (8.9%) вертикално отстапување. Кај 27 од 32 езотропични пациенти, страбизам бил оценет како стекната езодевијација. Повеќето од случаите со езодевијација биле во корелација со hyperopia (31%), миопија (28%) и emetropia (16%). Астигматизмот бил присутен кај 72,4% од пациентите. Нистагмус бил забележан кај 18 пациенти. Десет од 18 пациенти со нистагмус биле поврзани со присуство на страбизам (9 езодевијации, 1 exotropia). Високата преваленција на страбизам не може да се припише на присуството на hyperopia. Податоци не покажале поврзаност помеѓу рефракцијата и страбизмот кај децата со ДС.
19. **Трајковски В**. Етика на објавување на стручно-научни трудови. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, 2011; 64: 453-468. Како главен и одговорен уредник на списание, овде д-р Трајковски се зафаќа со една мошне чувствителна тема, а тоа се моралните принципи во публицирањето. Тој наведува дека постојат случаи на јасна злоупотреба во истражувањата и ако се случуи злоупотребата, тоа создава немир, не само за научната заедница и нејзините институции, туку и за сите поединци вклучени во тој процес. Овој труд ги анализира главните категории на етички прекршувања кои се среќаваат во текот на поднесување, рецензија и објавување на научни трудови. Процесот на рецензирање на списанијата се потпира на експертско и објективно рецензирање од страна на искусни истражувачи со цел за да се обезбеди квалитетот на списанијата што објавуваат такви трудови. Рецензијата на ракописи во рецензирани списанија отвора многу етички прашања и проблеми. Препораките на рецензентите што се даваат во врска со објавувањето и советите што тие ги даваат на авторите ги поставуваат научните стандарди во дисциплината. Целта на оваа статија е да се направи водич за етички принципи. Со зголемување на едукацијата и свеста за етичките прашања релевантни за научните истражувања и објавувањето, одредени отстапувања ќе бидат намалени. Во иднина, авторите можат да очекуваат дека нивните поднесоци ќе треба да исполнат низа на етички стандарди.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), проф. д-р Владимир Трајковски остварил вкупно **143,2 поени од научноистражувачката дејност**

и со тоа за 7 пати го надминал минималниот потребен број на поени (20) по овој основ за избор во звањето редовен професор.

4. Стручно-апликативна дејност

Проф. д-р Владимир Трајковски несебично се вклучува и во стручно-апликативната дејност, покрај наставниот и научноистражувачкиот ангажман. Тој е автор на три универзитетски учебници од 2008 година до денес.

Учебникот **Медицински основи на инвалидноста** (2008) е наменет за студенти на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Тој претставува основа за изучување на медицинските, односно клиничките состојби кои доведуваат до инвалидност. Во него се опфатени сите морбидни состојби кои се однесуваат на периферниот и централниот нервен систем и сетилата, а кои во крајна линија ги предизвикуваат трајните оштетувања кои се основа за инвалидизираноста кај една личност. Поаѓајќи од тој аспект, авторот се потрудил во својот учебник да ги внесе токму тие клинички состојби поврзани со нервниот систем и сетилата. Приказот на состојбите е јасен и достапен за студенти кои примарно не ја познаваат медицинската практика. Но, ако се земе предвид дека едукацијата на дефектолозите мора да помине низ призмата и на медицинската практика, еден таков учебник мора да ги исполнува и најмалите медицински критериуми.

Учебникот **Физиологија со функционална анатомија на човекот** е наменет за студентите на додипломските и постдипломските студии од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет. Покрај тоа, тој може да им послужи и на студентите од Институтот за психологија, Факултетот за ветеринарна медицина, Природно-математичкиот факултет и на сите оние што имаат потреба од запознавање со фундаменталните принципи на физиологијата и анатомијата воопшто. Изложувањето на содржините во учебникот е концизно и многу прегледно, со јасен и добар стил, што му дава на самиот учебник посебна вредност. Авторот во текот на пишувањето на целиот текст доследно се придржува до еден концепт на изнесување на материјата кој по секое поглавје завршува со прашања и задачи за студентот, што ги задоволува стручните и методските барања на современ учебник.

Учебникот под наслов **Аутизам и первазивни развојни нарушувања** можат да го користат студентите од втор и трет циклус студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, од насоката ментална ретардација и аутизам. Покрај тоа, тој може да им послужи како интересно четиво и на студентите од Медицинскиот факултет, Институтот за психологија, лекарите-специјалисти по психијатрија, неврологија, педијатрија, училишна медицина, детските психијтари и сите оние што имаат потреба од запознавање со основните принципи на первазивните развојни растројства. Користењето на богата литература уште повеќе ја зголемува вредноста на книгата во македонската научна мисла. Ова претставува интересно четиво за поширокиот круг на читатели особено оние кои во своите семејства имаат деца со вакви нарушувања. Ова дело кое сеопфатно ги обработува первазивните развојни растројства е прво од ваков вид во Република Македонија, кое дава голем придоенс во нашата научноистражувачка литература.

Во 2009 година, д-р Трајковски бил рецензент на странски учебник под наслов „Хумана генетика", објавен во Србија од страна на авторите Михајловиќ Љ и Михајловиќ Н. Тоа е големо признание за неговата работа во ова поле во последните 15 години.

Покрај рецензијата на тој учебник, кандидатот бил често пати поканување да биде рецензент на трудови во странски меѓународни списанија, од кои за издвојување се следните: *Journal of Policy and Practice in Intellectual Disabilities* (февруари 2008); *Bulgarian Journal of Communication Disorders* (мај 2010); *Bulgarian Journal of Communication Disorders* (мај 2010) и *Biological Psychiatry* (ноември 2011).

Во рамките на дејности од поширок интерес, вонр. проф. Трајковски се истакнува како главен и одговорен уредник на Дефектолошка теорија и практика – меѓународно научно стручно списание од 2008 година наваму, каде што претходно во континуитет бил заменик-главен уредник од 2004 година. Неговите успеси во редакцијата се несомнени со што го етаблира списанието во меѓународни рамки, ја зголемува неговата видлиовост преку големиот број на индексации и апстрактирања, а сето тоа преку креирањето на онлајн-верзијата која оди во слободен пристап. Сето ова го вбројува меѓу најдобрите пет списанија во Македонија со можност за добивање на фактор на влијание во блиска иднина.

Неговата голема активност во публицистичката дејност може да се согледа и во тоа што тој е член во четири уредувачки одбори на меѓународни научни списанија, и тоа: Journal of Policy and Practice in Intellectual Disabilities (од 2004 до денес), Bulgarian Journal of Communication Disorders (од 2006 до денес), Croatian Review of Rehabilitation Research (од 2007 до денес) и Insights on Learning Disabilities (од 2011 до денес).

Д-р Владимир Трајковски учествува во шест програмски и научни одбори на меѓународни конференци, конгреси и стручно научни собири. Бил член на научниот и уредувачки одбор на меѓународната конференција: „Улогата на дефектологот во институционалниот и вонинституционалниот третман на децата со посебни образовни потреби", Скопје, 2008. На покана од колегите од Србија влегува како член на научниот и уредувачкиот одбор на зборникот на трудови на меѓународната конференција: „Современ третман на децата со посебни потреби", Белград, 2009. Тој е организатор и модератор на работилницата со меѓународно учество под наслов: „Стареењето на лицата со интелектуална попреченост", Скопје, 2010. Потоа тој зема учество како член на научниот одбор и воедно како модератор на сесијата: „Третман на децата со аутизам" на меѓународната конференција „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија", Битола, 2010. Своето активно и континуирано учество како ментор и тутор на студентски дефектолошки семинари и конгреси го финализира како член на научен одбор на студентскиот дефектолошки семинар: Фасперијада, Белград, 2011. Неодамна, на покана на логопедите од Србија беше член на програмскиот одбор на I симпозиум на логопедите на Србија: „Превенција, дијагностика и третман на говорно-јазичните нарушувања", одржан во Дивчибаре, во мај 2012 година.

Од факултетските активности, за акцентирање се следните: член на комисија за самоевалуација на Институтот за дефектологија од 2007 година до денес, како и Еразмус-координатор на Филозофскиот факултет од 2009 година до денес. Во 2010 година бил координатор на програмскиот одбор за прослава на јубилејот 90 години Филозофски факултет во Македонија, со што дал голем придонес во одбележувањето на јубилејот на нашата најстара високообразовна институција во Македонија. Во моментот е раководител наставно-научниот колегиум на постдипломските студии на Институтот за дефектологија каде што внесува голем број новини во неговата работа преку организирање на стручни семинари и симпозиуми, организира студиски посети на постдипломците во Хрватска во 2010 година и учествува во размената на студенти од втор циклус со Универзитетот во Осло.

Неговото активно учество во невладиниот сектор се гледа преку бројните учества во разни невладини организации и европски здруженија. Тој е претседател на Македонското научно здружение за аутизам од 2005 година наваму со што дава огромен придонес во решавањето на овој горлив проблем во Република Македонија, континуирано ја подигнува јавната свесност за проблемот и презема лоби активности кон Владиниот сектор за подобрување на квалитетот на живот, едукацијата и рехабилитацијата на популацијата со аутизам и нивните семејства. Од мај 2006 година досега е член на бордот на европската асоцијација „Аутизам Европа". Во јули 2009 година е еден од основачите и претседател на советодавното тело на здружението „Трисомија 21" од Загреб во Хрватска со што се вклучува во активностите за едукација на стручната и поширокатa јавност за проблемите што ги имаат децата и лицата со Down-ов синдром во регионот. Во мај 2010 година, на покана од Европската асоцијација за медицина на интелектуална попреченост станува нејзин член. Од поодамна е член на интернационалните асоцијации ЕАСПД и ИАССИД.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), проф. д-р Владимир Трајковски остварил вкупно **46,5 поени од стручно-апликативната дејност** и со тоа девет пати го надминал минималниот потребен број на поени (5) по овој основ за избор во звањето редовен професор.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Анализата на научните трудови на вонр. проф. д-р мед. Владимир Трајковски од кои неколку се објавени во списанија со фактор на влијание во периодот од претходниот избор го потврдува авторот како голем познавач на истражувачките проблеми со кои се занимава, како и на научните дисциплини кои ги предава.

Од наведените активности во извештајот се гледа дека станува збор за кандидат кој покажува извонреден професионален, човечки и педагошки капицитет со потврдени квалитети и компентенции во областите со кои се занимава. Според тоа, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатот во целост ги исполнува сите услови наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на неговите стручни постигања, научниот развој и активностите во наставниот процес, Комисијата едногласно заклучи и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, вонр. проф. д-р мед. Владимир Трајковски да биде избран во звањето редовен професор во научните области (дисциплини) и предмети: хумана генетика, физиологија, медицински основи на инвалидноста и аутистичен спектар на нарушувања.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Александар Димовски, с.р.

Проф. д-р Ристо Љапчев, с.р.

Проф. д-р Добривоје Ѓорѓевиќ, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Владимир Ефтим Трајковски**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Филозофски факултет, Институт за дефектологија**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: хумана генетика, физиологија, медицински основи на инвалидноста и аутистичен спектар на нарушувања

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на настава за прв циклус студии	
1.	Хумана генетика 1 (3+1), летен 2007/2008	1,8
2.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 2 (3+1), летен 2007/2008	1,8
3.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), летен 2007/2008	2,4
4.	Физиологија (3+2), летен 2007/2008, **Висока здравствена школа, Универзитет во Штип**	1,8
5.	Хумана генетика 2 (3+1), зимски 2008/2009	1,8
6.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 1 (3+1), зимски 2008/2009	1,8
7.	Хумана генетика 1 (3+1), летен 2008/2009	1,8
8.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 2 (3+1), летен 2008/2009	1,8
9.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), летен 2008/2009	2,4
10.	Фонијатрија (3+1), летен 2008/2009	1,8
11.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2009/2010	2,4
12.	Хумана генетика 2 (3+1), зимски 2009/2010	1,8
13.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 1 (3+1), зимски 2009/2010	1,8
14.	Хумана генетика 1 (3+1), летен 2009/2010	1,8
15.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 2 (3+1), летен 2009/2010	1,8
16.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2010/2011	2,4
17.	Хумана генетика (4+2), летен 2010/2011	2,4
18.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2011/2012	2,4
19.	Генетика (3+2), зимски 2011/2012, **Институт за психологија**	1,8
20.	Физиологија (3+2), зимски 2011/2012, **Институт за психологија**	1,8
21.	Хумана генетика (4+2), летен 2011/2012	2,4
	Одржување на настава за втор циклус студии	
22.	Аутизам (30), зимски 2007/2008	1,5
23.	Медицинска рехабилитација на моторните нарушувања (5), зимски 2007/2008	0,25
24.	Генетски аспекти на лицата со ментална ретардација и аутизам (5), летен 2007/2008	0,25
25.	Аутизам (30), зимски 2008/2009	1,5
26.	Медицинска рехабилитација на моторните нарушувања (5), зимски 2008/2009	0,25
27.	Генетски аспекти на лицата со ментална ретардација и аутизам (5), летен 2008/2009	0,25

28.	Аутизам (30), зимски 2009/2010	1,5
29.	Медицинска рехабилитација на моторните нарушувања (5), зимски 2009/2010	0,25
30.	Генетски аспекти на лицата со ментална ретардација и аутизам (5), летен 2009/2010	0,25
31.	Аутизам (30), зимски 2010/2011	1,5
32.	Медицинска рехабилитација на моторните нарушувања (5), зимски 2010/2011	0,25
33.	Генетски аспекти на лицата со ментална ретардација и аутизам (5), летен 2010/2011	0,25
34.	Аутизам (30), зимски 2011/2012	1,5
35.	Медицинска рехабилитација на моторните нарушувања (5), зимски 2010/2011	0,25
	Одржување на вежби	
36.	Хумана генетика 1 (3+1), летен 2007/2008	0,45
37.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 2 (3+1), летен 2007/2008	0,45
38.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), летен 2007/2008	0,90
39.	Хумана генетика 2 (3+1), зимски 2008/2009	0,45
40.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 1 (3+1), зимски 2008/2009	0,45
41.	Хумана генетика 1 (3+1), летен 2008/2009	0,45
42.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 2 (3+1), летен 2008/2009	0,45
43.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), летен 2008/2009	0,90
44.	Фонијатрија (3+1), летен 2008/2009	0,45
45.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2009/2010	0,90
46.	Хумана генетика 2 (3+1), зимски 2009/2010	0,45
47.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 1 (3+1), зимски 2009/2010	0,45
48.	Хумана генетика 1 (3+1), летен 2009/2010	0,45
49.	Медицински основи на лицата со пречки во развојот 2 (3+1), летен 2009/2010	0,45
50.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2010/2011	0,90
51.	Хумана генетика (4+2), летен 2010/2011	0,90
52.	Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2011/2012	0,90
53.	Генетика (3+2), зимски 2011/2012, **Институт за психологија**	0,90
54.	Физиологија (3+2), зимски 2011/2012, **Институт за психологија**	0,90
55.	Хумана генетика (4+2), летен 2011/2012	0,90
56.	Консултации со студенти во периодот 2007-2012 (220*2*5 x 0.002)	4,4
57.	Ментор на дипломска работа (22x0,2)	4,4
58.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1 x0,5)	0,5
59.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (7x0,3)	2,1
60.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (41x0,1)	4,1
61.	**Трајковски В.** Фонијатрија. *Филозофски факултет, Институт за дефектологија*, Скопје, 2009 (интерна скрипта предавања).	4,0
62.	**Трајковски В**, Рашиќ О. Практикум по физиологија со функционална анатомија. *Филозофски факултет, Институт за дефектологија*, Скопје, 2009 (интерна скрипта вежби).	2,7
	Вкупно	87

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Ментор на докторска дисертација	
1.	Ментор на докторска дисертација: „Окуларни промени кај лица со Down синдром", одбранета на 23. 4.2010.	3
2.	Ментор на докторска дисертација: „Проблеми во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам", одобрена на 16.2.2012.	3
3.	**Ментор на магистерска работа** (7x1)	7
4.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
	"Common voice network project" - 2008	5
	"Enhancing the Scientific Study of Early Autism" – COST-проект 2010-2014	5
5.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**	
	„Окуларни промени кај Down-ов синдром" (носител), заедно со Здружение за Down-ов синдром - Загреб	2
	„Развој и тестирање на биоинформатичка алатка за генерирање истражувачки хипотези за етиологија и третман на аутизмот" (носител), заедно со Медицински факултет - Љубљана	2
6.	**Национален консултант на меѓународен проект**	
	UNDP/UNFPA National Consultant for Persons with Disabilities in Macedonia (MCD/2008/HR/047)	6
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор	
7.	**Trajkovski V,** Petlichkovski A, Efinska-Mladenovska O, Trajkov D, Arsov T, Strezova A, Ajdinski Lj, Spiroski M. Higher Plasma Cocentration of Food-Specific Antibodies in Persons with Autistic Disorder in Comparison to Their Siblings. *Focus on Autism and Other Developmental Disabilities* 2008; 23 (3): 176-185.	3,6
8.	Karanfiloski A, **Trajkovski V.** Sexual education of persons with intelectual disability. Journal of Special Education and Rehabilitation. Skopje, 2008; 1-2: 55-66.	5,4
9.	Ljubić A, **Trajkovski V,** Kuturec M, Damjanovska Lj. Korelacija epilepsije i strabizma kod dece sa cerebralnom paralizom. *Svet rada*, Beograd, 2008; 5 (6): 603-616.	3,6
10.	Rasic O, **Trajkovski V.** Sex education of persons with disability. *Journal of Special Education and Rehabilitation.* Skopje, 2009; 10 (1-2): 7-24.	5,4
11.	Spiroski M, **Trajkovski V,** Trajkov D, Petlichkovski A, Efinska-Mladenovska O, Hristomanova S, Djulejic E, Paneva M, Bozhikov J. Family analysis of immunoglobulin classes and subclasses in children with autistic disorder. *Bosnian Journal of Basic Medical Sciences* 2009; 9 (4): 283-289.	3,6
12.	Mladenovska B, **Trajkovski V.** Opinions and attitudes of parents and students for sexual development, sexual behavior and gender identity of persons with autism in the Republic of Macedonia. *Journal of Special Education and Rehabilitation.* Skopje, 2010; 11 (1-2): 7-24.	5,4
13.	Stankova T, **Trajkovski V.** Attitudes and opinions of employers, employees and parents about the employment of people with autism in the Republic of Macedonia. *Journal of Special Education and Rehabilitation.* Skopje, 2010; 11 (3-4): 16-29.	5,4
14.	Ljubić A, **Trajkovski V.** Efekat veštačkih suza bez konzervansa kod nosilaca kontaktnih sočiva i kod nenosilaca kontaktnih sočiva. *Svet rada*, Beograd, 2010; 7 (6): 539-555.	5,4
15.	Todorov I, **Trajkovski V.** Evaluation of the language communicational skills of persons with broca's aphasia as a concomitance from cerebrovascular insult. *Journal of Special Education and*	5,4

	Rehabilitation. Skopje, 2011; 12 (1-2): 17-31.	
16.	Ljubic A, **Trajkovski V.** Refractive errors in children and young adults with Down's syndrome. *Acta Ophthalmol* 2011; 89 (4): 324-327.	5,4
17.	Ljubic A, **Trajkovski V**, Stankovic B. Strabismus, refractive errors and nystagmus in children and young adults with Down syndrome. *Ophthalmic Genetics*, 1–8, Early Online, 2011. DOI: 10.3109/13816810.2011.592175.	4,8
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание	
18.	Љубиќ А, **Трајковски В**, Кутурец М. Афекција кранијалних нерава и страбизам код деце са церебралном парализом. *Београдска дефектолошка школа*, Београд, 2008, 1: 95-103.	3,2
19.	**Трајковски В.** Аутизмот и митохондријалната дифункција. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, 2008; 61: 539-550.	4
20	**Трајковски В.** Генетска основа на Алцхајмеровата болест. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, 2010; 63: 615-629.	4
21.	**Трајковски В.** Етика на објавување на стручно-научни трудови. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, 2011; 64: 453-468.	4
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно-научно популарно списание	
22	Љубиќ А, **Трајковски В**, Тојтовска Б. Страбизам кај Down-ов синдром. *Vox Medici* 2009; 18 (65): 63-65.	1,6
23	Љубиќ А, **Трајковски В**, Тојтовска Б. Страбизам и рефрактивен статус кај Down-ов синдром. *Vox Medici* 2010; 19 (66): 82-84.	1,6
24	Љубиќ А, **Трајковски В**, Тојтовска Б. Страбизам и ризик-фактори кај Down-ов синдром. *Vox Medici* 2010; 19 (68): 110-112.	1,6
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	
25.	**Trajkovski V.** Savremene tendencije u tretmanu autističnog spektra poremećaja. Zbornik radova „Savremeni tretman dece sa posebnim potrebama". Institut za psihofiziološke poremećaje i govornu patologiju „Prof. Dr Cvetko Brajović", Beograd, 2009: 207-220.	3,0
	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	
26	**Trajkovski V.** Health care system for people with intellectual disabilities in Macedonia. Book of abstracts – International Congress of Best Practice in Intellectual Disability Medicine. Bristol, UK, 13-14 May, 2010	3
	Секциски предавања на научен/стручен собир	
27.	**Trajkovski V.** Fiziološke abnormalnosti kod autizma. "Višestruka ometenost – udružena stanja", Veternik, 06 Jun, 2008.	1
28	**Трајковски В.** Генетски аспекти на Алцхајмеровата болест. „Стареењето на лицата со интелектуална попреченост". Семинар, 15.3.2010, Филозофски факултет, Скопје.	1
29	**Трајковски В.** Аутизам и ментално здравје. „Методи и превенција во социјалната работа во системот за ментално здравје", 17-22.8.2010, Охрид, Македонија.	1
30	**Trajkovski V.** Autism in Macedonia - where are we now? East European sub-regional meeting on Autism and Public Health. 13-14.09.2010, Budapest, Hungary.	1
31.	**Trajkovski V**, Ilievski V. Disabled Students in Higher Education in Macedonian Universities. Regional JFDP Alumni Conference: "Enhancing Accessibility of the Higher Education to the Disabled". Skopje/Ohrid, Nov 22-24, 2010.	0,9
32	**Трајковски В.** Превенција на аутизам. Симпозиум организиран од Здружение на психијатри на Македонија и Македонско научно здружение за аутизам, 13.4.2011, Медицински факултет, Скопје.	1
33	**Трајковски В.** Рана интервенција на аутизмот. Семинар, 29.8.2011,	1

	Филозофски факултет, Скопје.	
34	**Трајковски В.** Сексуално преносливи болести кај лица со инвалидност. Конференција, 02.11.2011, Филозофски факултет, Скопје.	1
	Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество	
35.	**Трајковски В.** Значењето на генетската евалуација во дијагностиката на аутизмот. Меѓународна конференција: „Улогата на дефектологот во институционалниот и вонинституционалниот третман на децата со посебни потреби". Скопје, 2-3 октомври 2008.	2
36	Ивановска Ј, **Трајковски В.** Улогата на сликите во работата со дете со аутизам. Меѓународна конференција: „Улогата на дефектологот во институционалниот и вонинституционалниот третман на децата со посебни потреби". Скопје, 2-3 октомври 2008.	1,8
37.	**Trajkovski V.** Genetic evaluation and Genetic counseling of Autism Spectrum Disorders. International conference: "Rain Man is among us. Contemporary forms of Support for Autistic Persons. A systems Approach. Krakow, November 27-29, 2008.	2
38	**Trajkovski V.** Macedonian Scientific Society for Autism – Portrait. International conference: "Rain Man is among us. Contemporary forms of Support for Autistic Persons. A systems Approach. Krakow, November 27-29, 2008.	2
39	**Trajkovski V,** Ljubić A. Refractive errors in children and young adults with Down syndrome. I European Congress on Down syndrome in Bosnia and Herzegovina, April 02-05, 2009.	1,8
40	Рашиќ О, **Трајковски В.** Полов развој, абнормално полово однесување и сексуално воспитание кај лицата со инвалидност. Меѓународна конференција: „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија". Битола, 27-29 мај 2010.	1,8
41.	Станкова Т, **Трајковски В.** Ставови и размислувања на работодавачите, вработените лица и родителите за можностите за вработување на лица со аутизам. Меѓународна конференција: „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија". Битола. 27-29 мај 2010.	1,8
42	Галевска В, **Трајковски В.** Состојбата со заштитата, едукацијата и рехабилитацијата на лицата со аутизам во Р. Македонија и ставовите на родителите и стручните лица за потребата од нејзиното менување и осовременување. Меѓународна конференција: „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија". Битола, 27-29 мај 2010.	1,8
43	Младеновска Б, **Трајковски В.** Ставовите и мислењата на родителите и студентите за сексуалниот развој, однесување и полов идентитет кај лицата со аутизам. Меѓународна конференција: „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија". Битол,а 27-29 мај 2010.	1,8
44	Трошанска Ј, **Трајковски В.** Искуства на родители на деца со аутизам во Република Македонија. Меѓународна конференција: „60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија". Битол,а 27-29 мај 2010.	1,8
	Апстракти објавени во зборник на конференција	
45.	Spiroski M, **Trajkovski V,** Trajkov D, Petlichkovski A, Strezova A, Efinska-Mladenovska O, Srbinovska O, Hristomanova S, Djuleic E, Petrov J. Concomitant autoimmunity, allergy and immune tolerance are possible immunological disorder in autism. 5th Balkan Congress of Immunology, June 01-03, 2008, Ohrid. *Maced J Med Sci*; 1 (Suppl. 1): S21-S22.	0,6
46	Davkovska R, **Trajkovski V.** Family status of parents of children with	0,9

	autism. Book of abstracts – First International Conference of Students of Special Education and Rehabilitation: "Special Education and Rehabilitation". Belgrade, April 15-18, 2011; 237-238.	
47.	**Trajkovski V.** Genetski aspekti govorno-jezičkih poremećaja. Zbornik rezimea – I simpozijum logopeda Srbije: "Prevencija, dijagnostika i tretman govorno-jezičkih poremećaja". Divčibare, 12-13 maj, 2012; 9-10.	1
48	Chepishevska S, **Trajkovski V.** Most common phonological/articulation disorders in children aged between 4-6 years. Book of abstracts – The first Symposium logopedists from Serbia: "Prevention, Diagnosis and Treatment of Speech-Language Disorders". Divčibare, May 12-13, 2012; 33-34.	0,9
49	Spandževska N, **Trajkovski V.** Ispitivanje sintaksičkog razvoja kod dece sa lakom mentalnom retardacijom. Zbornik rezimea – I simpozijum logopeda Srbije: "Prevencija, dijagnostika i tretman govorno-jezičkih poremećaja". Divčibare, 12-13 maj, 2012; 83-84.	0,9
	Вкупно	143,2

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Вкупно	

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Учебник: Медицински основи на инвалидноста, 2008	8
2.	Учебник: Физиологија со функционална анатомија на човекот, 2009	8
3.	Учебник: Аутизам и первазивни развојни нарушувања, 2011	8
4.	Рецензент на странски учебник Хумана генетика од Михајловиќ Љ и Михајловиќ Н, 2009	1
5.	Рецензија на ракопис под шифра JPPID-07-0042 за списанието *Journal of Policy and Practice in Intellectual Disabilities* (февруари 2008)	1
6.	Рецензија на ракопис под наслов Language abilities in children with autism spectrum disorder, за списанието *Bulgarian Journal of Communication Disorders* (мај 2010)	1
_____

5. Проф. д-р Владимир Котевски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 2“ ОД АВТОРИТЕ: *проф. д-р ВЕСЕЛА МАЛЕСКА-ИВАНОВСКА, проф. д-р ВАСКА АНТЕВСКА, проф. д-р БЕТИ ДЕЈАНОВА, проф. д-р СУНЧИЦА ПЕТРОВСКА, проф. д-р ЛИДИЈА ТОДОРОВСКА, науч. сор. д-р С. НИКОЛИЌ, науч. сор. д-р Љ. ЕФРЕМОВСКА, ас. д-р С. МАНЧЕВСКА, ас. д-р Ј. ПЛУНЦЕВИЌ-ГЛИГОРОСКА, ас. д-р Е. СИВЕВСКА-СМИЛЕВСКА, ас. д-р Е. ХАНЏИСКА, д-р. И. КАРАЃОЗОВА*

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со член 15-19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет постапувајќи по предлогот од Одборот за издавачката дејност на Факултетот на својата XII редовна седница одржана на 15.3.2012 година, донесе одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебното помагало под наслов: **ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 2**, изработено од авторите: проф. д-р В. Малеска-Ивановска, проф. д-р В. Антевска, проф. д-р Б. Дејанова, проф. д-р С. Петровска, проф. д-р Л. Тодоровска, науч. сор. д-р С. Николиќ, науч. сор. д-р Љ. Ефремовска, ас. .д-р С. Манчевска, ас. д-р Ј. Плунцевиќ-Глигоровска, ас. д-р Е. Сивевска-Смилевска, ас. д-р Е. Ханџиска, д-р И. Караѓозова. За рецензенти беа избрани:

1. Проф. д-р Лилјана Божиновска
2. Проф. д-р Марија Папазова.

Прегледувајќи го доставениот текст рецензентите проф. д-р Лилјана Божиновска и проф. д-р Марија Папазова го изготвија и го доставија следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. **Наслов на учебното помагало**: „Практикум по физиологија 2“

2. **Имиња на авторите**: В. Малеска-Ивановска, В. Антевска, Б. Дејанова, С. Петровска, Л. Тодоровска, С. Николиќ, Љ. Ефремовска, С. Манчевска, Ј. Плунцевиќ-Глигоровска, Е. Сивевска-Смилевска, Е. Ханџиска, И. Караѓозова.

3. **Назив на предметната програма за која се однесува**:
   Практикумот е наменет за практичната настава по предметот физиологија 2.

4. **Назив на студиската програма**:
   Практикумот е наменет за студиската програма општа медицина.

5. **Семестар на студиите во кој се одвива наставата по предметот**:
   Практичната настава по предметот физиологија 2 се одвива во четврти семестер.

6. **Фонд на часови од предметот:**
   Практикумот покрива фонд од 45 часа практична настава.

7. **Оцена дали предложениот ракопис е во согласност со наставната програма:**

По обем и содржина ракописот во целост одговара на предложената програма по предметот физиологија 2. Запазен е соодносот меѓу обемноста на текстот и фондот на часовите посветени на системите (нервен и ендокрин) што се изучуваат во предметот физиологија 2.

8. Време и акт на назначување на рецензентите:

Рецензентската комисија за ова учебно помагало, во состав: проф. д-р Лилјана Божиновска и проф. д-р Марија Папазова е избрана на XII редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 15.3.2012 година.

9. Дали се работи за прво издание:

Практикумот во предложениот обем и содржина и со приложените автори, како „Практикум по физиологија 2" претставува прво издание.

10. Дали е објавен ист или сличен учебник на Факултетот (кога, атори):

Сличен практикум кој досега е објавен на Факултетот е: „Практикум по физиологија", под уредништво на проф. д-р Лилјана Божиновска.
Соработници: Л. Божиновска, В. Малеска-Ивановска, В. Антевска, Б. Дејанова, С. Петровска, Л. Тодоровска, С. Николиќ, Љ. Ефремовска, З. Ханциски, С. Манчевска, Ј. Плунцевиќ-Глигороска, Е. Сивевска-Смилевска, Ж. Фатхи, Е. Ханциска, 2003, ISBN 9989-684-35-9.

11. Општи податоци за ракописот:

Содржината на ракописот е прегледно презентирана на 144 страници (142 текст што се однесува на вежбите и 2 страници литература), со формат А4, поделена на 13 поглавја. На почетокот на ракописот е приложена основната содржина во која се наведени поглавјата.

Секое поглавје претставува логички осмислена целина и содржи два дела: прв воведен дел, во кој на концизен начин се презентирани основните теоретски информации во врска со вежбите кои се опфатени во вториот дел. Вториот дел се состои од следните подделови: 1. **Задачи**-вежби кои практично се изведуваат; 2. **Потребно за изведување** -наведени се сите потребни материи, вклучувајки експериментални животни, потребни инструменти, хемикалии, компјутеризирани електронски уреди како што е Biopac (засилувач на биосигнали), за практично снимање и анализирање на снимените и измерените параметри на испитаниците (студенти). Во овој дел се опфатени исто така и лабораториските симулации PhysioEx за изведување на вежби во физиолошките лаборатории кога наместо експериментални животни се користат виртуелни органи и виртуелни експериментални животни (стаорци), потребни за изведба на поодделни вежби. Исто така, наведени се и тестови во форма на прашалници за испитување на когнитивните функции на мозокот и за одредување на фунционалната специјализација и латерализација на хемисферите на мозокот; 3. **Постапка**-опишан е во детали начинот на кој се изведува соодветната вежба; 4. **Резултати**-на специјално означени места, некогаш во форма на табели, се нотираат добиените параметри од секоја вежба; 5. **Објаснување на резултатите**-се анализираат добиените резултати; **6. Запомни** - се обрнува внимание за суштината што треба студентите да ја понесат, по завршувањето на секоја вежба, како стекнато знаење и како стекнато искуство за активно практично учество во изведувањето на соодветната вежба.

Практикумот содржи 92 илустрации, 5 теста во вид на прашалници и 19 табели, инкорпорирани во соодветните поглавја кои помагаат вежбите успешно да бидат

изведени, а студентите на лесно прифатлив и современ начин да се стекнат со знаење до кое доаѓаат со активна практична работа.

На крајот на ракописот се наведени 43 цитирани наслови од областа на материјата која ја покрива практикумот, а тоа се нервниот и ендокриниот систем.

12. Опис на содржината:

Првото поглавје се однесува на **ПЕРИФЕРНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ**. Тоа е составено од два дела.

Првиот дел ја обработува проблематиката на надразливост и спроводливоста на ексцитабилните ткива, правење на нервно-мускулен препарат и испитување на влијанието на дразбите врз директно и индиректно дразнење на мускулот.

Во **вториот дел** се користи лабораториски симулациски систем PhysioEx. Со него на виртуелен и современ начин се изведуваат вежбите со кои се предизвикува дразнење на n. ishiadicus, инхибиција на нервен импулс, мерење на брзина на нервна спроводливост и исцртување на крива на нервна надразливост.

Во **второто поглавје** се испитува **РЕФЛЕКСНАТА АКТИВНОСТ КАЈ ЖАБА**. Се користи експериментално животно-жаба и се приготвува спинална жаба за изведување на спинален шок и за испитување на спиналните рефлекси. Исто така се мери рефлексно време и се предизвикува инхибиција на спиналните рефлекси.

Третото поглавје е посветено на испитување на **РЕФЛЕКСНАТА АКТИВНОСТ КАЈ ЧОВЕКОТ**. Се испитуваат површните рефлекси: кожни и слузокожни, длабоките мускулни (тетивни) рефлекси и вегетативните рефлекси.

Четвртото поглавје се однесува на **АВТОНОМНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ**. Во ова поглавје се користи експериметално животно жаба за испитување на влијанието на адреналинот врз зеницата на жабешкото око. Во останатите вежби се користи симулацискиот систем PhysioEx, за испитување на дејството на адреналинот, атропинот и пилокарпинот врз работата на виртуелно жабешко срце, како и користење на компјутеризиран засилувач на биосигналите Biopac, поддржан со софтвер за снимање и анализирање на психофизиолошките параметри: галванскиот одговор на кожата, фреквенцијата на дишењето и фреквенцијата на срцевата работа поврзани со соматски и специјални сензорни стимулуси, контингентно однесување и емоции.

Во **петтото поглавје** се испитува **МОЗОЧНАТА АКТИВНОСТ КАЈ ЧОВЕКОТ- прв дел**. Во овој дел, со користење на Biopac-student lab системот, се снимаат и се анализираат: спонтаните мозочни потенцијали (мозочните бранов α, β, θ и σ), и со настан предизвикани мозочни потенцијали чиј претставник е Контингентната негативна варијација или CNV-бранот. Во овој дел, исто така со користење на реакциометар се мери реакционото време на визуелна и звучна дразба.

Во **шестото поглавје** се испитува **МОЗОЧНАТА АКТИВНОСТ КАЈ ЧОВЕКОТ- втор дел**. Во ова поглавје се изведуваат вежби за испитување на когнитивните процеси кај човекот со употреба на тестови и прашалници. Се испитува процесот на внимание (волево и неволево), процесот на помнење, процесот на учење, како и испитување на функционалната специјализација и латерализација на мозочните хемисфери.

Седмото поглавје се однесува на **ФИЗИОЛОГИЈА НА АНАЛИЗАТОРИТЕ**. Во ова поглавје се изведуваат вежби поврзани со испитување на соматските сетила (за допир, топло и ладно), испитување на кортикален сензибилитет (графестезија, стереогнозија) и сетилата за вкус и мирис.

Во **осмото поглавје** е опишано изведувањето на вежбите поврзани со **СЕТИЛОТО ЗА ВИД прв дел**. Во овој дел од практикумот се испитува видното поле со користење на периметер, се одредува ширината на видното поле. Исто така се испитува и диоптричката способност на окото, како и одредување на слепата точка на ретината. Во ова поглавје е

опишана и процедурата за снимање и анализирање на електроокулограмот (EOG). За испитување на EOG се користи Biopac-student lab системот.

Во **деветтото поглавје** се опишани процедурите за испитување на **СЕТИЛОТО ЗА ВИД-втор дел**. Вежбите се однесуваат на испитување на акомодацискатa способност на окото (одредување на најдалечна и најблиска точка на јасен вид), способноста за колорно гледање, испитување на појава на астигматизам и испитување на очното дно со помош на офталмоскоп.

Во **десеттото поглавје** се опишани вежби за испитување на функцијата на **СЕТИЛОТО ЗА ЗВУК**. Опфатени се вежби за определување на локализацијата на звучен извор и одредување на коскено и воздушно спроведување на звучните бранови со тестовите на Weber, Rinne и Schwabach.

Единесеттото поглавје се однесува на **СЕТИЛОТО ЗА РАМНОТЕЖА** (вестибуларен апарат). Се опишува појавата на нистагмус и се опишува изведувањето на вежбите за испитување на надразливоста на сетилото за рамнотежа со помош на Бараниево столче. Исто така се опишува начинот за испитување на способноста за одржување на рамнотежата.

Дванаесеттото поглавје се однесува на **ЕНДОКРИНИОТ СИСТЕМ.** Во ова поглавје е опишана процедурата за изведување на вежбата со која се предизвикува инсулински шок кај експериментално животно, стаорец. Исто така со користење на симулацискиот систем PhysioEx, се изведуваат вежбите за одредување на стандардната крива за глукоза и за споредување на нивото на глукозата пред и по инјектирање на инсулин.

Тринаесеттото поглавје претставува продолжување на **ЕНДОКРИН СИСТЕМ - втор дел**. Опишана е методата за тироидектомија на експериментално животно, стаорец и испитување на тироидектомијата врз базалниот метаболизам кај стаорецот. Исто така, опишана е процедурата за определување на ефектот на тироксинот и ТСХ хормоните врз интензитетот на базалниот метаболизам, одредување на базална метаболна количина. Последниот дел се однесува на половите хормони. Опишана е вежба за определување на половиот циклус кај стаорец-женка. Исто така, опишана е вежба во која се користи PhysioEx виртуелниот систем, за испитување на влијанието на супституциона терапија со естроген кај овариектомирани женски стаорци.

13. Предлози за потребни корекции:

Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. Авторите ги имаат прифатено сугестиите за мали технички или јазични корекции во текстот.

14. Категоризација на рецензираниот текст:

Текстот целосно го опфаќа наставниот материјал за практична настава од предметот физиологија 2. Согласно со студиската програма, рецензираниот текст треба да биде карактеризиран како базично учебно помагало, Практикум по физиологија 2.

15. Општа педагошка оцена:

Текстот предложен за рецензија е правилно осмислен, материјалот е класификациран и презентиран на современ и дидактички функционален начин согласно со наставната програма. Запазен е редоследот на содржините и соодносот меѓу обемноста на текстот и фондот на часовите предвидени за практичната настава по предметот физиологија 2, за студентите по општа медицина.

Во текстот е посветено големо внимание на употреба на илустрации и детални упатства за успешно **самостојно ракување на студентите** со современата апаратура и

компјутерските симулации, што е основа на секоја современа практична настава. Практикумот е во функција на осовременување на практичната настава по предметот физиологија 2 и покрива материјал како што е нервниот и ендокриниот систем, кои сами за себе се предизвик заради нивната комплексност и барање на големо знаење и спретност.

Стилот на авторите е воедначен и лесно прифатлив за студентите. Јазикот на кој е презентиран текстот е јасен со запазена и објаснета стручна терминологија. Фактите се презентирани хронолошки и со запазена причинско -последична поврзаност меѓу нив.

16.Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:

Ракописот ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 2 од авторите: *проф. д-р В. МАЛЕСКА-ИВАНОВСКА, проф. д-р В. АНТЕВСКА, проф. д-р Б. ДЕЈАНОВА, проф. д-р С. ПЕТРОВСКА, проф. д-р Л. ТОДОРОВСКА, науч. сор. д-р С. НИКОЛИЌ, науч. сор. д-р Љ. ЕФРЕМОВСКА, ас. д-р С. МАНЧЕВСКА, ас. д-р Ј.ПЛУНЦЕВИЌ-ГЛИГОРОСКА, ас. д-р Е. СИВЕВСКА-СМИЛЕВСКА, ас. д-р Е. ХАНЏИСКА и д-р И. КАРАЃОЗОВА,* е наменет за додипломска практична настава на студентите по општа медицина. Овој Практикум обработува подрачје од физиологијата кое се однесува на нервниот и на ендокриниот систем. За успешно изведување на вежбите од овие системи потребно е големо теоретско знаење како и искуство, подготвеност за практична работа и спретност, што од страна на авторите на текстот е демонстрирано на висок професионален начин. Исто така, провејува и ентузијазмот со кој авторите имале желба и во целост успеале да приготват практикум кој е на ниво на најсовремените практикуми за да им овозможат на студентите по општа медицина да бидат компетитивни со своите знаења и способности на светско ниво.

Земајќи ги предвид сите факти што се наведени во текот на изготвувањето на оваа рецензија, имаме големо задоволство, како рецензенти на приложениот текст, да му предложиме на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ракописот „Практикум по физиологија 2“ да го прифати како учебно помагало за студентите по општа медицина и да го препорача за печатење.

Orangeburg, S.C., 20.5. 2012

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Лилјана Божиновска с.р.

Проф. д-р Марија Папазова с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата дваесет и петта редовна седница одржана на 11.4.2012, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, м-р Марија Златковска, виш лектор и м-р Мери Лазаревска, виш лектор во врска со пријавата на м-р Сања Гавриловска на конкурсот за избор во звањето виш лектор по англиски јазик.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден виш лектор по англиски јазик, објавен на 28.3.2012 година во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“, се пријави м-р Сања Гавриловска.

Биографски податоци

М-р Сања Гавриловска е родена во Скопје на 30.3.1961 година во Скопје, кадешто завршила основно и средно образование со континуиран одличен успех. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока во 1985 година, со просечен успех 9,2.

По дипломирањето, кандидатката м-р Сања Гавриловска работела како професор по англиски јазик на определено време во Работничкиот универзитет „Кочо Рацин“ и во средното училиште „Орце Николов“, а од 1990 почнала да работи како професор на неопределено време во Градежно-машинскиот центар „Чеде Филиповски-Даме“, но и надополнувала часови во гимназијата „Зеф Љуш Марку“ во Скопје.

Од ноември 1993 година се вработила на Филолошкиот факултет како предавач по англиски јазик на нематичните факултети.

Наставно-образовна дејност

Од 1993 година м-р Сања Гавриловска работи како предавач по англиски јазик на повеќе нематични факултети. Во учебната година 1993/1994 година на Правниот факултет во Скопје се воведува предметот англиски јазик за чија настава беше ангажирана м-р Сања Гавриловска, како и за изготвување на наставната програма, избор на учебници и подготвување на наставен материјал. Треба да се истакне дека ангажманот за изведување на наставата по овој предмет на Правниот факултет

подразбира сериозен напор ако се има предвид бројот на студенти кои го слушаат овој предмет.

Во учебната 1999 кандидатката започнала да изведува настава по англиски јазик на Правниот факултет само во втората учебна година, а едновремено била ангажирана да ја покрива и наставата по англиски јазик на Ветеринарниот факултет во Скопје.

Во 2002/2003 година завршила со ангажманот на Правниот факултет и започнала да изведува настава на Катедрата за превод и толкување на Филолошкиот факултет по предметот англиски јазик како втор странски јазик.

Од 2008 година на Катедрата за превод и толкување е ангажирана со 14 и 16 часа по предметите англиски јазик 1Б, 2 Б, 3Б и 4Б, како и стручните предмети - право и политички науки. Била член на 23 комисии за одбрана на дипломски трудови и изработила интерна скрипта за предметот стручна терминологија-политика.

Стручно усовршување

Кандидатката м-р Сања Гавриловска учествувала на повеќе научни семинари за стручно усовршување:

- во јули 1979 следела настава по англиски јазик на Chelsea College, во Лондон, во траење од еден месец;
- во март 1995 учествувала на семинарот English for Specific Purposes, во Скопје, во организација на Британскиот совет;
- во јули 1995 следела настава на постдипломските студии на групата за применета лингвистика на Државниот универзитет во Портлан, Орегон, САД (PSU);
- во март 1996 учествувала на семинарот ELT-Seminar/Workshop во организација на Британскиот совет во Скопје;
- во јуни 1997 следела настава на Hammersmith Grammar School, во Лондон, во траење од еден месец;
- во мај 2001 учествувала на семинар за ESP во Охрид, во организација на Американската амбасада во Скопје;
- во јуни 2001 учествувала на семинар за ESP во Битола, во организација на Американската амбасада во Скопје;
- во јули 2001 го одбранила магистерскиот труд „Именски сложенки во правната терминологија", под менторство на д-р Марија Јанева-Михајловска на Филолошкиот факултет во Скопје;
- во февруари 2002 учествувала на семинар за ESP во Струмица, во организација на Катедрата за преведување и толкување.

Стручни трудови и преводи

Во 2002 година, во коавторство со проф. д-р Даница Цветановка и предавач Мери Лазаревска, м-р Сања Гавриловска ја изработи граматичката вежбанка за право,

политички студии и новинарство (Workbook for Law, Politicc and Journalism) објавена во Скопје, а која е изработена како резултат на трите одржани семинари во 2001 и 2002 година, организирани од страна на Американската амбасада во Скопје и раководени од проф. д-р Кетрин Куп. Ова е прва граматичка вежбанка на англискиот јазик во струка издадена во Република Македонија.

Како резултат на нејзиното повеќегодишно искуство како предавач по англиски јазик на Правниот факултет, м-р Сања Гавриловска го составува и учебникот „English for Law Students", наменет за тамошните студенти. По заминувањето од Правниот факултет и преминувањето на Катедрата за превод и толкување, м-р Сања Гавриловска го користи овој учебик на часовите по стручен предмет - право.

Ги има објавено следните научни трудови во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески„ во Скопје

- (2009) „Потекло и подем на англискиот јазик во функција на струката" .
- (2010) „Основни карактеристика на англискиот правен јазик".
- (2011) „Именски сложенки во правната терминологија".

Во март 2012 го објавува својот магистерски труд под наслов „Именски сложенки во правната терминологија".

Стручно-апликативна дејност

Во 2009 година била член на работната група за воведување на постдипломски студии за преведување на Катедрата за превод и толкување. Била член и на две рецензентски комисии за избор во звање, во ноември 2010 за избор на лектор м-р Катарина Ѓурчевска и во мај 2011 за изборот на помлад асистент м-р Милена Саздовска. Во февруари 2009 била член на Комисијата за изработка на студиските предметни програми на Катедрата за превод и толкување. Во 2009 година била и член на Комисијата за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Била дел од тимот кој го лекторирал преводот од македонски на англиски јазик на студиската и предметната програма на ПиТ за 2010 година.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на сите изнесени констатации за педагошките, професионалните и научните квалификации на кандидатката, истакнуваме дека таа во целост ги исполнува пропишаните услови за звањето во кое конкурира. Според тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере м-р Сања Гавриловска во звањето виш лектор по англиски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева Михајловска, редовен професор, с.р.
2. М-р Марија Златковска, виш лектор, с.р.
3. М-р Мери Лазаревска, виш лектор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: м-р Сања Драган Гавриловска
(име, татково име и презиме)

Институција: Филолошки факултет
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: англиски јазик

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Англиски јазик 1Б (0+14), зимски семестар, 2008/09	8,4
	Стручен предмет право (1+1), летен семестар 2008/09	1,2
	Англиски јазик 2Б (0+14), летен семестар 2008/09	8,4
	Англиски јазик 3Б (0+14), зимски семестар, 2009/10	8,4
	Стручен предмет вовед во право (1+1), летен семестар 2009/10	1,2
	Англиски јазик 4Б (0+12), зимски семестар, 2009/10	7,2
	Англиски јазик 3Б (0+12), зимски семестар, 2010/11	7,2
	Стручен предмет вовед во право (0+2), зимски семестар 2010/11	1,2
	Англиски јазик 4Б (0+12), летен семестар, 2010/11	7,2
	Стручен предмет - политика (0+2), зимски семестар 2010/11	1,2
	Англиски јазик 3Б (0+12), зимски семестар 2011/12	7,2
	Стручна терминологија (политика) (0+2), зимски семстар 2011/12	1,2
	Англиски јазик 4Б (0+12), летен семстар 2011/12	7,2
	Стручна терминологија (правна) (0+2), летен семестар 2011/12	1,2
	Консултации за предметите англиски јазик 1, 2Б за 2008/09 (111 студенти)	0,222
	Консултации за предметите англиски јазик 3, 4Б за 2009/10 (155 студенти)	0,31
	Консултации за предметите англиски јазик 3, 4Б за 2010/11 (140 студенти)	0,28

	Консултации за предметите англиски јазик 3, 4Б за 2011/12 (145 студенти)	0,29
	Консултации за предметот стручен предмет- право за 2008/09 (60 студенти)	0,12
	Консултации за предметот стручен предмет- право за 2009/10 (79 студенти)	0,158
	Консултации за предметот стручен предмет- право за 2010/11 (111 студенти)	0,222
	Консултации за предметот стручна терминологија (правна) за 2011/12 (72 студенти)	0,144
	Консултации за предметот стручна терминологија (политичка) 2010/11 (58 студенти)	0,116
	Консултации за предметот стручна терминологија (политичка) 2011/12 (172 студенти)	0,344
	23 дипломски по 0,1	2,3
	Мачевска Марина, Далипи Венера, Ана Марија Митевска ,Ана Златкова, Елена Михајлова,Александра Бунташоска, Тамара Дејановска, Надица Стојановска Димовска Бранкица, Ристевска Ивана, Трајковик Јасмина, Станковска Јасмина,Тутаркова Ангелина, Запрова Катерина, Мицкоска Светлана ,Стаменкова Катерина ,Стефановска Марија, Карбевски Бојан, Петровска Анастасија, Весна Велеска, Тимчева Вангелица, Настовски Јовица, Пановска Орхидеја, Велјанов Здравко, Цветевска Елена, Кимов Милан, Андонов Горан, Ѓурчилова Јела, Треневска Ема, Нацев Мартин, Селими Нита, Јорданов Ристе, Запрова Катерина, Крстеска Ана	Поени
	Вкупно	71,6

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Трудови објавени во зборник на трудови на високо образовна институција: "Потекло и подем на англискиот јазик во функција на струката", Годишен зборник на Филолошки факултет, Скопје, 2009. "Основни карактеристики на англискиот правен јазик јазик", Годишен зборник, 2010. "Именските сложенки во правната терминологија",	6

	Годишен зборник, 2011.	
	Учество на симпозиумот "Повеќејазичниот и интеркултурен дијалог"	0,5
	Учество на симпозиумот "Блаже Конески", декември 2011	0,5
	С.Гавриловска", Именски сложенки во правната терминологија" (монографија), Скопје, издавач: авторот, Скопје, 2012.	8
	Проект за воведување постдипломски студии за преведување на Катедрата за ПиТ, 2008/2009 (член на работна група)	3
	Проект на Секретаријатот за превод на законодавството на РМ и негово усогласување со законодавството на ЕУ (2007/2008)	3
	Вкупно	21

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Вкупно	

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Член на две рецензентски комисии за избор во звање (2x 0,2): м-р Ѓурчевска Катарина, м-р Саздовска Милена	0,4
	Комисија за изработка на студиски и предметни програми на Катедрата за превод и толкување, 2009	0,5
	Лекторирање превод на дел од книга (студиска и предметна програма на ПиТ, за 2010)	0.5
	Комисија за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, 2009	0,5

	Комисија за библиотечен фонд, 2008	0,5
	Комисија за попис на основни средства на Факултетот, 2009	0,5
	Комисија за библиотечен фонд, 2010 Комисија за попис на основни средства на Факултетот, 2011 Член на Наставно- научен совет, 2009/2010 Член на Наставно-научен совет, 2010/2011 Член на Британскиот совет, Скопје	0,5 0,5 1 1 1 0,5 Вкупно 7,4
Дејности од поширок интерес		
Спортска дејност		
	Вкупно	

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	71,6
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	21
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	7,4
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	
Вкупно	100

Членови на Комисија

1. Д-р Марија Јанева Михајловска, претседател, с.р.

2. М-р Марија Златковска, член, с.р.

3. М-р Мери Лазаревска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ, ВЛИЈАНИЕ НА НАЧИНОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУНСКИ РАСАД ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ НА ТУТУНОТ ОД М-Р РОМИНА КАБРАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 02-1340/9, донесена на XXXX седница одржана на 15.6.2012 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација во состав: д-р Златко Арсов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Иван Туршиќ, научен советник, професор на висока школа, Агрономски факултет-Свеучилишта во Загреб, Република Хрватска, д-р Илија Ристески, виш научен советник при Научниот институт за тутун-Прилеп, д-р Зоран Димов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Звонко Пацаноски, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

По прегледот на докторската дисертација со наслов: ВЛИЈАНИЕ НА НАЧИНОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУНСКИ РАСАД ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ НА ТУТУНОТ, изработена од м-р Ромина Кабранова, асистент на група предмети на Катедрата за специјално поледелство при Институтот за растителна биотехнологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Комисијата во горенаведениот состав го донесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на м-р Ромина Кабранова опфаќа 192 страници, со вообичаен проред, компјутерски изработени. Целокупниот текст е поделен во 10 поглавја: *Вовед, Преглед на литература, Цел на истражувањето, Материјал и методи на работа, Карактеристики на ориенталските сорти тутун, Агроеколошки услови, Резултати со дискусија, Одредување на квалитетот на тутунот, Заклучоци и Литература.* Во докторската дисертација претставени се 68 табели, 16 графикони и 10 фотографии и краток апстракт (на македонски и англиски јазик).

Во првото поглавје, *Вовед,* изнесени се податоци за потеклото и распространетоста на тутунот, *Nicotiana tabacum L.* во светот, при што се истакнува неговата специфична улога како средство за уживање, но и извор на парични средства за многу држави од аспект на акцизна стока. Понатаму, се истакнува специфичноста на производството на тутун која произлегува од поделеноста на технологијата на производство на две производствени етапи: расадопроизводство и производство на нива, каде што неминовна е врската меѓу успешното расадопроизводство и успешното производството на тутун на нива, за понатамошно обезбедување на квалитетна тутунска суровина, наменета за понатамошна обработка и финална преработка во тутунски производи.

Во кратки црти е даден преглед и анализа на површините и производството на тутун во светот со позначајните производители на оваа култура. Еден дел од трудот е посветен за динамиката на производството на тутун во Република Македонија, како и

улогата на тутунот во многу сфери од општественото живеење, особено како еден од најзначајните извозни производи во државата. Понатаму, авторот ги истакнува причините за воведување на новата технологија на контејнерско производство на тутунски расад или во светот позната како Float Tray System и можностите за нејзина примена во производство на расад за ориенталските тутуни. При тоа наведува дека Република Македонија, давајќи придонес во елиминирањето на употребата на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка и овозможуваат деструкција на животната средина, во 1998 година ги има ратификувано Виенската конвенција (1985) и Монтреалскиот протокол (1987), со што ги има преземено сите обврски што произлегуваат од нив. Во согласност со претходно наведените меѓународни договори, нашата држава има преземено мерки, а тоа се: редукција и елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка каде што меѓу другите супстанции е наведен и метил бромидот и изнаоѓање на ефикасен начин за производство на тутунски расад, кој ќе го замени метилбромидот при дезинфекција на почвата и ѓубрето во леите за тутунски расад. Поради тоа, кај нас експериментално се започна со спроведување на новата технологија на производство на тутунски расад со што би се надминале наведените проблеми, а при тоа да се задржи или зголеми приносот од единица површина и да се добие висок квалитет на тутунската суровината.

Во поглавјето *Преглед на литература,* докторантката изнесува податоци од трудови од преку педесет автори, поголемиот дел од странски автори во кои се обработуваат теми од потесната област за предметот на дисертацијата. Многу концизно, даден е детален преглед на досегашните истражувања од областа на контејнерското производството на тутунски расад, пред сé во светски рамки, каде што овој начин на производство на тутунски расад веќе подолг период се применува. Особено кога станува збор за крупнолисните тутуни и за кои, во некои земји, реномирани производители е доведен до совршенство. При тоа, во прегледот се опфатени скоро сите аспекти на контејнерскиот начин на производство на расад, како од аспект на производството, така и од економски аспект.

Во поглавјето *Цел на истражувањето,* авторката систематски и концизно ги истакнува главните цели на дисертацијата, а тоа се дали и како контејнерскиот начин на производство се одразува како прво на квалитетот на тутунскиот расад, но и понатаму на расадениот тутун на нива по однос на биолошките и морфолошките особини на тутунските растенија, за да се утврди влијанието на контејнерскиот расад врз приносот и квалитетот на добиената тутунска суровина, нормално, споредувана со суровината произведена со класичниот начин на производство на тутунски расад. Притоа, мотивирачки влијае ангажманот на авторот да даде придонес во приближувањето на резултатите од науката до практиката, преку практичен пример за планирано, квалитетно и стабилно производство на ориенталски тутун, кој ги исполнува сите стандарди за негова понатамошна обработка и реализација. Според тоа, целта на овој научен труд е да се даде придонес во усовршување на процесот на расадопроизводство и широка имплементација на контејнерското производство на расад на овие простори.

Во поглавјето *Материјал и методи на работа*, докторантката детално ја опишува методологијата на своите истражувања кои биле спроведени во периодот 2007-2009 година, врз ориенталските сорти тутун *прилеп НС72* и *јака 125/3*, посеани на површините на Велес Табак АД Велес, претпријатие за откуп и обработка на тутун во Велес. Даден е и методот на полските истражувања, лабораториските методи за определување на физичките и хемиските својства на тутунот, како и методите за одредување на визуелните и дегустативните својства на суровината. Добиените податоци статистички се обработени по методот на анализа на варијанса и се

тестирани, на современ начин, за што е користена посебна компјутерска програма (SPSS for Windows, процедура Sum of squares, Model III).

Во поглавјето *Карактеристики на ориенталските сорти тутун,* во кратки црти се претставени морфолошките, биолошките и технолошките карактеристики на двете ориенталски сорти тутун кои се земени како материјал за истражување: *прилеп НС 72* и *јака 125/3*, широко застапени во производната структура на Република Македонија.

Во поглавјето *Агроеколошки услови,* изнесени се карактеристиките на почвата на местото каде што бил поставен опитот и климатските карактеристики на реонот Велес. Особено се обработени метеоролошките податоци, со посебен акцент за време на вегетациониот период на тутунот на нива (мај-септември) за трите години од истражувањето.

Во поглавјето *Резултати и дискусија,* авторката систематски и прегледно, низ неколку потпоглавја, преку табеларни прегледи, графикони и нивен коментар ги презентира резултатите од истражувањата. При тоа детално се анализирани морфолошките својства на тутунскиот расад, фенофазите од развитокот на расадот и времето за стасување на расадот за расадување, при што е констатирано дека расадот од контејнерското производство стасува за 42 дена (4 дена порано) во споредба со класичното производство на расад.

Пораното стасување за расадување според авторот, е резултат на начинот на управување и контролираните услови за развиток во расадничката етапа при контејнерскиот начин на производство. Имено, во ладниот период, базенчињата со контејнери се перманентно покриени и се отвораат само тунелно, за терморегулација или за евентуално дополнување со вода, а кон крајот на стасувањето на расадот потполно се откриваат. Хранливите материи кои се растворени во водата, постојано се на располагање на младите растенија, животниот простор на секое растение е практично без конкуренција, а секое растение се развива независно во својата алвеола.

По однос на квалитетот на расадот, анализиран преку морфолошко-биолошките својства на истиот, а посебно според бројот на погодни растенија за расадување, добиени се резултати кои го потврдуваат повисокиот квалитет. Од контејнерскиот начин на производство, во просек се добиваат за 90 % повеќе стракови, во однос на класичниот начин на производство на тутунски расад.

Мошне важно е да се истакне дека искористената површина за формирање на 30 базенчиња за контејнерско производство на расад, кои ќе го обезбедат соодветниот број на стракови за да се засади еден хектар површина под тутун, е скоро за 2 пати помала во однос на потребната површина за формирање класични леи за добивање ист број на стракови.

Понатаму, по расадувањето на нива, констатирано е дека процентот на прифатениот расад по расадувањето на нива е повисок, посебно кај варијантата 2 контејнерско N (93,4 % од насадените). Следува варијантата 3 контејнерско P, со 89,7 % на прифатени стракови, а најниско прифаќање има кај контролната варијанта 1 класично производство, со 75,7 %.

Еден дел од презентираните резултати се однесуваат на определувањето на морфолошките карактеристики на тутунот по беридбени појаси, во текот на вегетациониот период (големина на листовите во зелена и сува состојба, контракција на листовите по сушење, просечна зелена и сува маса на листовите по беридбени појаси). Се констатира дека кај поголем дел од испитуваните карактеристики постои високо ниво на статистичка значајност во однос на технологијата на производство, беридбениот појас и реколтата. Авторката го истакнува фактот дека приносот на зелена маса по единица површина е највисок кај варијанта 2 контејнерско N, и истиот изнесува 15683 kg/ha. Исто така, најголем принос по единица површина на сува маса е добиен кај

варијантата 2 контејнерско N (2755 kg/ha), додека гледано по однос на сорти: приносот кај сортата кај *прилеп НС 72* варијанта 2 контејнерско N е за 24 %, односно кај *јака 125/3* варијанта 2 контејнерско N е за 18 % повисок во однос на варијантата 1 класично - контрола.

Приносот на тутунот не единствено мерило за успешноста на испитуваната технологија. Многу важно е и одредувањето на квалитетот на добиената суровина преку оргнолептичката оценка (визуелна и дегустативна), хемискиот состав и добиениот индустриски класен рандман. Резултатите од нив, се обработени во поглавјето *Одредување на квалитетот на тутунот*. Во ова поглавје авторката најнапред ги изложува резултатите за добиениот индустриски рандман на суровината пресметан според учеството на индустриските класи (Уник 1-3 и останати класи) во вкупното количество тутун и тоа според: технологијата на производство на расадот, реколтата и сортата. Се констатира дека повисокиот индустриски рандман е резултат на технологијата на производство на тутунски расад, сортата со нејзиниот биолошки потенцијал, во голема мера влијание имаат и метеоролошките услови и применетите агротехнички мерки во текот на вегетацијата на тутунот на нива. Така, со највисок индустриски рандман (просек 2007-2009) е суровината од варијанта 2 контејнерско N, со 73,7 % учество на класата Уник 1-3 во вкупното количество тутун. Што се однесува до реколтата, најуспешна е суровината од реколта 2009 година со 81,2 % добиен Уник 1-3. За најуспешна сорта според високото учеството на класата Уник 1-3 е сортата *јака 125/3*, независно од реколтата и технологијата на производство, со 74,3 % учество на класата Уник 1-3.

Резултатите од проценката на визуелните својства за квалитетот на тутунската суровина покажуваат дека технологијата на производството на тутунскиот расад извршила позитивно влијание врз квалитетот на суровината. Така, со најмногу поени се рангирани сортите од варијанта 2 контејнерско N, *прилеп НС 72* со 96 поени и *јака 125/3*, со 97 поени. По однос на резултатите за органолептичката оценка по реколти, највисоко рангирана е суровината од реколта 2007, со 97 поени. Иако останатите две реколти (2008 и 2009) имаат добиено нешто помал број поени при рангирањето, сепак резултатите се карактеристични за суровина со висок квалитет во однос на визуелните својства за ориенталски тип тутун.

Резултатите од дегустативната оценка покажуваат дека тутунската суровина добиена од расад произведен во контејнери има нешто поголем број поени во однос тутунската суровина добиена од класично произведениот расад. По однос на сорта, со нешто поголем број добиени поени се одликува суровината од сортата *јака 125/3*, без оглед на технологијата и реколтата. По однос на реколта, дегустациската оценка покажува дека (сите варијанти заедно) со најповолен однос на компонентите: вкус, арома, јачина, согорливост, иритација на чадот и компактност на пепелта при пушењето, се карактеризира суровината од реколта 2009, со 93 поени. Следуваат реколта 2008, со 89 поени и реколта 2007 со 85 поени.

Во понатамошното излагање, претставени се резултатите од хемискиот состав на тутунот кој ја дава материјалната основа, која, пак, ја одредува употребната вредност на тутунската суровина. Се потенцира специфичното значење на сите негови компоненти и нивниот меѓусебен однос, при тоа особено се анализирани содржината на: никотин, растворливите јаглехидрати, белковини и минерални материи, преку нивното процентуално учество од вкупната сува материја, како и во индекси во однос на контролата-класичното производство. Исто така при споредбата на варијантите се користени и коефициентот на Шмук и коефициентот на Веселинов.

Анализата покажува дека со подобар однос на хемиските компоненти е суровината добиена од контејнерскиот начин на производство на расад и кај двете

варијанти (N и P). Разлики постојат и помеѓу двете контејнерски варијанти споредени со контролната варијанта, при што се забележува дека кај варијантата 2 контејнерско N, количеството на никотин е пониско за 3 %, а количеството на растворливи јаглехидрати е повисоко за 22 % во однос на контролата. Кај истата варијанта, коефициентите на квалитет, покажуваат повисока вредност и тоа, за 15 % (Шмуков коефициент), односно 14 % (Коефициент на Веселинов), во однос на контролата. Варијантата 3 контејнерско P, исто така е со подобар однос на хемиските компоненти во однос на контролата, и тоа за 16 % (Шмуков коефициент), односно за 6 % (Коефициент на Веселинов). Во однос на содржината на минерални материи и pH-вредноста, и двете контејнерски варијанти (N и P) се изедначени во однос на контролата. Постои разлика и помеѓу двете контејнерски варијанти, и тоа: варијантата 3 контејнерско P, содржи помало количество на азотни материи (особено никотин и белковини), како и помало количество растворливи јаглехидрати во споредба со варијантата 2 контејнерско N. Во делот насловен како *Економски ефект,* авторката се осврнува на цената на чинење на двете испитувани технологии за производство на тутунски расад и економскиот ефект кој е анализиран преку вредноста на изработените индустриски класи. При тоа, авторката констатира дека највисок економски ефект се остварува при реализација на суровината добиена од контејнерскиот начин на производство на тутунски расад и тоа за 24 % повеќе, кај варијанта 2, контејнерско N (9437 eur/ha) и 11 % повеќе кај варијанта 3, контејнерско P (8464 eur/ha), во споредба со добиената вредност на тутунската суровина која потекнува од класичниот начин на производство на расад (просек 2007-2009) и за двете сорти, *прилеп НС 72* и *јака 125/3*. Високиот економски ефект кај варијантата 2 контејнерско N, е резултат на постигнатиот повисок принос и на повисокиот добиен индустриски рандман на суровината. Ова е од особена важност како за индивидуалните тутунопроизводители и за откупните претпријатија, така и за развој на целокупното стопанство во државата.

Во поглавјето *Заклучоци,* врз основа на добиените резултати и нивната правилна интерпретација, изнесени се јасни и концизни заклучоци систематизирани според испитуваните параметри. Изнесените заклучоци се добра основа за понатамошно следење и имплементирање на новите научни достигнувања од оваа област, за задржување на конкурентноста на овој специфичен производ.

Во поглавјето *Литература,* докторантката наведува 141 референца, од странски и домашни автори поврзани со истражуваната проблематика, како и дополнително користени интернет извори.

Прикажаните резултати укажуваат дека оваа дисертација може да најде голема примена во практиката и според нив да се издвојат низа на препораки кои позитивно би влијаеле врз усовршување на производството на ориентalски тутун во Македонија, со цел добивање повисок принос и квалитет на тутунската суровина.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното, сметаме дека докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕ НА НАЧИНОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУНСКИ РАСАД ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ НА ТУТУНОТ изработена од м-р Ромина Кабранова, претставува самостоен оригинален научен труд.

Докторската дисертација, според содржината и методолошкиот пристап, а особено според добиените резултати претставува комплексен научен труд, кој

истовремено дава исклучителен придонес како за науката така и за практиката. Текстот е напишан јасно, прецизно и концизно. Наведениот труд ги содржи сите елементи предвидени за докторска дисертација.

Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација и со овој заклучок му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да ја прифати позитивната рецензија и да ја повика кандидатката на јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА,

1. Д-р Златко Арсов, вонреден професор с.р.

2. Д-р Иван Туршиќ, научен советник с.р.

3. Д-р Илија Ристески, виш научен соработник с.р.

4. Д-р Зоран Димов, редовен професор с.р.

5. Д-р Звонко Пацаноски, доцент с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ **ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ И МЕНАЏМЕНТ - ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ** НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.0202-1399/5 од 2.5.2012 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет одржана на 27.4.2012 година, определени сме за рецензенти за **избор на асистент** по предметите деловно комуницирање и менаџмент - информациони системи. По проучувањето на поднесените документи од страна на пријавениот кандидат, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во "Нова Македонија" од 12.4.2012 година за избор на асистент по предметите **деловно комуницирање и менаџмент - информациони системи,** во предвидениот рок се пријавил кандидатот м-р Никола Левков, досегашен асистент на наведените предмети.

Во продолжение ќе ги изнесеме биографските податоци за кандидатот, од досегашната наставна, научна и стручна активност, мислењето и предлогот на рецензентската комисија.

1. Биографски податоци

Кандидатот Никола Левков е роден на 12.5.1980 година, во Куманово. Средно образование завршил во гимназијата "Гоце Делчев" во Куманово, а во декември 2003 година дипломирал на Економскиот факултет во Скопје на департманот менаџмент со просечна оценка 9,03. По дипломирањето, се пријавил на објавениот конкурс за избор на помлад асистент по предметите деловно комуницирање и менаџмент - информациони системи и е избран за помлад асистент, а од јуни 2004 година се наоѓа во редовен работен однос на Факултетот. Во април 2007 год. е реизбран за помлад асистент, а во септември 2009 година е избран за асистент по предметите деловно комуницирање и менаџмент - информациони системи на Катедрата за менаџмент во редовен работен однос.

Во рамките на своето осумгодишно работно искуство, покрај тоа што редовно ги извршувал своите работни обврски, покажува и особен интерес за професионално усовршување во својата кариера. Во учебната 2003/2004 година се запишал на постдипломските студии по МБА - Менаџмент, испитите ги положил со просечна оценка 9,9 и на 7 мај 2009 год. го одбранил магистерскиот труд на тема „Менаџмент на знаење и организациско учење во организација базирана на знаење" и се стекнал со академски степен магистер на економски науки од областа на МБА-Менаџмент.

Исто така, успешно ја завршил програмата за развој на младиот научен кадар (JFDP) во областа Бизнис администрација на универзитетот Џорџ Вашингтон во периодот помеѓу 8 јануари и 21 мај, 2008 год. во САД, програма финансирана од страна на Стејт Департментот на САД. За време на својот студиски престој во САД покрај тоа што посетувал часови од неколку

дисциплини на постдипломски студии на департманот менаџмент работел и на два истражувачки проекта со проф. Stuart Umpleby.

Во периодот февруари 2010 до февруари 2011 год. успешно ги завршил едногодишните постдипломски студии од областа на информациониот менаџмент при Католичкиот универзитет Лувен, во Лувен – Белгија, каде што дипломирал со највисоки почести како еден од најдобрите во генерацијата со магистерската теза „Маркетинг преку социјални медиуми". Ова професионално усовршување претставува значително проширување на неговите знаења од областа на информационите системи што особено ќе му помогнат во иднина во поглед на унапредување на наставната и истражувачката работа.

Кандидатот Левков активно го познава англискиот јазик, активно работи на програмите од Microsoft office и доволно ја познава примената на неколку специјални софтвери кои се однесуваат на областа на информационите системи, деловното комуницирање и поддршката на донесувањето на одлуките во организациите.

2. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА АКТИВНОСТ

Кандидатот Никола Левков својата наставно-педагошка активност ја започнал веднаш по вработувањето како помлад асистент по предметите менаџмент информациони системи и деловно комуницирање и предметот теорија на одлучување. Тој редовно ги одржува вежбите по предметите деловно комуницирање и теорија на одлучување, а повремено учствува во наставата по предметите менаџмент информациони системи, деловно комуницирање и теорија на одлучување. Карактеристично е што тој континуирано покажува исклучива преданост и професионална сериозност кон доделените задачи, а тоа го забележуваат и коментираат не само студентите и предметниот наставник, туку и сите наставници и соработници на Факултетот. Очигледен е неговиот голем интерес и крајно одговорен однос кон доделените задачи, проследено со примена на современи методи на одржување на вежбите проследено со постојано истражување, продлабочување и иновирање како и пронаоѓање примери за ширење на апликативните димензии на наставната материја. Посебно треба да се подвлече несебична помош и поддршка на сите студенти што му се обраќаат при совладувањето на наставната материја за испит.

Кандидатот Левков покажува многу сериозен однос во поглед на истражување и совладување на наставната материја од предметите на кои бил избран како помлад асистент, а потоа како асистен, но исто така и од предметот теорија на одлучување што се гледа преку изработката на широка библиографија за одделните предмети, следење на современиот тренд на научната мисла во одделните области на наставните дисциплини на кои бил избран и пошироко на подрачјето на организационите науки. Тој во континуитет станува сé покомпетентен во дискусиите за прашања кои означуваат сериозен научен пристап и евидентно напредување во професијата. Кандидатот Левков секојдневно е во контакт со предметниот наставник, ги следи предавањата и му помага во организирање на испитите, евиденцијата за присуство на наставата и вежбите, прегледување и оцена на семинарски и дипломските трудови. Исто така, тој со најголема сериозност и одговорност ги извршува и сите задачи што му се доделени од страна на Факултетот било како дежурства на испити или други видови задолженија.

3. НАУЧНО-СТРУЧНА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот до изборот за асистент, кандидатот Левков најголем дел од времето, покрај редовното и професионално извршување на задачите што се однесуваат на обврските од наставата, вежбите, испитите и другите факултетски задолженија, го посветува и на научноистражувачка работа. Покрај изработката на магистерскиот труд на тема „Менаџмент на знаење и организациско учење во организација базирана на знаење" на Економски факултет во Скопје. Објавил повеќе трудови кои се рецензирани во извештаите за избор и реизбор на помлад асистент, како и извештајот за избор на асистент во април 2009 година. Во периодот по изборот за асистент до денес ги реализирал следниве активности како истражувачка работа и професионално усовршување:

1. *Пријавени тези за докторски студии во ноември 2012 год.* Тезата на докторската дисертација гласи „Влијанието на усогласеноста помеѓу информациско-комуникациската технологија и бизнисот врз организациските перформанси".

2. *Завршени едногодишни постдипломски студии во областа на информациониот менаџмент на Католичкиот универзитет Лувен, Лувен, Белгија.* Темата на магистерскиот труд е „Маркетинг преку социјални медиуми".

3. Објавени трудови

1. Маркетинг преку социјални медиуми – Анализа на бизнис практиките на компаниите во Р.Македонија, објавен во Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, 2011 год.

Целта на ова истражување е да се увиди состојбата со примената на маркетингот преку социјалните медиуми од страна на компаниите во Р.Македонија. Ваквите сознанија можат да бидат особено корисни како за академската заедница така и за бизнис - практиката. Врз основа на добиените резултати може со јасност да се каже дека користењето на социјалните медиуми за остварување на маркетинг - целите сé уште е во фазата на зародиш во Р.Македонија. За ваквата состојба веројатно има објективни и субјективни причини. Објективната е сигурно тоа што станува збор за примена на релативно нова технологија и маркетинг - пристап. Субјективната е сигурно тоа што голем број од компаниите не се запознаени со можностите кои овие медиуми ги нудат. Исто така, голем број од компаниите не се запознаени со методологиите за спроведување на ефективна стратегија за маркетинг преку социјални медиуми. Најголем број од компаниите сé уште овие медиуми ги користат на непрофесионален начин. Овој труд дава една добра слика за состојбите, а исто така може да придонесе за зголемување на интересот во користење на маркетингот преку социјални медиуми од страна на македонските компании со цел унапредување на нивната конкурентност на домашниот и глобалниот пазар.

2. Никола Левков; Благоја Ѓорѓијовски;„Истражување на односот помеѓу организациската инфраструктура и размена на знаење - Случај на компании во

Р. Македонија" CEA - Journal of Economics, ISSN 1857-5269 UDK 33 Volume 6, Issue 1 Skopje, R. of Macedonia, June 2011

Главната цел на ова истражување е објаснување на односот помеѓу организациската инфраструктура и размената на знаење. Истражувањето доминатно е спроведено врз примерок на компании во Р. Македонија. Резултатите од трудот им помагаат на менаџерите во Р. Македонија полесно да ги идентификуваат најзначајните компоненти на организациската инфраструктура кои го поддржуваат процесот на размена на знаење. Идентификацијата на самите компоненти е предуслов за нивен развој и засилување, а тоа треба да придонесе кон остварување на повисоки нивоа на размена на знаење. Остварувањето на повисоки ниова на размена на знаење обезбедува поглем број на оперативни и финансиски придобивки во работење на компаниите. Овој труд ја има потврдено силната поврзаност помеѓу организациската инфраструктура и размената на знаење и влијае на зголемувања на свесноста кај бизнис и академската заедница за значењето што знаењето го има во унапредување на работењето на деловните организации.

3. "Циркулација на знаењето во компании во Р.Македонија - Стратегија на персонализација наспроти стратегија на кодификација", објавен во Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 2009.

Во овој труд се настојува да се даде одговор на прашањето која стратегија на размена на знаење преовладува кај компаниите во Р. Македонија и да се идентификуваат главните причини за примена на конкретната стратегија. Трудот доаѓа до сознинија кои ја потврдуваат иницијалната претпоставка дека во Р. Македонија доминира користењето на стратегија на персонализација за сметка на стратегијата на кодификација на размена на знаење. Главните причини за доминантна примена на ваквата стратегија главно се идентификуваат во слабата развиеност на информационите системи кои треба да ја поддржат размената на знаење и отежнатата достапност до процедурите за работа и начелата на организациската политика на компаниите. Ова укажува за постоење на релативно голема затвореност на компаниите во Р. Македонија кога станува збор за широка размена на информации и знаење помеѓу вработените. Резултатите и заклучоците од овој труд можат да бидат користени од страна на бизнис - заедницата со цел унапредување на нивните стратегии за размена на знаење и остварување поуспешно работење на компаниите.

МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното може да се констатира дека во својата осумгодишна работа на Факултетот, кандидатот Никола Левков остварува континуиран процес на педагошко, стручно и научно усовршување. Тој редовно ги извршува сите обврски на факултетот, а особено со професионална сериозност и со примена на современи методи за пренесување на знаење и користење примери за ширење на апликативните димензии и пристапува на наставната материја при изведувањето на вежбите по предметите деловно комуницирање и теорија на одлучување. Исто така, покажува примерно однесување во давањето на несебична помош и поддршка на сите студенти што му се обраќаат при совладувањето на наставната материја за испит.

Во периодот од избор за асистент до денес, кандидатот Левков вложил натпросечни напори за своето стручно и научно усовршување. Бил на едногодишни постдипломски студии (Лувен Белгија) каде што одбранил

магистерска теза од областа на информациониот менаџмент. Исто така, пријавил тема за докторска дисертација од областа на информационите системи и е во фаза на нејзино изработување. Од континуитетот на научно - истражувачката работа, напишал и објавил неколку статии. Комисијата верува дека способностите за педагошка и научна работа кандидатот континуирано ќе ги развива и во наредниот период преку дооформување на формалното образование и истражување на теми од поширокото подрачје на организациските науки.

Врз основа на горе изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот Никола Левков да го избере во звањето **асистент по предметите деловно комуницирање и менаџмент информациони системи.**

Скопје, 25.6.2012 год.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски с.р
2. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски с.р
3. Проф. д-р Благородна Тодосиоска с.р

РЕЦЕНЗИЈА

Од Наставно-научниот совет на **Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија), на XXXVII седница одржана на 7.3.2012 година, со одлука бр.02-440/11 од 7.3.2012 година, одреден сум за рецензент на ракописот

МЕХАНИЗАЦИЈА (учебник)

од авторот **проф. д-р Драги Таневски**

Според наведената одлука наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна (Скопје, Македонија), и со детално прегледување на ракописот, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Општи податоци за учебникот

Ракописот на учебникот МЕХАНИЗАЦИЈА, чиј автор е проф.д-р Драги Таневски (редовен професор), има 338 страници, 22 табели и 350 илустрации, цртежи и фотографии.

Комплетниот учебник има вкупно 1 до 22 поглавја, Предговор, Вовед и Литература користена за време на пишувањето на ракописот, и на тој начин претставува една целина, детално обработена според постојниата програма и проблематика која е потребна во образованието на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Македонија.

Учебникот ги содржи целините од 1 до 22 поглавја, претставени со редоследот:

1. Историски развиток на моторите со внатрешно согорување
2. Избор на тракторски мотор
3. Машински материјали
4. Машински елементи
5. Мотори со внатрешно согорување
6. Основни делови на моторите со внатрешно согорување
7. Систем за доведување и пречистување на воздухот
8. Горива за моторите со внатрешно согорување
9. Систем за напокување на моторите со гориво
10. Систем за гориво и формирање на смеша кај Diesel-моторите
11. Систем за гориво и формирање смеша кај Otto-моторите
12. Систем за ладење на моторите
13. Систем за подмачкување на моторите
14. Систем за стартување на моторот
15. Електричен систем на моторот
16. Трактори
17. Преносен механизам-трансмисија
18. Рамка, преден мост и механизам за движење кај тракторите со тркала
19. Систем за управување кај тракторите со тркала
20. Систем за сопирање-кочници
21. Додатни делови на тракторот

22. Тенденција во развитокот на трактерот

Опис на поодделни поглавја податоци

Првото поглавје опфаќа интересен општ приказ на историскиот и технолошко-техничкиот развиток на моторот со внатрешно согорување, и неговите пронаоѓачи.
Второто поглавје опфаќа избор на тракторски мотор. Се наведуваат правците на развитокот на дизел-моторите кои денес се вгадуваат во современите трактори во светот. Посебно се прикажани корисни детали, како табеларен приказ на најновите стандарди за емисијата на група издувни гасови на моторите со внатрешно согорување кое ги дава Европската Унија под името STAGE, и стандардите кои се користат во САД под името Tier.
Третото поглавје го содржи описот на основните типови машински материјали, и нивните најважни особини, (физички, механички и хемиски особини), како и основи на термичка обработка на материјалите. Се наведуваат најзначајните групи метал и неметали кои се користат за конструкција на моторите и тракторите или одредени земјоделски машини.
Четвртото поглавје содржи опис на машинските елементи кои се користат во конструкцијата на моторите и тракторите. Обработени се машинските елементи со разделна и неразделна врска, елементите за кружно движење и фрикционите преносни елементи.
Петтото поглавје опфаќа поодделни типови на мотори со внатрешно согорување. На почетокот, аАвторот ја наведува основната улога, значењето и дефиницијата на моторите со внатрешно согорување, предностите и недостатоците на моторите. Потоа поделба на моторите и принцип на работа на четиритактен и двотактен отто и дизел-мотор.
Шестото поглавје ги опфаќа основните делови на моторите. Се наведува конструкцијата на неподвижните делови (блок на цилиндрите, цилиндерска глава и картер на моторот) на моторот. Во поглавјето за подвижни делови на моторот, посебно се опишани моторниот механизам и разводниот механизам.
Седмото поглавје содржи технички опис на системот за доведување и прочистување на воздухот. Се опишани сите типови на филтри за воздух кои се користат кај тракторските мотори, а на крајот е даден и опис на конструкцијата на работата на одредени типови на турбокомпресори.
Осмото поглавје содржи опис на подделни горива за моторите со внатрешно согорување. Опишани се горивата со фосилно потекло, карактеристики на моторен бензин, дизел-гориво и алтернативни горива, кои ги користат современите дизел мотори кои се вградуваат кај денешните трактори.
Деветтото поглавје содржи опис на системот за напојување на моторите со потребна смеша на воздух и одредено гориво. Се опишува комплетната инсталација за доведување на горивото, од резервоарот за гориво, пумпа за низок притисок и филтри за гориво.
Десеттото поглавје по обем е најобемно, а има технички опис и карактеристики на поодделни системи за гориво и создавање на смесата кај дизел-моторите (Rudolf Diesel). Опишани се разните типови на пумпи со висок притисок: линиски, ротациони и разводни (тип аксиална и радијална), пумпи на познати светски производители (на пр. Bosch). Потоа се опишува развитокот на уредите за впрскување на горивото, електронска регулација на пумпите и конструкција на современиот систем за впрскување на гориво од

типот common rail. На крајот се опишува конструкцијата и принципот на работа на регулаторите на пумпата и прскалката.

Единаесеттото поглавје содржи опис на системот за гориво и создавање на смеша кај ото-моторот (Николаус Аугустус Отто). Опишан се елементарниот карбуратор и карбураторот со електронска команда. Се опишува принципот на работата и конструкцијата на најсовремените системи за впрскување на гориво кај ото моторите.

Дванаесттото поглавје содржи опис на системот за ладење. На почетокот се истакнува значењето на системот за ладење на моторот, потоа е опишан принципот на работата и конструкцијата на воздушното ладење на моторот и ладењето со течност,

Тринаесттото поглавје го опишува системот за подмачкување на моторот. Авторот на ракописот го наведува значењето на процесот за подмачкување на моторот и начините на подмачкување. Потоа се опишани елементите на инсталацијата за подмачкување. На крајот е дадена класификацијата на моторните и трансмисионите масла според стандардите, вискозитетот и квалитетот.

Четрнаесттото поглавје содржи опис на системот за стартување или задвижување на моторот. На почетокот се наведуваат начините на стартување, а потоа се опишани задачата, принципот на работата и некои конструкции на електрични задвижувачи.

Петнаесеттото поглавје содржи опис на електричниот систем. На почетокот се опишани изворите на електрична енергија на возилата или тракторите (акумулатор,алтернатор), нивната конструкција и принципот на работа. Потоа се опишани потрошувачите на електричната енергија, и тоа: уред за осветлување и сигнализација кај тракторот, батериско палење, магнетско и електронско стартување на моторните возила или трактори.

Шеснаесеттото поглавје опфаќа општа карактеристика на тракторот како возило, и нивна класификација и категоризација за користење.

Седумнаесеттото поглавје содржи опис и потребни скици и слики на преносниот механизам-трансмисија. Опишани се конструкцијата и принципот на работа на поодделни делови на трансмисијата, како: спојка, некои типови на менувачи, заден преносен мост (диференцијал) на тракторот.

Осумнаесттото поглавје дава опис на основните делови на рамката, предниот мост и механизмот за движење на тракторот со тркала.

Деветнаесттото поглавје содржи опис на системот за управување на трактор со тркала и трактор гасеничар, како и нивните специфичности. Авторот посебно го прикажува описот на механичкиот и хидрауличниот систем на управување.

Дваесеттото поглавје содржи опис на системот за кочење на тракторот. Дадени се опис и шеми на: механички, хидраулични, пневматски кочници и опис на современи АБС-системи за кочење, кои се вградуваат кај одредена категорија на трактори.

Дваесет и првото поглавје содржи опис на дополнителните уреди на тракторот Опишани се потегницата, приклучното вратило и хидрауличниот подигнувачки систем на тракторот.

Дваесет и второто поглавје содржи опис и тенденција во развитокот на современите трактори. Авторот го прикажал и го објаснил БУС-системот и основниот алтернативен погон на тракторот (хидроген погон, трактор на горивни ќелии и слично).

Литературата, која е употребувана за време на пишувањето на ракописот на учебникот **Механизација,** има наведено 122 автори од светската и европската литература која е позната и прикажана во областа на земјоделската техника, машините и опремата.

Оцена на содржината на учебникот

Учебникот **Механизација** е наменет за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна. Содржината на учебникот јасно и правилно е дефинирана, со нагласен инженериски пристап на авторот проф.д-р Драги Таневски. Ваквиот пристап првенствено се гледа во големиот број на конкретни технички прикази и препораки.
Со тоа идниот учебник добива значајна практична вредност во областа во која е наменет. Очигледна е постапката во правилното користење на обемниот литературен потенцијал, современите методи, аналитичкото и графичкото прикажување на содржината. Сето ова влијае на мојата лична оцена дека ракописот на учебникот „Механизација" претставува многу прикладен материјал, во своето основно значење наменет за стручното високо образование на студентите од областа на земјоделската техника.

Заклучок и предлог

Основна амбиција на идниот учебник **Механизација** (автор: проф.д-р Драги Таневски), кој со особено внимание како рецензент го прегледав, е идеја да даде конкретни и точни, современи техничко-стручни информации на студентите и на корисниците на трактори, за конструкцијата, експлоатацијата и одржувањето на тракторот и моторите со внатрешно согорување. Исто така, целосно гледано, идниот учебник ја задоволува и поставената цел на образованието, па неговата примена ќе даде конкретни и практични резултати во иднината.

Врз основа на сето изложено, искрено му предлагам на **Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија) да ја прифати **ПОЗИТИВНАТА РЕЦЕНЗИЈА**, на прегледаниот ракопис (автор: проф.д-р Драги Таневски), со цел да овозможи, текстот на ракописот да се печати како **учебник**: **Механизација**, кој треба да имслужи за основно и задолжително образование на студентите во подготовката на испит од предметот **механизација**, кој се наоѓа во наставната програма на **Факултетот за земјоделски науки и храна** при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија.

15 мај 2012 година,
Белград

Д-р Мичо Б. Ољача, редовен професор, с.р.
Земјоделски факултет
Институт за земјоделска техника
Универзитет во Белград
Република Србија

РЕЦЕНЗИЈА

Од Наставно-научниот совет на **Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија), на XXXVII седница одржана на 7.3.2012 година, со одлука бр.02-440/11 од 7.3.2012 година, одреден сум за рецензент на ракописот

МЕХАНИЗАЦИЈА (учебник)

од авторот **проф. д-р Драги Таневски**

Според наведената одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна (Скопје, Македонија), и со детално прегледување на ракописот, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Општи податоци за учебникот

Ракописот на учебникот МЕХАНИЗАЦИЈА, чиј автор е проф. д-р Драги Таневски (редовен професор), има 338 страници, 22 табели и 350 илустрации, цртежи и фотографии.

Комплетниот учебник има вкупно 1 до 22 поглавја, Предговор, Вовед и Литература користена за време на пишувањето на ракописот, и на тој начин претставува една целина, детално обработена според постојната програма и проблематика која е потребна во образованието на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Македонија.

Учебникот ги содржи целините од 1 до 22 поглавја, претставени со редоследот:

1. Историски развиток на моторите со внатрешно согорување
2. Избор на тракторски мотор
3. Машински материјали
4. Машински елементи
5. Мотори со внатрешно согорување
6. Основни делови на моторите со внатрешно согорување
7. Систем за доведување и пречистување на воздухот
8. Горива за моторите со внатрешно согорување
9. Систем за напокување на моторите со гориво
10. Систем за гориво и формирање на смеша кај Diesel- моторите
11. Систем за гориво и формирање смеша кај Otto-моторите
12. Систем за ладење на моторите
13. Систем за подмачкување на моторите
14. Систем за стартување на моторот
15. Електричен систем на моторот
16. Трактори
17. Преносен механизам-трансмисија
18. Рамка, преден мост и механизам за движење кај тракторите со тркала
19. Систем за управување кај тракторите со тркала
20. Систем за сопирање-кочници
21. Додатни делови на тракторот

22. Тенденција во развитокот на трактерот

Опис на поодделни поглавја податоци

1. поглавје опфаќа краток историски развиток на моторите со внатрешно согорување, со најзначајните современици за развиток на моторите во тоа време.
2. поглавје опфаќа избор на тракторски мотор. Се наведуваат правците на развитокот на дизел-моторите кои денес се вгадуваат во современите трактори. Даден е табеларен приказ на најновите стандарди за емисијата за продуктите на согорувањето на моторите со внатрешно согорување кои ги дава Европската унија под името STAGE, како и стандардите кои се користат во САД под името Tier.
3. поглавје го содржи описот на основните типови машински материјали и нивните најважни особини, (физички, механички и хемиски особини) како и основи на термичка обработка на материјалите. Се наведуваат најзначајните групи метал и неметали кои се користат за конструкција на моторите и тракторите или одредени земјоделски машини.
4. поглавје содржи опис на машинските елементи кои се користат во конструкцијата на моторите и тракторите. Обработени се машинските елементи со разделна и неразделна врска, елементите за кружно движење и фрикционите преносни елементи.
5. поглавје опфаќа поодделни типови на мотори со внатрешно согорување. Се наведува основната улога, значење и дефиниција на моторите со внатрешно согорување, поделба на моторите и принцип на работа на четиритактен и двотактен отто и дизел-мотор.
6. поглавје ги опфаќа основните делови на моторите, конструкција на неподвижните делови (блок на цилиндрите, цилиндерска глава и картер на моторот), мотор и подвижни делови на моторот. Во поглавјето за подвижни делови на моторот, посебно се опишани моторниот механизам и разводниот механизам.
7. поглавје содржи технички опис на системот за доведување и прочистување на воздухот. Се опишани сите типови на филтри за воздух кои се користат кај тракторските мотори, а на крајот е даден и опис на конструкцијата на работата на одредени типови на турбокомпресори.
8. Поглавје дава опис на подделни типови на гориво за моторите со внатрешно согорување. Опишани се горивата со фосилно потекло, карактеристики на моторен бензин, дизел гориво и алтернативни горива, кои ги користат современите дизел-мотори кои се вградуваат кај денешните трактори.
9. поглавје содржи опис на системот за напојување на моторите со потребна смеша на воздух и одредено гориво. Се опишува комплетната инсталација за доведување на горивото, од резервоарот за гориво, пумпа за низок притисок и филтри за гориво.
10. поглавје содржи технички опис и карактеристики на поодделни системи за гориво и создавање на смесата кај дизел-моторите (Rudolf Diesel). Опишани се разните типови на пумпи со висок притисок: линиски, ротациони и разводни (тип аксиална и радијална), пумпи на познати светски производители (на пр. Bosch). Потоа се опишува развитокот на уредите за впрскување на горивото, електронска регулација на пумпите и конструкција на современиот систем за впрскување на гориво од типот common rail. На

крајот се опишува конструкцијата и принципот на работа на регулаторите на пумпата и прскалката.

11. поглавје содржи опис на системот за гориво и создавање на смеша кај ото-моторот (Николаус Аугустус Отто). Опишани се елементарниот карбуратор и карбураторот со електронска команда. Се опишува принципот на работата и конструкцијата на најсовремените системи за впрскување на гориво кај ото-моторите.

12. поглавје содржи опис на системот за ладење. Се истакнува значењето на системот за ладење на моторот, потоа е опишан принципот на работата и конструкцијата на воздушното ладење на моторот и ладењето со течност.

13. поглавје го опишува системот за подмачкување на моторот, при што се наведува значењето на процесот за подмачкување на моторот и начините на подмачкување, и опишани се елементите на инсталацијата за подмачкување. На крајот е дадена класификацијата на моторните и трансмисионите масла според стандардите, вискозитетот и кавалитетот.

14. поглавје содржи опис на системот за стартување или задвижување на моторот. На почетокот се наведуваат начините на стартување, а потоа се опишани задачата, принципот на работата и некои конструкции на електрични задвижувачи.

15. поглавје содржи опис на електричниот систем на тракторот, при што е опишан изворот на електрична енергија на возилата и тракторот (акумулатор,алтернатор), нивната конструкција и принципот на работа. Потоа се опишани потрошувачите на електричната енергија, и тоа: уред за осветлување и сигнализација кај тракторот, батериско палење, магнетско и електронско стартување на мопторните возила или трактори.

16. поглавје опфаќа општа карактеристика на тракторот како возило, и нивна класификација и категоризација за користење.

17. поглавје содржи опис и потребни скици и слики на преносниот механизам-трансмисија. Опишани се конструкцијата и принципот на работа на поодделни делови на трансмисијата, како: спојка, некои типови на менувачи, заден преносен мост (диференцијал) на тракторот.

18. поглавје дава опис на основните делови на рамката, предниот мост и механизмот за движење на тракторот со тркала.

19. поглавје содржи опис на системот за управување на трактор со тркала и трактор гасеничар, како и нивните специфичности. Посебно се прикажува описот на механичкиот и хидрауличниот систем на управување.

20. поглавје содржи опис на системот за кочење на тракторот. Дадени се опис и шеми на: механички, хидраулични, пневматски кочници и опис на современи АБС-системи за кочење, кои се вградуваат кај одредена категорија на трактори.

21. поглавје содржи опис на дополнителните уреди на тракторот, како најважни работни делови на тракторот, поради кои тракторот е конструиран како работна машина за земјоделски работни операции. Опишани се потегницата, приклучното вратило и хидрауличниот подигнувачки систем на тракторот.

22. поглавје содржи опис и тенденција во развитокот на современите трактори. Авторот прикажал и го објаснил БУС-системот и основниот алтернативен погон на тракторот (хидроген погон, трактор на горивни ќелии и слично).

Литературата која е употребувана за време на пишувањето на ракописот на учебникот **Механизација,** има наведено 122 автори од светската и

европската литература која е позната и прикажана во областа на земјоделската техника, машините и опремата.

Оцена на рецензијата на прикажаната содржина на учебникот

Учебникот **Механизација**, наменет за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна јасно и правилно е дефиниран, врз основа на наставната програма на Факултетот, со нагласен инжинериски пристап за согледување на техничките решенија од страна на авторот проф.д-р Драги Таневски. Ваквиот пристап првенствено се согледува во големиот број на конкретни технички прикази и препораки.
Ракописот на учебникот кои рецензентот го имаше на увид, може да се констатира дека има значителна практична вредност во областа во која е наменет. Очигледена е постапката во правилното користење на обемниот литературен потенцијал, современите методи, аналитичкиот и графичкиот приказ на содржината. Сето ова влијае на констатацијата дека ракописот на учебникот „Механизација" претставува многу прикладен материјал, во своето основно значење наменет за стручното високо образование на студентите од областа на земјоделската техника.

Заклучок и предлог

Како рецензент на идниот **учебник Механизација**, можам да истакнам дека (авторот проф.д-р Драги Таневски), чиј ракописот го добив да го прегледам со особено внимание, констатирам дека може да даде конкретни и точни, современи техничко-стручни информации на студентите и корисниците на трактори, за конструкцијата, експлоатацијата и одржувањето на трактерот и моторите со внатрешно согорување. Исто така, целосно гледано, идниот учебник ја задоволува и поставената цел на образованието, па неговата примена ќе даде конкретни и практични резултати во иднината.

Врз основа на прегледаниот материјал и сето изложено, сакам да му предложам на **Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија) да ја прифати **ПОЗИТИВНАТА РЕЦЕНЗИЈА** на прегледаниот ракопис (автор: проф. д-р Драги Таневски) , со цел да се овозможи, текстот на ракописот да се печати како **учебник**: **Механизација**, кој треба да послужи за основно и задолжително образование на студентите во подготовката на испит од предметот **механизација**, кој се наоѓа во наставната програма на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија.

28 мај 2012 година,
Белград

Д-р Лазар Н. Ружичиќ, редовен професор, с.р.
Факултет за биофарминг,
Мегатренд универзитет
Белград
Република Србија

РЕЦЕНЗИЈА

На XXXVII седница одржана на 7.3.2012 година, на Наставно-научниот совет на **Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија), со одлука бр.02-440/11 (7.3.2012 година), одреден сум за рецензент на ракописот

ПРАКТИКУМ ПО МЕХАНИЗАЦИЈА

од авторот **проф. д-р Драги Таневски**

Според наведената одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна (Скопје, Македонија), и со детално прегледување на ракописот, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот **Практикум по механизација** има 183 страници, во кои има: 10 табели и 59 графички илустрации. Комплетниот практикум има од 1 до 13 поглавја, со Предговор, Вовед и Литература претставува една посебна целина, детално обработена според програмата и проблематиката која им е потребна на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и на други заинтересирани лица од областа на користењето и експлоатација на земјоделската техника.

Во Практикумот по механизација, по поглавја (со потребните слики), детално се прикажани:

1.Експлоатациони и влечни својства на трактор 5
2.Пресметка на статичката и динамичката распределба на тежината на трактор 27
3.Пресметка на потрошувачката на погонски материјали 34
4.Машини за основна обработка на почвата 39
5.Пресметка на параметрите на машините за основна обработка на почвата 67
6.Пресметка на параметрите на машините за ѓубрење 73
7.Подготовка и пресметка на параметрите на сеалките 75
8.Пресметка на параметрите на машините за заштитан а растенијата 87
9.Пресметка на параметрите на машините за наводнување 89
10.Подготовка и пресметка на параметрите на житниот комбајн 91
11.Пресметка на параметрите на машините, уредите и опремата во сточарската механизација 99
12.Одржување на земјоделската механизација 118
13.Заштита при работа со земјоделските машини 130
Литература 180

Првото поглавје ги опфаќа експлоатационите и влечните својства на трактор. Тука се наведува пресметковен пример за пресметка на индикаторската моќ на моторот и силите кои дејствуваат на погонските тркала на трактор. Потоа, прикажани се пресметковен примерок за загубите на моќта на трактор во трансмисијата, при самоподвижување, при лизгање на тркалата и при совладување на угорнина на теренот.

Второто поглавје опфаќа пресметка на статичката и динамичката распределба на тежината на трактерот.

Третото поглавје опфаќа пресметка на потрошувачката на погонските материјали за трактор и слични работни возила (гориво и масло).

Четвртото поглавје опфаќа машини за основна обработка на почвата. Во ова поглавје е опишан принципот на работата на плугот и правилата за агрегатирање на трактерот со плугот. Регулација на конвенционалните и реверзибилните плугови, како и начинот на обработка на почвата.

Во петтото поглавје се дадени пресметките на параметрите на машините за основна обработка на почвата (влечен отпор, влечен отпор на работните машини) и пресметка за производителноста на плуговите.

Шесттото поглавје опфаќа пресметка на параметрите на машините за ѓубрење. Тука се наведуваат елементите за правилна работа со машините за ѓубрење и пресметка за производителноста на растурачите на ѓубрива и посебно растурачите на минерални ѓубрива.

Седмото поглавје опфаќа подготовка и пресметка на параметрите на сеалките. Регулацијата на сеалките, како и одредувањето на нормата на сеидба и работа со сеалките детално прикажани, со потребните елементи за пресметка. Исто така е дадена пресметка на потребното количество семе по единица површина и производителност на сеалките.

Осмото поглавје опфаќа елемент и потребни параметриц на машините за заштитан а растенијата.

Деветтото поглавје опфаќа пресметка на параметрите на машините за наводнување, начините на работа и експлоатација на поодделни уреди.

Десеттото поглавје опфаќа приказ за подготовка и регулација на житниот комбајн и пресметка на параметрите на работата на житниот комбајн. Исто така се дадени елементите потребни за пресметка на количината на житната маса која поминува низ комбајнот, производителноста на комбајнот и потребниот број комбајн и во текот на работата на парцелите.

Единаесеттото поглавје опфаќа пресметка на параметрите на одредени машини, уреди и опрема во сточарската механизација. Пресметка за производителност, отпор, влечна моќ и брзина на движење на косачките. Пресметка за волуменот, бројот на балите и потребниот простор за складирање на сеното. Пресметка за потребната должина на сецкање на растителниот материал кај силажниот комбајн и потребен број на приколки за транспорт на тревната маса. Пресметка за потрошувачката на вода на говедарските фарми. Пресметка на производителноста на линијата за изѓубрување од фармите.

Дванаесеттото поглавје опфаќа елементи кои се потребни за одржување на земјоделските машини (плугови, ротофрези, култиватори, брани, валјаци, машини за ѓубрење, сеалки, машини за заштитан а растенијата, уреди и машини за наводнување, машини за фуражни растенија и житни комбајни).

Тринаесттото поглавје опфаќа заштита при работа со земјоделските машини. Посебно се опфатени мерките за заштита и сигурносните мерки при работа со тракторите, а посебно мерките на заштита кај приклучните машини за ѓубрење, сеидба, садење и машините за расадување. Потоа во ова поглавје се наведени и мерките за заштита при работата со машините за заштитан а растенијата, наводнување и прибирање на поодделни земјоделски култури, житни комбајни, машини за берба на пченка (влечени комбајни-берба на пченка), и шеќерна репа.

Литературата која **авторот проф.д-р Драги Таневски** ја користил во подготовката на овој обемен и технички многу коректен материјал, е претставена со 43 цитирани литературни извори на светска и домашна литература, и со посебно додатно користење назначителен број на стручно-технички списанија, технички упатства и проспекти на различни европски и светски производители на најпознатите типови земјоделски машини и трактори.

Материјалот изложен во ракописот на Практикумот по механизација е во согласност со наставниот план и програма за предметот механизација, кој се предава на Факултетот за земјоделски науки и храна на Универзитетот ,, Св.Кирил и Методиј " во Скопје.

На еден современ и технички коректен начин е концепирана содржината и е прикажана проблематиката на земјоделската механизација и опрема, во ракописот **Практикум по механизација** (автор: проф.д-р Драги Таневски), првенствено поради сеопфатноста, квалитетот, едноставноста и функционалноста на техничките решенија на сите прикажани трактори и земјоделски машини.

На крајот сметам, и искрено му препорачувам на **Наставно-научниот совет** на **Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија), да ја прифати **ПОЗИТИВНАТА РЕЦЕНЗИЈА** и прегледаниот ракопис да го печати како **Практикум по механизација**, кој мора и треба да послужи за образување на студентите во подготовка за полагање на испит од наставниот предмет **механизација**, кој се наоѓа во наставната програма на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија.

15 мај 2012 година,
Белград

Д-р Мичо Б. Ољача, редовен професор, с.р.
Земјоделски факултет
Институт за земјоделска техника
Универзитет во Белград
Република Србија

РЕЦЕНЗИЈА

На XXXVII седница одржана на 7.3.2012 година, на Наставно-научниот совет на **Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија), со одлука бр.02-440/11 (7.3.2012 година), одреден сум за рецензент на ракописот

ПРАКТИКУМ ПО МЕХАНИЗАЦИЈА

од авторот **проф. д-р Драги Таневски**

Според наведената одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна (Скопје, Македонија), и со детално прегледување на ракописот, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ракописот **Практикум по механизација**, има 183 страници, во кои има: 10 табели и 59 графички илустрации. Комплетниот практикум има од 1 до 13 поглавја, со Предговор, Вовед и Литература претставува една посебна целина, детално обработена според програмата и проблематиката која им е потребна на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и на други заинтересирани лица од областа на користење и експлоатација на земјоделската техника.

Во Практикумот по механизација, по поглавја (со потребните слики), детално се прикажани:

1.Експлоатациони и влечни својства на трактерот 5
2.Пресметка на статичката и динамичката распределба на тежината на трактерот 27
3.Пресметка на потрошувачката на погонски материјали 34
4.Машини за основна обработка на почвата 39
5.Пресметка на параметрите на машините за основна обработка на почвата 67
6.Пресметка на параметрите на машините за ѓубрење 73
7.Подготовка и пресметка на параметрите на сеалките 75
8.Пресметка на параметрите на машините за заштитан а растенијата 87
9.Пресметка на параметрите на машините за наводнување 89
10.Подготовка и пресметка на параметрите на житниот комбајн 91
11.Пресметка на параметрите на машините, уредите и опремата во сточарската механизација 99
12.Одржување на земјоделската механизација 118
13.Заштита при работа со земјоделските машини 130
Литература 180

Според поглавјата на ракописот „Практикум по механизација", прикажано е следново:

1.**поглавје** ги прикажува експлоатационите и влечните својства на трактерот. Даден е методот за пресметка на индикаторската моќ на моторот и силите кои дејствуваат на погонските тркала на трактерот. Во продолжен

ие, прикажан е пресметковен примерок за загубите на моќта на трактерот во трансмисијата, при самоподвижување, при лизгање на тркалата и при совладување на угорнина на теренот.

2. поглавје опфаќа пресметка на статичката и динамичката распределба на тежината на трактерот.

3. поглавје опфаќа пресметка на потрошувачката на погонските материјали за трактор и слични работни возила (гориво и масло).

4. поглавје опфаќа машини за основна обработка на почвата. Во ова поглавје е опишан принципот на работата на плугот и правилата за агрегатирање на трактерот со плугот. Регулација на конвенционалните и реверзибилните плугови, како и начинот на обработка на почвата.

5. поглавје се дадени пресметките на параметрите на машините за основна обработка на почвата (влечен отпор, влечен отпор на работните машини) и пресметка за производителноста на плуговите.

6. поглавје опфаќа пресметка на параметрите на машините за ѓубрење. Тука се наведуваат елементите за правилна работа со машините за ѓубрење и пресметка за производителноста на растурачите на ѓубрива и посебно, растурачите на минерални ѓубрива.

7. поглавје опфаќа подготовка и пресметка на параметрите на сеалките. Регулацијата на сеалките, како и одредувањето на нормата на сеидба и работа со сеалките детално прикажани, со потребните елементи за пресметка. Исто така е дадена пресметка на потребното количество семе по единица површина и производителност на сеалките.

8. поглавје опфаќа елемент и потребни параметри на машините за заштита на растенијата.

9. поглавје опфаќа пресметка на параметрите на машините за наводнување, начините на работа и експлоатација на поодделни уреди.

10. поглавје опфаќа приказ за подготовка и регулација на житниот комбајн и пресметка на параметрите на работата на житниот комбајн. Исто така се дадени елементите потребни за пресметка на количината на житната маса која поминува низ комбајнот, производителноста на комбајнот и потребниот број комбајн и во текот на работата на парцелите.

11. поглавје опфаќа пресметка на параметрите на одредени машини, уреди и опрема во сточарската механизација. Пресметка за производителност, отпор, влечна моќ и брзина на движење на косачките. Пресметка за волуменот, бројот на балите и потребниот простор за складирање на сеното. Пресметка за потребната должина на сецкање на растителниот материал кај силажниот комбајн и потребен број на приколки за транспорт на тревната маса. Пресметка за потрошувачката на вода на говедарските фарми. Пресметка на производителноста на линијата за изѓубрување од фармите.

12. поглавје опфаќа елементи кои се потребни за одржување на земјоделските машини (плугови, ротофрези, култиватори, брани, валјаци, машини за ѓубрење, сеалки, машини за заштитан а растенијата, уреди и машини за наводнување, машини за фуражни растенија и житни комбајни).

13. поглавје опфаќа заштита при работа со земјоделските машини. Посебно се опфатени мерките за заштита и сигурносните мерки при работа со тракторите, а посебно мерките на заштита кај приклучните машини за ѓубрење, сеидба, садење и машините за расадување. Потоа во ова поглавје се наведени и мерките за заштита при работата со машините за заштитан а растенијата, наводнување и прибирање на поодделни земјоделски култури,

житни комбајни, машини за берба на пченка (влечени комбајни-берба на пченка), и шеќерна репа.

Литературата која **авторот проф. д-р Драги Таневски** ја користел во подготовката на овој обемен и технички многу коректен материал, е претставена со 43 цитирани литературни извори на светска и домашна литературе, и со посебно додатно користење на значителен број стручно-технички списанија, технички упатства и проспекти на различни европски и светски производители на најпознатите типови земјоделски машини и трактори.

Материјалот изложен во ракописот на Практикумот по механизација е во согласност со наставниот план и програма за предметот механизација, кој се предава на Факултетот за земјоделски науки и храна на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На современ и технички подготвен начин е конципирана содржината и е прикажана проблематиката на земјоделската механизација и опрема, во ракописот Практикум по механизација (автор: проф.д-р Драги Таневски), првенствено поради сеопфатноста, квалитетот и едноставноста и функционалноста на техничките решенија на сите прикажани трактори и земјоделски машини.

Врз основа на прегледаното, прикажаното и од факултетот одреден како рецензент, сметам дека ракописот ги задоволува потребните параметри за студентите за кои материјалот е подготвен и му препорачувам на **Наставно-научниот совет** на **Факултетот за земјоделски науки и храна** (Скопје, Македонија), да ја прифати **ПОЗИТИВНАТА РЕЦЕНЗИЈА** и прегледаниот ракопис да го печати како **Практикум по механизација**, кој мора и треба да послужи за образување на студентите во подготовка за полагање на испит од наставниот предмет **механизација**, кој се наоѓа во наставната програма на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија.

28 мај 2012 година,
Белград

Д-р Лазар Н. Ружичиќ, редовен професор, с.р.
Факултет за биофарминг,
Мегатренд универзитет
Белград
Република Србија

ПРЕГЛЕД

на наслови на прифатени магистерски трудови

на студентите од втор циклус на студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје

Кандидат	**Тема**	**Ментор**
Елена Стаменковска	Едукација на позитивните ставови на родителите и наставниците за партнерство како фактор за нивна успешна соработка *Education for positive attitudes of the parents and teacher-main reason for partnership and succesful collaboration*	проф. д-р Татјана Котева Мојсовска
Наташа Ристеска	Постигнувањата на учениците во петто одделение деветолетка во областа Работа со податоци *The achievements of fifth grade students in the domain Data*	проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ
Цветанка Маневска	Повразноста наличноста на родителитесо просоцилајното однесување и емоционалната зрелост кај учениците од петто одделение *Relationship of parents personality to prosocial behaviour and emotional maturity of fifth grade pupils*	доц. д-р Зоран Михајловски
Надица Василева	Методски аспекти на имплементацијата на играта во активностите по ликовно воспитание во предучилишните институции *Methodical aspects of implementation of game in activities in visual education in preschool institutions*	доц. д-р Маја Рауник Кирков
Маја Васовиќ	Влијанието на моторичките способности врз социометрискиот статус на поединецот во групата кај ученици од 10 годишна возраст *The influence of motor abilities on sociometric status of the group at students of 10 years old*	доц. д-р Бујар Саити

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ-ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА И КОМЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на својата седница од 20.6.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звањето доцент по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

На конкурсот објавен во весниците „Вечер“ и „Лајм“ од 2.6.2012 година, се пријавија кандидатите:

- Игор Мишковски, доктор на технички науки, вработен како помлад асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.
- Данко Илиќ, доктор на технички науки.

Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

А) Извештај за кандидатот Игор Мишковски

1. Биографски податоци

Игор Мишковски е роден на 10.10.1981 година во Скопје. Основното и средното училиште ги завршил со континуиран одличен успех, а во текот на школувањето учествувал на повеќе регионални натпревари по математика и физика, на кои освоил и повеќе награди и признанија.

Во учебната 2000/01 се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, како редовен студент на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика. На истиот Факултет дипломирал во 2005 со извонреден среден успех 9,45.

Во учебната 2005/06 се запишал на постдипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, под менторство на проф. д-р Аксенти Грнаров. Магистерскиот труд со наслов „Анализа на Грид системи со користење на теорија на игри“ успешно го одбранил во декември 2008 година.

Докторската дисертација ја изработил на Политехничкиот факултет во Торино, Италија, под менторство на проф. д-р Марио Биеј и коменторство на академик проф. д-р Љупчо Коцарев со наслов „Ранливост и динамички процеси во комплексни мрежи“, а успешно ја одбранил на 21.2.2012 година.

Од декември 2007 година работи на Факултетот за електротехника и информациски технологии и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје како помлад асистент.

2. Наставна дејност

Во досегашниот период, Игор Мишковски одржувал аудиториски и лабораториски вежби по предметите: структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, процесни компјутери, организација на компјутерски системи, компјутерски архитектури, WAN - мрежи, логички кола и дискретни автомати, микропроцесорски системи, мрежни оперативни системи, системски софтвер и современи процесорски архитектури. Наставната дејност ја извршува совесно, професионално, со коректно однесување спрема студентите.

3. Научна и стручна дејност

3.1. Научни трудови

Кандидатот објавил 20 научни трудови, од кои 4 (четири) се рецензирани при првиот избор за помлад асистент во Универзитетскиот билтен бр.931, стр.126 од 30.11.2007. По неговиот избор за помлад асистент, кандидатот има објавено 16 научни труда во меѓународни списанија со фактор на влијанија, меѓународни конференции и поглавја од монографии.
Објавени трудови по изборот за помлад асистент:

1. Damjan Temelkovski, Milos Jovanovik, Igor Mishkovski, Dimitar Trajanov, Towards Open Data in Macedonia: Crime Map Based on Ministry of Internal Affairs' Bulletins, CIIT 2012, Bitola, R. Macedonia, April 2012.

Овој труд е фокусиран на анализата на криминал со користење на концептот на криминални мапи. Презентирана е апликација со која се претставува целосната криминална мапа на Р. Македонија и се состои од 1800 настани. Со овој труд, се мотивираат владините институции да ги отвораат своите податоци со што граѓаните би се здобиле со огромни придобивки.

2. Aleksandra Kanevce, Igor Mishkovski, Ljupco Kocarev, Extended OPA Model for Cascading Failures Analyzes, CIIT 2012, Bitola, R. Macedonia, April 2012.

Во овој труд се анализира надежноста и каскадните падови на електричната мрежа на југоисточна Европа. Мрежата е моделирана со помош на линеарно програмирање и OPA - моделот со којшто се овозможува анализа на каскадните падови базирани на падови со веројатност на оптоварените линии. Дополнително се анализира и надоградувањето на мрежата на долг временски рок како резултат на зголемената потрошувачка. OPA - моделот е проширен со тоа што се вклучува минимален произведувачки капацитет и притоа се прават анализи како тоа влијае на каскадните падови.

3. Igor Mishkovski, Marco Righero, Mario Biey, Ljupco Kocarev, Enhancing robustness and synchronizability of networks homogenizing their degree distribution, Physica A: Statistical Mechanics and its Applications, Vol. 390, Issues 23-24, pp. 4610-4620, 1 November 2011.

Во овој труд се предлага нова фамилија на мрежи, слична на мрежи со заплеткана (entangled) структура. Предложен е едноставен и брз алгоритам за добивање на вакви мрежи со менување само на неколку врски во мрежата. Авторите, овие мрежи

ги нарекуваат мрежи со слабо заплеткана структура. Потоа, се докажува дека и оваа класа на мрежи имаат слични карактеристики како и мрежите со заплеткана структура, во однос на синхронизација и робусност, но исто така и дека имаат слични структурни карактеристики.

4. Igor Mishkovski and Ljupco Kocarev, Chaos-Based Public-Key Cryptography. In Kocarev L. and Shiguo L., Chaos-Based Cryptography: Theory, Algorithms and Applications, pp.27-65, Springer-Verlag Berlin Heidelberg 2011.

Ова поглавје од монографија претставува преглед на криптографијата базирана на хаос. Разгледани се криптосистеми со јавен клуч, базирани на Чебишеви полиноми. Потоа се разгледува и безбедноста на овие системи. Криптографијата базирана на хаос е опишана на начин кој е поблиску до духот на криптографијата и теоријата на хаос.

5. Igor Mishkovski, Sonja Filiposka, Dimitar Trajanov and Ljupco Kocarev, Apportionment Heuristics for Mapping Tasks in Heterogeneous Computing Systems, Advances in Intelligent and Soft Computing, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, Vol. 150, pp. 347-356, 2012.

Во овој труд се презентирани нови распоредувачи, базирани на избирачки методи. Тие се споредени и со постојни алгоритми и хеуристики за распоредување. Авторите заклучуваат дека новите распоредувачи можат да се користат за големи задачи и кога задачите можат да се поделат на помали подзадачи.

6. Sonja Filiposka, Igor Mishkovski and Dimitar Trajanov, Effects of Terrain Details on Wireless Network Simulation Macro Results Accuracy, Advances in Intelligent and Soft Computing, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, Vol. 150, pp. 85-94, 2012.

Во овој труд се разгледува користењето на терени со различно ниво на детали и како тие влијаат на симулациските резултати на макониво. Се разгледува и колку треба да се внимава на овој проблем и кое соодветно ниво на детали при репрезентација на теренте со цел да се добијат точни резултати и кои можат да се користат како симулациска репрезентација за дадено реално сценарио.

7. Igor Mishkovski, Miroslav Mirchev, Dimitar Trajanov and Ljupco Kocarev, Virus propagation in organizational structure, NETSCI 2011, The International School and Conference on Network Science Budapest, 6-10 June, 2011.

Во овој труд се анализира ширењето на информации, идеи или влијание во различни типови на организациски структури. Почетните заразени јазли се избираат во зависност од позицијата на вработениот во организациската структура и се базира на различните мерки за централност во теоријата на графови. На крај се прави анализа колку дадена организациска структура е отпорна на процесот на ширење на информации, идеи или влијанија.

8. Igor Mishkovski, Mario Biey and Ljupco Kocarev, Vulnerability of Complex Networks, Communication in Nonlinear Science and Numerical Simulations, Vol.

16, Issue 1, pp. 341-349, January 2011.

Во овој труд се предлага нормализираната средна вредност на betweenness на врските како мерка за ранливост на комплексна мрежа. Потоа, авторите ја комбинираат оваа мерка со нејзиното релативно отстапување кога од мрежата ќе се отстранат одреден број на јазли и/или врски и ја нарекуваат оваа мерка индекс на ранливост. Индексот на ранливост го пресметуваат за 4 синтетички мрежи: случајни мрежи, мал-свет мрежи, мрежи со степенова распределба и геометриски случајни мрежи. Истиот индекс го користат за мерење на ранливост и на реални мрежи: мозочната мрежа кај човекот, градски сообрќајни мрежи, колаборациска мрежа и две електрични мрежи. Како најробусни мрежи се покажуваат мал-свет мрежата и човечката мозочна мрежа.

9. Trpevski Daniel, Smilkov Daniel, Mishkovski Igor and Kocarev Ljupco, Vulnerability of labeled networks, Physica A, Vol. 389, Issue 23, pp. 5538-5549, December 2010.

Во овој труд се предлага мерка за ранливоста на обележани графови, т.е. графови со лабели. Дополнително, се врши анализа на 2 реални мрежи: електричната мрежа на Европската унија и една AS - мрежа. Притоа, мрежите се третираат како обележани мрежи. Анализата се состои од пресметување на должините на карактеристичната патека помеѓу јазлите со лабела и одредување на најголемиот поврзан кластер, откако ќе се изврши напад на јазлите или врските со различни стратегии.

10. Igor Mishkovski, Sonja Filiposka, Dimitar Trajanov, and Ljupco Kocarev, Measuring Vulnerability of Complex Networks by Simulating DDoS Attacks, XVIII Telekomunikacioni forum TELFOR, Belgrade, Serbia, 2010.

Во овој труд се мери ранливоста на различни генерички комплексни мрежи преку мерење на пропусната моќ на мрежата кога таа е различно оптеретена и во присуство на DDoS напади. DDoS нападите се симулирани со избор на bot јазли користејќи различни мерки, како што се: случаен избор, степен на јазелот, pagerank, betweenness и k-medoids алгоритамот за кластерирање.

11. Miroslav Mirchev, Igor Mishkovski, and Ljupco Kocarev, Selective Attack in Virus Propagation Processes, Communications in Computer and Information Science, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, Vol. 83, Part 2, pp. 286-295, 2011.

Во овој труд се анализира брзината на ширење на компјутерски вируси и динамиката на ширењето на вируси. Брзината на ширење на вируси зависи од локацијата на почетните заразени јазли и различните мрежни топологии.

12. Todorka Banova, Igor Mishkovski, Dimitar Trajanov and Ljupco Kocarev, Organizations analysis with complex network theory, Communications in Computer and Information Science, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, Vol. 83, Part 2, pp. 255-265, 2011.

Во овој труд се предлагаат мерки и аналитички процедури за моделирање на структурата и однесувањето на основните типови на организациски структури, како што се: линиска, функционална, проектна, матрична организација и др. Направени

се и генератори за сите типови на организациски структури. Извршен е преглед на различните улоги и групи на вработените во организацијата и притоа се анализира нивната социјална позиција и влијанието кое го има одреден вработен. Дополнително, се анализира и структурата на организацијата за да се најдат вработените кои имаат слична улога во организацијата. Се врши отстранување на врски помеѓу вработените за да се измери доверливоста за дадена организација и се пресметува потребниот број на врски кој што треба да се отстранат за да нефункционирање на дадена организација.

13. Leonid Djinevski, Igor Mishkovski and Dimitar Trajanov, Accelerating Clustering Coefficient Calculations on a GPU using OPENCL, Communications in Computer and Information Science, Springer-Verlag Berlin Heidelberg, Vol. 83, Part 2, pp. 276-285, 2011.

Трудот ги разгледува перформансите на паралелна имплементација на некои од мерките за комплексни мрежи. Авторите презентираат алгоритам за пресметување на коефициент на кластерирање за дадена комплексна мрежа. Направени се: сериска, паралелна и паралелна GPU имплементација на алгоритамот. Користена е хеш - табела за енкодирање на податоците за комплексните мрежи. Резултатите демонстрираат дека паралелизацијата на серискатa имплементација на повеќејадрен процесор придонесува со огромно забрзување на извршувањето. Со користење на OpenCL на GPU забрзувањето е уште поголемо, но е зависно од големината на податоците кои треба да се процесираат.

14. Igor Mishkovski, Marco Righero, Mario Biey and Ljupco Kocarev, Building synchronizable and robust networks, Circuits and Systems (ISCAS), Proceedings of 2010 IEEE International Symposium on, Pages 681-684, June 2010.

Во овој труд е презентиран едноставен и брз алгоритам за градење на мрежи чија топологија е лесно синхронизирачка, е робустна и поддржува ефикасна комуникација. Авторите покажуваат дека со помош на предложениот алгоритам потребни се мал број на чекори за да се добие соодветната топологија. Дополнително, резултатите покажуваат дека крајната топологија е хомогена и не е авторитативна. Мрежите кои се генерираат со помош на алгоритамот се поробусни од случајните, геометриските, мал-свет и мрежите со степенова распределба.

15. Igor Mishkovski, Risto Kojchev, Dimitar Trajanov and Ljuco Kocarev, Vulnerability Assessment of Complex Networks based on Optimal Flow Measurements under Intentional Node and Edge Attacks, ICT INNOVATIONS 2009 2010, Part 2, pp. 167-176, 2010.

Во овој труд се рагледува ранливоста на различни синтетички комплексни мрежи преку мерење на перформансите на протокот, кога се нападнати јазлите или врските во комплексната мрежа. Резултатите покажуваат дека мрежите со степенова распределба даваат најдобри перформанси, додека, пак, најлоши перформанси покажуваат случајните мрежи. Но, откако ќе се отстранат одреден број на јазли и/или врски од мрежата , најголем пад во перформансите покажува случајната и мрежата со степенова распределба, додека, пак, најдобро се покажуваат геометриската и мал-свет мрежата.

16. Mishkovski Igor, Sonja Filiposka, Sasho Gramatikov, Dimitar Trajanov and Ljupco Kocarev, Game Theoretic Approach for Discovering Vulnerable Links in Complex Networks, Novel Algorithms and Techniques in Telecommunications and Networking, pp. 211-216, 2010.

Во овој труд се анализира ранливоста на врските на различни топологии на комплексни мрежи, како што се: случајни мрежи, геометриски, мал-свет и мрежи со степенова распределба. Авторите воведуваат мерка за мерење на ранливоста на комплексните мрежи и докажуваат со симулации дека ранливоста главно зависи од мрежната топологија.

3.2. Учество во научноистражувачки проекти

Кандидатот учествувал во следниве научноистражувачки проекти:

1. *System on Chip Design, Tempus JEP-41107-2006 Macedonia-Serbia-Great Britain project*, под раководство на проф. д-р Димитар Трајанов, 2007-2009.

Главна цел на проектот е унапредување на наставната програма за интегрирани електрични кола (system on chip) на ниво на додипломски и постдипломски студии преку освежување на постојните и создавање на нови курсеви. Исто така, од големо значење се и развојот на лабораториски вежби и вовед кон изведба на конкретни проектни задачи и нивно тестирање, како и подобрување на односот наставник-студенти и креирање на учебници.

2. *Diagnosing vulnerability, emergent phenomena and volatility in man-made networks, FP6 STREP EU*, финансирано од FP6, под раководство на академик проф. д-р Љупчо Коцарев, 2007-2010.

Целта на овој проект е анализа на инфраструктурата на реалните системи со план за ургентност за европските инфраструктури (посебно на енергетските). Главната стратегија е да се применат математичките законитости од областа на теоријата на комплексност врз реалните мрежи. За таа цел извршено е пресликување на специфични мрежи кои ги сочинуваат главните елементи на функционалните поврзани мрежи. Притоа, воспоставена е комуникација со сопствениците на инфраструктурите и владините тела за да се добие податочно множество кое служи како база на проектните case - студии.

3. *Моделирање на реалистични 3D - сценарија за симулација на безжични мобилни ад хок - мрежи*, факултетски проект, под раководство на доц. д-р Соња Филипоска.

Целта на овој проект е со користење на теоријата на комплексни мрежи и воведување на тродимензионалност на просторот, да се овозможи дефинирање на реалистични симулациски сценарија за ад хок - мрежи. Зголемената реалистичност на симулациите може да се дефинира на неколку нивоа од мрежата: реалистична топологија на мрежата која ќе одговара на нејзината социјално пресликана

природа; реалистична комуникација помеѓу јазлите дефинирана врз основа на комплексната мрежа со која се моделира ад хок - мрежата и која ги дефинира потребите за комуникација помеѓу јазлите; моделирање на реалистична средина во која се наоѓа мрежата преку додавање на 3Д - терен низ кој се движат јазлите; додавање на радиопропагационен модел кој ќе ја одредува јачината на приемниот сигнал според обликот и типот на теренот во кој се наоѓа мрежата; и реалистично моделирање на движењето на јазлите низ теренот поделен на пристапни и непристапни области.

3.3. Реализирани стручни проекти

Кандидатот учествувал во следниве научноистражувачки стручни проекти:

1. *Електронско поднесување на месечна пријава за плати до Управата за Јавни Приходи на Република Македонија*, финансиран од Светската банка за обнова и развој, под раководство на проф. д-р Аксенти Грнаров.

Целта на проектот е изработка на интегриран систем за месечни пријави на плати и придонеси за платите, кој ќе овозможува електронско пополнување на месечната пријава за плати на секој обврзник заедно со електронска евиденција на доставата на извештаи од страна на обврзниците во УЈП. Пред доставата на месечната изјава врз истата се врши првична проверка на внесените податоци. Клиентскиот дел од софтверот генерира криптирана датотека, која потоа подлежи на дополнителни проверки во УЈП. Точните податоци се запишуваат во базата на податоци на УЈП. На овој начин, проектот овозможува многу побрз и поквалитетен начин на поднесување на месечните пријави за плати и придонеси на едно место.

2. *Реализација на систем за заштита на податоци за Македонската агенција за Разузнавање*, под раководство на академик проф. д-р Љупчо Коцарев.

Целта на проектот е изработка на софтвер кој ќе овозможува безбедност и заштита на внатрешните податоци на Македонската агенција за разузнавање. Софтверот е реализација на патентот на академик проф. д-р Љупчо Коцарев и овозможува брзо и ефикасно криптирање на податоците.

3. *Електронско поднесување на месечна пријава за плати до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија*, финансиран од Светската банка за обнова и развој, под раководство на проф. д-р Аксенти Грнаров.

Целта на проектот е изработка на клиентски софтвер, кој ќе овозможува електронско пополнување на месечната пријава за плати на секој обврзник, заедно со првична проверка на внесените податоци. Софтверот генерира криптирана датотека, која потоа во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување подлежи на дополнителни проверки, за потоа податоците да се запишат во базата на податоци. На овој начин, проектот овозможува многу побрз и поквалитетен начин на поднесување на месечните пријави за плати во Фондот за ПИОМ.

3.4. Публикувани книги

Кандидатот учествувал како коавтор во реализацијата на следниве книги:

1. Димитар Трајанов, Игор Мишковски, Соња Филипоска, Владимир Здравевски, Милош Јовановиќ, Ристе Стојанов, Велимир Филипоски и Аксенти Грнаров, Solved Problems in Digital Design, ИИЗ/ДВВ Скопје, 2010.
2. Игор Мишковски, Соња Филипоска, Димитар Трајанов и Аксенти Грнаров, Designing SoC using SystemC, ИИЗ/ДВВ Скопје, 2009.
3. Сашко Граматиков, Игор Мишковски, Филипоска Соња, Трајанов Димитар и Грнаров Аксенти, Designing SoC using VHDL, ИИЗ/ДВВ Скопје, 2009.
4. Доц. д-р Трајанов Димитар, Мишковски Игор, Филипоска Соња, Ефнушева Марија, проф. д-р Аристотел Тентов, проф. д-р Аксенти Грнаров, Основи на Интернет, ИИЗ/ДВВ Скопје, 2006, 188 стр.
5. Мишковски Игор, Соња Филипоска, Марија Ефнушева, Димитар Трајанов, Аристотел Тентов, Аксенти Грнаров, Презентации: Microsoft Power Point 2003, ИИЗ/ДВВ Skopje, 2005, 157 стр.

3.5. Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот

Оцената на досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на кандидатот е приложена подолу како заклучок, преку пресметка на остварените поени во секоја од областите. Врз основа на приложените пресметки, пополнет е и анексот кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

Од приложеното може да се забележи дека кандидатот остварил многу поголем број на поени од минималните потребни за остварување на избор.

Б) Извештај за Данко Илиќ

3. Биографски податоци

Данко Илиќ е роден на 6.8.1979 година во Скопје. Основното и средното училиште ги завршил во родниот град, при што покажал особен интерес за природните и техничките науки. Учествувал и освојувал награди на повеќе државни натпревари по информатика и физика.

Со диплома инженер по информатика се стекнал во јули 2003 година на Институтот за информатика, Природно-математички факултет во Скопје, со дипломската работа „Тестирање на криптографски хеш функции", под менторство на проф. д-р Смиле Марковски.

По отслужувањето на воениот рок, започнал со магистерски студии на Универзитетот Chalmers во Гетеборг, Шведска, во август 2004, благодарение на стипендијата од страна на шведската влада (svenska institutet). Со диплома „MSc in Dependable Computer Systems" се стекнал во март 2006, одбранувајќи ја магистерската работа под наслов „Zermelo's well-ordering theorem in type theory", менторирана од страна на проф. Thierry Coquand. Дел од магистерската теза е објавен во Lecture Notes in Computer Science (види поглавје *Биографски детали).*

Периодот мај-август 2006 го поминал во посета на Лабораторијата за информатика на Ecole Polytechnique во Париз, Франција, каде што со проф. Hugo Herbelin работел на испитувањето на пресметувачката содржина на доказите во теоријата на множества кои се потпираат на техниката „форсинг".

Периодот од септември 2006 до јуни 2007 го поминал во Утрехт и Најмеген, Холандија, каде што го посетувал мастер-класот по математичка логика на Универзитетот во Утрехт и Универзитетот во Најмеген. Мастер-класот успешно го завршил со истражувачкиот проект „An efficient model of real numbers Coq", менториран од проф. Бас Спитерс.

Во октомври 2007 се вработил како докторанд при Лабораторијата за Информатика, Ecole Polytechnique, Париз, Франција, каде што бил менториран од проф. Hugo Herbelin. Докторската дисертација на тема „Constructive completeness proofs and delimited control" ја одбранил на 22 октомври 2010.

Во март 2011 ја добил наградата Kurt Godel Reasearch Prize за научни истражувања во математичката логика.

Од февруари 2011 до февруари 2012 работел како доцент при Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што бил шеф на Катедрата за програмски јазици, технологии и алгоритми.

4. Наставна дејност

Во досегашниот период, Данко Илиќ одржувал предавања по предметите: компајлери, стандарди за квалитет на софтвер, информатика и математика 1. Наставната дејност ја извршува совесно, професионално, со коректно однесување спрема студентите.

5. Научна и стручна дејност

5.1. Научни трудови

Кандидатот објавил 4 научни труда во списанија со фактор на влијание, бил пленарен предавач на 10 научни собири со меѓународно учество и на 2 секциски предавања на научен собир со меѓународно учество.
Објавени трудови:

1. Darko Ilik, Gyesik Lee, Hugo Herbelin: Kripke models for classical logic, Annals of Pure and Applied Logic, Vol. 161, Issue 11, pp. 1367-1378, August 2010.

Авторите го воведуваат поимот за Крипке моделот во класичната логика, за којшто ја докажуваат неговата исправност и cut-free комплетноста. Во овој труд се дискутира и новитетот на поимот и неговата потенцијална примена.

2. Darko Ilik: Delimited control operators prove double-negation shift, Annals of Pure and Applied Logic, In Press, Corrected Proof, Available online 26 December 2011.

Во овој труд се предлага проширување на минималната интуитивна логика со предикати. Проширувањето е базирано на одвоени контролни оператори, од кои може да се изведе верзијата со предикативна логика на шемата со двојно негативно поместување, при што се задржува дисјункцијата и постојните својства.

3. Darko Ilik: Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic, Annals of Pure and Applied Logic, In Press, Corrected Proof, Available online 16 May 2012.

Во овој труд се презентирани класи на модели во форма на континуални монадни полиморфи за индивидуи од прв степен кое е исправно и комплетно за минимална интуитивна логика со предикати.

4. Darko Ilik: Zermello's Well-Ordering Theorem in Type Theory, TYPES FOR

PROOFS AND PROGRAMS, Lecture Notes in Computer Science, Vol. 4502/2007, pp. 175-187, 2007.

Во овој труд авторите покажуваат дека кој било 'set' може да биде добро подреден. Авторите го следат првиот доказ на Зермело од 1904 со одредени упростувања за да се избегне споредливоста на подредувањето. Доказот е формализиран во системот AgdaLight.

5.2. Учество во научноистражувачки проекти

Кандидатот учествувал во следниве научноистражувачки проекти:

1. *Types for proofs and programs*, финансирано од FP6, 2004-2008

Главна цел на проектот е развој на технологија на формално резонирање и компјутерско програмирање базирано на теоријата на типови. Ова се прави преку унапредување на јазиците и компјутерските алатки за резонирање и преку примена на технологијата во неколку домени, како што се: програмските јазици, сертифицираниот софтвер, математичката формализација и математичката едукација.

5.3. Реализирани стручни проекти

Кандидатот учествувал во следниве научноистражувачки стручни проекти:

1. *Софтверски пакет за тестирање на карактеристиките на криптографски хеш функции* (*http*:// http://hashtest.sourceforge.net/).

Целта на проектот е изработка на софтверски пакет за тестирање на карактеристиките на криптографските хеш - функции. Проектот се состои од пресметки на својството на лавина на хеш - функциите, тестирање на хеш - функциите како генератор на случајни броеви со користење на универзалниот статистички тест на Маурер и изведување на статистичка анализа на Мобиус.

2. *Парцијален евалуатор/нормализатор за класични и за ламбда терми со суми, со формален доказ на коректност во Coq*

(https://sites.google.com/site/dankoilik/publications/phd-thesis).

5.4. Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот

Оцената на досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на кандидатот е приложена подолу како заклучок, преку пресметка на остварените поени во секоја од областите. Врз основа на приложените пресметки, пополнет е и анексот кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

Од приложеното може да се забележи дека кандидатот остварил поголем број на поени од минималните потребни за остварување на избор.

ЗАКЛУЧОК

Од претходно изложеното може да се заклучи дека кандидатите Мишковски Игор и Данко Илиќ покажале забележителен успех во наставно-образовната, научната и стручната активност и се исклучително квалитетни кандидати.

Следната табела ги отсликува достигнувања на двајцата кандидати во досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност.

Кандидат	**Поени од наставно-образовна дејност**	**Поени од научноистражувачка дејност**	**Поени од стручно - апликативна дејност**	**Вкупен број на поени**
Игор Мишковски	73.864	78.739	42.5	**195.103**
Данко Илиќ	20.456	75.738	16.5	**112.694**
Минимален број на поени	**>20**	**>20**	**>5**	**>80**

Врз основа на изнесените податоци, приложените пресметки и горенаведената табела, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот Данко Илиќ, и покрај забележителниот успех во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, заостанува во однос на вкупниот број на поени во однос на кандидатот Игор Мишковски. За таа цел, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет да го избере кандидатот Мишковски Игор во наставно-научното звање доцент, по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Маргита Кон Поповска, с. р.

Академик проф. д-р Љупчо Коцарев, с.р.

Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.

АНЕКС
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: _____**ИГОР ВАСЕ МИШКОВСКИ**_____
(име, татково име и презиме)
Институција: __**Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје**_____
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ___**информатика и компјутерско инженерство**_____

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)	43.2
2	Консултации со студенти	8.264
3	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 4)	0.4
4	Пакет материјали за одреден предмет (10 предмети)	5
5	Настава во летни школи и работилници (Летен курс BEST, Microsoft IT Academy)	2
6	Превод на учебник (3 учебника)	9
7	Интерна скрипта од вежби	6
	Вкупно	**73.864**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одбранета докторска теза	8
2	Одбранета магистерска работа	4
3	Учесник во меѓународен научен проект (2 настани)	10
4	Учесник во национален научен проект (1 настани)	3
5	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	4.4
6	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	25.2
7	Дел од монографија објавен во странство	5.4
8	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	11.739
9	Учество на научен/стручен собир со реферат	7
	Вкупно	**78.739**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Дизајн или изработка на информациски систем (3 настани)	3
2	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (2 настани)	2
3	Книга од стручна област- коавтор (5 книги)	35
Дејности од поширок интерес		
1	Студиски престој во странство (повеќе од 6 месеци)	2
2	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник (1 проект)	0.5
	Вкупно	**42.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	73.864
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	78.739
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	42.5
Вкупно	**195.103**

Комисија

1. Проф .д-р Маргита Кон Поповска с.р.
2. Академик проф. д-р Љупчо Коцарев с. р.
3. Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов с. р.

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на соработникот Игор Мишковски во периодот од окт. 2005 до јуни 2011

Година	Семестар	Предмет	Аудит	Лаб	Студенти	Вкупно часови	Вкупно студенти		ПОЕНИ Одржување на вежби	ПОЕНИ Консултации со студенти
2005/2006	зимски	Структурирано програмирање	4	2	244	14	499		6.3	0.998
		Логички Кола и Дискретни Автомати	0	4	130					
		Микропроцесорски Системи	0	4	125					
2005/2006	летен	Објектно-ориентирано програмирање	2	2	130	14	615		6.3	1.23
		Процесни Компјутери	4	2	285					
		Организација на Компјутерски Системи	2	2	200					
2006/2007	зимски	Структурирано програмирање	2	0	112	12	639		5.4	1.278
		Микропроцесорски Системи	2	2	200					
		Компјутерски мрежи	0	2	42					
		Системски Софтвер	2	2	285					
2006/2007	летен	Микропроцесорски Системи	4	1	250	14	520		6.3	1.04
		Системски Софтвер	2	2	120					
		Процесни Компјутери	2	3	150					
2007/2008	зимски	Логички Кола и Дискретни Автомати	2	3	160	12	260		5.4	0.52
		Современи Процесорски Архитектури	2	1	20					
		Мрежни Оперативни Системи	2	2	80					
2007/2008	летен	Системски Софтвер	4	4	205	12	456		5.4	0.912
		Микропроцесорски Системи	2	2	251					
2008/2009	зимски	Логички Кола и Дискретни Автомати	2	4	160	12	260		5.4	0.52
		Мрежни Оперативни Системи	2	4	100					
2011/2012	летен	Системски Софтвер	2	0	387	6	883		2.7	1.766
		WAN мрежи	2	0	232					
		Микропроцесорски Системи	2	0	264					
								ВКУПНО	**43.2**	**8.264**

Список на стручни и научни трудови

	Автор 1	Автор 2	Автор 3	Автор 4	Автор 5	Наслов	Конференција	Период	Национ.	Меѓунар.	Меѓ.Моног.	Списание	бр.авт.	Бодување	П. нац.	П. меѓ.	П. моног	П. Спис.	Реферат
1	Damjan Temelkovski	Milos Jovanovik	Igor Mishkovski	Dimitar Trajanov		Towards Open Data in Macedonia: Crime Map Based on Ministry of Internal Affairs' Bulletins	CIIT 2012	2012	Да				4	60.00%	1.2	0	0	0	
2	Aleksandra Kanevce	Igor Mishkovski	Ljupco Kocarev			Extended OPA Model for Cascading Failures Analyzes	CIIT 2012	2012	Да				3	80.00%	1.6	0	0	0	
3	Igor Mishkovski	Ljupco Kocarev				Chaos-Based Public-Key Cryptography	Chaos-Based Cryptography: Theory, Algorithms and Applications	2011			Да		2	90.00%	0	0	5.4	0	
4	Igor Mishkovski	Marco Righero	Mario Biey	Ljupco Kocarev		Enhancing robustness and synchronizability of networks homogenizing their degree distribution	Physica A: Statistical Mechanics and its Applications. Vol. 390, Issues 23-24	2011				Да	4	60.00%	0	0	0	3.321	
5	Igor Mishkovski	Sonja Filiposka	Dimitar Trajanov	Ljupco Kocarev		Apportionment Heuristics for Mapping Tasks in Heterogeneous Computing Systems	ICT Innovations 2011	2011		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	
6	Sonja Filiposka	Igor Mishkovski	Dimitar Trajanov			Effects of Terrain Details on Wireless Network Simulation Macro Results Accuracy	ICT Innovations 2011	2011		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
7	Igor Mishkovski	Miroslav Mirchev	Dimitar Trajanov	Ljupco Kocarev		Virus propagation in organizational structure	NETSCI 2011	2011		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	
8	Igor Mishkovski	Mario Biey	Ljupco Kocarev			Vulnerability of Complex Networks	Communication in Nonlinear Science and Numerical Simulations, Volume 16, Issue 1	2011				Да	3	80.00%	0	0	0	5.097	
9	Trpevski Daniel	Smilkov Daniel	Mishkovski Igor	Kocarev Ljupco		Vulnerability of labeled networks	Physica A, Volume 389, Issue 23	2010				Да	4	60.00%	0	0	0	3.321	
10	Igor Mishkovski	Sonja Filiposka	Dimitar Trajanov	Ljupco Kocarev		Measuring Vulnerability of Complex Networks by Simulating DDoS Attacks	XVIII Telekomunikacioni forum TELFOR	2010		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	Да
11	Miroslav Mirchev	Igor Mishkovski	Ljupco Kocarev			Selective Attack in Virus Propagation Processes	ICT Innovations 2010	2010		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	Да
12	Todorka Banova	Igor Mishkovski	Dimitar Trajanov	Ljupco Kocarev		Organizations analysis with complex network theory	ICT Innovations 2010	2010		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	Да
13	Leonid Djinevski	Igor Mishkovski	Dimitar Trajanov			Accelerating Clustering Coefficient Calculations on a GPU using OPENCL	ICT Innovations 2010	2010		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
14	Igor Mishkovski	Marco Righero	Mario Biey	Ljupco Kocarev		Building synchronizable and robust networks	ISCAS2010	2010		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	
15	Igor Mishkovski	Risto Kojchev	Dimitar Trajanov	Ljupco Kocarev		Vulnerability Assessment of Complex Networks based on Optimal Flow Measurements under Intentional Node and Edge Attacks	ICT Innovations 2009	2009		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	Да
16	Igor Mishkovski	Sonja Filiposka	Sasho Gramatikov	Dimitar Trajanov	Ljupco Kocarev	Game Theoretic Approach for Discovering Vulnerable Links in Complex Networks	International Joint Conferences on Computer, Information, and System Sciences, and Engineering	2008		Да			5	60.00%	0	1.8	0	0	Да
17	Igor Mishkovski	Sonja Filiposka	Dimitar Trajanov	Ljupco Kocarev		Using Game Theory to Analyze Distributed Computing Systems	XVI Telekomunikacioni forum TELFOR	2008		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	
18	Igor Mishkovski	Dimitar Trajanov	Sonja Filiposka	Ljupco Kocarev		A Game Theoretic Approach for User Participation in Grid Projects	International Symposium on Nonlinear Theory and its Applications	2008		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	
19	Aksenti Grnarov	Bekim Cilku	Igor Mishkovski	Dimitar Trajanov		Grid Computing Implementation in Ad Hoc Networks	International Joint Conferences on Computer, Information, and System Sciences, and Engineering	2007		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	Да
20	Igor Mishkovski	Dimitar Trajanov	Aksenti Grnarov			Performance Comparison of Multicore Processors Using Various Software Platforms	ETAI VIII national 2007	2007	Да				3	80.00%	1.6	0	0	0	Да
														ВКУПНО	**4.4**	**25.2**	**5.4**	**11.739**	**7**
																		Вкупно	**53.739**

Учество во меѓународни научни проекти

Реден број	Име на проектот	Период на траење	Позиција	ПОЕНИ
1	System on Chip Design, Tempus JEP-41107-2006 Macedonia-Serbia-Great Britain project	Oct. 2007 – Oct. 2009	учесник	5
2	Diagnosing vulnerability, emergent phenomena and volatility in man-made networks , FP6 STREP EU	2007 – 2010	учесник	5
			ВКУПНО	10

Учество во национални проекти

Реден број	Име на проектот	Период на траење	Позиција	ПОЕНИ
1	Реализација на интегриран информациски систем за ПИОМ	2004 – 2006	учесник	1
2	Реализација на систем за заштита на податоци за МРА	2008	учесник	1
3	Реализација на интегриран информациски систем за УЈП	2008 - 2009	учесник	1
4	Моделирање на реалистични 3D сценарија за симулација на безжични мобилни ад хок мрежи - Факултетски проект	2012	учесник	1
			ВКУПНО	4

СТРУЧНИ КНИГИ

	Автори	Наслов	Издавач	Место	Год.	ПОЕНИ
1	Димитар Трајанов, Игор Мишковски, Соња Филипоска, Владимир Здравевски, Милош Јовановиќ, Ристе Стојанов, Велимир Филипоски и Аксенти Грнаров	Solved Problems in Digital Design	ИИЗ/ДВВ	Скопје	2010	7
2	Игор Мишковски, Соња Филипоска, Димитар Трајанов и Аксенти Грнаров	Designing SoC using SystemC	ИИЗ/ДВВ	Скопје	2009	7
3	Сашко Граматиков, Игор Мишковски, Филипоска Соња, Трајанов Димитар и Грнаров Аксенти	Designing SoC using VHDL	ИИЗ/ДВВ	Скопје	2009	7
4	Трајанов Димитар, Мишковски Игор, Филипоска Соња, Ефнушева Марија, Аристотел Тентов, Аксенти Грнаров	Основи на Интернет	ИИЗ/ДВВ 188 стр	Скопје	2006	7
5	Мишковски Игор, Соња Филипоска, Марија Ефнушева, Димитар Трајанов, Аристотел Тентов, Аксенти Грнаров	Презентации: Microsoft Power Point 2003	ИИЗ/ДВВ 157 стр.	Скопје	2005	7

ВКУПНО	35

АНЕКС
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ДАНКО ИЛИЌ
(име, татково име и презиме)
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: информатика и компјутерско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)	9.6
2	Консултации со студенти	1.356
3	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 5)	0.5
4	Пакет материјали за одреден предмет (4 предмети)	2
5	Рецензент на универзитетски учебник	1
6	Интерна скрипта од вежби	6
	Вкупно	**20.456**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одбранета докторска теза	8
2	Одбранета магистерска работа	4
3	Одбранет специјалистички труд	2
4	Учесник во меѓународен научен проект (1 настан)	5
5	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	0
6	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	3
7	Дел од монографија објавен во странство	0
8	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	18.738
9	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (2 настани)	4
10	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (10 настани)	30
11	Учество на научен/стручен собир со реферат	1
	Вкупно	**75.738**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Дизајн или изработка на информациски систем (2 настани)	2
Дејности од поширок интерес		
1	Студиски престој во странство (повеќе од 6 месеци) (3 настани)	6
2	Студиски престој во странство (до 3 месеци) (2 настани)	1
3	Студиски престој во странство (до 6 месеци)	1
4	Раководител на внатрешна организациона единица	3
5	Член на факултетска комисија	0.5
6	Награда за научни постигнувања од струкова организација	3
	Вкупно	**16.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	20.456
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	75.738
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	16.5
Вкупно	**112.694**

Комисија

1. Проф .Маргита Кон Поповска с.р.
2. Академик Проф. д-р Љупчо Коцарев с. р.
3. Вонр. Проф. д-р Димитар Трајанов с. р.

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на кандидатот Данко Илиќ во периодот од окт. 2011 до јуни 2012

Година	Семестар	Предмет	Пред.	Студенти	Вкупно часови	Вкупно студенти
2011/2012	зимски	Математика	2		6	
		Компајлери	4			
2011/2012	летен	Информатика	2		10	678
		Стандарди за квалитет на софтвер	4			
		Компајлери	4			

	ПОЕНИ	
	Одржување на настава од прв циклус	**Консултации со студенти**
	3.6	0
	6	1.356
ВКУПНО	**9.6**	**1.356**

Список на стручни и научни трудови

	Автор 1	Автор 2	Автор 3	Автор 4	Автор 5	Наслов	Конференција	Период	Национ.	Меѓунар.	Меѓ.Моног.	Списание	бр.авт.	Бодување	П. нац.	П. меѓ.	П. моног	П. Спис.	Реферат
1	Danko Ilik	Gyesik Lee	Hugo Herbelin			Kripke models for classical logic	Annals of Pure and Applied Logic, Volume 161, Issue 11, August 2010, Pages 1367–1378	2010				Да	3	80.00%	0	0	0	5.446	
2	Danko Ilik					Delimited control operators prove double-negation shift	Annals of Pure and Applied Logic	2011				Да	1	100.00%	0	0	0	6.646	
3	Danko Ilik					Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic	Annals of Pure and Applied Logic	2012				Да	1	100.00%	0	0	0	6.646	
4	Danko Ilik					Zermelo's Well-Ordering Theorem in Type Theory	Lecture Notes in Computer Science, 2007, Volume 4502/2007, 175-187, DOI: 10.1007/978-3-540-74464-1_12	2007		Да			1	100.00%	0	3	0	0	Да
														ВКУПНО	0	3	0	18.738	1
																		Вкупно	22.738

Учество во меѓународни научни проекти

Реден број	Име на проектот	Период на траење	Позиција	ПОЕНИ
1	Types for proofs and programs		учесник	5
			ВКУПНО	5

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ - ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на својата седница од 20.6.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање - доцент по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

На конкурсот објавен во весниците „Вечер“ и „Лајм“ од 2.6.2012 година, се пријавија кандидатите:

- Ѓорѓи Мацаров, доктор на технички науки, вработен како помлад асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје;
- Данко Илиќ, доктор на технички науки.

Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

А) Извештај за кандидатот Ѓорѓи Мацаров

1. Биографски податоци

Ѓорѓи Мацаров е роден во Велес на 14.3.1984 година. Основно и средно училиште завршил во родниот град. Во учебната 2002/2003 година се запишал на редовни студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика. Во текот на факултетското образование постојано е наградуван за успешно завршување на студиите во секоја студиска година со просек 10. На Факултетот се стекнува со диплома за дипломиран инженер по електротехника на 20 јуни 2007 год. Како најдобар дипломиран студент на Факултетот за електротехника и информациски технологии за 2006/2007 година е добитник на признанието “Инженерски прстен”, кое го доделува Инженерската институција на Македонија, и Златник и Пофалница кои ги доделува Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје. На 26 август 2009 година ја одбранил магистерската тема под менторство на проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ и се стекнал со научното звање магистер на електротехнички науки, област: компјутерска техника и информатика.

Во октомври 2009 година ја пријавил, а на 17 мај 2012 година со успех ја одбранил докторската дисертација на тема „Нови методи за градење на хиерархиски повеќецелни класификатори“. Во периодот на изработка на докторската дисертација, во учебната 2010/2011 година остварил едногодишен научен престој на Институтот „Јожеф Стефан“ во Словенија под менторство на проф. д-р Сашо Џероски.

Своето прво работно искуство го стекнал во Друштвото за компјутерски услуги „Netcetera“ – Скопје. Од септември 2007 година до октомври 2009 година работел

како демонстратор, а од октомври 2009 година до септември 2011 година работел како помлад асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Од октомври 2011 година до денес работи како помлад асистент на Факултетот за информациски технологии и компјутерско инженерство.

2. Наставна дејност

Во досегашниот период, Ѓорѓи Мацаров одржувал аудиториски и лабораториски вежби по предметите: препознавање на облици, софтверско инженерство, визуелно програмирање, програмски методологии, роботика, структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, концепти за развој на софтвер и напреден развој на софтвер. Наставната дејност ја извршува совесно, професионално, со коректно однесување спрема студентите.

3. Научна и стручна дејност

3.1. Научни трудови

Кандидатот објавил 28 научни труда, од кои првите 12 (дванаесет) се рецензирани при првиот избор за помлад асистент. По неговиот избор за помлад асистент, кандидатот има објавено 16 научни труда во меѓународни списанија со фактор на влијание, меѓународни конференции и поглавја од монографии.

3.1.1. Претходно рецензирани објавени трудови

[1] G. Madzarov, D. Gjorgjevikj, and I. Chorbev, "A multi-class SVM classifier utilizing binary decision tree," *Informatica*, vol. 33, no. 2, pp. 233–241, 2009.

[2] I. Chorbev, G. Madzarov, and D. Mihajlov, "Wireless Telemedicine as Part of an Integrated System for E-Medicine," in *IEEE student paper*, pp. 225–230, 2010.

[3] G. Madzarov and D. Gjorgjevikj, "Multi-class classification using support vector machines in decision tree architecture," in *Proc. of International Conference EUROCON*, (Saint Petersburg, Russia), pp. 306–313, 2009.

[4] G. Madzarov, I. Dimitrovski, S. Loskovska, and D. Gjorgjevikj, "Hierarchical video classification," in *Proc. of 9th National Conference with International Participation, ETAI*, (Ohrid, Macedonia), pp. I5–4, 2009.

[5] T. Janevski, A. Tudzarov, M. Porjazoski, P. Latkoski, G. Madzarov, and I. Efnushev, "System For Analysis Of End-To-End Quality Of Data Services In Cellular Networks," in *Proc. of IEEE Region 8 Conference EUROCON 2009*, (Saint Petersburg, Russia), pp. 1624–1631, 2009.

[6] T. Janevski, A. Tudzarov, P. Latkoski, M. Porjazoski, I. Efnushef, G. Madzarov, and D. Gjorgjiev, "Design of Applicative Quality Testing System for Data Services in Mobile Networks," in *Proc. of Wireless World Congress (WWC)*, (San Francisco, USA), pp. 1–6, 2009.

[7] G. Madzarov, D. Gjorgjevikj, and I. Chorbev, "Multi-class classification using support vector machines in binary tree architecture," in *Proc. of 8th International Scientific Conference UNITECH*, (Gabrovo, Bulgaria), pp. 413–418, 2008.

[8] G. Madzarov, S. Loskovska, I. Dimitrovski, and D. Gjorgjevikj, "Comparison of automatic shot boundary detection algorithms based on color, edges and wavelets," in *Proc. of 11th International Multiconference Information Society*, (Ljublana, Slovenia), pp. 73–77, 2008.

[9] G. Madzarov, D. Gjorgjevikj, and I. Dimitrovski, "A multi-class SVM classifier utilizing binary decision tree," in *Proc. of 11th International Multiconference Information Society*, (Ljublana, Slovenia), pp. 13–17, 2008.

[10] I. Chorbev, D. Mihajlov, and G. Madzarov, "Rule induction in medical data with hybrid heuristic algorithms," in *Proc. of 11th International Multiconference Information Society*, (Ljublana, Slovenia), pp. 57–61, 2008.

[11] T. Janevski, A. Tudzarov, P. Latkoski, M. Porjazoski, I. Efnushef, G. Madzarov, and D. Gjorgjiev, "Applicative Solution for Testing the Quality of Data Services in Mobile Networks," in *Proc. of 14th IEEE Mediterranean Electrotechnical Conference - IEEE Melecon 2008*, (Ajacio, France), pp. 216–221, 2008.

[12] G. Madzarov, D. Gorgevik, and E. Ikonomovska, "Tree of SVM for pattern recognition," in *Proc. of 8th National Conference with International Participation, ETAI*, (Ohrid, Macedonia), pp. I6–3, 2007.

3.1.2. Трудови објавени по претходниот избор

[13] G. Madjarov, D. Gjorgjevikj, and S. Džeroski, "Two stage architecture for multi-label learning," *Pattern Recognition*, vol. 45, pp. 1019–1034, 2012.

[14] D. Gjorgjevikj and G. Madjarov, "Two stage classifier chain architecture for efficient pair-wise multi-label learning," in *Proc. of IEEE International Workshop on Machine Learning for Signal Processing*, (Beijing, China), pp. 1–6, 2011.

Во овие две статии претставена е двонивовска ефикасна парови на ознаки архитектура (анг. *Two Stage Architecture - TSA*) за повеќезначна класификација и рангирање. Претставена е двонивовската архитектура преку нејзиниот дизајн и начинот на кој таа се евалуира. Претставени се три различни варијанти на градење на оваа архитектура: двонивовски метод со гласање [13], двонивовски верижен метод и двонивовски скратен верижен метод [13][14]. Во статиите е направена формална анализа на пресметковната комплексност на двонивовската архитектура. Основната идеја на оваа архитектура е да ја намали пресметковната комплексност на методите парови на ознаки, а притоа да ги задржи или подобри нивните перформанси во однос на прецизноста на предвидување.

[15] G. Madjarov, D. Gjorgjevikj, and S. Džeroski, "Dual Layer Voting Method for Efficient Multi-label Classification," in *Pattern Recognition and Image Analysis* (J. Vitrià, J. a. Sanches, and M. Hernández, eds.), vol. 6669 of *Lecture Notes in Computer Science*, pp. 232–239, Springer Berlin Heidelberg 2011.

[16] G. Madjarov, D. Gjorgjevikj, and T. Delev, "Efficient two stage voting architecture for pairwise multi-label classification," in *AI 2010: Advances in Artificial Intelligence* (J. Li, ed.), vol. 6464 of *Lecture Notes in Computer Science*, pp. 164–173, Springer Berlin Heidelberg 2011.

Во овие две статии претставен е ефикасен метод за гласање во процесот на предикција за методите базирани на парови на ознаки. Како резултат на структурата на поврзување на моделите парови на ознаки значително се зголемува пресметковната ефикасност на класичните методи парови на ознаки во процесот на предикција. Класификациските модели се организирани во две нивоа и во процесот на предикција некои од моделите поставени во второто ниво не се евалуираат како резултат на предикциите добиени од моделите поставени во првото ниво.

[17] G. Madjarov and D. Gjorgjevikj, "Hybrid decision tree architecture utilizing local SVMs for multi-label classification," in *Hybrid Artificial Intelligent Systems* (E. Corchado, V. Snasel, A. Abraham, M. Wozniak, M. Grana, and S.-B. Cho, eds.), vol. 7209 of *Lecture Notes in Computer Science*, pp. 1–12, Springer Berlin Heidelberg, 2012.

Во оваа статија е претставена хибридна архитектура базирана на дрва за одлучување кои користат локални машини со носечки вектори (анг. Support Vector Machines - SVM) за повеќезначна класификација и рангирање. Користејќи го методот „раздели па владеј", основната идеја на оваа архитектура е да ја намали пресметковната комплексност на методите кои го трансформираат проблемот и да ги задржи или подобри перформансите во однос на предвидувањата. Таа прво го трансформира глобалниот повеќезначен класификациски проблем во повеќе помали локални проблеми, а потоа ново генерираните проблеми ги решава со употреба на локални класификатори. За решавање на локалните класификациски проблеми се користат локални машини со носечки вектори во архитектура на бинарна релевантност, а за локализација на проблемите се користат дрва за одлучување кои се карактеристични по својата висока ефикасност.

[18] I. Kitanovski, G. Madjarov, and D. Gjorgjevikj, "Local hybrid SVMDT classifier," in *Proc. of 19th Telecommunications Forum - TELFOR*, (Belgrade, Serbia), pp. 770–773, 2011.

Во оваа статија е претставена хибридна архитектура базирана на дрва за одлучување кои користат локални машини со носечки вектори за повеќекласна класификација. Оваа архитектура ја намалува пресметковната комплексност и грешката на погрешно класификувани примероци. Во секој од листовите на дрвото на одлучување се обучува локален класификатор од машини со носечки вектори кој го решава локалниот класификациски проблем дефиниран во соодветниот лист. Во зависност од минималниот број на примероци во дрвото за одлучување се менуваат перформансите на хибридната архитектура во однос на точноста на предвидување и пресметковна комплексност.

[19] M. Stojanovski, D. Gjorgjevikj, and G. Madjarov, "Parallelization of dynamic programming in Nussinov RNA folding algorithm on the CUDA GPU," in *ICT Innovations 2011* (L. Kocarev, ed.), vol. 150 of *Advances in Intelligent and Soft Computing*, pp. 279–289, Springer Berlin Heidelberg, 2012.

Во статијата е претставен алгоритам со кој се паралелизира Нусиновиот алгоритам за предвидување на секундарната структура на ДНК на CUDA архитектура. Имплементација на Нусиновиот алгоритам на CUDA - архитектурата на NVIDIA GeForce 8500 GT - графичката картичка резултира со значително забрзување во споредба со секвенцијалното извршување на алгоритамот. Во зависност од должината на секвенцата која се предвидува, пресметковната ефикасност се зголемува за повеќе од 20 пати.

[20] D. Gjorgjevikj, G. Madjarov, I. Chorbev, M. Angelovski, M. Georgiev, and B. Dikovski, "Asgrt – automated report generation system," in *ICT Innovations 2010* (M. Gusev and P. Mitrevski, eds.), vol. 83 of *Communications in Computer and Information Science*, pp. 369–376, Springer Berlin Heidelberg, 2011.

Во оваа статија е претставено апликативно решение за генерирање на податочни извештаи. Со ова решение се овозможува генерирање на темплејти извештаи кои содржат фиксни податоци и податоци кои би требало да бидат пополнети во зависност од конкретното барање за извештајот. Променливите податоци се означени со посебни тагови одредени од страна на корисникот и тие

можат да бидат заменети со вистински податоци со помош на соодветен визуелен интерфејс од база на податоци која задоволува одредени критериуми на дизајн.

[21] G. Madzarov and D. Gjorgjevikj, "Evaluation of distance measures for multi-class classification in binary SVM decision tree," in *Artificial Intelligence and Soft Computing* (L. Rutkowski, R. Scherer, R. Tadeusiewicz, L. Zadeh, and J. Zurada, eds.), vol. 6113 of *Lecture Notes in Computer Science*, pp. 437–444, Springer Berlin Heidelberg 2010.

Во статијата е презентирана архитектура на SVM - класификатори за решавање на повеќекласни проблеми. Архитектурата се базира на бинарни дрва на одлучување дизајнирани со употреба на кластерирачки алгоритми. Кластерирачките алгоритми во процесот на кластерирање користат три различни мерки за растојание (Евклидово, стандардизирано Евклидово и Махаланобис - растојание). Експериментално е покажано дека Махаланобис - растојанието дава најдобри резултати за предложената архитектура но и најслаби резултати во однос на пресметковната комплексност.

[22] G. Madjarov, D. Gjorgjevikj, and T. Delev, "Ensembles of binary SVM decision trees," in *Proc. of 2nd ICT Innovations Conference*, (Ohrid, Macedonia), pp. 181–188, 2010.

Во оваа статија е истражувана можноста за креирање на ансамбли од класификатори од бинарната дрво архитектурата која во секој од јазлите обучува класификатор од машините со носечки вектори [1]. Случајни шуми (анг. Random forest) и Бегинг (анг. Bagging) се користат за градење на ансамблите. Експерименталната евалуација покажува дека ансамблите од оваа архитектура ги подобруваат перформансите на основниот класификациски модел.

[23] K. Trojacanec, G. Madzarov, D. Gjorgjevikj, and S. Loskovska, "Classification of magnetic resonance images," in *Proc. of 32nd International Conference on Information Technology Interfaces*, (Cavtat, Croatia), pp. 597–602, 2010.

Целта на овој труд е да се направи споредба на грешката при класификација на слики од магнетна резонанција со примена на повеќе класификатори меѓу кои: машини со носечки вектори (SVM) со различни стратегии за повеќекласна класификација, невронски мрежи, метод на k најблиски соседи, C4.5 алгоритамот. За опишување на сликите се применети различни техники за извлекување на карактеристики.

[24] K. Trojacanec, G. Madjarov, S. Loskovska, and D. Gjorgjevikj, "Hierarchical classification architectures applied to magnetic resonance images," in *Proc. of 33rd International Conference on Information Technology Interfaces*, (Cavtat, Croatia), pp. 501–506, 2011.

[25] K. Trojacanec, G. Madjarov, D. Gjorgjevikj, and S. Loskovska, "Hierarchical classification of magnetic resonance images," in *Proc. of 13th International Multiconference Information Society*, (Ljublana, Slovenia), pp. 51–54, 2010.

[26] K. Trojacanec, G. Madjarov, S. Loskovska, and D. Gjorgjevikj, "Towards improving magnetic resonance image classification," in *Proc. of 18th Telecommunications Forum - TELFOR*, (Belgrade, Serbia), pp. 946–949, 2010.

Во [25] е предложена генерализирана архитектура за хиерархиска класификација на хиерархиски организирано множество од слики од магнетна резонанција. Анализирани се два специфични случаја на архитектурата, и тоа: тринивовска хиерархиска архитектура базирана на машини со носечки вектори и тринивовска хиерархиска архитектура базирана на невронски мрежи. Од направените истражувања се заклучува дека архитектурата базирана на машините со носечки вектори дава подобри резултати од архитектурата базирана на невронски мрежи. Предложената архитектура во трудот нуди можност за спроведување на понатамошни истражувања. Во [26] е предложена и истражувана тринивовска хиерархиска архитектура за класификација. Нејзините перформансите се тестирани на слики од магнетна резонанција. Од направените испитувања може да се заклучи дека предложената архитектура дава подобри резултати при класификација на сликите од магнетна резонанција во споредба со двонивовска хиерархиска архитектура и обична (нехиерархиска) класификација кои се истражувани во [27].

[27] T. Delev, D. Gjorgjevik, and G. Madzarov, "Place-Tags, discovering and promoting places through mobile phones and collaborative filtering," in *Proc. of 32nd International Conference on Information Technology Interfaces ITI2010* (V. Luzar-Stiffler, I. Jarec, and Z. Bekic, eds.), (Cavtat, Croatia), pp. 225–230, 2010.

Во оваа статија е претставен дизајн и иимплементација на мобилна апликација заедно со веб сервер за гео-означување омилени и интересни места и нивно споделување со заедница. Дизајнот и архитектурата на оваа апликација укажува на клучните аспекти и прашања кај овој вид на системи.

[28] D. Nakic, G. Madzarov, and D. Pordevicr, "Heartbeat tracking application for mobile devices - arrhythmia recognition module," in *Proc. of 32nd International Conference on Information Technology Interfaces ITI2010* (V. Luzar-Stiffler, I. Jarec, and Z. Bekic, eds.), (Cavtat, Croatia), pp. 585–590, 2010.

Во оваа статија е претставена софтверска архитектура за паметни мобилни уреди (паметни телефони и часовници) за следење на работата на срцето кај човекот и препознавање на аритмија. Претставен е брз и едноставен метод за извлекување на обележја од добиениот ЕКГ - сигнал и модул за обработка и анализа на податоците. Класификацијата на примероците се први врз основа на претходно обучен систем со над 1000 примероци од 16 различни пациенти.

3.2. Учество во научноистражувачки проекти

Кандидатот учествува во следниве научноистражувачки проекти:

1. *Knowledge Discovery from Moving Objects, COST Action IC0903*, 2009-2013.

Целта на овој проект е развој на методи за просторно и временско моделирање на податоци добиени од движење на различни објекти, како и развој на методи за извлекување на знаење од истите тие податоци. Градењето на овие просторни и временски модели наоѓа голема примена во медицината за откривање на брзината и начинот на ширење на одредена епидемија, транспортот, екологијата и др.

3.3. Реализирани стручни проекти

Кандидатот учествувал во следниве научноистражувачки стручни проекти:

1. *Service Quality Testing System (SQTS),* финансиран од T-Mobile, Македонија.

Целта на проектот е изработка на систем за мерење и тестирање на квалитетот на сервисите на мобилниот оператор T-mobile, Македонија. Системот нуди автоматско следење на квалитетот на сервисите преку соодветни перформансни индикатори поставени како перформансни критериуми од мобилниот оператор.

3.4. Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот

Оцената на досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на кандидатот е приложена подолу како заклучок, преку пресметка на остварените поени во секоја од областите. Врз основа на приложените пресметки, пополнет е и анексот кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

Од приложеното може да се забележи дека кандидатот остварил многу поголем број на поени од минималните потребни за остварување на избор.

Б) Извештај за Данко Илиќ

1. Биографски податоци

Данко Илиќ е роден на 6.8.1979 година во Скопје. Основното и средното училиште ги завршил во родниот град, при што покажал особен интерес за природните и техничките науки. Учествувал и освојувал награди на повеќе државни натпревари по информатика и физика.

Со диплома на инженер по информатика се стекнал во јули 2003 година на Институтот за информатика, Природно-математички факултет Скопје. Дипломската работа „Тестирање на криптографски хеш функции“ му била менторирана од проф. д-р Смиле Марковски.

По отслужување на воениот рок, започнал со магистерски студии на Универзитетот Chalmers во Гетеборг, Шведска, во август 2004, благодарение на стипендијата од страна на шведската влада (svenska institutet). Со диплома „MSc in Dependable Computer Systems“ се стекнал во март 2006, одбранувајќи ја магистерската работа под наслов „Zermelo's well-ordering theorem in type theory“, менторирана од страна на проф. Thierry Coquand. Дел од магистерската теза е објавен во Lecture Notes in Computer Science (види поглавје *Биографски детали)*.

Периодот мај-август 2006 го поминал во посета на Лабораторијата за информатика на Ecole Polytechnique во Париз, Франција, каде што со проф. Hugo Herbelin работел на испитувањето на пресметувачката содржина на доказите во теоријата на множества кои се потпираат на техниката „форсинг“.

Периодот од септември 2006 до јуни 2007 го поминал во Утрехт и Најмеген, Холандија, каде што го посетувал мастер-класот по математичка логика на Универзитетот во Утрехт и Универзитетот во Најмеген. Мастер-класот успешно го завршил со истражувачкиот проект „An efficient model of real numbers Coq“, менториран од проф. Бас Спитерс.

Во октомври 2007 се вработил како докторанд при Лабораторијата за информатика, Ecole Polytechnique, Париз, Франција, каде што бил менториран од проф. Hugo Herbelin. Докторската дисертација на тема „Constructive completeness proofs and delimited control“ ја одбранил на 22-ри октомври 2010.

Во март 2011 ја добил наградата Kurt Godel Reasearch Prize за научни истражувања во математичката логика.

Од февруари 2011 до февруари 2012 работел како доцент при Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што бил шеф на Катедрата по Програмски јазици, технологии и алгоритми.

2. Наставна дејност

Наставните обврски на Данко Илиќ опфаќаат предавања по предметите: компајлери, информатика, стандарди за квалитет на софтвер и математика 1.

3. Научна и стручна дејност

3.1. Научни трудови

Кандидатот објавил 4 научни труда, бил пленарен предавач на 10 научни собири со меѓународно учество и 2 секциски предавања на научен собир со меѓународно учество.

3.1.1. Објавени трудови:

[1] Danko Ilik, Gyesik Lee, Hugo Herbelin: Kripke models for classical logic, Annals of Pure and Applied Logic, Volume 161, Issue 11, August 2010, Pages 1367-1378.

Авторите го воведуваат поимот за Крипке - моделот во класичната логика, за кое ја докажуваат неговата исправност и cut-free комплетноста. Во овој труд се дискутира и новитетот на поимот и неговата потенцијална примена.

[2] Danko Ilik: Delimited control operators prove double-negation shift, Annals of Pure and Applied Logic, In Press, Corrected Proof, Available online 26 December 2011.

Во овој труд се предлага проширување на минималната интуитивна логика со предикати. Проширувањето е базирано на одвоени контролни оператори, од кои може да се изведе верзијата со предикативна логика на шемата со двојно негативно поместување, при што се задржува дисјункцијата и постојните својства.

[3] Danko Ilik: Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic, Annals of Pure and Applied Logic, In Press, Corrected Proof, Available online 16 May 2012.

Во овој труд се презентирани класи на модели во форма на континуални монадни полиморфи за индивидуи од прв степен кое е исправно и комплетно за минимална интуитивна логика со предикати.

[4] Danko Ilik: Zermello's Well-Ordering Theorem in Type Theory, TYPES FOR PROOFS AND PROGRAMS, Lecture Notes in Computer Science, 2007, Volume 4502/2007, 175-187, DOI: 10.1007/978-3-540-74464-1_12.

Во овој труд авторите покажуваат дека кое било множество може да биде добро подредено. Авторите го следат првиот доказ на Зермело од 1904 со одредени упростувања за да се избегне споредливоста на подредувањето. Доказот е формализиран во системот AgdaLight.

3.2. Учество во научноистражувачки проекти

Кандидатот учествува во следниве научноистражувачки проекти:

1. *Types for proofs and programs, финансирано од FP6, 2004-2008*

Главна цел на проектот е развој на технологија на формално резонирање и компјутерско програмирање базирано на теоријата на типови. Ова се прави преку унапредување на јазиците и компјутерските алатки за резонирање и преку примена на технологијата во неколку домени, како што се: програмските јазици, сертифицираниот софтвер, математичката формализација и математичката едукација.

3.3. Реализирани стручни проекти

Кандидатот учествувал во следниве научноистражувачки стручни проекти:

1. *Софтверски пакет за тестирање на карактеристиките на криптографски хеш функции* (http://hashtest.sourceforge.net/).

Целта на проектот е изработка на софтверски пакет за тестирање на карактеристиките на криптографските хеш-функции. Проектот се состои од пресметки на својството на лавина на хеш-функциите, тестирање на хеш-функциите како генератор на случајни броеви со користење на универзалниот статистички тест на Маурер и изведување на статистичка анализа на Мобиус.

2. *Парцијален евалуатор/нормализатор за класични и за ламбда терми со суми, со формален доказ на коректност во Coq*

(https://sites.google.com/site/dankoilik/publications/phd-thesis).

3.4. Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот

Оцената на досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност на кандидатот е приложена подолу како заклучок, преку пресметка на остварените поени во секоја од областите. Врз основа на приложените пресметки, пополнет е и анексот кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

Од приложеното може да се забележи дека кандидатот остварил поголем број на поени од минималните потребни за остварување на избор.

ЗАКЛУЧОК

Од претходно изложеното може да се заклучи дека кандидатите Ѓорѓи Мацаров и Данко Илиќ покажале забележителен успех во наставно-образовната, научната и стручната активност и се исклучително квалитетни кандидати.

Следната табела ги отсликува достигнувања на двајцата кандидати во досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност.

Кандидат	**Поени од наставно-образовна дејност**	**Поени од научноистражувачка дејност**	**Поени од Стручно - апликативна дејност**	**Вкупен број на поени**
Ѓорѓи Мацаров	60,696	90,207	8,5	**159,403**
Данко Илиќ	20.456	75.738	16.5	**112.694**
Минимален број на поени	**>20**	**>20**	**>5**	**>80**

Врз основа на изнесените податоци, приложените пресметки и горенаведената табела, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот Данко Илиќ, и покрај забележителниот успех во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, заостанува во однос на вкупниот број на поени во однос на кандидатот Ѓорѓи Маџаров. За таа цел, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет да го избере кандидатот Ѓорѓи Маџаров во наставно-научното звање доцент, по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Драган Михајлов, с.р.

Проф. д-р Сузана Лошковска, с.р.

Вонр. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, с.р.

АНЕКС
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ĠОРĠИ МИЛЕ МАЏАРОВ
(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: компјутерска техника и информатика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)	51.3
2	Консултации со студенти	3.796
3	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 6)	0.6
4	Пакет материјали за одреден предмет (9 предмети)	4
5	Настава во летни школи и работилници (Robomak)	1
	Вкупно	**60.696**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одбранета докторска теза	8
2	Одбранета магистерска работа	4
3	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	11.6
4	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	40.8
5	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	9.807
6	Учество на научен/стручен собир со реферат	11
7	Учесник во меѓународен научен проект (1настан)	5
	Вкупно	**90.207**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Дизајн или изработка на информациски систем	2
2	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (5 настани)	2.5
Дејности од поширок интерес		
1	Студиски престој во странство (повеќе од 6 месеци)	2
2	Студиски престој во странство (до 3 месеци)	0.5
3	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник (3 проекти)	1.5
	Вкупно	**8.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	60.696
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	90.207
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	8.5
Вкупно	**159.403**

Членови на Комисијата

1. Проф .д-р Драган Михајлов с.р.
2. Проф. д-р Сузана Лошковска с.р.
3. Вонр. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ с.р.

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на соработникот Ѓорѓи Мацаров во периодот од окт. 2007 до јуни 2012

Година	Семестар	Предмет	Аудит	Лаб	Студенти	Вкупно часови	Вкупно студенти		ПОЕНИ Одржување на вежби	Консултации со студенти
2007/2008	зимски	Структурирано програмирање	2	2	120	15	270		6.75	0.54
		Софтверско инженерство	2	3	50					
		Роботика	1	5	100					
2007/2008	летен	Објектно-ориентирано програмирање	2	6	120	15	240		6.75	0.48
		Визуелно програмирање	1	6	120					
2008/2009	зимски	Структурирано програмирање	2	6	120	13	170		5.85	0.34
		Софтверско инженерство	2	3	50					
2008/2009	летен	Објектно-ориентирано програмирање	2	2	120	14	380		6.3	0.76
		Визуелно програмирање	1	6	140					
		Програмски методологии	1	2	120					
2009/2010	зимски	Структурирано програмирање	2	6	120	14	200		6.3	0.4
		Софтверско инженерство	2	4	80					
2009/2010	летен	Објектно-ориентирано програмирање	2	4	100	13	250		5.85	0.5
		Визуелно програмирање	1	6	150					
2011/2012	зимски	Структурирано програмирање	2	2	50	17	260		7.65	0.52
		Софтверско инженерство	2	7	150					
		Концепти за развој на софтвер	2	2	60					
2011/2012	летен	Објектно-ориентирано програмирање	2	2	50	13	128		5.85	0.256
		Напреден развој на софтвер	2	4	60					
		Препознавање на облици	2	1	18					
								ВКУПНО	**51.3**	**3.796**

Список на стручни и научни трудови

	Автор 1	Автор 2	Автор 3	Автор 4	Автор 5	Автор 6	Автор 6	Наслов	Конференција	Место	Период	Национ.	Меѓунар.	Меѓ.Моног.	Списание	бр.авт.	Бодувње	П. нац.	П. мег.	П. моног	П. Спис.	Реферат
1	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.						Hybrid Decision Tree Architecture utilizing Local SVMs for Multi-Label Classification	Hybrid Artificial Intelligent Systems, Lecture Notes in Computer Science, Vol. 7209, pp. 1-12, Springer Berlin Heidelberg		2012		Да			2	90.00%	0	2.7	0	0	
2	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Dzeroski S.					Two stage architecture for multi-label learning	Pattern recognition vol. 45, pp. 1019–1034		2012				Да	3	80.00%	0	0	0	7.407	
3	Kitanovski I.	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.					Local Hybrid SVMDT Classifier	Proceedings of 19th Telecommunications Forum, pp. 770-773		2011		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
4	Gjorgjevikj D.	Madjarov Gj.						Two Stage Classifier Chain Architecture For Efficient Pair-Wise Multi-Label Learning	Proceedings of IEEE International Workshop on Machine Learning for Signal Processing, pp. 1-6		2011		Да			2	90.00%	0	2.7	0	0	
5	Stojanovski M.	Gjorgjevikj D.	Madjarov Gj.					Parallelization of Dynamic Programming in Nussinov RNA Folding Algorithm on the CUDA GPU	Advances in Intelligent and Soft Computing, Vol. 150/2011, pp. 279-289, Springer Berlin Heidelberg		2011		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
6	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Dzeroski S.					Dual Layer Voting Method for Efficient Multi-Label Classification	Pattern Recognition and Image Analysis, Lecture Notes in Computer Science, Vol. 6669, pp. 232-239, Springer Berlin Heidelberg		2011		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	Да
7	Trojacanec K.	Madjarov Gj.	Loskovska S.	Gjorgjevikj D.				Hierarchical Classification Architectures Applied to Magnetic Resonance Images	Proceedings of 33rd International Conference on Information Technology Interfaces, pp. 501-506		2011		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	
8	Gjorgjevikj D.	Madjarov Gj.	Chorbev I.	Angelovski M.	Georgiev M.	Dikovski B.		ASGRT-Automated report generation system	Communications in Computer and Information Science, Vol. 83/2012, pp. 369–376, Springer Berlin Heidelberg		2010		Да			5	60.00%	0	1.8	0	0	Да
9	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Delev T.					Efficient Two Stage Voting Architecture for Pairwise Multi-label Classification	Advances in Artificial Intelligence, Lecture Notes in Artificial Intelligence, Vol. 6464, pp. 164-173, Springer Berlin Heidelberg		2010		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
10	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Delev T.					Ensembles of Binary SVM Decision Trees	Proceedings of 2nd ICT Innovations conference, pp.181-188		2010		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	Да
11	Trojacanec K.	Madjarov Gj.	Loskovska S.	Gjorgjevikj D.				Wireless Telemedicine as Part of an Integrated System for E-Medicine	IEEE student paper		2010		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
12	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.						Evaluation of Distance Measures for Multi-class Classification in Binary SVM Decision Tree	Artificial Intelligence and Soft Computing, Lecture Notes in Artificial Intelligence, Vol. 6113, pp. 437-444, Springer Berlin Heidelberg		2010		Да			2	90.00%	0	2.7	0	0	Да
13	Trojacanec K.	Madjarov Gj.	Loskovska S.	Gjorgjevikj D.				Classification of Magnetic Resonance Images	Proceedings of 32nd International Conference on Information Technology Interfaces, pp. 597-602		2010		Да			4	60.00%	0	1.8	0	0	
14	Trojacanec K.	Madjarov Gj.	Loskovska S.	Gjorgjevikj D.				Hierarchical classification of magnetic resonance images	Proceedings of 13th International Multiconference Information Society, pp. 51–54		2010	Да				4	60.00%	1.2	0	0	0	Да
15	Nakic D.	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.					Heartbeat Tracking Application for Mobile Devices - Arrhythmia Recognition Module	Proceedings of 32nd International Conference on Information Technology Interfaces, pp. 585-591		2010		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
16	Delev T.	Gjorgjevikj D.	Madjarov Gj.					Place-Tags, Discovering and Promoting Places Through Mobile Phones and Collaborative Filtering	Proceedings of 32nd International Conference on Information Technology Interfaces, pp. 225-231		2010		Да			3	80.00%	0	2.4	0	0	
17	Trojacanec K.	Madjarov Gj.	Loskovska S.	Gjorgjevikj D.				Towards improving magnetic resonance image classification	Proceedings of 18th Telecommunications Forum, pp. 946–949		2010	Да				4	60.00%	1.2	0	0	0	
18	Madjarov Gj.	Dimitrovski I.	Loskovska S.	Gjorgjevikj D.				Hierarchical Video Classification	Proceedings of 9th National Conference with International Participation, ETAI, pp. 15-4		2009	Да				4	60.00%	1.2	0	0	0	Да
19	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Chorbev I.					A multi-class SVM classifier utilizing binary decision tree	An International Journal of Computing and Informatics, Informatica, Volume 33 Number 2, ISSN 0350-5596, pp.233-241		2009				Да	3	80.00%	0	0	0	2.4	
20	Janevski T.	Tudzarov. A.	Latkoski P.	Porjazoski M.	Madjarov Gj.	Efnushev I.		System For Analysis Of End-To-End Quality Of Data Services In Cellular Networks	Proceedings of IEEE Region 8 Eurocon Conference, pp. 1624-1631		2009		Да			6	60.00%	0	1.8	0	0	
21	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.						Multi-Class Classification Using Support Vector Machines In Decision Tree Architecture	Proceedings of IEEE Region 8 Eurocon Conference, pp. 288-295		2009		Да			2	90.00%	0	2.7	0	0	
22	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Chorbev I.					Multi-class Classification using Support Vector Machines in Binary Tree Architecture	Proceedings of International Scientific Conference UNITECH'08 Gabrovo, Volume-I, ISSN 1313-230X, pp.413-418		2008	Да				3	80.00%	1.6	0	0	0	Да
23	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Dimitrovski I.					A multi-class SVM classifier utilizing binary decision tree	Proceedings of 11th International Multiconference Information Society, Volume-A, ISSN 1581-9973, pp. 81		2008	Да				3	80.00%	1.6	0	0	0	Да
24	Madjarov Gj.	Dimitrovski I.	Loskovska S.	Gjorgjevikj D.				Comparison of automatic shot boundary detection algorithms based on color, edges and wavelets	Proceedings of 11th International Multiconference Information Society, Volume-A, ISSN 1581-9973, pp. 77		2008	Да				3	80.00%	1.6	0	0	0	Да
25	Chorbev I.	Mihajlov D.	Madjarov Gj.					Rule induction in medical data with hybrid heuristic algorithms	Proceedings of 11th International Multiconference Information Society, Volume-A, ISSN 1581-9973, pp. 61		2008	Да				3	80.00%	1.6	0	0	0	Да
26	Janevski T.	Tudzarov. A.	Latkoski P.	Porjazoski M.	Efnushev I.	Madjarov Gj.	Gjorgjiev D.	Design of Applicative Quality Testing System for Data Services in Mobile Networks	Global Mobile Congress 2009, pp.1-6		2008		Да			7	60.00%	0	1.8	0	0	
27	Janevski T.	Tudzarov. A.	Latkoski P.	Porjazoski M.	Efnushev I.	Madjarov Gj.	Gjorgjiev D.	Applicative Solution for Testing the Quality of Data Services in Mobile Networks	Proceedings of the 14th IEEE Mediterranean Electrotechnical Conference, pp. 216-221		2008		Да			7	60.00%	0	1.8	0	0	
28	Madjarov Gj.	Gjorgjevikj D.	Ikonomovska E.					Tree of SVM for Pattern Recognition	Proceedings of 8th National Conference with International Participation, ETAI 2007, pp. 16-3		2007	Да				3	80.00%	1.6	0	0	0	Да
																	ВКУПНО	11.6	40.8	0	9.807	11
																					Вкупно	73.207

Учество во меѓународни научни проекти

Реден број	Име на проектот	Период на траење	Позиција	ПОЕНИ
1	COST action IC0903	2009-2013	учесник	5
2				
			ВКУПНО	5

Учество во национални проекти

Реден број	Име на проектот	Период на траење	Позиција	ПОЕНИ
1				
2				
			ВКУПНО	0

АНЕКС
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ДАНКО ИЛИЌ
(име, татково име и презиме)
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: информатика и компјутерско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)	9.6
2	Консултации со студенти	1.356
3	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 5)	0.5
4	Пакет материјали за одреден предмет (4 предмети)	2
5	Рецензент на универзитетски учебник	1
6	Интерна скрипта од вежби	6
	Вкупно	**20.456**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одбранета докторска теза	8
2	Одбранета магистерска работа	4
3	Одбранет специјалистички труд	2
4	Учесник во меѓународен научен проект (1 настан)	5
5	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор	3
6	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор	18.738
7	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (2 настани)	4
8	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (10 настани)	30
9	Учество на научен/стручен собир со реферат	1
	Вкупно	**75.738**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Дизајн или изработка на информациски систем (2 настани)	2
Дејности од поширок интерес		
1	Студиски престој во странство (повеќе од 6 месеци) (3 настани)	6
2	Студиски престој во странство (до 3 месеци) (2 настани)	1
3	Студиски престој во странство (до 6 месеци)	1
4	Раководител на внатрешна организациона единица	3
5	Член на факултетска комисија	0.5
6	Награда за научни постигнувања од струкова организација	3
	Вкупно	**16.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	20.456
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	75.738
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	16.5
Вкупно	**112.694**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Драган Михалов с.р.

Проф. д-р Сузана Лошковска с.р.

Вонр. Проф. Д-р Дејан Ѓорѓевиќ с.р.

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на кандидатот Данко Илиќ во периодот од окт. 2011 до јуни 2012

Година	Семестар	Предмет	Пред.	Студенти	Вкупно часови	Вкупно студенти		ПОЕНИ Одржување на настава од прв циклус	Консултации со студенти
2011/2012	зимски	Математика	2		6			3.6	0
		Компајлери	4						
2011/2012	летен	Информатика	2		10	678		6	1.356
		Стандарди за квалитет на софтвер	4						
		Компајлери	4						
							ВКУПНО	**9.6**	**1.356**

Список на стручни и научни трудови

	Автор 1	Автор 2	Автор 3	Автор 4	Автор 5	Наслов	Конференција	Период	Национ.	Меѓунар.	Меѓ.Моног.	Списание	бр.авт.	Бодување	П. нац.	П. меѓ.	П. моног	П. Спис.	Реферат
1	Danko Ilik	Gyesik Lee	Hugo Herbelin			Kripke models for classical logic	Annals of Pure and Applied Logic, Volume 161, Issue 11, August 2010, Pages 1367–1378	2010				Да	3	80.00%	0	0	0	5.446	
2	Danko Ilik					Delimited control operators prove double-negation shift	Annals of Pure and Applied Logic	2011				Да	1	100.00%	0	0	0	6.646	
3	Danko Ilik					Continuation-passing style models complete for intuitionistic logic	Annals of Pure and Applied Logic	2012				Да	1	100.00%	0	0	0	6.646	
4	Danko Ilik					Zermelo's Well-Ordering Theorem in Type Theory	Lecture Notes in Computer Science, 2007, Volume 4502/2007, 175-187, DOI: 10.1007/978-3-540-74464-1_12	2007		Да			1	100.00%	0	3	0	0	Да
														ВКУПНО	0	3	0	18.738	1
																		Вкупно	22.738

Учество во меѓународни научни проекти

Реден број	Име на проектот	Период на траење	Позиција	ПОЕНИ
1	Types for proofs and programs		учесник	5
			ВКУПНО	5

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИМОРФИЗМИТЕ НА ГЕНИТЕ ЗА МАТРИКС - МЕТАЛОПРОТЕИНАЗИТЕ ВРЗ ПРОГРЕСИЈАТА НА КЛИНИЧКАТА СЛИКА КАЈ ХРОНИЧНИТЕ ПЕРИАПИКАЛНИ ПРОЦЕСИ И АКУТНИТЕ ОДОНТОГЕНИ ИНФЕКЦИИ, ИЗРАБОТЕНА ОД АС. Д-Р БИЛЈАНА ЕВРОСИМОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата 25-та редовна седница, одржана на 21.6.2012 година, Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: „Влијание на полиморфизмите на гените за матрикс - металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции“, изработена од ас. д-р Билјана Евросимовска, магистер на стоматолошки науки, во состав: проф. д-р Александар Грчев, проф. д-р Мира Поповска, проф. д-р Сашо Панов, доц. д-р Соња Еленчевска-Апостолска и проф. д-р Борис Величковски.

Рецензентската комисија, по деталното разгледување на доставениот материјал до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов: "Влијание на полиморфизмите на гените за матрикс-металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции", поднесена од страна на кандидатката ас. д-р Билјана Евросимовска, е презентирана на 152 страници и содржи 13 слики, 47 табели и 18 графикони. Структурата на докторската дисертација, покрај апстрактот на македонски и англиски јазик, ја сочинуваат 9 поглавја, и тоа: вовед, теориски основи, преглед на литература, цели на трудот, материјал и метод на испитување, резултати, дискусија, заклучок и литература.

Од формален и суштински аспект, оваа докторска дисертација ги содржи предвидените пропозиции за научен труд од ваков вид.

Во поглавјето ***Вовед***, презентирано на три страници, авторката става посебен акцент на улогата на гените кои се во асоцијација со воспалителниот процес и на нивниот про- и анти-инфламаторен ефект. Протеинските продукти на овие гени ултимативно го детерминираат исходот на воспалителниот процес. Модерниот геномски пристап, микроиспитувањата и серијата анализи на генетската експресија, овозможуваат детерминација на екстремно комплексниот профил на воспалителните гени. Генетскиот полиморфизам кој е во релација со одредени воспалителни маркери, исто така, е во корелација и со честотата на појавување и/или исходот на серија воспалителни промени. Авторката потенцира дека одредени гени се во асоцијација со воспалителниот процес и дека воспалението може да биде контролирано преку различни аспекти на инхибиција на воспалителните процеси, преку намалување на транскрипцијата на воспалителните гени и преку намалување на

транскрипцијата на антивоспалителните гени. Проучувањето на генетскиот полиморфизам претставува актуелна новина во оралната хирургија.

Во второто поглавје, ***Теориски основи,*** на 40 страници, авторката се осврнува на основните сознанија за хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции, на нивната етиологија, патогенеза и класификација. Посебно внимание, авторката посветува на екстрацелуларниот матрикс (ЕЦМ) од коскеното ткиво, на колагеназите одговорни за деградација на колагенот од ЕЦМ, како и на протеолитичките ензими, означени како матрикс - металопротеинази (ММП) кои ги деградираат компонентите на ЕЦМ и базалната мембрана. Авторката ги изнесува податоците добиени од научните литературни сознанија кои говорат дека во здравото ткиво, деградацијата и синтезата на компонентите (нивото на ММП) од ЕЦМ се во постојан баланс. За да се овозможи и одржи оваа состојба, постои ниско базично ниво на експресија на одредени ММП, а притоа ензимската активност е прецизно контролирана. Како и кај сите деструктивни воспалителни процеси, така и кај хроничните периапикални лезии и акутните одонтогени инфекции можни се мошне големи промени во активноста на ММП. Во посебно потпоглавје, авторката го разјаснува влијанието на генетскиот полиморфизам кај воспалителните процеси. Се потенцира дека од неодамна полиморфизмите на ДНК се детектирани во промоторниот регион на неколку ММП (овие промоторни региони ја контролираат транскрипцијата на генот). Авторката истакнува дека овие генетски полиморфизми се од големо значење бидејќи можат да обезбедат навремен третман на пациентите кои се со висок ризик на болеста. Токму од овие причини, авторката преку научните испитувања истакнува дека идентификацијата на генетските фактори како што е полиморфизмот, кој е одговорен за зголемената продукција на ММП, би можел да биде значаен двигател во етаблирањето на ризичниот профил на пациенти со склоност за развој на хроничен периапикален процес или акутна одонтогена инфекција.

Во следното поглавје, ***Преглед на литература***, сублимирано на 7 страници преку презентирање на наодите и истражувањата на авторите цитирани од 211 референци, кандидатката прави критички осврт на наодите од одделните истражувачи, за значењето и улогата на ММП во ремоделирањето и растот на здравото ткиво, како и за нивната улога во многу деструктивни патолошки процеси, како на пример, при воспалението, туморите и метастазите. По извршеното опсежно пребарување на светската литература, авторката истакнува дека значењето на генетскиот полиморфизам на ММП може да се разгледува како влијание врз матрикс металопротеиназната функција (присуство, промена на концентрацијата и активност на ММП и во хронично воспаленото периапикално ткиво и кај акутната одонтогена инфекција), како и предиспонираност или отпорност на организмот кон овие воспалителни процеси. Затоа, авторката врз основа на литературните сознанија смета дека напорите на науката за што попрецизни сознанија за влијанието на гените на ММП-1, -8 и -13 во создавањето предиспозиција за определено заболување се мошне големи, а со тоа и за нивната улога во имунитетот и одбраната на организмот.

Во поглавјето ***Цели на трудот***, презентирано на 4 страници, авторката, респектирајќи ги стручно-научните сознанија, а со желба да дојде до сопствени резултати, како предмет на проучување ја поставува генската експресија на колагеназите (ММП-1, -8 и -13) кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции, а во функција на постигнување на

главната цел, идентификацијата на генетските фактори кои се од огромно значење за етаблирањето на ризичниот профил на пациенти со склоност за развој на хронична или акутна инфекција, како и одредување на вкупното присуство на полиморфизми во промоторниот регион од гените за ММП кај испитаниците од испитуваните групи. Авторката ги поставува и оперативните цели на оваа докторска дисертација: да се утврди дали полиморфизмите во промоторниот регион од гените за колагеназите (ММП-1, -8, и -13) кај испитаниците од испитуваните групи имаат ефект врз прогресијата и развојот на клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции; да се се утврди влијанието на полиморфизмите на гените за ММП-1,- 8 и -13, врз клиничката дијагноза и зависноста меѓу дијагнозата и полиморфизмот; да се испита дали испитуваните генетски полиморфизми може да доведат до зголемена транскрипциона активност и да ги покачат експресионите протеински нивоа на колагеназите (ММП-1, -8, и -13).

Во петтото поглавје ***Материјал и метод на работа,*** разработено на 10 страници, претставен е методолошкиот пристап за реализација на поставените цели. Во истражувањето се опфатени 280 пациенти од обата пола кои се поделени во три испитувани групи врз основа на поставените клинички дијагнози. Првата група ја сочинуваат 120 испитаници со клинички и рендгенолошки верифицирано постоење на хроничен периапикален процес. Пациентите од оваа група се поделени во три подгрупи во зависност од поставената клиничка дијагноза: 40 испитаници со дијагноза Parodontitis chronica periapicalis granulomatosa seu granulom; 40 испитаници со дијагноза Parodontitis chronica periapicalis progresiva seu diffusa (cum/sine fistula); 40 испитаници со дијагноза Cystis radicularis. Втората група ја сочинуваат 40 испитаници со акутна одонтогена инфекција (периапикален дентоалвеоларен апсцес) (Abscessus periapicalis dentoalveolaris). Третата (контролна) група е формирана од 120 испитаници со санирано забало, без ендодонтски третирани заби и отсуство на хроничен периапикален процес или акутна одонтогена инфекција.

Испитувањата во оваа докторска дисертација, авторката ги реализира преку: детална анамнеза и клинички преглед со анализа на рендгенолошките промени; преку лабораториски испитувања на добиениот материјал (молекуларно-генетски анализи), кои вклучуваат изолација на геномска ДНК, амплификација на изолираната ДНК и детекција на полиморфизмите на гените за колагеназите (ММП-1, -8 и -13).

Кај сите испитаници од испитуваните групи е направена селекција според интерно поставените критериуми, т.е. се исклучени оние испитаници кои во последните три месеци примале антибиотска или имуносупресивна терапија. Исто така во овие испитувања се исклучени испитаниците со клинички знаци на пародонтална болест.

Од секој испитаник (од сите три испитувани групи), по добивањето на писмена согласност, под асептични услови со венепункција земен е примерок на венска крв (10 mL) во вакумизирана стерилна епрувета (Vaccutainer) со антикоагулант (динатриумова сол на етилендиамин тетраацетат - EDTA.Na2).

За детекција на полиморфизмите во селектираните локуси во гените за ММП е користена рестрикциска анализа (*Polymerase Chain Reaction-Restriction Fragment Lenght Polymorphism* - PCR-RFLP). Притоа, присуството или отсуството на определена нормална, или обратно, мутирана секвенца во PCR-продуктот е проследена со подложност или отпорност кон рестрикцискатa дигестија со соодветен ензим, што резултира со појава на

дигестирани фрагменти со различна големина при електрофоретската анализа.

Статистичката анализа за споредување на вредностите за определување на сигнификантноста меѓу испитуваните групи, е извршена со користење на дескриптивни и аналитички статистички методи од пакетот SPSS 9.0 за MS Windows. Разликата меѓу два параметра во серии со нумерички белези е тестирана со Pearson- овиот Chi - Square тест. За статистички значајни се сметаат вредностите за $p<0,05$. Hardy-Weinberg-ов еквилибриум е користен со цел да се испита присуството на селективните сили кои имаат влијание врз дистрибуцијата на алелите. Веројатноста, односно ризикот за развој на хроничните периапикални лезии и акутни одонтогени инфекции во зависност од полиморфизмите за гените на колагеназите (асоцијативна или протективна улога), е одредена со примена на Odds ratio (OR).

Во поглавјето ***Резултати***, на 46 страници, сите добиени податоци, релевантни за испитувањето, темелно се анализирани и презентирани со 42 табели и 17 графикони.

Авторката најнапред ги изнесува резултатите од анализата на структурата на истражувачкиот материјал и корелација со полиморфизмите на гените за колагеназите. Анализата од корелацијата помеѓу полот и полиморфизмот на гените за ММП -1, -8 и -13 покажува дека не е регистрирана статистички сигнификантна зависност помеѓу полот и полиморфизмот на гените ММР -1, -8 и -13 кај пациентите со хронична периапикална лезија и акутна одонтогена инфекција.

Статистички сигнификантна зависност се регистрира помеѓу возраста и полиморфизмот на гените за ММП -1,-8, -13 кај пациентите со клиничката дијагноза акутна одонтогена инфекција, Parodontitis chronica periapicalis granulomatosa, Parodontitis chronica periapicalis diffusa, а кај пациентите со клиничка дијагноза Cystis radicularis, статистички сигнификантна зависност е регистрирана помеѓу возраста и полиморфизмот -1607 1G/2G на гените за ММП -1 детектиран со рестрикциски ензими *Alu*I и *Xmn*I, како и кај полиморфизмот -799 C/T на генот за ММП-8, додека кај полиморфизмот -519 A/G на генот за ММП-1 определен со рестрикциски ензим *Kpn*I, како и кај полиморфизмот -77 A/G за генот на ММП-13 не е регистрирана статистичка сигнификантност. Резултатите потврдуваат дека полиморфизмите на гените за колагеназите влијаат врз развојот на воспалителниот процес во зависност од возраста на пациентите.

Резултатите од корелацијата помеѓу присуството на системско заболување кај пациентите и полиморфизмот на гените за колагеназите покажуваат дека постои статистички сигнификантна зависност кај пациентите со клиничка дијагноза Parodontitis chronica periapicalis granulomatosa и оние со акутна одонтогена инфекција за сите испитувани полиморфизми. Кај пациентите со клиничка дијагноза Parodontitis chronica periapicalis diffusa, исто така е регистрирана статистички сигнификантна зависност, но само кај полиморфизмот -519 A/G на генот за ММП-1, детектиран со рестрикциски ензим *Kpn*I, и полиморфизмот -77 A/G на генот за ММР-13. Кај пациентите со клиничка дијагноза Cystis radicularis, статистички сигнификантна зависност е регистрирана само кај полиморфизмот -519 A/G на генот за ММП-1 определен со рестрикциски ензим *Kpn*I. Со тоа се потврдува дека полиморфизмот на гените за колагеназите влијае врз развојот на воспалителниот процес во

зависност од присуството на системско заболување кај пациентите од различните клинички дијагнози.

Во оваа докторска дисертација авторката врши анализа на корелацијата помеѓу кличките параметри и полиморфизмот на гените за колагеназите.

Кај пациентите со хронична периапикална лезија и акутна одонтогена инфекција, корелацијата помеѓу CPI-индексот и полиморфизмите за гените на колагеназите покажува дека постои стастистички сигнификантна зависност помеѓу сите испитувани полиморфизми и субјективни симптоми и манифестни клинички знаци, со што се потврдува дека дошло до мутација на гените за ММП кај пациентите кај кои се присутни субјективни симптоми и манифестни клинички знаци.

Анализата на податоците од корелацијата помеѓу Rtg големината на хроничната периапикална лезија и полиморфизмот на на гените за ММП -1, -8 и -13 покажаат дека не се регистрира статистички сигнификантна зависност помеѓу Rtg големината на хроничната периапикална лезија кај пациентите и полиморфизмите на гените за ММП -1, -8 и -13.

Во оваа докторска дисертација обработени се и резултатите за застапеноста на различните полиморфизми на гените за ММП-1, -8 и -13 кај пациентите од различните испитувани групи, како и ризикот за развој на хронична периапикална лезија или акутна одонтогена инфекција во зависност од испитуваните полиморфизми, т.е. нивната асоцијативна или протективна улога.

Најголема застапеноста на хомозиготите за присуство на полиморфизмот -1607 1G/2G за генот на ММП-1 определен со рестрикциски ензим *Alu*I, односно на генотипот 2G/2G, е регистрирана кај пациентите со акутна одонтогена инфекција (72,5%). Застапеноста на хетерозиготите за присуство на полиморфизмот -1607 1G/2G за генот на ММП-1 детектиран со рестрикциски ензим *Alu*I, односно на генотипот 1G/2G, е најголема кај пациентите со клиничка дијагноза Parodontitis chronica periapicalis diffusa (50%). Најголема застапеноста на хомозиготите за отсуство на овој полиморфизам, односно на генотипот 1G/1G, е регистриран кај пациентите со клиничка дијагноза Cystis radicularis (50%).

Најголема застапеноста на хомозиготите за присуство на полиморфизмот -1607 1G/2G за генот на ММП-1 оределен со рестрикциски ензим *Xmn*I, односно на генотипот 2G/2G, е регистрирана кај пациентите со акутна одонтогена инфекција (62,5%). Застапеноста на хетерозиготите за присуство на полиморфизмот -1607 1G/2G за генот на ММП-1 детектиран со рестрикциски ензим *Xmn*I, односно на генотипот 1G/2G, е најголема кај пациентите со клиничка дијагноза Parodontitis chronica periapicalis diffusa (65%). Најголема застапеноста на хомозиготите за отсуство на овој полиморфизам, односно на генотипот 1G/1G, е регистрирана кај пациентите од контролната група (69,2%).

Најголема застапеноста на хомозиготите за присуство на полиморфизмот -519 A/G на генот за ММП-1, детектиран со рестрикциски ензим *Kpn*I, односно на генотипот G/G, е регистрирана кај пациентите со клиничка дијагноза Cystis radicularis (35%). Застапеноста на хетерозиготите за присуство на полиморфизмот, односно на генотипот A/G, е најголема кај пациентите со клиничка дијагноза Parodontitis chronica periapicalis diffusa (60%). Најголема застапеноста на хомозиготите за отсуство на овој полиморфизам, односно на генотипот A/A, е регистрирана кај пациентите од контролната група (90,8%).

Најголема застапеноста на хомозиготите за присуство на полиморфизмот -799 C/T на генот за ММП-8 со рестрикциски ензим *Bgl*II, односно на генотипот T/T, е регистрирана кај пациентите со акутна одонтогена инфекција (67,5%). Застапеноста на хетерозиготите за присуство на полиморфизмот, на генотипот C/T, е најголема кај пациентите со клиничка дијагноза Parodontitis chronica periapicalis granulomatosa (30%). Најголема застапеност на хомозиготите за отсуство на овој полиморфизам, односно на генотипот C/C, е регистрирана кај пациентите од контролната група (75,8%).

Застапеноста на хомозиготите за присуство на полиморфизмот -77 A/G на генот за ММП-13 определен со рестрикциски ензим *Bsr*I, односно на генотипот G/G, е регистрирана во подеднаков процент и кај пациентите со клиничка дијагноза Parodontitis chronica periapicalis granulomatosa и Parodontitis chronica periapicalis diffusa (50%). Застапеноста на хетерозиготите за присуство на полиморфизмот, односно на генотипот A/G, е најголема кај пациентите со акутна одонтогена инфекција (60%). Најголема застапеноста на хомозиготите за отсуство на овој полиморфизам, односно на генотипот A/A, е регистрирана кај пациентите од контролната група (88,4%).

Во седмото поглавје ***Дискусија***, презентирано на 18 страници, авторката на суптилен начин ги компарира и анализира сопствените резултати со резултатите добиени од испитувањата на авторите цитирани во литературниот преглед. Примерокот од 280 пациенти во однос на цитираната литература припаѓа на групата средно голем, овозможувајќи на аворот да добие валидна интерпретација на сопствените резултати.

Дистрибуцијата на ММП-1 генотиповите за полиморфизмот -1607 1G/2G за генот на ММП-1, детектиран со рестрикциски ензим *Xmn*I помеѓу пациентите со различна хронична периапикална лезија и контролната група, покажува разлики. Исто така, постои разлика и во дистрибуцијата на генотиповите кај овој полиморфизам и меѓу групата на пациенти со акутна одонтогена инфекција и контролната група, а и меѓу двете групи на пациенти со хроничен и акутен воспалителен процес. Авторката утврдува дека полиморфизмот -1607 1G/2G на генот за ММП-1 определен со рестрикциски ензим *Xmn*I е ризик-фактор за појава и на хроничните периапикални лезии и на акутните одонтогени инфекции.

Кандидатката потврдува дека индивидуите кои се носители на генотипот 2G/2G и индивидуите со генотипот 1G/2G (2G-носителите) покажуваат склоност кон развој на воспалителен процес со побурна клиничка слика и кон развој на една акутна одонтогена инфекција. Фреквенцијата на 2G-алелот е сигнификантно повисока кај пациентите со знаци на воспаление во однос на контролната група. Со тоа е потврдена протективната улога на 1G-алелот за развој на хроничен периапикален процес и акутна одонтогена инфекција.

Генетските варијации во промоторниот регион од генот на ММП-1, имаат влијание врз транскрипционите нивоа на ММП-1, а како резултат на тоа, овој ген има круцијална улога во деградацијата на сврзното ткиво и во патогенезата на периодонтитисот.

Наодите од оваа студија сугерираат дека полиморфизмот -519 A/G на генот за ММП-1 детектиран со рестрикциски ензим *Kpn*I е ризик-фактор за појава и на хроничните периапикални лезии и на акутните одонтогени инфекции. Детектираната фреквенција на G-алелот е сигнификантно повисока кај пациентите со акутна одонтогена инфекција во однос на контролната група, но и во однос на пациентите со хронична периапикална

лезија. На овој начин е потврдена протективната улога на А-алелот за развој на хроничен периапикален процес и акутна одонтогена инфекција.

Дистрибуцијата на ММП-8 генотиповите за полиморфизмот -799 С/Т на генот за ММП-8 определен со рестрикциски ензим *Bgl*I помеѓу пациентите со различна хронична периапикална лезија и контролната група покажува разлики. Потврдено е постоење на разлика и во дистрибуцијата на генотиповите кај овој полиморфизам и меѓу групата на пациенти со акутна одонтогена инфекција и контролната група, а и меѓу двете групи на пациенти со хроничен и акутен воспалителен процес. Детектираната фреквенција на Т-алелот е сигнификантно повисока кај пациентите со акутна одонтогена инфекција во однос на контролната група, но и во однос на пациентите со хронична периапикална лезија. Авторката ја докажува протективната улога на С-алелот за развој на хроничен периапикален процес и акутна одонтогена инфекција. Сознанијата за полиморфизмот -799 С/Т на генот за ММП-8 со рестрикциски ензим *Bgl*I се дека овој полиморфизам претставува ризик-фактор за појава и на хроничните периапикални лезии и на акутните одонтогени инфекции. Одржувањето на ММП-8 во физиолошки нивоа обезбедува протективна улога при воспалителниот процес како и при репаративната фаза, додека патолошки зголемените нивоа на ММП-8 придонесуваат за појава на ексцесивна протеолиза, водејќи кон деструкција на периапикалното ткиво

Дистрибуцијата на генотиповите ММП-13 за полиморфизмот -77 A/G на генот за ММП-13 определен со рестрикциски ензим *Bsr*I помеѓу пациентите со различна хронична периапикална лезија и контролната група покажува разлики. Исто така е потврдена разлика и во дистрибуцијата на генотиповите кај овој полиморфизам и меѓу групата на пациенти со акутна одонтогена инфекција и контролната група, а и меѓу двете групи на пациенти со хроничен и акутен воспалителен процес. Наодите од испитувањето укажуваат на фактот дека полиморфизмот -77 A/G на генот за ММП-13 определен со рестрикциски ензим *Bsr*I е ризик-фактор за појава на хроничните периапикални лезии и на акутните одонтогени инфекции.

Во осмото поглавје, ***Заклучок***, презентирано на 5 страници, авторката врз основа на резултатите од реализираните истражувања изнесува концизни, јасни и научно поткрепени заклучоци сублимирани во 26 потточки. Врз основа на претходно изнесените податоци, авторката изнесува заклучок дека оваа докторска дисертација отвора нови можности кон еден современ метод на дијагностицирање на деструктивните воспалителни заболувања, притоа не заборавајќи ги и конвенционалните методи кои се користат во секојдневната стоматолошка практика. Со оваа докторска дисертација се овозможува идентификација на генетските фактори кои се од огромно значење за етаблирање на ризичниот профил на пациенти со склоност за развој на хроничен периапикален процес или акутна одонтогена инфекција, а варијациите во алелите на гените на колагеназите претставуваат маркер за мониторинг на ризикот и прогресијата на овие воспалителни процеси.

Во последното поглавје, ***Литература,*** уредно се цитирани 211 референци, главно од странски автори и тоа претежно со најнови научни сознанија за оваа проблематика, што оди во прилог на актуелноста на темата.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената анализа на доставената докторска дисертација ***Влијанието на полиморфизмите на генита за матрикс-металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции*** од ас. д-р Билјана Евросимовска мр сци., Рецензентската комисија заклучи дека тоа претставува самостоен и оригинален научен труд што ги исполнува потребните суштински и формални критериуми предвидени за научен труд од ваков вид.

Пристапот на истражувањето, прецизно и јасно дефинираните цели на испитувањето, примената на соодветна методологија на работа, правилното презентирање на добиените и темелно обработените резултати, темелната дискусија и јасните заклучоци покажуваат дека сознанијата до кои дошла авторката имаат како научен, така и апликативен придонес во областа на оралната хирургија и стоматологијата воопшто.

Комисијата оценува дека поднесеното труд ***Влијанието на полиморфизмите на гените за матрикс металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции*** ги исполнува сите формални и суштински критериуми за докторска дисертација и има чест со посебно задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да го прифати позитивниот рецензентски извештај и да овозможи понатамошен тек за негова одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Александар Грчев, с.р.
2. Проф. д-р Мира Поповска, с.р.
3. Проф. д-р Сашо Панов, с.р.
4. Доц. д-р Соња Еленчевска-Апостолска, с.р.
5. Проф. д-р Борис Величковски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ЕВАЛУАЦИЈА НА ИМУНОЛОШКИТЕ, МИКРОБИОЛОШКИТЕ И ВИРУСОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА ДЕНТАЛНИТЕ ИМПЛАНТИ" ПОДНЕСЕНА ОД АС.Д-Р ДАНИЕЛА ВЕЛЕСКА-СТЕВКОВСКА НА КАТЕДРАТА ЗА ОРАЛНА ХИРУРГИЈА ПРИ СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 25. редовна седница, одржана на 21.06.2012 година, по предлог на Наставно-научниот одбор, едногласно донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација на од ас.д-р Даниела Велеска-Стевковска, под наслов „Евалуација на имунолошките, микробиолошките и вирусолошките аспекти на денталните импланти", во состав:

1. проф.д-р Славе Наумовски
2. проф.д-р Марија Накова
3. проф.д-р Ицко Ѓоргоски
4. проф.д-р Милена Петровска
5. проф.д-р Борче Величковски

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставениот материјал за оцена на готовиот докторски труд, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Готовиот докторски труд под наслов: „Евалуација на имунолошките, микробиолошките и виусолошките аспекти на денталните импланти", од ас.д-р Даниела Велеска-Стевковска, ги содржи сите елементи на една научно - истражувачка студија. Структурата на готовата докторска тема ја сочинуваат: вовед, литературен преглед со теоретски дел, цел на трудот, материјал и метод на работа, резултати, дискусија и литература. Докторскиот труд е презентиран на 239 страници, и содржи 28 табели, 19 графикони и 29 слики. Обработениот материјал е поделен во следниве поглавја: вовед, литературен преглед со теоретски дел, цели, материјал и метод, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во **воведниот** дел кој е презентиран на 12 страници, кандидатката го потенцира значењето и местото на денталните импланти во современите стоматолошки терапевтски процедури, како и нивната способност за ефективна реставрација на функционалнте и естетски аспекти на стоматогнатниот систем. Оттаму произлегува и целта на современите имплантолошки системи да траат доживотно "would last for lifetime". Кандидатката ги

проследува хронолошки постулатите за оцена на успехот на денталните импланти од страна на US National Institutes for Health, почнувајќи од 1978 година па с□ до најновите критериуми за успех одобрени од страна на The American Academy of Periodontology во 2000 год. Понатаму, кандидатката ги изнесува кумулативните оценки за успех на денталните импланти во однос на нивната временска издржливост. "Отфрлањето" ("failure") на имплантите се карактеризира како состојба на нефункционалност или неадекватно функционирање на имплантите. Кандидатката го дефинира концептот на губење на имплантите како и ризик - факторите кои доведуваат до таа состојба. Ризик - факторите се поделени на : предоперативни -грешки во планирањето на денталната имплантација, пероперативни -хируршка траума или неадекватна позиција на имплантот, постоперативни -неадекватни анатомоморфолошки карактеристики на супраструктурата и развој на оклузални сили кои не дејствуваат аксијално. Посебно внимание се посветува на конекцијата помеѓу цитокините и коскената ресорпција. Цитокините се поделени на остеобласт и остекласт стимулирачки цитокини. Зголемената остеокластична активност допринесува до патолошко губење на коска.

Во следното поглавје **Литературен преглед и теоретски дел,** презентиран на 59 страници, авторката концепциски го поделила на неколку потточки заради подобар визуелен и дидактички впечаток и тоа на дел посветен на цитокините и нивната биологија со посебен акцент на проинфламаторниот IL-1β и антинфламаторните TGF-β цитокини, дел посветен на осеоинтеграцијата и целуларните настани поврзани со овој феномен, понатаму дел посветен на современиот имплантен дизајн, дел кој ја опишува периимплантна зона и структурните елементи во нејзин состав, потоа дел посветен на физиолошки присутниот орален биофилм и неговите интеракции со домаќинот и на крајот ги опишува базичните карактеристики на хуманите херпес вируси (цитомегаловирус) и нивното можно влијание врз кондицијата на перимплантните ткива.

Цитокините се нискомолекуларни регулаторни протеини или гликопротеини кои дејствуваат на интензитетот и времетраењето на имунолошкиот одговор со стимулација или инхибиција на неговата активација, пролиферација или диференцијација на различни клетки. Се секретираат од леукоцитите или различни други клетки како одговор на разни стимулуси. Се поврзуваат за специфични рецептори на мембраната на таргет клетките предизвикувајќи сигнална трансдукција при што се менува генетската експресија на таргет клетките. Хуманиот IL-1 е претставен со две молекуларни форми IL-1α и IL-1β. Потенцијалот и биолошките ефекти се идентични на двете форми и тие се врзуваат со сличен афинитет на рецепторите. Авторката дава детални информации за структурните карактеристики, за рецепеторските афинитети како и за биолошката активност и функција на овој цитокин. Овој цитокин е важен медијатор на инфламаторниот одговор и е инволвиран во различни целуларни активности како што се клеточната пролиферација, диференцијација и апоптозата. TGF-β претставува протеин кој игра критична улога во клеточниот раст, развој, диференцијација, пролиферација, екстрацелуларна матрикс

синтеза и деградација, контрола на мезенхималните епителни интеракции во тек на ембриогенезата, имуната модулација, апоптозата, клеточната циклична прогресија, ангиогенезата, целуларната адхезија, миграција и леукоцитна хемотакса. Авторката детално ја опишува структурата на овој цитокин, неговите рецепторски афинитети, сигналниот пат на TGF-β, начинот на неговата активација како и неговите сложени биолошки активности. Во понатамошниот дел посветен на цитокините, авторката дава преглед на сложената и обемна цитокинската функција, сиже на цитокинската биологија како и краток концепт на улогата на цитокинските мрежи. Во овој дел е потенцирана улогата на цитокините во водењето на коскената ресорпција како и значењето на инфилтрирачките клетки (макрофаги и лимфоцити) и резидентните клекти (фибробласти, ткивни макрофаги) кои секретираат широк спектар цитокини и медијатори кои можат да ја регулираат остеокластичната активност преку RANK/RANKL/OPG или можат да придонесат кон коскената загуба преку RANK-независните патишта.

Осеоинтеграцијата подразбира директна структурна и функционална конекција помеѓу живата коска и површината на протетички оптоварен имплант или формирање на директен контакт помеѓу имплантот и коската без интерпонирање на мекото ткиво. Во основа осеоинтеграцијата зависи многу повеќе од стабилноста на примарната механичка фиксација отколку од степенот на контакт коска-имплант во хистолошка смисла. Отсуството на микродвижења на ниво на контактот коска-имплант е неопходно, за да се овозможи соодветна осеоинтеграција. Комплексните каскади на целуларни и молекуларни настани се под влијание на коскената препарација и консекутивната инсерција на имплантот. Процесот е зависен од времето и е динамичен. Иницијалниот контакт на коската со имплантната површина, како и ретенцијата на иницијалните протеини при процесот на осеоинтеграција зависи од имплантната топографија. Авторката ја потенцира важноста на микротопографските комплексни површини кои сигнификантно го зголемуваат контактот на имплантот со коска споредено со мазните имплантни површини кои иницираат во поголема мера дистантна остеогенеза. Во овој дел, авторката ја опишува и реакцијата и зараснувањето на периимплантна мукоза кое е подеднакво важно за зачувување на интегитетот на имплантно носената протетичка конструкција.

Во следниот дел посветен на имплантниот дизајн, авторката ги опишува главните дизајн параметри како што се имплантната должина, имплантниот дијаметар, имплантната форма и карактеристиките на површината на имплантот. Исто така ја потенцира важноста на имплантниот дизајн и биолошкиот одговор, како и влијанието врз примарната и секундарната стабилност на имплантот.

Примарната функција на мекоткивната бариера и периимплантната зона е ефективно да ја заштитуваат алвеоларната коска и да превенираат пристап до микроорганизмите и нивните продукти. Авторката се задржува на биологијата на периимплантните ткива со посебен акцент на мекоткивниот атачмент, како и карактеристиките на периимплантниот сулкус. Наведени се два основни типа на периимплантна мукоза, и тоа тенка и дебела

периимплантна мукоза. Двата биотипови тежнеат да одговорат различно на инфламаторните процеси или хируршките интервенции.

Во следниот дел кој се однесува на оралниот биофилм, авторката потенцира дека во состојба на здравје микроорганизмите се во динамичен еквилибриум со домаќинот, давајќи го својот активен придонес за одржување на здравјето преку промовирање на нормално одржување на физиолошките функции на домаќинот (вклучувајќи го и имуниот систем) и исклучување на егзогените и често патогени микроорганизми (отпор на колонизација). Карактеристиките на домаќинот одредуваат кои микроорганизми ќе бидат способни да колонизираат, да растат и да бидат повеќе или помалку застапени (температура и редокс потенцијал, нутритиенти, генетски карактеристики на домаќинот, животен стил, возраст, како и типот на интеракции помеѓу домаќинот и биофилмот). Во понатамошниот текст авторката концизно ги наведува литературните податоци кои ги дефинираат можните сигнали со потекло од оралните биофилмови кои водат до цитокинска секреција. Бактериите кои го колонизираат биофилмот во различни стадиуми имаат различни патогенетски потенцијали. Генерално, сите цитирани студии ја потенцираат комплексноста на цитокинското сигнализирање во биофилмот, односно интерфејсот помеѓу периодонтопатогените бактерии и одговорот на домаќинот.

Во последниот дел авторката се задржува на претставник на вирусите од херпес фамилијата (CMV), кој е посебно актуелен и интересен за современите научни истражувања. Концизно се прецизирани епидемиолошките аспекти на вирусот, како и начинот на трансмисија, периодот на преносливост на инфекцијата, клиничката слика, дијагнозата, тестирањето и терапијата на акутната инфекција. Мониторирањето на цитокинскиот, микробиолошкиот и вирусолошкиот статус по имплантната инсерција може да помогне во развојот на профили на варијабли кои би помогнале во објаснување на интеракцијата помеѓу имунолошкиот систем и алвеоларната коска.

Во поглавјето **Цели на трудот,** на една страница се сумирани основните движечки мотиви за целокупниот докторски труд и тоа: евалуација на имунолошкиот статус (проинфламаторни и антиинфламаторни цитокини), оптоварувањето со орални микроорганизми на периимплантните ткива, како и вирусолошкиот статус на пациентите во конекција со времето ("time dependent"), понатаму одредувањето на корелацијата помеѓу имунолошкиот и микробиолошкиот статус со клиничката кондиција на периимплантните ткива, степенот на загуба на периимплантна коска, имплантната стабилност, позицијата на имплантот и димензиите на имплантите и имплантната површина, како и актуализирање и дефинирање на можностите за развој на идни дијагностички биомаркери што ќе овозможат да се мониторира состојбата на периимплантните ткива, кои истовремено ќе учествуваат и во креирање на рани стратегии за превенција и/или третман на иницијални лезии на овие ткива.

Во поглавјето **Материјал и метод,** кое содржи 12 страници, авторката детално ја опишува методолијата на работа, како и критериумите за селекција на пациентите опфатени со студијата. Опишани се критериумите за вклучување и искулучување во студијата. Генерално, пациентите биле во добра здравствена состојба и билеинформирани за процедурите, при што писмено се согласија за учество во студијата и проспективна соработка во следните дванаесет месеци по протетичката рехабилитација. Во зависност од протетскиот план на терапија кај пациентите се инсерирани еден или повеќе ендооосеални штраф - импланти со модифицирана титаниум имплантна површина (вкупно триесет и пет). При инсерција на имплантите почитувани се хируршките и протетичките протоколи. Користени се титаниумски штраф ендоосеални импланти (импланти со макроскопски навои), со модифицирана имплантна површина (пескарена и киселински обработена "sand blasted and acid etched" и "sand blasted- large grid-acid etched" со подобрени хидрофилни карактеристики) и "platform-switching" концепт (концепт на помал дијаметар на абатменот во однос на имплантниот врат) кои се поставувани паракрестално во однос на алвеоларната коска. Имплантите се поставени според двофазниот протокол ("submerged implants"). Четири месеци подоцна имплантите се отворени и вклучени во фазата на протетичка рехабилитација. Опишан е и начинот на колекција на материјал за испитување, и тоа принципите на земање ткивен примерок за анализа на локалните цитокини, како и колектирањето на дел од супрагингивалниот плак од лингвалната страна и од букалниот аспект на супраструктурата.

Осеоинтеграцијата е потврдена на рендгенграфска снимка, додека степенот на осеоинтеграција е одреден со специјален апарат Osstell Mentor чиј принцип на работа и употреба детално е опишан во овој дел од текстот. Кај методот на доцно оптоварување на имплантите ("late loading") ро првата фаза на имплантна инсерција потребен е временски период од 3 до 4 месеци за постигнување на секундарната односно биолошката стабилност на имплантите. Временската рамка од 3 до4 месеци е емпириска, односно искуствена категорија според стандардните протколи на Brånemark која само се потврдува со современите методи на резонантна фреквентна анализа. Една година од функционалното оптоварување на имплантите е спроведен клинички преглед со кој се евалуира кондицијата на периимплантните ткива (pocket depth(PD)(mm), gingival index(GI-Löe and Silness)(0,1,2, или 3), probe bleeding(PB-Ainamo and Bay)(0 или1). Рендгенолошкото снимање на испитаниците е спроведено пред имплантација и пост оперативно.). Панорамските снимки се метод на избор при мониторирање на промените на периимплантните коскени нивоа во релација со нивната едноставност при манипулација, а во контекст на современите студии кои ја препорачуваат оваа метода на радиографско иследување. Евалуацијата на маргиналната коска е извршиена во моментот на поставување на протетичката супраструктура и по нејзино едногодишно функционирање. За прецизна визуелна анализа на сликите, мерењата и корекција на дисторзијата како и проценка на евентуалното губење на алвеоларна коска, употребени се

софтверски решенија Image analysis programe како и Autocad 2006, version Z 54.10, Autodesk.

За одредување на концентрацијата на цитокините во биоптичниот материјал се користеше ELISA - методот (enzyme linked immunosorbent assay) и апаратот Bio-Rad Microplate Reader Model 680. Користен е кит од eBioscience Platinum ELISA, ready-to-use sandwich ELISA. Имунолошките тестови претставуваат алтернатива за биолошките методи и проточната цитометрија. Едноставни се за изведување при што резултатите се добиваат за неколку часа. Опишан е детално и протоколот за работа со оваа методологија.

Засадувањето на примерокот за микробиолошки испитувања се вршел со валкање на брисот и хартиените стикчиња по површината на цврстата подлога и дел од физиолошкиот раствор (0.1мл) во кој се потопени стикчињата се засадил на хранителна подлога. Инкубиран е на 37^0 Ц, во термостат 24 часа, освен на Шедлер подлогата која се инкубира на иста температура, 48 часа, во анаеробни усливи. Направен е и директен препарат, со капнување на предметно стаклениче со цел да се обои по методот на Грам. Микроскопијата е изведена со светлосен микроскоп со инверзивни објекти со зголемување од 100 пати. При добивањето на колонии на бактерии, тие се подложени на индентификација.

Со помош на вирусолошките испитувања се одреди евентуалното присуството на HCMV во серумот (HCMV скрининг) кај пациенти кои даваат податоци за респираторни или хепатални инфекции во последните три до четири месеци пред имплантација. При утврдување на HCMV - позитивен статус, истите пациенти се исклучени од студијата. Ако во тек на првата година од функцијата на имплантите пациентите вклучени во студијата имале некои симптоми за HCMV – инфекција, тогаш се испраќани на тестирање. Преку серолошките испитувања (Imunolite CMV) се докажува постоење на CMV - специфично IgM - антитело (CMV ELISA antibody) или сигнификантно покачување на IgG – антителата.

Поглавјата **Резултати и Дискусија** содржат вкупно 95 страници. Резултатите се проследени на 37 страници, статистички обработени во програмата STATISTICA 7.1 и SPSS 13.0, богато илустрирани на 22 табели и 19 графикони и детално прокоментирани од страна на авторката. Текстот на дискусијата опфаќа 58 страници и дидактички е поделен на два дела, и тоа: дескриптивен дел, кој се однесува на дескриптивната статистичка обработка на резултатите и аналитичен дел, кој е посветен на делот аналитика од резултатите. Изборот на пациентите се изведувал високоселективно според сите стандардни и современи критериуми. Во студијата биле опфатени осумнаесет пациенти со подеднаква полова застапеност. Од вкупниот број на пациенти доминира застапеноста на пациентите со високо образование што резултира со високата спремност за разбирање на постулатите на студијата и нивната прецизност во кооперативноста и извршувањето на барањата од страна на имплантолошкиот тим ("recall") посети. Кај сите пациенти

имплантите се поставени според двофазниот протокол ("submerged implants") и е изведено доцно оптоварување на имплантите. Во аналитичниот дел авторката детално ги обработува и дискутира сите добиени резултати последователно. Опишан е бројот на инсерирани импланти, нивната локализација, нивните имплантни димензии како и карактеристиките на имплантната модифицирана површина. Проследувајќи го цитокинскиот профил на IL - 1β и TGF – β, авторката изнесува сигнификантни податоци кои се однесуваат на интеркласните разлики во вредностите на про-инфламаторниот IL-1β цитокин и антиинфламаторниот TGF- β пред интервенција, 4 месеци по интервенцијата и 12 месеци од протетичкото оптоварување. Авторката го потенцира значењето на цитокините и нивното учество во комплексните каскади на осеоинтеграцијата, нивното учество во заздравувањето на мекоткивните рани и дава компаративна анализа на сопствените наоди за цитокински профил во периимплантните меки ткива vs. релевантните современи студии во светски рамки. Успешната осеоинтеграција зависи од модулацијата и балансирањето на коскените фактори за ремоделирање и тоа преку зголемена експресија на TGF-β во тек на целиот постимплантационен период, отсуство на зголемени нивоа на проинфламаторните цитокини и експресија на таков цитокински профил кој е способен да го модулира остеокластичното формирање како и фосфатазната активност во примарните остеобласти. Во понатамошниот текст се опишани вредностите на ISQ за примарната и секундарната стабилност на имплантите и разгледуван е и односот помеѓу густината на коската и ISQ - вредностите за чии вредности се пронајдени сигнификантни релации. Стабилноста не останува константна по имплантната инсерција. Прво настапува иницијално намалување на стабилноста, потоа следува постепено зголемување на стабилноста како резултат на осеоинтеграцијата. Објективните мерења на имплантната стабилност доведуваат до конкретни одлуки кога терапевтот треба да ги оптовари имплантите или да го избегне оптоварувањето при измерени ниски вредности на имплантната стабилност. Разгледувани се и диксутирани и карактеристиките на употребените модофицирани имплантни површини каде што авторката добиентите резултати ги толкува како успех на модифицираните имплантни површини во постигнување на добар имунолошки одговор кој е значаен за првите фази на осеоинтеграцискиот процес, односно двата типа на модифицирани површини предизвикуваат адекватен биолошки одговор на периимплантните ткива. Модифицирањето на имплантните површини ја зголемува микро или нанорапавоста при што придонесува за балансирање на коскената апозиција и коскеното ремоделирање на ниво на коска-имплант интерфејсот. Со помош на микрорапавоста на имплантната површина се зголемува тоталната површина на трансфер на оклузалните сили кон коскенито фундамент. Физичката или хемиската модификација на имплантните површини ја подобрува имплантната стабилност, осеоинтеграцијата и биолошкиот одговор. Логично е да се очекува помал степен на загуба на маргинална коска околу импланти со подобар квалитет на имплантна површина. Континуираното мониторирање на молекуларните процеси кои ги диригираат каскадните настани поврзани

со иницијалниот контакт на целуларните и ацелуларните елементи при имплантната инсерција на имплантната површина. Со помош на концептот на резултатите добиени со микробиолошките анализи и семиквантитативната анализа дидактички се поделени поединечните имплантни случаи како импланти кај кои постои оптоварување со микроорганизми во нормални граници (помал број на избројани микроорганизми каде што е подеднаков бројот на анаероби и аероби) и импланти кај кои се детектира значајно оптоварување со микроорганизми (голем број на микроорганизми каде доминираат анаеробите). Поголемиот дел на периодонтопатогените бактерии претставуваат Грам - негативни, анаеробни бактерии, најчесто бацили. Но, во групата на периодонтопатогени се застапени и Грам - позитивните, анаеробни, пептострептококи. Микрофлората околу имплантите е слична на онаа која постои околу природните заби. Квантитетот и квалитетот на плак - атхезијата на имплантната површина е битна за долг успех на имплантната терапија. Населувањето на микроорганизмите на супраструктурата над имплантите и нивното присуство во периимплантниот сулкус има сигнификантно влијание врз цитокинскиот профил на периимпалнтните ткива. Добиените резултати од поголемиот број на анализирани студии, ја потенцираат потребата за пронаоѓање на оптимални физичко-хемиски параметри на трансгингивалните делови на имплантните површини и на абатментите кои би го свеле на минимум колонизацискиот потенцијал. Понатаму, авторката ги изнесува просечните вредности на маргинална загуба на периимплантна коскена маса (MBL) во првата година од функцијата на имплантите, кои се автентични (0.11мм) и ги компарира со податоците од светската литература. Во првата година на протетичка функција на имплантите, одредено количество на маргинална коска подлежи на физиолошко коскено ремоделирање. Просечните вредности на губење на маргинална коска во првата година по финалната реставрација, најчесто се движат од 1.5 до 2мм. Детектираните MBL - вредности ги корелира со длабочината на периимплантниот сулкус (PD) и гингивалната инфламација (GI) при што се детектирани статистички значајни корелации. Имплантите со гингивална инфламација имаат просечно 0,14 пати поголемо маргинално губење на коскена маса компарирано со имплантите кои немаат гингивална инфламација. Со секое зголемување на длабочината на периимплантниот сулкус (PD) за 1 мм., маргиналното губење на коскена маса (просечно) се зголемува за 0,07 мм. Имплантите со значајно оптоварување со микроорганизми имаат просечно 0,24 пати поголем маргинален губиток на коскена маса компарирано со имплантите кои имаат оптеретување со микроорганизми во нормални граници. Разликата во маргиналната загуба на коскена маса (MBL) во зависност од позицијата на имплантот не е значајна, додека при анализа на односот помеѓу маргиналната загуба на коскена маса (MBL) и димензиите/должината на имплантите постои многу слаба незначајна корелација. Анализираниот однос помеѓу маргиналната загуба на коскена маса (MBL) и димензиите/дијаметарот на имплантите покажува многу слаба незначајна негативна корелација. Авторката детектира и разлики во вредноста на MBL кај различни типови на модифицирани имплантни површини. Количеството на периимплантното коскено

моделирање варира во однос на локализацијата (максила, мандибула), регијата, коскениот квантитет и квалитет, статусот на пациентот (пушач/непушач) тип на имплантна површина и имплантниот дизајн. Во светската литература е детектиран индивидуален ресорптивен тренд на периимплантната коска кај опсервираните импланти. Коскените ресорптивни трендови се разликуваат помеѓу пациентите (интериндивидуална варијабилност). Постои како феномен и т.н индивидуална хомогеност, односно ист пациент покажува ист ресорптивен тренд за сите инсерирани импланти. Интериндивидуалната варијабилност и индивидуалната хомогеност сугерираат дека и покрај користењето на "platform-switching" концептот на периимплантното губење на коска може да влијаат и индивидуалните фактори. Индивидуалната локална коскена структура и квалитет (сигнификантно присуство на проинфламаторните цитокини и бигликан пред имплантација) се поврзани со периимплантната коскена ресорпција. Авторот ги коментира многубројните фактори кои влијаат на алтерацијата на нивото на маргинална коска како што се ефектот на хируршките протоколи, времето на оптеретување на имплантите, мекоткивните биотипови, ефектите на заб-имплант растојанието и интер - имплантното растојание врз промените на маргиналната коска, позицијата на имплант/абатмен спојот во релација со алвеоларниот гребен, ефектите на дизајнот на имплант/абатмен спојот, ефектите на оптоварувањето и на крајот факторите поврзани со пациентите (оралната хигиена, историја на периодонтит и дијабет). Нискиот квалитет на коска во моментот на инсерција на имплантот, хируршката траума, дизајнот на имплантот, бактериската колонизација на микропросторот, движењата на абатменот и стрес концентрацијата на ниво на маргиналната коска претставуваат фактори кои влијаат на губењето на маргиналната периимплантна коска кој поседува потенцијал за продукција на промени во меките ткива кои резултираат со естетски проблеми. Употребата на современиот концепт на карактеристичен дизајн на платформата ("platform switching"), респектирање на димензиите на биолошката должина/ширина, изборот на импланти со карактеристичен дизајн во цервикалниот регион (наноструктура, фини навои) и инсерционата длабочина на имплантното врат и рамо се едни од факторите кои влијаат на презервација на периимплантната коска. Цитокините ја водат периимплантната коскената ресорпција затоа што се клучни медијатори на имунолошкиот одговор, ја диригираат ткивната деструкција и вршат мултипни ефекти на резидентните и инфилтрирачките клетки. Просечната длабочина на периимплантиот сулкус во испитувањата изнесувала 1.53мм. Нотирана е минимална гингивална инфламација со индекс 1 само кај неколку импланти, додека не е забележано крварење при сондирање кај имплантите. Односот помеѓу длабочината на периимплантен сулкус и микробното оптоварување покажал многу јака позитивна корелација. Авторот забележува дека најголемо влијание на длабочината на периимплантен сулкус како зависна варијабла имаат вредностите на про-инфламаторните IL-1β цитокини 4 месеци по интервенцијата. Имплантите со значајно оптоварување со микроорганизми имаат просечно 1,27 пати поголема длабочина на периимплантен сулкус компарирано со имплантите кои имаат оптеретување со

микроорганизми во нормални граници. Рутинското сондирање на денталните импланти е прилично контроверзно и генерално не се препорачува при отсуство на знаци на периимплантна патологија поради одредената вулнерабилност на периимплантните ткива како и појавата на крварење при употреба на поагресивен притисок. Сондирањето на имплантите често е болно за пациентите и зависи од аплицираниот притисок во тек на пробата што го прави терапевтот сензитивен и нереалистичен во оцената. При добра здравствена состојба, длабочината на периимплантниот сулкус кај конвенционално поставени импланти се движи од 2 до 4мм.

Во следното поглавје **Заклучоци,** презентирано на 2 страници, респектирајќи ги дефинираните цели на почетокот на текстот, авторката извлекува комплексни и богати заклучоци чиј концепт е наведен во неколку концизни точки. При евалуацијата на имунолошкиот статус (проинфламаторен и антиинфламаторен цитокински профил) и оптоварувањето со орални микроорганизми на периимплантните ткива, констатирана е статистички високо сигнификантна поврзаност во однос на зададената временска димензија на студијата ("time dependent status"). При одредувањето на корелацијата помеѓу имунолошкиот и микробиолошкиот статус со клиничката кондиција на периимплантните ткива, степенот на загуба на периимплантна коска, имплантната стабилност, позицијата на имплантот како и димензиите на имплантите и имплантната површина, детерминирана е статистички сигнификантна релација со сите анализирани категории на параметри. Анализата на цитокинскиот профил придонесува во детектирањето на рани метаболитички и биохемиски лезии на периимплантното ткиво, како и мониторирање на осеоинтеграцискиот процес и одговорот на коската на протетичкото оптеретување. Цитокините започнуваат да се употребуваат во развојот на високософистицирани имплантни површини со биолошки обвивки кои вршат транспорт-"drug delivery" на микроинкапсулирани биоактивни материјали.

Во поглавјето **Литература** опфатени се вкупно 570 референци каде што доминираат странски автори од англосаксонското подрачје и со најнов датум.

ЗАКЛУЧОК

Доставениот докторски труд од ас. д-р. Даниела Велеска-Стевковска претставува современ, автентичен и актуелен научен труд кој во целост одговара на поставените суштински и формални критериуми предвидени за научен труд. Рецензентската комисија смета дека авторката темелно одговорила на поставените цели користејќи софистицирани и современи лабораториски процедури при анализа на испитуваните параметри, со што успешно покажува дека ги совладала во целост научно - истражувачките методи. Согласно со оваа констатација, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да ја прифати предложената рецензија и да даде понатамошен процедурален тек на постапката.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Славе Наумовски с.р.

Проф. д-р Марија Накова с.р.

Проф. д-р Ицко Ѓоргоски с.р.

Проф. д-р Милена Петровска с.р.

Проф. д-р Борче Величковски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА СУБАНЕСТЕТИЧКИ ДОЗИ НА КЕТАМИН НА ПОСТОПЕРАТИВНАТА АНАЛГЕЗИЈА И ПЛАЗМАТСКОТО НИВО НА ПРОИНФЛАМАТОРНИТЕ ЦИТОКИНИ (TNFα, IL-1β, IL-6) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ХРОНИЧЕН КАЛКУЛОЗЕН ХОЛЕЦИСТИТИС", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р АНДРИЈАН КАРТАЛОВ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно –научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата XIII редовна седница одржана на 07. 06. 2012, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет одреди Рецензентска комисија за рецензија на поднесената докторска дистертација од **д-р Андријан Карталов, магистер** специјалист по анестезиологија и реаниматологија, вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија реанимација интензивно лекување и ургентен центар-Скопје, во состав:

1. проф. д-р Зорка Николова Тодорова
2. проф. д-р Марија Шољакова
3. доц. д-р Ѓорги Јота

Рецензентската комисија ја разгледа докторската дисертација под наслов:

„ВЛИЈАНИЕ НА СУБАНЕСТЕТИЧКИ ДОЗИ НА КЕТАМИН НА ПОСТОПЕРАТИВНАТА АНАЛГЕЗИЈА И ПЛАЗМАТСКОТО НИВО НА ПРОИНФЛАМАТОРНИТЕ ЦИТОКИНИ (TNFα, IL-1β, IL-6) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ХРОНИЧЕН КАЛКУЛОЗЕН ХОЛЕЦИСТИТИС",

И по направените меѓусебни консултации го поднесува следниов:

ИЗВЕШТАЈ

1. Извештај за доставената докторска дисертација

Докторската дисертација е самостоен труд на д-р Андријан Карталов, магистер од областа на анестезиологијата и реаниматологијата. Таа е изнесена на 107 страници и е поделена на 10 поглавја: Вовед; Мотив за изработка на темата; Цел на трудот; Материјал и Методи; Резултати; Дискусија; Заклучоци; Резиме; Терминологија и кратенки и Литература.

2. Извештај за поодделни делови од докторската дисертација

Вовед: Во воведниот дел авторот ја опишува преемптивната аналгезија како многу често користена техника за третман на хируршката болка. Концептот на преемптивна аналгезија се базира на фактот дека "**најдобриот менаџмент на постоперативната болка започнува предоперативно**". Акцент е ставен на преемтивниот аналгетски ефект кој може да се постигне со интравенска апликација на субанестетички дози на кетамин при што се постигнува многу ниско ниво на плазма концентрација од 100 ng/ml, додека анестетичкиот ефект на кетаминот се постигува со многу повисоко ниво на плазма концентрација на кетамин од 700ng/ml. Во првиот дел на воведот, авторот ги опишува (NMDA) глутаматните рецептори, поточно нивната молекулска структура и каналниот комплекс. Тој, исто така, укажува на фактот дека модулацијата на централната компонента предизвикана од хирушката болка може да биде спречена со користење на NMDA рецепторниот антагонист - кетамин.

Во вториот дел на воведот, авторот се фокусира на влијанието на хируршката траума врз цитокинскиот профил и имунолошките аспекти кај хируршките пациенти. Проинфламаторните цитокини TNFα и IL-1ß се примарно одговорни за манифестација на нон-хепатичната фаза на акутниот инфламаторен одговор, додека IL-6 е експонент на хепатичната фаза на акутниот инфламаторниот одговор кој го регулира генерирањето на акутно фазите протеини. Високите вредности на IL-6 се присутни кај големи оперативни интервенции како што се: аневризма на абдоминална аорта, колоректален карцином, хистеректомија како и при имлантација на ендопротези на колкот и коленото. Посебен акцент авторот става врз кетаминот и неговиот инхибиторен ефект врз: неутрофилната и макрофагната фагоцитна активност, редукцијата на хемотаксичната активност на неутрофилите, редукција на адхерентноста на леукоцитите за ендотелот на крвните садови како и на инхибицијата на леукоцитната активност. Кетаминот во субанестетички дози врши инхибиција на продукцијата на TNFα, IL-1, IL-6 и IL-8 од страна на макрофагите, Т лимфоцитите и моноцитите.

Поради специфичните ефекти на преемптивниот кетамин врз инфламаторниот одговор, се јавува потребата да се продолжи со понатамошни истражувања со кои би се добиле податоци за непознатите имунолошки аспекти на овој анестетик.

Мотив за изработка на темата: Главниот мотив за изработка на овој труд се должи на желбата на авторот да ги анализира ефектите на субанестетичките дози на кетаминот аплицирани пред изведувањето на болната хируршка дразба врз интензитетот на

постоперативната болка како и врз модулацијата на проинфламаторниот цитокински одговор кај пациентите со хроничен калкулозен холециститис.

Целите на трудот се јасно дефинирани и концизно наведени:

* Да се утврди дали субанестетичките дози на кетамин аплицирани пред изведувањето на болната хируршка дразба влијаат врз интензитетот на постоперативната болка кај болни со хроничен калкулозен холецистит кај кои е направена лапараскопска и хируршка холецистектомија.

* Да се утврди дали кетаминскиот коаналгетски ефект доведува до продолжување на времето потребно за прва аналгезија во постоперативниот период кај пациентите со хроничен калкулозен холецистит кај кои е направена лапараскопска и хируршка холецистектомија.

* Да се утврди дали преемптивно апликираниот кетамин во субанестетички дози има влијание врз намалувањето на плазматското ниво на проинфламаторните цитокини (TNFα, IL1ß и IL6) кај пациенти со хроничен калкулозен холецистис кај кои е направена лапараскопска холецистектомија.

Материјал и методи

Студијата беше изведена на Клиниката за анестезиологија, реанимација и интензивно лекување на сто пациенти со ASA класификациона група I или II, кај кои беше изведена елективна хируршка и лапароскопска холецистектомија. Сите пациенти беа рандомизирани во четири еднакви групи. Група N1 - (лапароскопската група OEA+ кетамин) беше составена од 25 пациенти, кај кои по индукцијата во анестезијата беше аплициран рацематен кетамин во доза од 0,25 mg/kg^{-1}. Група N2 (лапароскопската група) се состоеше од 25 пациенти, кај кои беше применета општа анестезија без апликација на кетамин. Група N3 - (хируршка група OEA+кетамин) беше составена од 25 пациенти, кај кои по индукцијата во општата анестезијата беше аплициран рацематен кетамин 0,25 mg/kg-1. Групата N4 - (хируршка група) се состоеше од 25 пациенти, кај кои беше применета општа анестезија без апликација на кетамин. Во текот на оперативната интервенција се анализираше потрошувачката на фентанил во сите 4 групи. Во постоперативниот период, пациентите беа интервјуирани за интензитетот на болка според визуелната скала (VAS) во рок од 30 мин., 1, 2, 4, 8, 18, 24 и 48 часа. Плазматското ниво на проинфламаторните цитокини (TNFα, IL-1β и IL-6) беше оценето пред операцијата како и по 4, 18 и 24 по оперативната интервенција со (ЕЛИСА-тест) (GE Healthcare, Amersham™).

Статистичката анализа се изведе со статистички пакет на Social Sciences (SPSS) for Windows. Сите вредности се прикажани како средни вредности со стандардна девијација ±(SD). За параметарските податоци (серумската концентрација на TNFα, IL-1β и IL-6), групите беа споредени со анализа на

варијансата (ANOVA) и со Student-t тест за зависни и независни примероци. За атрибутите податоци се користеше Friedman ANOVA и Mann - Whitney U Test. Вредноста на P <0, 05 беше оценета како значајна.

Резултати: Немаше значајни статистички разлики во однос на полот, возраста, ASA класификацијата и телесната тежина кај пациентите во N1 и N2, како и во N3 и N4 групите. Разликата во однос на болниот интензитет според VAS скалата исто така беше статистички значајно помал во групата N1 по 30 мин, 1, 2 ,8 и 12 часа по операцијата во споредба со N2 група. Разликата на болниот интензитет според VAS скалата исто така беше статистички значајно помала во група N3, по 30 мин, 1, 4, и 18 часа по операцијата во однос со N4 група. Во N1 и N3 групата постоеше сигнификантна редукција во интраоперативната потрошувачка на фентанил.

Испитаниците од N1 група ја побараа првата постоперативна аналгезија по 82 +/- 20 минути во споредба со пациентите во N2 група, каде што ова време изнесуваше 48 +/- 14 (P = 0,000001). Испитаниците од N3 група ја побараа првата постоперативен аналгезија по 37 +/- 6 минути во споредба со пациентите во N4 група, каде што ова време изнесуваше 24 +/- 8 (p = 0,000001)

Разлики на средните вредности на TNFα и IL-1β помеѓу N1 и N2 групите во постоперативниот период не беа статистички значајни. Средни вредности на IL-6 во групата N1 беа значително пониски од средните вредности на IL-6 во групата N2 по 4-ти час (p = 0,00990), по 18-ти час (p = 0,00133), како и по 24-ти час по завршување на операцијата (p = 0,00860).

Дискусија: Во овој дел авторот укажува на фактот дека N-methil-D-aspartate (NMDA) рецепторите играат важна улога во преносот на болните стимулации. Со поврзување на кетаминот за овие рецептори со неселективен антагонизам се постигнува редукција на хипералгезијата. Аналгетската ефикасноста на кетамин се остварува со активирање на NMDA рецепторите сместени во дорзалниот рог на 'рбетниот мозок. NMDA рецепторите можат да доведат до амплификација на ноцицептивниот одговор (Wind-up феномен). Авторот истакнува дека преемптивниот аналгетски ефект е веќе виден кај абдоминалните хируршки процедури, операциите на предниот вкрстен лигамент, кардиохирургијата како и при изведувањето на абдоминална хистеректомија. Преемптивните ниски дози кетамин се во можност да произведат адекватна постоперативна аналгезија потенцираајки го аналгетскиот ефект на трамадолот.

Во вториот дел на дискусијата авторот ги анализира имунолошките аспекти на преемптивниот кетамин. Инфламаторниот одговор е поврзан со ослободување на голем број проинфламаторни цитокини и акутно фазни протеини. Големината на

оштетувањата на ткивата зависи од способноста на макрофагите, моноцитите и фибробластите да ослободуваат IL-6, но не TNFα и IL-1β.

Авторот се задржува на проинфламаторниот цитокин IL-6 кои е произведен од страна лимфоидните и нонлимфоидните клетки, а влијае врз регулирањето на активноста на Т и В клетки, акутно фазната воспалителна реакција и хематопоезата.

Посебен акцент е ставен на анестезиолошките техники и методи кои можат да влијаат на цитокинскиот одговор предизвикан од оперативната траума менувајки ја неврохуморалната состојба. Зголемувањето на дозата на опиоидите за време на општата анестезија има мал ефект врз ослободувањето на IL-6. Комбинирањето на регионалната со општата анестезија доведува до потиснување на ендокриниот и метаболичкиот одговор, но оваа комбинација има мало влијание и врз продукцијата на IL-6. Авторот истакнува дека се уште не е до крај познат супримирачкиот механизам на дејствување на кетаминот врз IL-6.

Некои истражувачи сугерираат дека интравенската примена на кетаминот може да има некои предности во однос на епидуралната апликација на кетамин во комбинација со морфиум при блокирање ноцицептивните сензации.

Заклучок: Кај пациентите подложени на лапароскопска холецистектомија додавањето на мала доза на кетамин (0, 25 mg/kg-1) по индукција во анестезија резултираше со редуцирано ослободување на проинфламаторниот цитокин IL-6 во текот на првиот постоперативен ден. Преемптивната употреба на кетаминот како моќен некомпетитивен NMDA рецепторен антагонист може да ја подобри постоперативната аналгезија во раниот постоперативен период кај овие пациентите.

Литература: Цитирани се 90 релевантни стручни труда и поглавја од специјализирани изданија од еминентни и релевантни научни работници од сферата на истражуваната проблематика.

3. Оцена на поднесената докторска дисертација

Врз основа на приложената докторска дисертација, Комисијата констатира дека се исполнети сите услови за нејзина одбрана и по меѓусебната консултација го донесува следниов

заклучок

Докторската дисертација покажа дека со примена на преемптивен кетамин во доза од 0,25 mg/kg^{-1} кај пациенти со акутен холециститис кај кои се изведе оперативна и лапараскопска холецистектомија се постигна редуцирање на интраоперативната потрошувачка на фентанил, а воедно се постигнува и редуцирање на постоперативната болка. Кај овие пациенти се докажа дека

преемптивиот кетамин влијае врз редукцијата на производството и ослободувањето на проинфламаторниот цитокин IL-6 во текот на првиот постоперативен ден. Кај останатите проинфламаторни цитокини TNFα и IL-1β не се докажа сигнификантна плазматска редукција.

Рецензентската комисија, во полн состав, едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја процедурира во натамошна постапка докторската дисертација од д-р Андријан Карталов, под наслов:

ВЛИЈАНИЕ НА СУБАНЕСТЕТИЧКИ ДОЗИ НА КЕТАМИН НА ПОСТОПЕРАТИВНАТА АНАЛГЕЗИЈА И ПЛАЗМАТСКОТО НИВО НА ПРОИНФЛАМАТОРНИТЕ ЦИТОКИНИ (TNFα, IL-1ß, IL-6) КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ХРОНИЧЕН КАЛКУЛОЗЕН ХОЛЕЦИСТИТИС и да овозможи одбрана на дисертацијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.проф. д-р Зорка Николова Тодорова с.р.

2. проф.д-р Марија Шољакова с.р.

3. доц. д-р Ѓорги Јота с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНА НА BALANCED SCORECARD-СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р ЉУПЧО ЕФТИМОВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), член 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 22.6.2012 година, со одлука бр.0202-2108/3 донесена на 25.6.2012 година не определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **ПРИМЕНА НА BALANCED SCORECARD-СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** поднесена од кандидатот м-р Љупчо Ефтимов. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Дисертацијата на м-р Љупчо Ефтимов, поднесена на Факултетот под горниот наслов, опфаќа 280 страници основен текст и 17 страници користена литература (268 библиографски единици). Во анексот на крајот на дисертацијата содржана е и Анкетата, која послужила за емпириските истражувања на третираната проблематика.

I. СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

1. Поставување на проблемот на истражување

Во последно време во многу земји кулминира незадоволството од лошите перформанси кои јавните компании ги покажуваат во своето работење. Нивната тромост, бирократизираност, апатичност кон промените и незадоволителните финансиски резултати кои постојано ги следат, ги наведе владите од повеќето земји да прибегнат кон воведување на основните принципи на пазарната економија и во јавниот сектор. Со цел коригирање на ваквите состојби во јавните компании, тие започнаа нивна сè поголема комерцијализација. Ова движење не ги одмина ниту универзитетите. Во многу земји, владите започнаа:

(1) да ја намалуваат финансиската поддршка за високото образование;
(2) да бараат поголема финансиска самостојност од образовните институции;
(3) да ја поттикнуваат конкуренцијата со овозможување на слободен влез и основање на приватни универзитети;

(4) да наметнуваат големи реформи во високото образование.

Посебно внимание заслужуваат реформите во Европа кои произлегоа од прифаќањето на Болоњската декларација во 1999 година. Нејзината основна цел е изградба на унифициран европски образовен систем преку воведување на слични, споредливи и компатибилни стандарди за квалитет во високото образование, како и изедначување на траењето на академските циклуси во речиси сите земји во Европа.

Ваквите промени несомнено наметнуваат потреба за прифаќање на многу поголема одговорност и вистинско менаџерско однесување, далеку поразлично од досегашното колегијално или конфирмативно управување. Единствен начин за брзо приспособување на новонастанатите услови во работењето беше државните универзитети да ги истражат сите можности за ефикасната примена на некои од најпопуларните менаџмент-концепти и техники од бизнисот во сопственото работење. Така, започна тренд на имплементирање и тестирање на ефикасноста на некои од вообичаените инструменти за управување на бизнисите како што се бизнис-планот, извештајот за мисија, стратегиското планирање, Benchmarking, Total Quality Management, а особено Balanced Scorecard системот. Дефинитивно, во следниве неколку години сè поголемо значење ќе добиваат прашањата поврзани со квалитетот на високото образование. Секој современ универзитет ќе мора да поседува систем кој ќе му го осигурува квалитетот во работењето. Универзитетските стеикхолдерите, посебно владата и студентите, ќе бидат сè почувствителни на прашањата поврзани со квалитетот.

Нема сомнение дека клучна улога во обезбедувањето на соодветен квалитет во високото образование има системот на управување на организациските перформанси познат како Balanced Scorecard. Примената на овој систем во функционирањето на бројни универзитети во светот само ја потврдува неговата вредност за осигурување на ефикасност и ефективност во високото образование.

Наспроти ваквата практика на управување со организациските перформанси на универзитетите во развиените земји, кај нас оваа проблематиката многу малку, да не кажеме воопшто, не е теоретски и практично третирана.

Докторската дисертација, набљудувана низ таква призма, отвора доволно широк простор за теоретско запознавање и практична примена на Balanced Scorecard-системот во управувањето на организациските перформанси во високото образование во Република Македонија. Во тесна врска со тоа е и **предметот на истражување на докторската дисертација:** подобрување на организациските перформанси на високото образование на Р. Македонија со помош на примената на Balanced Scorecard-системот на управување.

Основна цел на оваа докторска дисертација е да ги утврди основните проблеми и предизвици со кои се соочува македонското високо образование на патот кон Европската унија, потоа да ја истражи можноста за ефикасна примена на една од најпопуларните менаџмент-техники од бизнисот - Balanced Scorecard-системот за управување на организациските перформанси во работењето на високообразовните институции, како и да креира конкретен модел на BSC-системот применлив на универзитетите и на останатите високообразовни институции во Р. Македонија.

На овој начин одредувајќи ја истражувачката рамка, кандидатот м-р Љупчо Ефтимов, како најважни, ги одредува следните задачи на истражувањата:

- да се утврди, да се истражи и да се обедини знаењето за улогата, важноста и значењето на високото образование во Европа, како и да се идентификуваат и испитаат промените кои се случуваат во него и најважните причини за нив, реформите кои се преземаат со цел унапредување на функционирањето на европските универзитети, како и да се утврдат најважните предизвици со кои тие се соочуваат во своето управување денес и во блиска иднина;
- да се даде една целосна слика за состојбата на високото образование во Р. Македонија, како и да се изврши компарација на проблемите, реформите и предизвиците со кои се соочуваат македонските универзитети во своето управување во однос на европските универзитети;
- да се согледа суштината на Balanced Scorecard-концептот како целосно заокружен систем за управување на организациските перформанси, и да се испита можноста за негова ефикасна примена во универзитетското образование во Република Македонија;
- да се креира конкретен модел на Balanced Scorecard-систем приспособен за успешно управување со организациските перформанси во високото образование во Р. Македонија.

Поаѓајќи од вака формулираните задачи и цели, кандидатот м-р Ефтимов во понатамошниот текст на дисертацијата, низ истражувањата на различните аспекти на примена на Balannced scorecard-системот на управување на организациските перформанси, ги осознава факторите кои ги одредуваат патиштата за подобрување на организациските перформанси во високото образование и дава свој придонес во теоретското и практичното осветлување на проблемите што се отвораат при тоа и во одредувањето на можните правци на дејствување и ангажирање за нивно надминување, а заради зголемување на квалитетот на студирањето.

2.Разработка на дисертацијата

Целите и задачите на истражувањата формулирани во наведената смисла, кандидатот м-р Ефтимов ги развива и ги обработува низ четири глави на својата дисертација.

Во првата глава која носи наслов „**Високото образование во Европа**“ **(12-83 стр.)**, најпрво, се пристапува кон објаснување на улогата и значењето што го има деветвековното високо образование во Европа, како и нејзиното место и влијание во светските рамки. Веднаш потоа се посветува должно внимание на дефинирањето и објаснувањето на досега најважните реформи во високото образование спроведени во последните дваесетина години, започнувајќи од првата позната како Магна карта на европските универзитети

потпишана на 18 септември, 1988 година во Болоња, преку Сорбонската и Болоњската декларација, па сè до последната - Декларацијата од Будимпешта-Виена, донесена на 12 март 2010 година. По критичкиот осврт на секоја од овие реформи, анализата продолжува со утврдување на досега постигнатите резултати од нив. Тука, кандидатот констатира дека реформите кои се спроведуваат во последните две декади дефинитивно ја доближија Европа до толку посакуваниот заеднички европски простор за високо образование, при тоа целосно почитувајќи го културното наследство на земјите-учеснички во овој процес.

Заедничкиот европски простор за високо образование и спроведените реформи нудат повеќе предности. Во овој дел на дисертацијата посебно внимание се посветува на следните предности: студентите можат побрзо да студираат, односно полесно да ги комплетираат своите студии; студентите можат да постигнат поголема различност и флексибилност во студирањето; реформите од Болоња овозможуваат мошне различна специјализација на студентите кои ќе треба да ги задоволат сè поспецифичните потреби на пазарот на работна сила; реформите од Болоња ги чинат универзитетите поотворени, покомплементарни со англосаксонскиот систем, а со тоа и поконкурентни на универзитетите од Англија, САД, Канада и Нов Зеланд.

Во продолжение, истражувањата се насочени кон идентификување на глобалните предизвици со кои ќе се соочат европските универзитети во следните неколку декади и очекуваните трендови во нивниот развој. На крајот на првата глава на дисертацијата се предлагаат потенцијални решенија за овие предизвици и се разработуваат следните клучни фактори од кои зависи успехот на универзитетите на глобалниот образовен пазар по 2010 година: зголемена автономност на високообразовните институции, позначајно меѓународно отворање на европските универзитети, примена на алтернативни начини на финансирање, поголема соработка со индустријата, односно со компаниите, зголемување и поврзување на истражувањето со образованието, подобрување на универзитетскиот менаџмент, како и поголем фокус на одговорноста и перформансите на високообразовните институции.

Втората глава, која носи наслов „**Високото образование во Република Македонија“ (84-184 стр.),** започнува со кус осврт на историјата и значењето на определени поединци за развојот на македонското образование низ вековите, за да се дојде до денес, една деценија од спроведувањето на современите болоњски реформи во македонското високо образование. На почетокот на оваа глава, исто така, се прави обид да се претстави високообразовниот систем во Р. Македонија, преку дефинирање на вкупниот број (приватни и државни) високообразовни институции, развојот на нови универзитети во изминатите години, вкупниот број на наставници, соработници и студенти, бројот на високообразовани кадри во државата, начинот и обемот на финансирањето на високото образование и науката во последната деценија, како и начините за оценување на неговиот квалитет.

Во овој дел на дисертацијата со цел да се добие што пореална и поцелосна слика за моменталната состојба на високото образование во Р. Македонија, освен официјални извори на информации од државните институции, се користат и емпириски податоци и информации добиени од

сопственото истражување на кандидатот м-р Љупчо Ефтимов спроведено на 981 студент-испитаник. Целта на ова истражување е да се добие одговор на прашањето како студентите од државните и приватните универзитети во земјата гледаат на моменталната состојба во високото образование, како и на резултатите од досега спроведените реформи, но и да се отвори дискусија за некои важни, а досега неистражени или не докрај анализирани аспекти на високото образование во земјата. Во анализата, акцент се става на оценување на компатибилноста на досегашните реформи во македонското високо образование со оние што се преземаат во европските земји, односно на неговата структурна приспособеност на основните болоњски принципи (ЕКТС, додаток на диплома, образовни циклуси, мобилност), потоа на степенот на интегрираност на македонските универзитети, условите за студирање и елементите на наставниот процес. Должно внимание се посветува и на ефектите од студирањето на македонските универзитети гледани низ призма на вработливоста на студентите, нивната вклученост во процесите на доживотното учење, како и ефикасноста, односно просечната должина на студирањето. Посебен фокус се става на дефинирање на автономијата која ја уживаат македонските високообразовни институции како еден од најзначајните предуслови и принципи на кој треба да се заснова нивниот развој, а од кој ќе зависи и нивната способност за реформи и држење чекор со трендовите во Европа и светот. При тоа, особено внимание се посветува на проучување и согледување на академската, организациската, финансиската и кадровската самостојност на високообразовните институции во Република Македонија. На крајот на втората глава, истражувањата се насочени кон идентификација на предизвиците со кои ќе се соочат македонските универзитети во изградбата и зајакнувањето на сопствените капацитети за стратегиско управување, како и помошта која може да ја добијат од примената на една докажана менаџмент-алатка како што е Balanced Scorecard-системот за стратегиско управување. Тука, авторот Ефтимов констатира дека, што се однесува за стратегискиот менаџмент, како еден од тие предизвици, поголем дел од високообразовните институции имаат дефинирано визија и мисија, која, најчесто, е претočена во конкретна стратегија. Но, речиси, кај сите институции недостасува конкретен систем за преведување на институционалната стратегија во конкретен сет на мерки за мерење и континуирано следење на организациските перформанси во насока на исполнување на стратегиските цели. Надминувањето на овој проблем најлесно може да се оствари со искористување на Balanced Scorecard системот како стратегиска и контролна алатка која обезбедува континуирано следење на организациските резултати кон остварување на стратегиските цели. Негова најголема предност е што го тера менаџментот да се концентрира на клучните фактори кои ќе придонесат за успех во иднина, наместо на оние кои едноставно ги покажуваат резултатите од некои минати акции или минато работење.

Во третата глава, **„Еволуцијата на Balanced Scorecard-системот како доминантен концепт во управувањето на организациските перформанси“ (185-235 стр.),** најнапред се објаснува неопходноста за примена на интегрирано мерење и управување на организациските перформанси како единствен начин за успешно преведување на организациите низ времето. Потоа, се проследува еволуцијата во развојот на Balanced Scorecard како доминантен концепт и најчесто применуван систем за стратегиско управување на организациските перформанси во светот. Притоа,

јасно се издвојуваат три основни фази во неговиот развој: првата - како алатка за мерење на организациските перформанси комбинирајќи ги финансиските и нефинансиските мерки, втората - како систем за стратегиско управување на организациските перформанси преку создавање на причинско - последични врски, и третата - како целосно заокружен стратегиски и контролен систем за управување со организацијата кој во себе, покрај стратегиските мапи, ги поврзува и интегрира и системите за наградување на вработените. Во овој дел на дисертацијата со посебно внимание се проучува скриената практична вредност на Balanced Scorecard-системот, која ги привлече повеќето менаџери во светот. Исто така, се анализираат и пријавените резултати од неговата примена во сите типови на организации во светот: профитни, непрофитни, јавни и приватни, мали и големи, со посебен осврт на пријавените случаи на негова примена во високообразовните институции. На крајот, се презентираат резултатите од истражувањето за степенот на примена на Balanced Scorecard-системот во Р. Македонија. За истражувањето се користени анкетни прашалници како едни од најприменуваните методи за прибирање на податоци и информации во општествените истражувања, а при неговото спроведување е обезбеден солиден одзив на испитаници (75%), рамномерна застапеност на сите типови на компании според: големината (микро, мали, средни и големи компании), според индустриската припадност (производни и услужни), според видот на сопственоста (приватна и јавна сопственост), според остварените резултати во работењето (успешни и помалку успешни компании), како и според географската локација, со што во целост се задоволени и најстрогите критериуми за истражување од овој тип.

Во четвртата глава која носи наслов **„Дизајнирање и имплементација на конкретен Balanced Scorecard-систем за управување на организациските перформанси во високото образование во Р. Македонија“ (236-274 стр.)**, врз основа на претходно обработените резултати од емпириските истражувања на високообразовниот систем во земјата, кандидатот Ефтимов се обидува да ја идентификува реалната потреба за активно управување на организациските перформанси во универзитетите (приватни и државни) во Р. Македонија. Тој, исто така, врз основа на анализите ги утврдува клучните подрачја важни за нивен успех, врз основа на кои креира конкретен Balanced Scorecard-систем применлив во македонските универзитети. При изградбата на овој модел како основа се зема Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. На крајот на четвртата глава се презентираат очекуваните предности и користи од неговата имплементација на Факултетот.

На крајот на докторската дисертација содржани се **заклучни согледувања** на авторот во однос на прашањата опфатени со истражувањето, како и потенцијалните истражувачки насоки кои тој ќе ги преземе во иднина.

II. ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приказот на содржината на докторската дисертација на м-р Љупчо Ефтимов, како и на истражувањата што тој ги извршил во обработката на дисертацијата, може да се констатира дека тој избрал мошне интересна и

актуелна тема како од аспект на менаџментот на човечките ресурси, така и од аспект на потребите на практиката.

Европските високообразовни институции во последните две децении се соочија со голем број предизвици: намалена финансиска поддршка за високото образование, поттикнување на конкуренцијата преку овозможување на слободен влез на странски и основање на приватни универзитети, постојани притисоци и барања за нивна поголема финансиска самостојност, и нивно реструктурирање и реформирање. Во оваа насока, посебно внимание заслужуваат реформите кои произлегоа од прифаќањето на Болоњската декларација во 1999 година. Нејзината основна цел е изградба на унифициран европски образовен систем преку воведување на слични, споредливи и компатибилни стандарди за квалитетот во високото образование, како и изедначување на траењето на академските циклуси во речиси сите земји во Европа.

И предизвиците со кои се соочија македонските високообразовни институции во процесот на имплементирање на болоњските принципи и реформирање на своето работење во насока на подигнување на квалитетот, ни малку не беа наивни. Единствен начин за брзо приспособување на новонастанатите услови во работењето е универзитетите да ги истражат сите можности за ефикасната примена на некои од најпопуларните менаџмент концепти и техники од бизнисот во сопственото работење. Патот кој води кон остварување на ваквата цел е исполнет со бројни проблеми и прашања кои бараат соодветни одговори. Со тоа, кандидатот има можности да придонесе кон теоретското и практичното осветлување на проблемите кои се поставуваат во процесот на управување на организациските перформанси во високото образование на Република Македонија, врз основа на примената на balanced scorecard-методот.

Според тоа, задачата на истражувањето што пред себе си ја поставил кандидатот Ефтимов, онака како што тој ја формулирал во воведот, е и комплексна и тешка научна задача: да се проучи проблематиката на примена на balanced scorecard-системот на управување на организациските перформанси во високото образование во Република Македонија.

За да одговори на поставените цели и задачи во докторската дисертација, кандидатот Ефтимов во нејзината разработка морал да помине низ повеќе сукцесивно логични фази на истражување, кои како завршен резултат можат да дадат целосен одговор на поставените прашања и дилеми. Кандидатот тоа и го сторил, и дошол до саканите резултати.

За сиот овој истражувачки потфат и изготвениот труд карактеристични се неколку моменти:

1. Композицијата на трудот е логична и функционално одговара на поставените проблеми кои се предмет на истражување. Дисертацијата е поделена на четири глави, од кои првата глава ги разработува елементите на високото образование во Европа и промените и реформите кои доведоа до формирање на заеденички европски простор за високо образование. Втората глава го третира високото образование во Република Македонија. Со цел да се добие што пореална и поцелосна слика за моменталната состојба на високото образование во Република Македонија, освен официјални извори на информации од државните институции, се користат и емпириски податоци и информации добиени од сопственото истражување на кандидатот Ефтимов. Третата глава ги проучува основните карактеристики и елементи на balanced

scorecard-системот како доминантен концепт во управувањето на организациските перформанси. А, четвртата глава се однесува на дизајнирање и имплементацијата на конкретен balanced scorecard-систем за управување на организациските перформанси во високото образование во Република Македонија.

Кандидатот во своите истражувања јасно ги формулира проблемите што го окупираат неговиот научен интерес и ја формираат истражувачката рамка во која, низ широка расправа од теоретски и практичен аспект, тој формира научни заклучоци за нивно разрешување.

За таа цел кандидатот ја имал предвид литературата која директно и индиректно се однесува на темата. Тој користел обемна литература, како домашна, така и странска. Неа кандидатот ја користел заради запознавање на различни гледишта што постојат во теоријата и практиката, но и заради лоцирање на своите ставови и сфаќања во однос на третираните проблеми.

2. Прибирањето, систематизирањето и анализирањето на расположливите податоци, како и толкувањето на добиените информации од емпириските истражувања во докторската дисертација се извршени со примена на логичен, конзистентен и научно фундиран пристап. Резултатите на истражувањата се искажани на јасен и разбирлив начин. При изработката на докторската дисертација преовладува системскиот пристап со примена на повеќе квантитативни и квалитативни методи.

Инаку, оцената за применетата методологија на истражувањата во дисертацијата го предочува сознанието дека кандидатот со сигурност владее со методите на научното истражување во областа на општествените науки. Овие методи кандидатот не само што ги познава, туку со нив и успешно се служи.

3. Во основа дисертацијата е обработена интегрално, скоро со сите најзначајни димензии и релации. Секако, на трудот можат да му се упатат и одредени критички забелешки – екстензивност на одделни делови, провлекување, иако маргинално, на учебнички стил на објаснување на некои прашања, непотребно повторување на некои констатации и слично, кои, меѓутоа, немаат позначајно влијание на квалитетот на трудот и на вкупната оцена на Комисијата.

4. Разгледувањата и истражувањата во дисертацијата се на задоволително теоретско ниво, кое се одржува, речиси, низ сите нејзини делови. Кандидатот врши и емпириски истражувања заради согледување на состојбата на управување со организациските перформанси во високото образование во Р. Македонија, со што на своите ставови и гледања им дава емпириска подлога. Со тоа се подигнува објективноста на истражувањата. Кандидатот, исто така, добро владее со третираната проблематика, консеквентно ја води расправата и успешно ги избегнува маргиналните и спорните прашања.

5. Дисертацијата на кандидатот Ефтимов, со определениот и реализираниот истражувачки потфат, претставува научен придонес пред сè со:

-пополнување на очигледната потреба за емпириски истражувања поврзани со подобро согледување на одредени процеси и појави на подрачјето на високото образование во Европа;

-истражување на состојбата, проблемите и предизвиците со кои се соочува високото образование во Република Македонија, а со цел изградба на еден заокружен систем на знаење кој ќе претставува солидна основа за научно фундиран пристап во процесот на неговото управување или донесување одлуки;

- креирање на конкретен balanced scorecard-систем дизајниран во согласност со потребите и спецификите на македонските универзитети.

Тоа се елементите врз основа на кои Комисијата заклучи дека поднесената докторска дисертација претставува самостоен и своевиден научен придонес во една област којашто е малку истражувана и обработувана во менаџментот на човечките ресурси и во организациската наука во нашата земја. Комисијата, тргнувајќи од оваа своја оцена, му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. докторската дисертација на кандидатот м-р Љупчо Ефтимов под наслов: **„Примена на balanced scorecard-системот за управување на организациските перформанси во високото образование во Република Македонија"**, да ја прифати како успешна;

2. да определи членови на Комисијата за јавна одбрана на дисертацијата и

3. да го определи денот на јавната одбрана.

Скопје, јуни 2012 год.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1. Д-р Димитар Бојаџиоски, редовен професор, с.р.
2. Д-р Бобек Шуклев, редовен професор с.р.
3. Академик Таки Фити с.р.
4. Д-р Благоја Ѓорѓијовски, редовен професор с.р.
5. Д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Марија Лозевска	„Предизвикот на менаџерите за дизајнирање на адаптибилни организации во динамично окружување”	проф.д-р Бобек Шуклев
Игор Стојаноски	„Е-маркетингот во фармацевтската индустрија”	проф.д-р Анита Ц.Шулеска
Валентина Ѓорѓиевска	„Придонесот на етиката во унапредување на корпоративното управување”	проф.д-р Бобек Шуклев
Владимир Миновски	„Стратегиско лидерство”	Проф.д-р Љубомир Дракулевски
Зоран Јанковиќ	„Стратегии за успешна примена на е-трговија кај малите бизниси”	проф.д-р Бобек Шуклев
Маја Ристова	„Мрежен маркетинг во Р. Македонија - перспективи и перцепции”	проф.д-р Анита Ц.Шулеска
Оливера Николова	„Улогата на интерната контрола во стратегиското одлучување”	проф.д-р Љубомир Дракулевски
Тања Демјанска	„Градење на конкурентска предност преку стратегија за производство”	проф.д-р Љубомир Дракулевски
Бобан Илиевски	„Стратегија за развој на секторот на приватни инветстициски фондови”	проф. д-р Љубомир Дракулевски
Весна Павловска	„Креирање вредност за стеикхолдерите со корпоративна општествена одговорност - групација АРЦЕЛОРМИТТАЛ”	проф. д-р Бобек Шуклев
Дејан Тодоровски	„Улогата на Централната банка на САД во надминувањето на финансиската криза во САД од 2007 година”	проф. д-р Љубе Трпески
Јасна Тодоровска	„Причините за настанувањето и последиците од финансиската криза во еврозоната”	проф. д-р Љубе Трпески

Анета Насковска	„Карактеристиките на компанијата како детерминанти на управувањето со обртниот капитал"	проф. д-р Сашо Арсов
Дејан Јовановски	„Одржливост на дефицитот на тековната сметка, со посебен осврт на Македонија"	проф. д-р Горан Петревски
Биљана Шехтанска	„Финансиската криза во САД и нејзиното влијание во светот"	проф. д-р Горан Петревски
Биљана Новачевска	„Компаративна анализа на националните девизни пазари"	проф. д-р Михаил Петковски
Ирена Анѓелковска	„Еволуцијата на финансискиот систем на Република Македонија од осамостојувањето до денес"	проф. д-р Михаил Петковски
Љубица Ташовска	„Банкарските кризи – причини, последици и начини на управување"	проф. д-р Михаил Петковски
Љубица Шопова	„Ирационалните мотиви на економските субјекти за време на економските циклуси и финансиските кризи (animal spirits наспроти рационални очекувања"	проф. д-р Горан Петревски
Златко Несторовски	„Принципи и практика на проектното и инфраструктурното финансирање"	проф. д-р Михаил Петковски
Даниела Баулоска	„Сметководствените информации во функција на донесување одлуки и управување со промени"	проф. д-р Зоран Миновски
Оливера Ѓуровска	„Мерење на резултатите од работењето на органите на управување во акционерските друштва"	проф. д-р Блажо Недев
Андријана Жаков	„Анализа во функција на определување целна добивка со цел остварување на конкурентска предност"	проф. д-р Зоран Миновски
Велимир Тримчевски	„Маркетинг одлуки за производот и нивно влијание врз развојот на индустријата на луксузни производи"	проф. д-р Снежана Р.Јовановска
Едвин Муше	„Конкурентски маркетинг стратегии во компаниите од областа на нафтената индустрија"	проф. д-р Снежана Р.Јовановска
Раде Ристовски	„Промотивни стратегии на компанијата ТОЈОТА"	проф. д-р Нада Секуловска

Елена Петровска	„Банката како продажен канал на пазарот на неживотно осигурување во Република Македонија"	проф. д-р Нада Секуловска
Марко Илиевски	„Промотивни стратегии за продажба на спортска опрема во Република Македонија"	проф. д-р Нада Секуловска
Соња Стојковска-Никчевска	„Влијание на методологиите за развој на софтверски производи на ефикасноста на проектите од областа на информационите технологии"	проф. д-р Сашо Јосимовски
Павлинка Мишева	„Статистичко оценување на квалитетот на тутунот кој се произведува и откупува во Р. Македонија"	проф. д-р Весна Буцевска
Даниела Аврамовска	„Определување на можноста за вработување на пазарот на труд во Република Македонија"	проф. д-р Славе Ристески
Јасмина Поповска	„Моделирање на финансиската стабилност: случајот на банкарскиот сектор во Република Македонија"	доц. д-р Драган Тевдовски
Љупчо Мицковски Кец	„Фискална децентрализација во Република Македонија"	академик Таки Фити

РЕФЕРЕАТ

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ТЕХНОЛОШКИ ОПЕРАЦИИ 1, ТЕХНОЛОШКИ ОПЕРАЦИИ 2, ХЕМИСКА ИНЖЕНЕРСКА ТЕРМОДИНАМИКА, ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ХЕМИСКА ПРОЦЕСНА ОПРЕМА, ИНЖЕНЕРСКА ТЕРМОДИНАМИКА И ТЕХНОЛОГИЈА НА БИОГОРИВА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со решение бр. 07-1055 од 13.6.2010 година, од страна на деканот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, известени сме дека на 13. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот од 6.6.2010 година именувани сме како членови на Рецензентската комисија за избор во соработничко звање - помлад асистент по групата предмети: технолошки операции 1, технолошки операции 2, хемиска инженерска термодинамика, дизајнирање на хемиска процесна опрема, инженерска термодинамика и технологија на биогорива. Врз основа на решението и приложените конкурсни материјали го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на соработник – помлад асистент по групата предмети: технолошки операции 1, технолошки операции 2, хемиска инженерска термодинамика, дизајнирање на хемиска процесна опрема, инженерска термодинамика и технологија на биогорива, распишан од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, и објавен во весниците „Нова македонија" и „Лајм" од 17.5.2012 година, се пријави кандидатката м-р Кармина Митева, лаборант на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Во пријавата се доставени сите потребните документи според конкурсот.

1.БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Кармина Митева е родена на 7. 11.1973 година во Скопје.

Образование

1998	**Дипломска работа** на насоката прехранбено и биотехнолошко инженерство
1998	**Доквалификација** за вршење педагошка дејност, Филозофски факултет - Скопје
2011	**Магистерска работа:** *Кинетика на реакцијата на добивање биодизел од репкино масло со базен катализатор и оптимизација на процесните параметри,* на студиската програма инженерство на животна средина на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Завршени постдипломски студии со просечна оценка 9,83.

Работно искуство:

2000, 2002	**Професор по органска технологија** во ДСУ "Марија Кири – Склодовска", Скопје
2004/2005	**Професор по технологија** во ДСУ "Димитар Влахов", Скопје
од 2007 до денес	**Лаборант** на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката активност на кандидатката м-р Кармина Митева се одвива главно во подрачјето на технологијата на биогорива, односно добивање и карактеризација на биодизел од каде што се произлезени следниве трудови:

1	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание**
1.1	S.A. Aleksovski, **K. Miteva**, "Predicting the density and viscosity of biodiesel–diesel blends" , *Mechanical Engineering-Scientific Journal*, Vol.29 No.1 (2010) 25-29.
1.2	S.A. Aleksovski, **K. Miteva**, "Biodiesel production from rapeseed oil and characterization", *Mechanical Engineering-Scientific Journal*, Vol.29 No.2 (2010) 73-79.
2	**Трудови со оргинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**
2.1	S.A. Aleksovski K. **K.Miteva**, Optimization of the process of biodiesel production from rapeseed oil, International Symposium "ENERGY 2010", 7 to 9 October 2010, Ohrid, Macedonia, Collection of papers - Book 2 *(Proceedings 717-724)*
2.2	S.A. Aleksovski K. **K.Miteva**, Modeling the kinetics of the reaction for biodiesel production from rapeseed oil, International Symposium "ENERGY 2010", 7 to 9 Oct 2010, Ohrid, Macedonia, Collection of papers - Book 2 *(Proceedings 725-733)*
3	**Учество на научен/стручен собир со реферат**
3.1	**K. Miteva**, S.A. Aleksovski, "Biodiesel production from rapeseed oil using NaOH as a catalyst", *VIIIth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with international participation) 8-10 October 2009, Skopje, Macedonia, Book of Abstracts, p.34-35*
3.2	**K. Miteva**, S.A. Aleksovski, "Characterization of biodiesel obtained from rapeseed oil, *VIIIth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with international participation) 8-10 October 2009, Skopje, Macedonia, Book of Abstracts, p.36-37*

3.3	**K. Miteva**, S.A. Aleksovski, "Analytical study of the properties of biodiesel blands", *VIIIth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with international participation) 8-10 October 2009, Skopje, Macedonia, Book of Abstracts, p.38-39*
3.4	**K. Miteva**, S.A. Aleksovski, "Modeling the kinetics of transesterification of vegetable oils, *VIIIth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with international participation) 8-10 October 2009, Skopje, Macedonia, Book of Abstracts, p.40-41*
3.5	B. Veleska Chapragoska, **K. K. Miteva**, S. A. Aleksovski, Analytical study of biodiesel by GC-MS and FTIR, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, *(with international participation), 23-26 September 2010, Ohrid, Macedonia, Book of Abstracts,SSC-1, p.15*
3.6	**K. K.Miteva**, S. A. Aleksovski, Base catalysis reaction for biodiesel production, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, *(with international participation), 23-26 September 2010, Ohrid, Macedonia, Book of Abstracts,CE-5, p.211*
3.7	B. Veleska Chapragoska, **K. K. Miteva** , S. A. Aleksovski, "Biodiesel production from palm oil", IXth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with international participation) 6-8 October 2011, Skopje, Macedonia, Book of Abstracts, p.46
3.8	**K.K. Miteva**, S. Dimitrijevic, S. A. Aleksovski, "Purification of biodiesel obtained from waste frying oil", IXth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with international participation) 6-8 October 2011, Skopje, Macedonia, Book of Abstracts, p.56

3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на доставениот материјал на кандидатката м-р Кармина Митева може да се види значителна активност во деловите за наставно-образовната дејност како професор по технологија во средните училишта во Република Македонија и научноистражувачката дејност во публикувањето научни трудови. Како лаборант на Технолошко металуршкиот факултет активно е вклучена во изведувањето на вежбите по предметите: технолошки операции 1, технолошки операции 2 и хемиска инженерска термодинамика. Постдипломските студии на насоката инженерство на животна средина ги завршува со одличен успех. Кандидатката м-р Кармина Митева, како автор и коавтор, има објавено трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручни списанија и референтни научно/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор (**2**), трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири (**2**), како и трудови објавени во зборници од научен/стручен собир и учество на научно/стручни собири со реферати (**8**). М-р Кармина Митева претставува перспективен и потенцијален кадар како на наставно - образовно така и на научно поле.

Врз основа на направената анализа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје да ја избере м-р Кармина Митева во звањето **соработник – помлад асистент** на групата предмети: технолошки операции 1, технолошки операции 2, хемиска инженерска термодинамика, дизајнирање на хемиска процесна опрема, инженерска термодинамика и технологија на биогорива.

Членови на Рецензентската комисија,

1. Д-р Славчо Алексовски, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје с.р.

2. Д-р Загорка Конеска, насловен доцент, Технолошко-металуршки факултет, Скопје с.р.

3. Д-р Весна Рафајловска, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ПРОУЧУВАЊЕ НА КИСЕЛИНСКО-БАЗНИ РАМНОТЕЖИ НА НЕКОИ СИНТЕТИЗИРАНИ АРИЛХИДРАЗОНИ НА СУПСТИТУИРАНИ БЕНЗХИДРАЗИДИ“ ОД М-Р МИРЈАНА С. ЈАНКУЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет бр. 07-1703/11 од 25.V 2012 год., донесена на седницата одржана на 17.V 2012 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА КИСЕЛИНСКО-БАЗНИ РАМНОТЕЖИ НА НЕКОИ СИНТЕТИЗИРАНИ АРИЛХИДРАЗОНИ НА СУПСТИТУИРАНИ БЕНЗХИДРАЗИДИ, поднесена од Мирјана С. Јанкуловска, магистер на хемиски науки, асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. По прегледувањето на поднесениот труд, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА КИСЕЛИНСКО-БАЗНИ РАМНОТЕЖИ НА НЕКОИ СИНТЕТИЗИРАНИ АРИЛХИДРАЗОНИ НА СУПСТИТУИРАНИ БЕНЗХИДРАЗИДИ, поднесена од м-р Мирјана С. Јанкуловска е презентирана на 206 страници и содржи 62 слики и 60 табели. Материјалот е обработен преку ВОВЕД (3 страници), ПОГЛАВЈЕ I со наслов: СИНТЕЗА НА *p*-СУПСТИТУИРАНИ АРОМАТИЧНИ ХИДРАЗОНИ (36 страници), ПОГЛАВЈЕ II со наслов: ПРОУЧУВАЊЕ НА КИСЕЛИНСКО-БАЗНИТЕ СВОЈСТВА НА *p*-СУПСТИТУИРАНИ АРОМАТИЧНИ ХИДРАЗОНИ ВО КИСЕЛА И БАЗНА СРЕДИНА; КВАНТИТАТИВНА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА КИСЕЛИНСКО-БАЗНАТА РАМНОТЕЖА (126 страници), ЗАКЛУЧОК (4 страници), ЛИТЕРАТУРА (9 страници) и ПРИЛОГ (26 страници). Двете поглавја содржат ***теоретски дел***, ***експериментален дел*** и ***резултати и дискусија***.

Во ВОВЕДОТ, м-р Мирјана С. Јанкуловска накусо се осврнува на значењето на хидразоните и нивните деривати, пред сé, како биолошки активни супстанции, кои наоѓаат широка примена во медицината, потоа во земјоделството, индустријата за пластични маси и др. Тоа е основната причина што ја навело кандидатката да ги преземе испитувањата опфатени со оваа докторска дисертација. Имено, резултатите од теоретските испитувања на синтетизираните хидразони би биле секако значајни за нивната понатамошна примена. Кандидатот во овој дел ги навел и основните цели на истражувањето. Пред сé, предвидено е да се синтетизираат 15 *p*-супституирани ароматични хидразони кои согласно со нивната структура се очекува да покажат определена биолошка активност. По нивната идентификација е предвидена квалитативна и квантитативна карактеризација на киселинско-базните својства на синтетизираните соединенија со примена на UV-Vis спектроскопскиот метод. Една од задачите на истражувањето е да се направи обид со примена на квантно-хемиски пресметки да се утврди местото на протонирање во молекулата кај испитуваните хидразони, како и да се процени

стабилноста на присутните молекулски форми во растворите. Исто така, цел на истражувањето е да се утврди влијанието на супституентите на однесувањето на хидразоните при различна киселост на средината.

Во ***теоретскиот дел*** од ПОГЛАВЈЕ I, даден е преглед на структурата на хидразоните од која зависат нивните својства како што се киселинско-базните, потоа појавата на стереоизомерија, структурна изомерија и др. Посебно внимание е посветено на литературните истражувања на хидразоните кои се поврзани со нивната фармаколошка активност (антитуберкулозна, антидепресивна, антималариска, антитуморска и др.), како и на нивната примена како реагенски за синтеза на други органски соединенија.

Експерименталниот дел од ова поглавје опфаќа преглед на употребените реагенси за синтеза на хидразоните и методите за нивно пречистување. Дадена е општата постпка за синтеза на трите серии *p*-супституирани хидразони кои се деривати на супституирани бензхидразиди (–CH_3, –OCH_3, –Cl и –OH) со бензалдехид (прва серија), со *p*-метоксибензалдехид (втора серија) и со *p*-нитробензалдехид (трета серија). Посебно внимание е посветено на делот што се однесува за идентификација на хидразоните. За таа цел се користени спектроскопските методи UV, IR, ^{1}H NMR, ^{13}C NMR и методот на елементарна анализа (CHN).

Во делот што се однесува на ***резултати и дискусија*** се дискутирани резултатите што се добиени со спектроскопските методи и најдено е дека тие се во солгасност со очекуваните за ваков вид соединенија. Наведено е дека поголем дел од хидразоните (9) се за прв пат синтетизирани, но сите 15 хидразони се за прв пат идентификувани со наведените спектроскопски методи. Инаку, постапката за синтеза е релативно брза, едноставна и се добиваат соединенија со висок принос (од 67,70% до 96,81%). Исто така, добиените NMR-спектри се споредени со теоретски предвидените со примена на компјутерскиот програм ChemBioDraw-Ultra 12, при што е најдено дека тие се совпаѓаат со експериментално добиените. М-р Мирјана С. Јанкуловска го испитала и влијанието на супституентите на поместувањата на спектралните сигнали (IR и NMR) со примена на концептот на линеарна корелација на солатационите ефекти (LSER). При тоа се добиени некои значајни корелации помеѓу константите на супституентите и поместувањето на спектралните сигнали кај хидразоните, но не е добиен целосен увид во влијанието на супституентите. LSER - анализата која се заснова на примена на два параметра (DSP) покажала дека индуктивниот ефект доминира во поголема мера кога станува збор за поместување на спектралните сигнали.

Во т***еоретскиот дел*** од ПОГЛАВЈЕ II, даден е кус преглед на киселинско-базните рамнотежи, со посебен осврт на однесувањето на слабите органски бази во кисела средина и слабите органски киселини во базна средина. Кандидатката м-р Мирјана С. Јанкуловска во овој дел ги навела и предностите на некои позначајни инструментални техники кои се користат при следење на киселинско-базните рамнотежи. Во овој дел е даден и начинот за теоретското пресметување на протонскиот афинитет (PA) кај слабите органски бази, како и енталпијата на депротонирање (DPE) кај слабите органски киселини со што може да се определи местото на протонирање, односно депротонирање во хидразонската молекула. За наведените пресметки се користени погодни квантно-хемиски семиемпириски методи како што се AM1 и PM3. Во теоретскиот дел, кандидатката дала преглед за

литературните сознанија за киселинско-базните рамнотежи кај хидразони кои имаат слична структура со хидразоните кои се предмет на истражување во оваа дисертација.

Во ***експерименталниот дел*** е даден преглед на употребените реагенси и раствори. За следење на киселинско-базната рамнотежа е користен методот на UV-Vis спектроскопија. За таа цел е користен спектрофотометар кој е поврзан со персонален компјутер снабден со сопствен комерцијалне софтвер кој ги регистрира и обработува податоците. Во овој дел е даден начинот на кој се подготвени сериите раствори за анализа, како и начинот на кој се правени потребните пресметки. За таа цел е користен компјутерскиот програм Excel, а за квантно-хемиските пресметки-софтверскиот пакет HyperChem. За реконструкција на експерименталните спектри е користен методот на карактеристична векторска анализа (CVA).

Најобемен и најзначаен дел од докторската дисертација на м-р Мирјана С. Јанкуловска, е секако, делот ***резултати и дискусија*** во којшто се опфатени целокупните испитувања реализирани во рамките на ПОГЛАВЈЕ II. Имено, во овој дел се прикажани експерименталните резултати, потоа пресметките (се користени главно соодветни компјутерски програми) и, секако, заклучоците што произлегуваат од тие резултати. Со примена на спектрофотометрискиот метод, квалитативно и квантитативно е изучена реакцијата на протонирање во кисела средина ($HClO_4$, $NaClO_4$) и реакцијата на дисоцијација во базна средина (NaOH, $NaClO_4$) на трите серии *p*-супституирани ароматични хидразони. При квалитативното изучување е утврдено дека со зголемување на киселоста на средината при константна концентрација на испитуваните хидразони доаѓа до поместување на апсорпциските ленти во спектарот (посебно на онаа што се појавува во област на бранови должини од 300 nm до 400 nm) како резултат на одвивање на реакција на протонирање, бидејќи хидразоните се однесуваат како слаби бази. Аналогни промени во UV-Vis спектрите следат при зголемување на базноста на средината како резултат на дисоцијација на испитуваните хидразони кои во овој случај се однесуваат како слаби органски киселини. Определена е положбата и интензитетот на апсорпциските ленти во неутрална, кисела и базна средина и е направен обид за карактеризација на видот на електронските премини. Постоењето на едно стапало кај сигмоидалните криви, кои ја прикажуваат зависноста на апсорбанцата на дадена бранова должина од pH- вредноста на растворот во кисела средина, укажува на тоа дека хидразоните се монопротонирани. Едно стапало на сигмоидалната крива се забележува и во базна средина кај повеќето испитувани хидразони. Исклучок се хидразоните кои во својот состав содржат –OH група. Кај нив се забележуваат две стапала на „S" кривите, односно дисоцијацијата се одвива во два степена (покрај амидната дисоцира и фенолната група).

Со примена на квантно-хемиските семиемпириски методи AM1 и PM3, теоретски е најдено дека протонирањето се одвива на имино азотниот атом (sp^2 хибридизиран) во хидразонската молекула. Пресметаните вредности за протонскиот афинитет (PA) се слични за хидразоните во рамките на секоја серија одделно што покажува дека супституентите ($-CH_3$, $-OCH_3$, –Cl и –OH) во однос на –H немаат влијание на местото на протонирање. Понатаму е утврдено дека *E* - изомерот на хидразоните е постабилен во однос на *Z* - изомерот, што значи дека

тој ќе преовладува во кисела средина. Со наведените семиемпириски методи се пресметани и вредностите за енталпијата на депротонирање (DPE) на испитуваните хидразони, при што е најдено дека супституентите присутни во хидразидниот дел од молекулата на хидразонот не би требало да имаат значително влијание на нивното однесување во базна средина.

За квантитативна карактеризација на киселинско-базните рамнотежи, м-р Мирјана С. Јанкуловска ги користи податоците од UV-Vis спектрите (експериментално добиени и реконструирани) снимени на раствори со иста концентрација на испитуваниот хидразон, а со различна киселост (pH од 1 до 14). Прво се определени концентрациските константи на дисоцијација при различна јонска сила на растворот (0,1 mol/dm^3, 0,25 mol/dm^3 и 0,5 mol/dm^3), а потоа од овие податоци се определени термодинамичките константи на дисоцијација согласно со зависноста $pK_{BH^+/HA} = f(\sqrt{\mu})$. Константите на дисоцијација се определени и по графички пат од пресекот на правата на зависноста $\log I = f(pH)$. Статистичката обработка на резултатите покажала дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу вредностите за константите на дисоцијација добиени нумерички и графички, како и помеѓу оние добиени од податоците од експерименталните и од реконструираните спектри. Добиените вредости за константите на дисоцијација се во согласност со литературните податоци добиени за хидразони со слична структура.

Во состав на поодделните серии на хидразони добиени се пониски вредности за pK_{BH^+} кај хидразоните што содржат –Cl и –OH група во однос на оние што содржат –H, $-CH_3$ и $-OCH_3$ група, што е веројатно резултат на влијанието на овие групи.

Добиени се пониски вредности за константите на дисоцијацијата на амидната група кај хидразоните кои во својот состав содржат –OH група. Имено, фенолната група е посилна киселина во однос на амидната така што дисоцира прва, што доведува до отежната дисоцијација на амидната група од формираниот негативен јон. Вредностите на константите на дисоцијација на останатите хидразони се слични, односно присутните супституенти ($-CH_3$, $-OCH_3$ и –Cl) не влијаат значително на процесот на дисоцијација.

При споредба на pK_{BH^+} вредностите во рамките на трите серии кандидатката дошол до заклучок дека супституентот $-OCH_3$ присутен во бензалдехидниот дел од молекулата на хидразонот (втора серија) покажува незначително влијание во однос на хидразоните кај кои нема супституент во бензалдехидниот дел од молекулата (прва серија). Позначително влијание на pK_{BH^+} вредностите е забележано кога во молекулата на хидразоните е присутна $-NO_2$ група (трета серија на хидразони). Во овој случај се добиени пониски вредности за pK_{BH^+}, што значи овие хидразони се послаби бази во однос на хидразоните од првата и втората серија.

Во ЗАКЛУЧОКОТ, м-р Мирјана С. Јанкуловска ги сумира накусо резултатите што биле постигнати во текот на изработката на докторската дисертација.

На крајот е дадена користената ЛИТЕРАТУРА која опфаќа вкупно 160 референци од кои повеќето се оригинални научни трудови.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА КИСЕЛИНСКО-БАЗНИ РАМНОТЕЖИ НА НЕКОИ СИНТЕТИЗИРАНИ АРИЛХИДРАЗОНИ НА СУПСТИТУИРАНИ БЕНЗХИДРАЗИДИ, изработена од м-р Мирјана С. Јанкуловска, може да се изведе заклучок дека кандидатката успешно ги реализирала поставените цели. Имено, извршила синтеза на 15 различни *p*-супституирани ароматични хидразони и ги идентификувала со примена на погодни спектроскопски методи (UV, IR, ^{1}H NMR и ^{13}C NMR) и со елементарна анализа. Испитано е влијанието и карактерот на присутните супституенти врз поместувањето на спектралните сигнали. Потоа, се извршени систематски и детални истражувања на квалитативното и квантитативното однесување на синтетизираните хидразони во кисела и базна средина и се определени вредностите на нивните константи на дисоцијација. Врз база на експериментално добиените и теоретски пресметаните резултати се изведени научно издржани заклучоци за местото на протонирање и депротонирање во молекулата на хидразоните, како и за влијанието на супституентите присутни во соединенијата на нивните киселинско-базни својства. Добиените резултати од испитувањата би биле веројатно корисни при практична примена на овие соединенија. За реализирање на поставените цели се користени современи инструментални методи, компјутерски програми и современи теоретски сознанија од литературата. Според тоа, цениме дека докторската дисертација на кандидатката м-р Мирјана С. Јанкуловска претставува оригинален научен труд и со него е даден значаен придонес на полето на синтезата и проучувањето на својствата на органските соединенија кои би биле потенцијално користени пред сé како биолошки активни супстанции. Во прилог на тоа зборува и фактот што дел од резултатите се презентирани на научни собири (2 соопштенија), а дел од нив се објавени во меѓународни (2 труда) и домашни списанија (1 труд).

Заради тоа што е наведено, на членовите на Рецензентската комисија им претставува посебно задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го прифати извештајот за оцена на докторската дисертација под наслов ПРОУЧУВАЊЕ НА КИСЕЛИНСКО-БАЗНИ РАМНОТЕЖИ НА НЕКОИ СИНТЕТИЗИРАНИ АРИЛХИДРАЗОНИ НА СУПСТИТУИРАНИ БЕНЗХИДРАЗИДИ, поднесена од кандидатката м-р Мирјана С. Јанкуловска, и да обезбеди нејзина јавна одбрана.

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Фроса Анастасова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Проф. д-р Катица Чоланчевска-Раѓеновиќ, редовен професор во пензија на ТМФ во Скопје, с.р.
Проф. д-р Горан Стојковиќ, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
Проф. д-р Весна Димова, вонреден професор на ТМФ во Скопје, с.р.
Проф. д-р Илинка Спиревска, редовен професор во пензија на ПМФ во Скопје, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на
ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

Студиска програма
Културолошки студии во книжевноста

Ред. Бр.	Кандидат	Тема	Ментор
1.	Гоце Ристовски	„Застапеноста и третманот на поетското творештво во постколонијалните земји на *„Струшките вечери на поезијата“* "The Presence and the Treatment of the Poetic Creation in the Post-colonial Countries of the Struga Poetry Evenings"	Проф. д-р Мишел Павловски
	Глориа Фоссен	„Феминизмот во глобалната танц култура“ "Feminism in the Global Dance Culture"	Доц. д-р Ана Мартиноска

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Ментор*
1.	Јасмина Ристовска	"Влијанието на дивидендната политика врз вредноста на акциите на компаниите"	д-р Климентина Попоска
2.	Ирена Варга	"Улогата на меѓународните осигурителни компании во функција на развојот на осигурителните компании во Република Македонија"	д-р Дејан Пендев
3.	Марјан Кимовски	"Примена на лидерски вештини како алатка за поттикнување на организациската ефективност"	д-р Васил Поповски
4.	Драган Јанкуловски	"Јавно приватно партнерство како фактор за локалниот економски развој"	д-р Биљана Ангелова
5.	Елизабета Анѓелова	"Извори на финансирање на мали и средни претпријатија во Република Македонија "	д-р Неда Петроска-Ангеловска
6.	Стефан Стефанов	"Стратегии на финансирање на претпријатијата во Република Македонија"	д-р Неда Петроска-Ангеловска

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ПИЈАНО И КАМЕРНА МУЗИКА ЗА КЛАВИШНИ ИНСТРУМЕНТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ- СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на својата седница одржана на 20.4.2012 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. Јован Каровски, проф. м-р Стела Слејанска и проф. м-р Валери Стефановски. На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по наставните предмети пијано и камерна музика за клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност- Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Koha" на 14.3.2012 година се пријави досегашниот наставник, вонр. проф. Симон Трпчески.

ИЗВЕШТАЈ

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Симон Трпчески е роден на 18.9.1979 година во Скопје, Република Македонија. Тој се постави себеси како еден од исклучителните млади музичари кои се појавија во изминативе години во областа на класичната музика, настапувајќи со голем број од најдобрите светски оркестри и диригенти притоа оставајќи ја вчудоневидена публиката и критиката насекаде во светот. Не случајно британскиот "The Pianist" и американскиот "Seattle Times", воодушевени од неговите изведби, го опишаа како „најдоброто нешто од Македонија по Александар Македонски".

Во неговата досегашна кариера може да се издвои соработката со диригентските величини како Мазел, Ашкенази, Јуровски, Тортелие, Папано, Дутоа, Алсоп, Дудамел, Петренко, Морло, Нозеда, Ведерников, Плетњев... Во Северна Америка настапувал со филхармониските оркестри на Њујорк, Филаделфија, Лос Анџелес, Сан Франциско, Отава како и со симфониските оркестри на Колорадо, Балтимор, Сиетл, Торонто, Феникс, Чикаго, Питсбург, Кливленд, Бостон. Со рецитали се има претставено во повеќе градови вклучувајќи ги Сиетл, Торонто, Сан Франциско, Портланд, Атланта, Ванкувер, Монтреал, Вашингтон, Њујорк. Во Јужна Америка има настапи со симфониските оркестри во Бразилија и Сао Паоло, а со рецитал се има претставено во Сао Паоло. Неговите европски настапи ги вклучуваат рециталните изведби на главните сцени во Лондон, Амстердам, Париз, Даблин, Билбао, Милано, Вилнус, Лисабон. Хамбург, Прага, Минхен, Дизелдорф, Хелсинки, Брисел, Тулуз, Белград, Загреб, Љубљана, Будва, Бар, Фиренца и настапите со оркестрите London Symphony Orchestra, Philharmonia Orchestra, London Philharmonic Orchestra, Halle Orchestra, CBSO, Royal Concertgebouw, Royal Liverpool Philharmonic, DSO Berlin, NDR Hamburg, Strasbourg Philharmonic Orchestra, St. Petersburg Philharmonic Orchestra, Russian National Orchestra, Danish National Symphony Orchestra, Helsinki Philharmonic Orchestra, Royal Stockholm Philharmonic Orchestra, Gothenburg Symphony Orchestra, Swedish Chamber Orchestra, Scottish Chamber Orchestra, Orchestra of the Bolshoi

Theatre.Во Азија и Австралија Трпчески настапуваше со New Japan Philharmonic Orchestra, Sendai Philharmonic Orchestra, Hong Kong Philharmonic Orchestra, Malaysian Philharmonic Orchestra, симфониските оркестри на Сиднеј, Мелбурн, Западна Австралија, Сингапур и Нов Зеланд. Во рамките на своите професионални ангажмани, дополнително одржува и семинари во Европа, Америка, Азија и Нов Зеланд.

Трпчески има издадено четири компакт-дискови со рецитална програма за издавачката куќа EMI Classics и еден компакт-диск со оркестарска изведба за издавачката куќа AVIE Records, за кои има добиено блескави оценки. За првото ЦД-издание со дела од Чајковски, Скрјабин, Стравински и Прокофјев, доби две награди: Editor's Choice и Debut Album Awards на доделувањето на Gramophone Awards. Второто издание со дела од Рахмањинов и третото со дела од Шопен добија извонредни критики и беа прогласувани за ЦД-изданија на месецот, секое во различни периоди. И негово четврто рецитално ЦД-издание со дела од Дебиси издадено 2008 година од EMI Classics, исто така наиде на исклучителна наклонетост кај критиката, за кое EMI Classics во координација со КултурОп, сними специјален маркетинг-материјал во Македонија. Британскиот весник "Independent on Sunday" во него препозна „суптилен, умен, имагинарен пијанизам од највисок квалитет". За своето прво ЦД со оркестарска изведба на концертите за пијано број 2 & 3 на Сергеј Рахмањинов издадено од AVIE Records, ја доби престижната награда „Златен дијапазон" (Diapason d'Or) за компакт-диск на годината, во Париз во ноември 2010 година. Во јуни 2011 излезе и неговото ново компакт-диск издание за AVIE Records, со оркестарска изведба на концертите за пијано број 1 & 4 и Паганини рапсодијата на Сергеј Рахмањинов кое повторно наиде на блескави критики во светските медиуми.

Симон Трпчески има освоено награди на меѓународни пијано-натпревари во Чешка (1994 - Втора награда); Сенигалија, Италија (1995 - Втора награда); Варало и Боргосезија, Италија (1996 - Трикратен победник); Пескара, Италија (1996 - Апсолутен победник) и Лондон, Велика Британија (2000 – Втора награда). Од 2001 до 2003 година беше член на BBC New Generation Scheme, а во мај 2003 ја доби наградата за најдобар млад музичар во Велика Британија - "Young Artist Award" од Кралското филхармониско друштво (Royal Philharmonic Society).

Во Македонија добитник е на следните награди и признанија: Награда за ученик на генерацијата во МБУЦ „Илија Николовски-Луј" - „Климентина Рафајловска" - 1998; прва награда на натпреварот YAMAHA, ФМУ-Скопје - 1998; Медал од I (прв) ред од одличјето Македонски крст од страна на Македонската православна црква - 2008; Наградата Европски придонес за 2008 - од страна на Европското движење; 13-ноемвриската награда на град Скопје - 2009; Награда за извонредни достигнувања од страна на Обединетата македонска дијаспора - 2010; како и признанија од фондацијата „Мајка Тереза" и Светскиот македонски конгрес. Тој е единствен македонец во историјата на фестивалот „Охридско лето" кој како солист ја има добиено највисоката награда „Свети Климент Охридски - Охридска Изида" во 2000 година. Во декември 2009 година, претседателот на Република Македонија г. Ѓорге Иванов му додели „Орден за заслуги за Македонија", со што стана најмлад добитник на вакво признание во историјата на Република Македонија.

Симон Трпчески има настапено на Деновите на македонска култура во Турција, Русија, САД, како и 3 (три) пати во Италија по повод манифестацијата „Македонија во чест на св. Кирил". Во 2000 година, на покана на Министерството за култура на РМ, настапил во Грција по повод средбата на министрите за култура на Грција, Албанија и Македонија. Во соработка со амбасадорот Никола Димитров настапи на отворањето на Македонската амбасада во Вашингтон, САД, во 2005 година; а во соработка со амбасадорот Методија Белевски, во јуни 2009 година, одржа рецитал за промоција на македонската култура во Мадрид, Шпанија. Во септември 2008 година настапи во седиштето на Обединетите нации по повод затворањето на 62. сесија на Генералното собрание на Обединетите нации на покана на претседателот, неговата екселенција г. Срѓан Керим. Во септември 2010 година настапи на престижната манифестација Shanghai EXPO во Кина, на покана на Министерството за економија на Република Македонија. Во Македонија има голем број настапи во повеќе градови низ државата, вклучувајќи и настапи на Охридско лето, Скопско лето, Битолско културно лето, како и настапи со Македонската филхармонија и оркестарот на Факултетот за музичка уметност од Скопје. Често соработува со млади музичари во Македонија со цел да го култивира талентот на новата генерација млади уметници, со особена поддршка (последните неколку години) од КултурОп - Организација за култура и уметност, во чија организација има одржано голем број на хуманитарни концерти низ земјата, со специјална поддршка од Министерството за култура на Република Македонија.

Основно и средно музичко образование завршил во МБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје, во класата на проф. Људмила Романова. Во 2002 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во класата на проф. Борис Романов.

Симон Трпчески во моментов е вонреден професор на својот матичен Факултет. Како вонреден професор тој се вклучува во активностите на Факултетот подготвувајќи ги и вклучувајќи ги своите студенти за продукции во класата, конкурси од различен вид на ФМУ, како и за аудиции за концерти како со оркестарот на ФМУ, така и со оркестарот на Македонската филхармонија.

Негово мото е секогаш да им се помогне на младите уметници да го пронајдат патот до успехот. Во таа насока активно ги вклучува своите студенти во рамките на своите концерти. Така, тие земаа учество на Концертниот маратон, Велигденскиот концерт и во рамките на концертната турнеја на Симон низ повеќе градови во цела Македонија. За неговите професионални ангажмани во Македонија и во светот е задолжена менаџерската куќа од Лондон - IMG Artists.

КРИТИКИ, ОСВРТИ, РЕЦЕНЗИИ

Г. Симон Трпчески, претставувајќи ја врвно македонската пијанистичка култура и завземајќи лидерски позиции во светскиот пијанизам, добива ласкави и воодушевувачки критики во светските јавни и културни гласила. Споделувајќи го нивното воодушевување и ексклузивни оценки и вреднувања, ги наведуваме дел од критиките во светските јавни и стручни гласила:

„Дејли Телеграф“, 3 февруари 2007; „Тајмс“ 9 февруари 2007; „ББЦ Мјузик магазин“ март 2007; „Сандеј Тајмс“ 11 март 2007; „Гардијан“ 23 март 2007; „Грамофон“ април 2007; „Дејли Телеграф“ 26 јануари 2008; „Аудиофил Аудиција- Веб магазин“ 28 јануари 2008; „Гардијан“ 8 февруари 2008; „Грамофон“ март 2008; „Шоу тајм магазин“ , Канада, 9 јуни 2008; „Гардијан“ септември 2009; „Ливерпул Дејли Пост“ 11 септември 2009; „Ливерпул Ехо“ 11 септември 2009; „Класикал соурс“ 13 октомври 2009; „Бадише Цајтунг“-Фрајбург, 30 ноември 2009; „Фолксфројнд.де“ –Луксембург, 1 декември 2009; „Дејли Телеграф“ 5 март 2010; „Сан Франциско / Класикал Војс“ 23 март 2010; „Индепендент“ 18 април 2010; „Аркив Мјузик. ком- Класикс Тудеј. ком“ 2010; „Класикал соурс“ 9 декември 2010; „Стендпоинт Магазин“ 13 декември 2010; „ЦДЦМБ Цинцер Стрип Авардс 2010“-пијанист на годината – „Класикал Музикал Блог“ 21 декември 2010; „ББЦ Промс, Ројал Алберт Хол“, „Булезијан“ 22 декември 2010; „Бостон Глоб“ 29 април 2011; „Унпредикттабл Инвитабилити“ 29 април 2011; „Бостон Музикал Интелиценсер“ 29 април 2011.

„ Гардијан“ 2007 од Тим Ешли :

„ ... Пред се, вие сте исполнети со неговота извонредна интелигенција во изведбата на делото, осветлувањето на секое делче од формата, при што неговото чувство на динамичка контрола е извонредно изразено. ...“

„ Аркив Мјузик.ком“ 2010 од Виктор Кар Цр.:

„ ... Неговата изведба ја има таа ретка комбинација на сила, страст и прецизност, што, комбинирано со неговиот богат тон и распеана линија го осветлуваат Рахмањиновиот Трети. ...“

„ Бостон Глоб“ 2011 од Џереми Ајхлер:

„ ... Раскажувајќи, во многуте лирски моменти на делото, тој е високо имагинативен, полн со треперава воздушност и светлина и длабоко чувство на возвишување на звукот. ... “

СТРУЧНА-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

СЕЗОНА 2007-2008

79 концерти

Различни програми изведени во тековната сезона:

- Saint-Saens Piano Concerto no. 2
- Rachmaninoff – Paganini Rhapsody
- Shostakovich Piano Concerto no. 1
- Prokofiev Piano Concerto no. 3
- Ravel Piano Concerto in G
- Chamber music concert
- Tchaikovsky Piano Concerto no. 1
- **Рецитали**
- Saint-Saens Piano Concerto no. 2
-

СЕЗОНА 2008-2009

62 концерти

Различни програми изведени во тековната сезона:

- Rachmaninoff Piano Concerto no.2

- Hindemith- Clarinet Quartet
- Chamber music concerts
- Saint-Saens Piano Concerto no. 2
- Brahms – Piano Quartet no. 3
- Schubert- Trout Quintet
- Mendelssohn Songs without words
- Rachmaninoff- Paganini Rhapsody
- Grieg Piano Concerto
- Tchaikovsky Piano Concerto no. 1
- Prokofiev Piano Concerto no. 3
- Rachmaninoff Solo Pieces
- Beethoven Concerto no 5
- Brahms- Horn Trio op.40
- Traditional / Damir Imeri- Skopsko oro
- Prokofiev- Overture on Hebrew Theme
- Recital, The General Assembly Hall of the United Nations
- **Рецитали**

СЕЗОНА 2009-2010
68 концерти
Различни програми изведени во тековната сезона:

- Rachmaninoff Piano Concerto no.2
- Saint-Saens Piano Concerto no. 2
- Schumann-Adagio and allegro op.70
- Schumann – Fantasiestucke op. 73
- Schumann – Piano quintet
- Tchaikovsky – Piano concerto no.1
- Prokofiev – Old Grandmother's tales op. 31
- Prokofiev – Toccata op. 11
- Prokofiev – Piano concerto no.3
- Grieg – Piano concerto
- Ravel- Piano concerto in G
- Rachmaninoff – Piano concerto no.1
- Tchaikovsky – Piano concerto no. 2
- Rachmaninoff- Rhapsody on a theme of Paganini
- Rachmaninoff- Piano concerto no.3
- **Рецитали**

СЕЗОНА 2010-2011
53 концерти
Различни програми изведени во тековната сезона:

- Saint-Saens Piano Concerto no. 2
- Rachmaninoff Piano Concerto no 4
- Prokofiev – Piano concerto no.3
- Rachmaninoff- Piano concerto no. 2
- Rachmaninoff- Piano concerto no. 1
- Liszt- Piano concerto no.2

- Brahms- Piano quintet in C minor
- Schubert – March Militaries
- Tchaikovsky – Piano concerto no. 2

Список на музички дела изведувани во неговиот репертоар:

1. Brahms / Johannes- Piano quintet in C minor
2. Brahms / Johannes- Piano quartet no.3
3 Brahms / Johannes- Horn trio op. 40
4. Brahms / Johannes- 3 intermezzi for piano,op.117
5. Brahms / Johannes- Intermezzo for piano in A – major,op.118,no. 2
6. Beethoven / Ludwig van- Piano Concerto no. 5
7. Buzarovski / Dimitar- Piano Concerto
8. Chopin / Frederic- 4 Mazurkas op.24
9. Chopin / Frederic- Mazurka op.17, no.2
10. Chopin / Frederic- Mazurka in A minor, op. 17, no.4
11. Chopin / Frederic – 3 Waltzes, op.70
12. Chopin / Frederic – Sonata no.2 in B flat minor,op.35 „ Funeral March"
13. Chopin / Frederic – Polonaises, op.26 no.1 and 2
14. Chopin / Frederic –Scherzo for piano no 2 in B flat minor ,op.31
15. Chopin / Frederic –Scherzo for piano no 3 in C- sharp minor, op. 39
16. Chopin / Frederic –Scherzo for piano no 4 in E major ,op.54
17. Chopin / Frederic –Nocturnes, no.9 & no. 10 op. 32
18. Chopin / Frederic –Nocturnes, no.13 & no. 14 op. 48
19. Debussy / Claude- Images
20. Debussy / Claude- Images, Book II
21. Debussy / Claude- Children's Corner Suite
22. Debussy / Claude- Araesqu no. 2 in G
23. Elgar / Edgar- Love salutation (Salut d'amour)op.12
24. Gershwin / George- Rhapsody in Blue
25. Grieg / Edward- Piano Concerto
26. Grieg / Edward-Norwegian Dances no. 1,2,3,4 op. 35
27. Glisic / Zivoin- Prelude & Pajduska
28. Hindemith / Paul- Clarinett Quartet
29. Haydn / Joseph- Piano Sonata no.33 in C minor
30. Imeri / Damir- Skopsko oro / Traditional Macedonian
31. Liszt / Franz- Soirees de Vienne (Waltz – caprices no.5& 6)
32. Liszt / Franz – Piano concerto no.2
33. Mozart / Wolfgang Amadeus- 6 Variations on „ Salve tu, Domine"
34. Mozart / Wolfgang Amadeus – Variations on „ Come un Agnello"
35. Mendelssohn / Felix- Songs without words
36. de Falla / Manuel- Fritz Kreisler- Spanish dance for violin & piano
37. Prokofiev / Sergei- Piano Concerto no. 1
38. Prokofiev / Sergei- Piano Concerto no. 3
39. Prokofiev / Sergei- Old Grandmother's tales op. 31
40. Prokofiev / Sergei- Toccata op. 11
41. Prokofiev / Sergei- Overture on Hebrew Theme
42. Prokofiev / Sergei- Sonata no.7 in B- flat major op. 83
43. Rachmaninoff / Sergei- Piano Concerto no.1

44. Rachmaninoff / Sergei- Piano Concerto no.2
45. Rachmaninoff / Sergei- Piano Concerto no.3
46. Rachmaninoff / Sergei- Piano Concerto no.4
47. Rachmaninoff / Sergei-Rhapsody on a theme of Paganini
48. Rachmaninoff / Sergei- Solo Pieces
49. Rachmaninoff / Sergei- Piano Sonata no.2, op. 36
50. Rachmaninoff / Sergei- Lilacs, no. 5 op. 21
51. Rachmaninoff / Sergei- Daisies, no 3 op. 38
52. Rachmaninoff / Sergei- Prelude, no. 2 op. 3 in cis
53. Rachmaninoff / Sergei- Prelude, no. 5 op. 23 in g
54. Rachmaninoff / Sergei- Prelude, no. 12 op. 32 in gis
55. Ravel / Maurice- Piano Concerto in G
56. Saint- Saens / Camille- Piano Concerto no.2
57. Scriabin / Alexander- Piano Sonata no. 2 in. G-sharp Minor („ Sonata Fantasy"), op.19
58. Shostakovich / Dmitri- Piano Sonata no. 1
59. Shostakovich / Dmitri – Concerto for Piano & Trumpet
60. Schahov / Pande- Songs & Whispers, Suite for Piano
61. Schahov / Pande- Suite , in Struga
62. Schubert / Franz- March Militaries
63. Schubert / Franz – Trout Quintet
64. Schuman / Robert- Fantasiestucke op. 73
65. Schuman / Robert- Piano quintet
66. Schuman / Robert- Adagio & Allegro op. 70
67. Tchaikovsky / Pyotr Ilyich- Piano Concerto no.1
68. Tchaikovsky / Pyotr Ilyich- Piano Concerto no.2

Список на реномирани оркестри (национални, симфониски, филхармониски итн.) со кои Симон Трпчески настапувал во периодот од 2003 до 2011 година:

1. Macedonian Philharmonic Orchestra / Macedonia
2. Faculty of Music Symphony Orchestra / Macedonia
3. Scottish Chamber Orchestra / UK
4. London Philharmonic Orchestra / UK
5. Halle Orchestra / UK
6. Bournemouth Symphony Orchestra / UK
7. BBC Scottish Symphony Orchestra / UK
8. BBC Symphony Orchestra / UK
9. City of Birmingham Symphony Orchestra / UK
10. London Symphony Orchestra / UK
11. Royal Liverpool Philharmonic Orchestra / UK
12. BBC National Orchestra of Wales / UK
13. Philadelphia Orchestra / UK
14. RTE National Symphony Orchestra / UK
15. Boston Symphony Orchestra / USA
16. Santa Rosa Symphony Orchestra / USA
17. Indianapolis Symphony Orchestra / USA
18. Los Angeles Philharmonic Orchestra / USA
19. Colorado Symphony Orchestra / USA
20. San Francisco Symphony Orchestra / USA

21. Seattle Symphony Orchestra / USA
22. Charlotte Symphony Orchestra / USA
23. Colorado Festival Symphony Orchestra / USA
24. Aspen Festival Orchestra / USA
25. New York Philharmonic Orchestra / USA
26. Saint Louis Symphony Orchestra / USA
27. Baltimore Symphony Orchestra / USA
28. Phoenix Symphony Orchestra / USA
29. Aspen Chamber Symphony Orchestra / USA
30. Cleveland Orchestra / USA
31. Pittsburgh Symphony Orchestra / USA
32. Chicago Symphony Orchestra / USA
33. Houston Symphony Orchestra / USA
34. Atlanta Symphony Orchestra / USA
35. Dallas Symphony Orchestra / USA
36. Orchestre Philharmonique de Montreal / Canada
37. I Musici de Montreal / Canada
38. Toronto Symphony Orchestra / Canada
39. National Arts Centre Orchestra / Canada
40. Musica Viva Chamber Orchestra / Russia
41. Orchestra of the Bolshoi Theatre / Russia
42. Russian National Orchestra / Russia
43. St. Petersburg Philharmonic Orchestra /Russia
44. Lithuanian National Symphony Orchestra / Lithuania
45. Orchestre National Bordeaux Aquitaine / France
46. Orchestre National de Lille / France
47. Orchestre de Bretagne / France
48. Orchestre Philharmonique de Strasbourg / France
49. Orchestre National de / France / France
50. Saarlandisches Staatstheater Orchester / Deutschland
51. Deutsche Symphony Orchestra / Deutschland
52. NDR – Simfonieorchester / Deutschland
53. Orchestra di Teatro di Carlo Felice / Italy
54. Orchestra Symphonica del Teatro Francesco Cilea / Italy
55. Swedish Chamber Orchestra Orchestra / Sweden
56. Gothenburg Symphony Orchestra / Sweden
57. Norrkoping Symphony Orchestra / Norway
58. Oslo Philharmonic Orchestra / Norway
59. Trondheim Symphony Orchestra / Norway
60. Netherlands Philharmonic Orchestra / Netherland
61. Royal Concertgebouw Orchestra / Netherland
62. Netherland Kammerphilharmonie / Netherland
63. Rotterdam Philharmonic Orchestra / Netherland
64. Netherlands Radio Philharmonic Orchestra / Netherland
65. Brabants Orchestra / Netherland
66. Odense Symfoniorkester / Denmark
67. Danish National Symphony Orchestra DR / Denmark
68. Helsinki Philharmonic Orchestra / Finland
69. Nordic Symphony Orchestra / Estonija
70. Royal Flanders Philharmonic Orchestra / Belgium
71. Orquestra Simfonica di Castilla y Leon / Spain

72. Orquestra Simfonica de Galicia / Spain
73. Orquestra Nacional do Porto / Portugal
74. Belgrade RTV Symphony Orchestra / Serbia
75. Camerata Serbica / Serbia
76. Zagreb Philharmonic Orchestra / Croatia
77. Sendai Philharmonic Orchestra / Japan
78. New Japan Philharmonic Orchestra / Japan
79. Singapore Symphony Orchestra / Singapore
80. Malaysian Philharmonic Orchestra / Malaysia
81. Hong Kong Philharmonic Orchestra / Hong Kong
82. Seoul Philharmonic Orchestra / South Korea
83. Sydney Symphony Orchestra / Australia
84. Melbourne Symphony Orchestra / Australia
85. West Australian Symphony Orchestra / Australia
86. New Zealand Symphony Orchestra / New Zealand
87. Musickollegium Winterthur Orchestra / Switzerland
88. Sao Paolo State Symphony Orchestra / Brazil
89. Orchestra of the National Theatre of Brazil/ Brazil

Список на диригенти со кои г. Трпчески досега настапувал:

1. Vasilliy Petrenko
2. Antonio Pappano
3. Vladimir Jurowski
4. Marin Alsop
5. Vladimir Ashkenazy
6. Andrew Davis
7. Gustavo Dudamel
8. Charles Dutoit
9. Lorin Maazel
10. Gianandrea Noseda
11. Yan Pascal Torteriel
12. David Zinnman
13. Mikhail Pletnev
14. Gerard Schwartz
15. Edo de Waart
16. Stefan Solyom
17. Anu Tail
18. Andrew Litton
19. Thomas Dausgaard
20. Julian Cuerti
21. Rafael Fruhbeck de Burgos
22. Robert Spano
23. Bojan Sudjic
24. Leopold Hager
25. Lionel Bringuier
26. Dmitri Liss
27. Alan Buribayev
28. Kiril Karabits
29. Ira Levin
30. Marc Albrecht

31. Jakub Hrusa
32. Claus Peter Flor
33. Jaap van Zweden
34. Robin Ticciati
35. Lu Jia
36. Elvind Gullberg Jensen
37. Lionel Bringuler
38. Pietari Inkinen
39. Daniel Harding
40. Angel Surev
41. Sasa Nikolovski – Gjumar
42. Borjan Canev
43. Saso Tatarcevski
44. Oliver Balaburski

...и многу други.

Награди и признанија

- **„Европски придонес во 2008“** од страна на Европското движење (за посебни заслуги на промовирање на РМ и нејзината култура во Европа,како и промовирање на европски идеи и вредности);
- **Медал од I (прв) ред, одличје Македонски крст** од МПЦ (столен медал), 2008;
- **Награда на град Скопје „ 13-ти Ноември“ 2009;**
- **„Орден за заслуги за Македонија“** од претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, 2009 (за високите дострели во неговата професионална музичка дејност како врвен пијанист, со што даде исклучителен придонес во збогатувањето на македонските културни вредности и нивната афирмација во светот), Трпчески е најмладиот добитник на вакво признание на Република Македонија;
- **„Награда за извонредни достигнувања“** од Обединета македонска дијаспора (United Macedonian Diaspora), 2010;
- **„Награда за почесен уметник“** од општината Лос Анџелес (County of Los Angeles), 2010;
- **„Сертификат за признание“** од градот Лос Анџелес (City of Los Angeles), 2010;
- **„Сертификат за признание“** од Калифорнискиот законодавен дом (California Legislature Assembly), 2010;
- **„Сертификат за посебно конгресно признание“** од Конгресот на САД (Congress of the United States – House of Representatives), 2010;
- **Признание „Мајка Тереза“;**
- **Признание од Светски македонски конгрес;**
- **Национален уметник на Република Македонија** - од претседателот на Република Македонија, 2011;
- **Промотор на Република Македонија, 2012.**

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложените материјали за севкупниот музички, уметнички и педагошки развиток и нашата долгогодишна и успешна соработка со кандидатот вонр. проф. Симон Трпчески, чест ни е, задоволство и привилегија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на ФМУ – Скопје, вонр. проф. Симон Трпчески да биде избран во звањето редовен професор по предметите пијано и камерна музика за клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност-Скопје.

Рецензентска комисија

Проф. м-р Валери Стефановски с.р.

Проф. м-р Стела Слејанска с.р.

Проф. Јован Каровскис.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: вонр. проф. м-р Симон Ѓорѓи Трпчески
Институција: Факултет за музичка уметност - Скопје
Научна област: пијано

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	2007/08 3 специјален оддел + 2 теоретски оддел	9,6
2.	2008/09 4 специјален оддел + 2 теоретски + 2 постдиплом.	15,0
3.	2009/10 2 специјален оддел + 3 теоретски + 2 постдиплом.	11,4
4.	2010/11 2 специјален оддел + 3 теоретски + 1 постдиплом.	9,9
5.	2011/12 2 специјален оддел + 5 теоретски оддел	10,8
	Вкупно	**56,7**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.		
2.		
3.		
4.		
	Вкупно	

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Солистички концерт-со Њујоркшка филх., дир. Лорин Мазел-2009	8
2.	Солистички концерт-со Питсбург симфони оркестра, дир. Гјанандреа Нозеда-2009	8
3.	Солистички концерт- со Лондон филармоник оркестра, дир. Лорин Мазел-2009	8
4.	Солистички концерт- со Лондон филармоник оркестра, дир. Вл.Јуровски-2009	8
5.	Солистички концерт- со Балтимор симфони оркестра,	8

	дир.Марин Алсоп-2010	

6.	Солистички концерт-со Лондон симфони оркестра, дир. Антонио Папано-2010	8
7.	Солистички концерт- со Лондон симфони оркестра, дир. Вл. Јуровски-2010	8
8.	Солистички концерт- со Филхамониски оркестар – Стразбург, дир. Јакуб Хруша-2010	8
9.	Солистички концерт- со Симфониски оркестар – Далас, дир. Јаап ван Цвепен-2010	8
10.	Солистички рецитал- Лос Анџелес-2011	8
11.	Солистички рецитал-Кенеди центар, Вашингтон – 2011	8
12.	Солистички концерт- со Филхармониски оркестар-Хонг Конг, дир.Едо де Ваарт-2011	8
13.	Солистички концерт- со Симфониски оркестар- Мелбурн, дир. Јакуб Хруша-2011	8
14.	Солистички концерт- со Симфониски оркестар- Кастиља-Ваљдолид, дир.Василиј Петренко-2012	8
15.	Солистички концерт- со Сан Франциско симфони оркестра, дир. Едо де Ваарт-2012	8
16.	Солистички концерт- со Симфониски оркестар-Ставангер-Норвешка, дир. Алан Бурбаев-2012	8
	Вкупно	**128**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Награда „Европски придонес во 2008“, доделена од Европското движење	3
2.	Медал од I ред од одличјето „Македонски крст“ од страна на Македонската православна црква, 2008	3
3.	Награда на град Скопје „13 Ноември“, 2009	3
